**УНИВЕРЗИТЕТ „СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ”-СКОПЈЕ**

ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ

ИНСТИТУТ ЗА ИСТОРИЈА

# Српско-дубровничките односи во XIV век со посебен осврт на Македонија

**(МАГИСТЕРСКИ ТРУД)**

Ментор: Проф. д-р Тони Филипоски

Изработил: Игорче Дунимаглоски

*СКОПЈЕ, 2020 ГОДИНА*

# Содржина

Вовед..........................................................................................................................2-6

*Глава I* : Српско-дубровничките односи од крајот на XIII век до крајот на владеењето на Стефан Урош IV Душан (1331-1346)/ цар (1346-1355)

1. Дубровник и крал Стефан Урош II Милутин (1282-1321)...............................7-38
2. Дубровник и крал Стефан Урош III Дечански (1321-1331).............................38-59
3. Дубровник и крал Стефан Урош IV Душан (1331-1346)/ цар (1346-1355).....59-96

*Глава II* : Српско-дубровничките односи до крајот на владеењето на династијата Немањиќи (1371)

1. Дубровник и цар Урош V (1355- 1371)........................................................97-108
2. Дубровник и кнезот Воислав Воиновиќ......................................................108-118

*Глава III* : Односите на Дубровничката Република со обласните господари во Македонија

1. Волкашин и Дубровничката Република......................................................119-134
2. Серската област, Углеша и Дубровникчката Република.............................135-139
3. Прилепското кралство во време на Марко и Дубровничката Република...139-147
4. Браќата Дејанови и Дубровничката Република...........................................147-152

Заклучок...................................................................................................................153-158

Кратенки...................................................................................................................159-160

Библиографија

1. Извори...............................................................................................................161-162
2. Литература........................................................................................................162-175

# Вовед

Предмет на истражување на магистерскиот труд се српско-дубровничките односи во XIV век со посебен осврт на Македонија. Српско-дубровничките односи во периодот од средниот век до овој момент не биле систематски прикажани, ниту во целина, ниту во подолготрајни, поединечни временски периоди.[1] Од основањето на Дубровник во VII век до почетокот на XIII век, градот без малку во континуитет бил под врховна власт на Византија. Единствено во 1185 година Дубровник поради слабеењето на власта на Византија ја признал власта на Норманите од јужна Италија. По неколку години, во 1192 година повторно ја признал власта на Византија, но тоа било само од формален карактер. Тоа е период кога градот започнал да ја зголемува својата политичка и економска моќ.[2] Ваквата ситуација траела се до 1204/05 година кога Византиското царство било освоено и поделено од страна на крстоносците за време на Четвртиот крстоносен поход (1202-1204) Тогаш кога Дубровник ја признал врховната власт на Венеција. Дубровник останал под власт на Венеција до 1358 година. Со потпишување на Задарскиот мир дубровчаните ја прзнале власта на Унгарија. Мошне сличен процес поминале Дубровник и Србија преку осамостојувањето од Византиската империја. За време на владеењето на Стефан Немањиќ Првовенчаниот, велики жупан (1196-1217) и крал (1217-1228), Србија започнала да егзистира како самостојно кралство. Хронолошката рамка во која ќе ги презентираме српско-дубровничките односи во XIV век, започнува со владеењето на Стефан Урош II Милутин (1282-1321) од почетокот на осумдесеттите години на XIII век до крајот на владеењето на Урош V (1355-1371), последниот владетел од династијата Немањиќи. Во однос на српско-дубровничките односи со посебен осврт на Македонија, истражувањето ќе биде проширено со цел претставување на односите помеѓу господарите во Македонија и Дубровник, до крајот на владеењето на крал Марко и браќата деспот Драгаш и господин Константин.

При истражување на српско-дубровничките односи, потенцирам дека станува збор

[1] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара у дубровачким збиркама доба Немањића, САНУ Балканолошки институт посебна издања 137, Београд 2017, 9.

[2] K. Jireček, Važnost Dubrovnika u trgovačkoj povijesti srednjeg vijeka, (prev. B. Cvjetković), Dubrovnik 1915, 22-23; Историја народа Југославије књ I: Дубровник од постанка до краја XV века (J. Тадић), Београд, 1953, 579-580.

за два соседи и сосема различни субјекти со различно државно уредување и различни политички и економски интереси. Имено, Српското кралство од 1346 година станува царство. Србија била типична средновековна феудална држава. Својата политичка моќ ја создавала врз територијалниот опсег на државните граници и развојот на внатрешната економија, која создавала воно-политичка моќ. Додека пак, Дубровник исто така, главно егзистирал како типичен средновековен град-држава, со полунезависен статус на Јадранското крајбрежје. Дубровник својата политичка моќ во голем дел ја создавал врз основа на трговските врски со соседите и државите на Средоземното море. Развојот на трговијата за Дубровник била од суштинско значење за градот. Токму во овој сегмент се одвивале најголем дел од односите помеѓу Дубровник и Србија.

Српско-дубровничките односи парцијално можеме да ги следиме од научните истражувања посветени на средновековната историја на Србија, средновековната историја на Дубровник и според посебни научни трудови посветени на нивните меѓусебни односи за определена проблематика. За време на истражувањето на српско-дубровничките односи користев веќе објавена бројна изворна граѓа. Како еден од најзначајните извори за проучување на српско-дубровничките односи во XIV век е едицијата од протоколите на трите дубровнички градски собранија Libri reformationum (Monumenta Ragusina, книга I-V=Monumenta spectantia historiam Slavorum meridionalium 10. 13. 27. 28. 29) издадена во Загреб, 1879 година.[3] Од оваа едиција недостасуваат дел од одлуките на собранијата во период од 1307-1310, 1314-1317, 1337-1342, 1352-1355 и 1368-1377. Значаен придонес во истржување на историјата на Србија и околните земји имаме во збирката на Ф. Миклошиќ во 1858 година со наслов Monumenta serbica. Голем придонес во истражување и дополнување на архивскиот материјал донела публикацијата „Codex diplomaticus Croatiae, Dalmatiae et Slavoniae“ од Т. Симичиклас. Објавени биле од том 2 до том 15 која опфаќа временска рамка од 1101 година до 1378 година. Од аспект на објавување повелби и писма напишани на кирилица најважно е изданието на Љ. Стојановиќ, Старе српске повеље и писма, књ. I: Дубровник и суседи његови, I и II (Зборник за историју, језика и књижевност српског народа, оделење I, књ. XIX; XXIV, Београд 1929; 1934). Публикацијата содржи значајни податоци за односите на Дубровник со Србија и Босна од аспект на трговските

[3] Целосниот назив на посочените дела се наоѓа во библиографијата на трудот.

врски, царината и општи односи во тие земји. Со објавување на архивски материјал од Дубровничкиот архив започнал Г. Чремошник во 1931 година под наслов „Nekoliko dubrovačkih listina iy XII i XIII stoljeća“ во Glasnik Zemaljskog Muzeja, книга 43, 25-54. Потоа, во 1932 година објавил „Канцелариски и нотарски списи 1278-1301“ во Зборник за историју, језика и књижевност српског народа свезак I, оделење III. Овој дел содржи податоци за трговијата на дубровничките трговци со Србија и Босна. Со објавувањето на архивски материјал продолжил со Ј. Радонић, Acta et diplomata Ragusina (Зборник за историју, језика и књижевност српског народа III, књ. 2, Београд 1934). Документи од преписката што ја водела дубровничката влада објавил Ј. Тадиќ, Писма и упутства Дубровачке Републике (Зборник за историју, језика и књижевност српског народа III, књ. 4, Београд 1935). Временската рамка се однесува на период од 1359 до 1380 година. Публикувањето на протоколите продолжило во 1950 година кога М. Диниќ ги објавил одлуките на дубровничките собранија во период од 1380 до 1383 година. (Одлука већа дубровачке републике (Acta consiliorum reipublicae Ragusonae-Зборник за историју, језика и књижевност српског народа, оделење III књ. 15)). Од 1951 година започнала да се издава првата книга од серијата на документи од Југословенската академија во Загреб, Monumenta historica ragusina (Spisi dubrovačke kancelarije-Notae et acta cancellariae Ragusinae). Во оваа серија се опфатени записите на нотарот Tomassinus de Savere од 1278-1282.

Публикувањето и истражувањето на архивскиот материјал за историјата на Србија и околните земји продолжила со М. Пуциќ, два тома *Споменици српски* од 1858 година и 1862 година. Дополнување на збирката на Пуциќ направил К. Јиречек во 1892 година со наслов на збирка *Споменици српски*. Во првите децении на дваесеттиот век, Т. Смичиклас го издал зборникот: *Дипломатички зборник* од 1904 година и С. Новаковиќ со збирката на повелби со наслов: *Законски споменици*, 1912 година. Потоа, А. Соловјев, *Одбрани споменици* 1926 и Љ. Стојановиќ, првиот том Повеље и писма бил објавен во 1929 година, додека вториот том: *Повеље и писма* бил објавен посмртно во 1934 година подготвен од С. Куљбакин. Истражувањата повторно продложиле во 2002 година со започнување на издавање на специјално дипломатско списание кое се издава еднаш годишно со наслов: *Стари српски архив* кое постои до денес. Прв главен уредник на ова списание бил Р. Михаљчиќ, а рецезент академик С. Ќирковиќ. Во 2011 година од печат излегол зборникот

со наслов: *Зборник средњовековних кириличних повеља и писма Србије, Босне и Дуборвника* подготвен од В. Мошин, С. Ќирковиќ и Д. Синдик. За истражување на српско-дубровничките односи многу значајна е збирката на Н. Порчиќ, *Документи српских средњовековних владара у Дубровничким збиркама доба Немањиќа* во 2017 година. Збирката ги содржи повелбите на сите владетели во период од 1186 година до 1362 година. Една од последните збирки за оваа проблематика издадена исто така во 2017 година од страна на А. Николов, В. Гюзелев, Е. Костова, П. Данова и С. Хинковски том први со наслов *Дубровнички документи за историјата на Бугарија и Бугарите во XIII-XV век (1230-1403 г.).*

Еден од првите истражувачи што се занимавал со прашањето за присуството на дубровчаните на Балканот и во Македонија бил Марен М. Ферјденберг, со публикувањето на статијата: *Далматинците во Балканската трговија од XIV до XVI век,* Историја XX/II, Скопје 1984 г. (статијата инаку истовремено била објавена во изданието на Академијата на науки во СССР-Институт за славјановедение и балканистика „Балканские исследования" кн. IX посветена на „Прашањата за социјална, политичка и културна историја на југоисточна Европа," Москва, 1984, превод од руски јазик: Чедо Цветановски). Најнови истражувања во македонската историографија се направени од страна на А. Атанасовски со објавување на статијата: *Врските меѓу Македонија и Хрватска во Средниот век*, Музејски летопис. Зборник на трудови по повод 65 години Завод и Музеј – Струмица. Завод за заштита на спомениците на културата и музеј, Струмица 2017.

Целта на моето истражување во магистерскиот труд е да направам синтеза на српско-дубровничките односи во XIV век. Притоа, имам намера да го анализирам и претставам присуството на дубровчаните во Македонија. При реализирање на поставените цели ги користев аналитичкиот и критичкиот метод за истражување на објавениот изворен материјал. Потоа, компаративниот и дескриптивниот метод при анализа и истражување на личности, настани, појави и процеси во српско-дубровничките односи. Преку анализа и интерпретација на изворниот материјал и на научната литература ќе ги дефинирам односите на српската држава и градот Дубровник во XIV век. Досега биле обработени српско-дубровничките односи во XIV век само за одделни прашања. Најголем дел се однесува на периодот на меѓусебни војни, потоа економски односи во областите каде што односите биле со силен интензитет и при издавањето на повелби на српските владетели до

дубровничките трговци. Голем дел од истажувачите придонеле во расветлување на нивните меѓусебни односи, но токму поради обработувањето само на одделни сегменти од нивните односи, тоа довело до извлекување на погрешни заклучоци и ставови. Во мојот труд ќе се обидам да го објаснам суштинското значење на дуборвчаните за Српското кралство/царство.

Првите поконкретни податоци за врските меѓу Македонија и градот Дубровник датираат од повелбата на бугарскиот цар Иван Асен II од 1230 година за слободна трговија на дубровчаните. Во повелбата се спомнуваат: Скопската, Прилепската, Деволската и Солунската земја.[4] Во продолжение, присуството на дубровчаните во Македонија ќе биде истражувано во рамки на српската држава. Со територијалното проширување на српската држава од 1282 година, па се до 1371 година, крајот на владеењето на Стефан Урош V, дубровчаните се чини континуирано биле присутни во Македонија. Бидејќи по смртта на царот Стефан Урош IV Душан (1355 година) следувал процес на децентрализација на српското царство, нашето истражување ќе продолжи со односите кои ги имале обласни господаари на територијата на Македонија со Дубровник. Едни од најмоќните владетели во Македонија биле браќата Волкашин и Углеша, царицата Елена, потоа кралот Марко и на крај браќата деспот Драгаш и господин Константин за кои е познато дека имале директни односи со дубровчаните. Истражувањето завршува со паѓањето на Македонија под османлиска власт и смртта на кралот Марко и господин Константин во битката кај Ровине во 1395 година.

[4] Й. Иванов, Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970, 578.

## *Глава I:* **Српско-дубровничките односи од крајот на XIII век до крајот на владеењето на Стефан Урош IV Душан (1331-1355)**

### 1. Дубровник и крал Стефан Урош II Милутин (1282-1321)

Поради здобиениот хендикеп, српскиот крал Драгутин (1276-1282) бил принуден власта да ја предаде на својот помлад брат Стефан Урош II Милутин (1282-1321).[5] На соборот во Дежево, Милутин и Драгутин склучиле договор за примопредавање на власта. По склучување на договорот, српски крал станал Милутин, додека пак, Драгутин ги добил на управување северните делови на Српското кралство.[6] Српско-дубровничките односи во последните децении од XIII век биле стабилни. Трговските врски се одвивале без никакви пречки. Веднаш по стапувањето на престолот, Милутин во 1282 година ја издал својата прва повелба до дубровчаните.[7] Со повелбата, Милутин ги потврдил правата и обврските кои ги воспоставил неговиот брат Драгутин,[8] како и претходните владетели од српската династијата Немањиќи. Потврдени им биле воспоставените одреби за време на владеењето на Драгутин за т.н. „Светодимитарски приход"[9] и тримесечниот рок за повлекување на дубровничките трговци во случај на меѓусебна војна. Притоа, додадени биле општите одредби за слободно движење на дубровничките трговци и решавањето на судските

---

[5] Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило и други, изд. Ђ. Даничић, 23-27.

[6] Животи краљева и архиепископа српских, 25; Ј. Калић, Дежево у средњем веку, 76-82; К. Јиречек, Историја Срба I, 190; Д. Лазаревић, Територија краља Драгутина, Историјски архив Ваљево, Гласник XXV, 5-26.

[7] Србскіи споменицы, 33-34, бр. 24; Monumenta serbica, 50-51, бр. 51; Diplomatički zbornik VI, 153-154, бр. 137; Законски споменици, 156; Повеље и писма I-1, 34, бр. 34; Зборник средњовековних Ћириличних повеља и писма Србије, Босне и Дубровника. књ I (1186-1321) подготвиле: В. Мошин, С. Ћирковић и Д. Синдик, бр. 81, 275-276; Г. Чремошник, Студије засредњовековну дипломатику и сигилографију јужних Славена, 125-126; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 171.

[8] Треба да ги споменеме повелбите издадени од Драгутин, станува збор за две повелби кои што ги издал Драгутин како српски крал за градот Дубровник. Во првата повелба (Зборник I, 263, Уговор Крља Стефана Драгутина са Дубровачком Општином; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 167-169) Драгутин им дал слобода на движење со стока и сите спорови да се решаваат пред кралот. Во втората повелба (Зборник I, Повеља краља Стефана Драгутина Дубровничким трговци бр. 79, 271-272) Драгутин им дал дозвола за продажба на вино и мед во Брсково и условите под кои би ја вршиле продажбата.

[9] М. Динић, Дубровнички трибути-Могориш, Светодмитарски и Конаваолски доходак, Провижун браће Влатковића-ГЛАС (Гласник Српска Академија наука) 168, 721. Градот Дубровник исплаќал данок на српските владетели како гаранција за слободна трговија и заштита на своите трговци. Обврската на Дубровчаните за исплаќање на данокот на Српското кралство билаво висина од 2000 перпери годишно. Драгутин за време на своето владеење исплаќањето на данокот го утврдил на Митровден, Св. Димитриј.

спорови.[10] Потоа, Милутин издал уште една повелба за дубровничките трговците. Точниот датум на издавање на повелбата на Милутин за дубровничките трговци се уште не е утврден.[11] Српскиот крал им дозволил слободно движење и им гарантирал заштита на дубровничките трговците на просторот на Брсково. Предвидено било ослободување од плаќање данок на сите дубровнички трговци што поминувале преку Брсково и се движеле кон внатрешноста на Србија. Исто така, предвидена била казна во висина од 500 перпери доколку не биле почитувани прописите.[12]

Во овој временски период односите особено биле интензивни на просторот во Брсково. Брсково бил значаен рударски и трговски центар на територијата на Српското кралство, но и место до каде се доносувала дубровничка стока со каравани и од таму, потоа се дистрибуирала кон другите трговски места во внатрешноста на кралството. Во Брсково постоела дубровничка колонија, католичка црковна организација, ковница и дубровнички конзул. Поради екомскиот подем на Брсково, во ковницата започнале да се коваат монети, т.н. „Брсковски динари.“[13] Тие монети биле со послаб квалитет во споредба со венецијанските перпери и српските динари кои биле во оптек во Српското кралство и биле користени од Дубровничките, Которските, Венецијанските и други трговци. Токму поради тоа на 3 мај 1282 година Големиот совет во Венеција донел одлука за забрана за користење на Брсковските динари. Оваа одлука важела за сите градови и населби кои биле под власт на Венеција, освен за дубровчаните.[14] Спроведувањето на одлуката на венецијаските власти веројатно подразбирала дека трговијата на дубровничките трговци во најголем дел се одвивала со Брсковски (рашки) динари и доколку им било забрането да ги користат би им била направена голема штета на

---

Поради промената на периодот на исплаќање данокот бил наречен „Светодимитарски“ или т.н. „српски данок“.

[10] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 171-173.

[11] Повелбата треба да се смести во хронолошка рамка од 1282 до 1302 година. (Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 173-174).

[12] Србскіи споменицы, 33, бр. 23; Monumenta serbica, 53, бр. 54; Diplomatički zbornik VI, 155, бр. 139; Законски споменици, 156-157; Повеље и писма I-1, 35, бр. 36; Зборник I, 289-290, бр. 97; В. Мошин, Повеље краља Милутина-дипломатичка анализа, Историјски часопис XV, Историјски институт у Београду, 56; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 173-174.

[13] Тип на српски средновековни сребрени монети наречени „брсковски“ или „рашки динари.“ Се смета дека за прв пат започнале да се коваат во ковницата на рударскиот центар Брсково околу 1277 година.

трговските врски со Српското кралство.

По стапување на престолот Милутин бил вклучен во многу значајни надворешно-политички настани. Со договорот од јуни 1281 година во Орвието, Српското кралство било на страна на широката анти-византиска коалиција предводена од Карло I Анжујски.[15] Сојузот го сочинувале: титуларниот латински цар во егзил Филип I Куретене (1273-1283), син на Балдуин II Куртене (1228-1261), потоа, Венеција, Епирско деспотство, Морејското деспотство, Бугарија, Јован I Дука (Тесалски), а морална поддршка добиле од папата Мартин IV (1281-1285). Милутин по доаѓањето на престолот се обврзал воено да навлезе на територијата на Византиската империја.[16] Но, на 30 март 1282 година се дигнало востание против францускaта власт на Сицилија. Тој настан е познат како „Сицилијанска вечерна."[17] Овој настан директно ја оневозможил реализацијата на плановите на анти-византиската коалиција. Но сепак, овој преврат не ги сопрел плановите на Милутин. Српскиот крал со својата војска навлегол кон југ на византиска територија, притоа, освојувајќи ги градот Скопје, двата Полога (Горен и Долен), со градовите: Пијанец, Овче Поле и Злетово.[18] После овој поход тој се вратил во својата земја. На самиот почеток на војната против Византија, српската војска ги освоила и градовите Велбужд и Земен кои биле под бугарска власт. Милутин ја искористил нестабилната внатрешно-политичка состојба во Бугарија за лесно освојување на овие територии.[19] После внатрешните судири

[14] I. H. Engel, Povjest Dubrovnicke Republike, (превод од германски I. Stojanovic), 45; Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 27.

[15] К. Јиречек, Историја Срба I, 189; Карло I наречен Анжујски или С ицилијански бил крал на Сицилија (1266-1282), крал на Неаполското кралство (1282-1285), крал на Албанија (1272-1285), крал на Ерусалим (1277-1285), гроф на Прованса (1246-1285), гроф на Анжу и Мена (1247-1285). Карло бил син на францускиот крал Луј VIII.

[16] К. Јиречек, Историја Срба I, 188; Историја српског народа I, (Љ. Максимовић), 439; Г. Острогорски, Историја Византије, 549, 562.

[17]„Сицилијанска вечерна" или востание против француската власт на Сицилија. Како можни организатори и поддржувачи на востанието биле династијата Хохенштауфени од Светото римско царство, византискиот император Михаил VIII Палеолог и арагонскиот крал Петар I. Востанието завршило успешно, а француската власт останала само во градот Неапол, каде било формирано Неаполското кралство. По протерувањето на французите, арагонскиот крал ја презел власта на Сицилија. (Г. Острогорски, Историја Византије, 446-447).

[18] Животи краљева и архиепископа српских, 82; К. Јиречек, Историја I, 192; М. Бошкоски, Скопје и Скопската област, 212-217; А. Атанасовски, Пијанец во XII и XIV век, 56-59; Истиот, Македонија во XIV век, 22.

[19] Животи краљева и архиепископа српских, 84; Византиски извори за историју народа Југославије (ВИИНЈ) VI, 164-165; В. Златарски, История III, 570-575; Г. Острогорски, Историја Византије, 434-435; С. Мишић, Краљ Стефан Урош II и Бугари, 5-18; А. Узелац, Под сенком пса. Татари и јужнословенске земље у другој половини XIII века, 206-210.

во Бугарското царство, власта за кратко време во свои раце ја имале неколку крупни болјари, а за бугарски цар потоа бил избран Георги I Тертер (1280-1292). Тој пак, поради притисок од Монголите не бил со состојба веднаш да интервенира. Византискиот император Михаил VIII Палеолог (1259-1282) веднаш извршил подготовки за контра-напад на Србија во обид за враќање на загубените територии, но подготвувајќи се за поход, починал на 11 декември 1282 година во Тракија. Меѓутоа, се дознава дека монголски одреди што биле ангажирани од страна на Михаил VIII и покрај неговата смрт навлегле на српска територија стигнувајќи до градовите Липљан и Призрен.[20] Кон крајот на 1283 или почетокот на 1284 година Милутин склучил брак со Елисавета, сестра на унгарскиот крал Ладислав IV (1272-1290) и Каталина, сопругата на Драгутин. Есента 1283 година бил организиран нов српски поход, овој пат заедно со војските на Драгутин. Тие продреле длабоко на византиска територија до градовите Крстопол (Кавала) и Сер при што за прв пат излегле на Егејското море. Драгутин со богат плен се вратил во своите владенија, а Милутин на враќање, во почетокот на 1284 година ги освоил Дебарската, Кичевската и Поречката земја. Новата непотврдена и приближна границата помеѓу Византија и Српското кралство врвела северно од градовите Струмица, Штип, Просек, Прилеп, Охрид и Кроја.[21]

Не располагаме со конкретни податоци дали дубровничките трговци веднаш започнале да дејствуваат во новоосвоените теритрии на Милутин. Се чини дека поради се уште нестабилната српско-византиска граница тие не ризикувале да започнат трговски активности во тие области. Меѓутоа, односите интензивно се одвивале во пограничните области како Зета. Токму во западните делови на Српското кралство се случил еден т.н. инциндент од локален карактер кој не влијаел на нарушувањето на општите меѓусебните односи. Имено, станува збор за едно писмо кое што Милутин му го испратил на Твртко, жупанот во Попово во пролетта 1284 година. Милутин му наредил да ја запленува стоката на дубровничките трговци на територијата со која тој управувал, но само на трговците кои вршат трговски активности во неговата жупа. Додека пак, на тие трговци на кои крајна дестинација им биле пазарите во внатрешноста на кралството да ги пропушти без да им

[20] Животи краљева и архиепископа српских, 84-85; ВИИНЈ VI, 164-165.

[21] Исто, 84, 114; К. Јиречек, Историја Срба I, 191; Историја српског народа I (С. Ћирковић), 441; В. Мошин, Балканска дипломатија и династичките бракови на кралот Милутин, Споменици II, 162-163.

нанесе штета. Целта на ваквиот чин била надоместување на штетата која што дубровчаните му ја нанеле на извесен трговец Урест.[22]

По враќањето од успешниот поход на југ, Милутин воспоставил врски со бугарскиот цар  Георги I Тертер (1280-1292). Летото 1284 година бил склучен мировен договор со кој освоените бугарски територии како свои владенија ги задржал српскиот крал. Договорот бил потврден со склучување на  династички брак помеѓу Ана, ќерката на Тертер и Милутин.[23] Значајно е да се напомене дека токму на денот на венчавката дубровничко пратеништво му донело вредни дарови на Милутин. Според Г. Чермошник, вредноста на даровите била во висина од 400 перпери за Милутин, 26 перпери за извесен српски властелин Градислав и штит вреден 18 грошеви.[24] Овој чин ги потврдува добрите односи помеѓу Српското кралство и Дубрвоник во овој временски период. Исто така, треба да се има предвид дека Милутин бил насочен на воен судир со Византија, при што, сакал да има добри односи со другите соседи за поефикасно да дејствува во војната. Во тој контекст бил склучен политички брак од прагматични причини помеѓу српската и бугарската држава. Српскиот владетел покрај тоа што дејствувал во правец на формално признавање на новоосвоените области, воедно, имал предвид дека војната против Византија се уште не била завршена. Па, токму затоа, воспоставувал добри односи со соседите за да има стабилна заднина и опкружување, за да може успешно да им се спротивстави на евентуални византиски напади. Добрите односи меѓу Дубровник и Милутин биле потврдени со издавање на нова српска повелба до дубровничките трговци во Призрен. Точниот датум на издавање на повелбата се уште не е прецизно утврден. Н. Порчиќ, датумот на издавање на повелбата го сместил во хронолошка рамка од 1289 до 1291 година. Од содржината на повелбата може да се дознае дека станува збор за потврдување на лозјата и ораниците кои што дубровчаните ги поседувале уште за време на владеењето на Урош I Немањиќ (1241/42-1276).[25] Во истиот времески период и

---

[22] Србскіи споменицы, 41, бр. 34; Monumenta serbica, 53, бр. 55; Diplomatički zbornik VI, 155, бр. 140; Повеље и писма I-1, 35, бр. 37; Зборник I, 283-284, бр. 84; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 174-175; Истиот, Случај Урса Перклуза, Историјски часопис LVI, 371-387.

[23] ВИИНЈ VI, 39; К. Јиричек, Историја Срба I, 191, 244-245; И. Божилов, Фамилията на Асеневци, 258.

[24] G. Cermosnik, Kancelariski I notarski spisi (Istorijski spomenici Dubrovnickog arhiva III/I), 122,136-137, бр.354, 367; М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, Историски записи, XXXII, XLI, Институт СР Црне Горе, 6.

[25] Србскіи споменицы, 40, бр. 33; Monumenta serbica, 55, бр. 58; Diplomatički zbornik VI, 680, бр. 572; Законски споменици, 157-158; Повеље и писма I-1, 36, бр. 38; Зборник I, 285-286, бр. 85; Н. Порчић,

кралицата Елена, мајка на Милутин и Драгутин издала повелба до дубровчаните. Повелбата од Елена била издадена во Котража, а се однесувала на потврдување на лозјата кои што ги поседувале дубровчаните уште за време на владеењето на Урош I.[26] Веројатно станува збор за истите поседи кои што им ги потврдил и Милутин, но за разлика од неговата, во повелбата кај Елена не се споменуваат „земја" и „ораници." Се чини дека дубровчаните побарале потврдување на поседите од српскиот крал Милутин и неговата мајка Елена која управувала во приморските области во непосредна близина на Дубровник.

Во 1291 година Милутин и Драгутин заедно презеле успешен поход против Дрман и Куделин, при што го освоиле Браничево и го приклучиле кон Србија.[27] Српскиот крал во 1292 година организирал поход против Шишман, видински кнез и вазал на монголскиот кан Ногај. Нападот завршил успшно со освојување на градот Видин. Потоа, бил склучен мировен договор помеѓу Шишман и Милутин кој бил потврден со брачни врски. Ќерката на извесен српски властелин Драгош му станала сопруга на Шипман, а подоцна, ќерката на Милутин, Ана склучила брак со Михаил, синот на Шишман. По воспоставување на брачните врски, видинскиот владетел стапил во вазална зависност кон Милутин. Од локални конфликти, овие настани можеле да се претворат во сериозна опасност за Милутин и неговото кралство. Бидејќи, се очекувала воена реакција и одмазда од страна на канот Ногај, кон крајот на 1293 или почетокот на 1294 година Милутин бил принуден да склучи мировен договори. Како гаранција за склучениот неповолен договор, Милутин го испратил својот најстар син Стефан и дел од својата властела кај канот.[28] Вазалната

---

Документи српских средњовековних владара, 175-176. За повелбата на Урош I Немањиќ за дубровничките трговци види: V. Foretić, Ugovor Dubrovnika s srpskim velikim wertzuiopm županom Stefanom Nemanjom i stara dubrovačka djedina, Rad JAZU 283, 105.

[26] Србскіи споменицы, 39-40, бр. 32; Monumenta serbica, 56, бр. 59; Diplomatički zbornik VI, 679, бр. 571; Законски споменици, 157; Повеље и писма I-1, 29-30, бр. 29; Зборник I, 287-288, бр. 86; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 176-177; В. Мошин, Балканска дипломатија, 182, месноста Котража ја лоцира над градот Штип и претпоставува дека во тој период кралицата мајка била со својата снаа во посета на бугарскиот цар Тертер. А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 27-28, го дополнува гледиштето на В. Мошин во контекст на византиско-српските преговори од 1299 година и посочува дека месноста Котража се наоѓа на р. Брегалница во Пијанец. За убикацијата на Котража подетално види кај А. Атанасовски, Кон прашањето околу местоположбата на имотите на Злетовската епархија во Пијанец, според грамотата на цар Душан од 1347 година, Годишен Зборник на Филозофски факултет, Скопје, книга XVII-XVIII (43-44), 42.

[27] К. Јиречек, Историја Срба I, 193; Историја српског народа I, (С. Ћирковић), 443.

[28] Животи краљева и архиепископа српских, 31, 32, 90.

потчинетост на Србија кон Монголите била прекината кон крајот на 1299 година поради Граѓанската војна помеѓу канот Ногај и претендентот Токтај. Во екот на Граѓанската војна Стефан, синот на Милутин се вратил во својата земја.[29]

Византиската немоќ да ги врати загубените територии станувала евидентна и покрај притисокот што го имал Милутин од канот Ногај. Единствениот сериозен обид на Византија да ги врати загубените области се случил во 1297 година. Имено, веројатно истата година, според Маноил Фил, византискиот војсководач Михаил Глава Тарханиот навлегов во Овче Поле, Мородвизд, Скопје, Славиште, Пијанец, обласа околу Строма (можеби с. Строиманце западно од Злетово), Струмица и Дебар,[30] но српските одреди успеале да го одбијат нападот. Во секој случај извесно е дека византискиот обид за враќање на македонски области завршил без успех.[31] Византискиот цар Андроник II Палеолог (1282-1328) решил да започне преговори за склучување мир при што на Милутин му ја понудил за жена својата сестра Евдокија.[32] Бидејќи Евдокија не го прифатила бракот со Милутин, Андроник немајќи друг избор решил да ја понуди својата малолетна ќерка Симонида која имала само шест години. По барање на Милутин да се сретнат на „ничија земја", во август 1299 година на р. Вардар, Симонида била преземена од српското придружништво, а бугарската принцеза Ана,[33] со заложниците и Котаниц[34] биле преземени од византиското придружништво.[35] Бракот помеѓу Милутин и Симонида го склучил охридскиот архиепископ Макариј. На овој начин формално-правно териториите кои што ги освоил Милутин со воените кампањи од 1282-1284 година од Византија му биле предадени како мираз (прикија). Набргу после официјализирање на бракот, Милутин

---

[29] Животи краљева и архиепископа српских, 114; К. Јиречек, Историја Срба I, 193, М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 11.

[30] ВИИНЈ VI, 593-594. Ваквиот податок сепак треба со резерва да се прифати бидејќи не постои друг извор каде се наброени наведените места во Македонија,

[31] Историја српског народа I (С. Ћирковић), 445.

[32] Евдокија била вдовица на трапезунскиот цар Јован II Комнин од 1297 година , а по неговата смрт се вратила во Цариград. Поопширно види кај: М. Ласкарис, Византиске принцезе, 57-58; К. Јиречек, Историја I, 195; М. Динић, Однос измђу краља Милутина и Драгутина, ЗРВИ III, 57; Историја српског народа I (С. Ћирковић), 447; Г. Острогорски, Историја Византије, 465-457.

[33] Ана Немањиќ (Тертер) била сопруга на Милутин од летото 1284 година до завршување на преговорите со Византија во 1299 година. Ана била бугарска принцеза и ќерка на бугарскиот цар Георги I Тертер и Кира-Марија Асен.

[34] Котаниц бил војсководец кој што дезертирал од византиската војска и преминал на страна на српскиот крал.

и Андроник оствариле свечена средба во градот Солун каде што императорот му укажал големи почести на Милутин и му подарил вредни дарови.[36] Со признавањето на власта на Милутин на овие простори започнало воспоставување на административен апарат и етаблирање на економските и трговските врски. Воедно, тоа подразбирало слободно движење на Дубровничките и другите трговци на овие простори.

Од почетокот на владеењето на Милутин до почетокот на XIV век српско-дубровничките односи биле добри и трговијата се одвивална непречено. По решавањето на внатрешните и надворешните политички неприлики, во почетокот на 1301 година српско-дубровничките односи биле влошени се чини поради политичкиот контекст во кој се нашлеле нивните соседи и сојузници. Имено во 1301 година започнал и воен конфликт помеѓу Дубровник и Српското кралство. Треба да се напомене дека во истиот период Венеција била во војна против Џенова и Византија.[37] Во науката постојат поделени мислења за мотивите за почетокот на српско-дубровничката војна војната. Според К. Јиречек и В. Форетиќ војната започнала како директна последица на венецијанско-џеновјанската војна и нивните сојузници.[38] Додека пак, според Б. Крекиќ, С. Ќирковиќ и Р. Ѓук причините за почетокот на војната се наоѓале во желбата на српските кралеви да го освојат градот Дубровник и таа желба постоела уште од XII век.[39] Вистинската причина за почеток на војната можеби треба да се бара во двата искажани ставови. Во тоа време Дубровник се наоѓал под врховната власт на Венеција, а Србија била во пријателски односи со Византија. За Дубровник и Српското кралство секоја војна значела само нанесување штета едни на други, а конкретни несогласувања за почеток на војна помеѓу нив не се познати. Но, во овие воени конфликти биле вовлечени и други градови од Јадранското крајбрежје. Познато е дека Венеција, Дубровник и Задар го блокирале

---

[35] ВИИНЈ VI, (И. Ђурић), 141.

[36] К. Јиречек, Историја Срба I, 195; Г. Острогорски, Историја Византије, 456-457; В. Мошин, Балканската дипломатија, Споменици II, 190.

[37] ИСН I, (С. Ћирковић), 451; Г. Острогорски, Историја Византије, 457-459; D. Nikol, Byzantium and Venice. A Study in Diplomatic and Cultural Relations, 217-221.

[38] К. Јиречек, Историја Срба I, 195, смета дека Милутин го нападнал градот Дубровник поради пљачкањето на околината на Цариград од страна на венецијанската флота во 1301 година. V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 89

[39] Б. Крекић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 1301-1302? ЗРВИ XVII, 418; ИСН I (С. Ћирковић), 451; Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 35, дава дополнително мислење дека

пристаништето на градот Котор.[40] Во месец сепрември 1301 година дубровничките власти во војната против Србија ангажирале наемничка војска.[41] На 15 септември 1301 година Големиот совет (лат. *Consilium maius;* ита. *Maggior Consiglio*)[42] во Дубровник донел одлука да биде освоен островот Млет[43] и таму да биде поставен дубровнички управител.[44] На 1 октомври истата година, Малиот совет (лат. *Consilium minor;* ита. *Minor Consiglio*)[45] во Дубровник го избрал за управител (кнез) на Млет, Марко Бобалевиќ за период од една година. Дубровник, меѓу другото, имал донесено одлука за прекинување на трговијата со Српското кралство.[46] Во екот на војната, дубровчаните го блокирале пристаништето на соланата на реката Бојана на Јадранското крајбрежје. Во овој контекст треба да се спомене дека градот Драч не бил повеќе под српска власт. Градот Драч во 1301-1302 година бил освоен од страна на анжујците. Како потврда за ваквиот став се наведува присуството на дубровничките трговци во Драч за време на српско-дубровничката војна. Милутин возвратил со контра-напад, при што, ги прекинал копнените врски на градот Дубровник, испратил помош на градот Котор и ги заробил сите дубровнички трговци на негова територија.[47] Со чинот на заробување на дубровничките трговци на територија на

---

српската граница била загрозена од широката коалиција во која биле Венеција, Дубровник, задарчани и хрвати.

[40] Градот Котор бил значаен трговски центар за Србија на Јадранското крајбрежје. Од 1186 до 1371 година Котор ја имал признаено врховната власт на Српското кралство (1186-1345) и царство (1345-1371). Градот имал висок степен на автономија, водел самостојна надворешна политика, имал сопствен статут и закони. Од 1371 година градот Котор ја признал врховната власт на унгарскиот крал.

[41] Monumenta Ragusina V, 7; Ђ. Петровић, Дубровачко оружје у XIV веку, 67-83; Н. Фејић, један поглед на ратове Дубровника, ИЧ LVI, 132. Наемничката војска била составена од стрелци (лат. Balesterii. (самострелци)) за период од два месеци за плата во висина од пет перпери месечно..

[42] Големиот совет во Дубровник го сочинувале сите полнолетни мажи од граѓанскиот слој во градот. Секоја година се примале нови членови. Големиот совет ги избирал претставниците на градските институции, избирале членови на другите совети и носеле закони. Тој постоел до 1332 година.

[43] Островот Млет влегол во состав на ново-формираната српската средновековна држава Рашка за време на владеењето на кнезот Деса (1161-1165). Млет останал под власт на Српското кралство до средината на XIV век за време на владеењето на Душан како крал (1331-1345)/цар (1345-1355). Во продолжение на овој труд, подетално ќе бидат обработени односите на островот Млет.

[44] Monnumenta Ragusina V, 13-14; К. Јиречек, Историја Срба I, 196, го споменува само освојувањето на Млет, додека привременото поставување на дубровнички управител (кнез) не го споменува; V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 89; ИСН I, (С. Ћирковић), 451.

[45] Малиот совет во Дубровник било единаесетчлено советодавно тело на дубровничкиот кнез и извршно тело за градски должности. (И. Минкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 34; V. Foretić, Povjest Dubrovnika, 121-122).

[46] Š. Ljubić, Listine IX, 415-416; V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 89, на 15 март 1302 дубровничкиот кнез го напуштил островот по завршување на војната против Српското кралство.

[47] К. Јиречек, Историја Срба I, 194-196.

Српското кралство, Милутин не го почитувал договорениот период од три месеци кој го имале дубровничките трговци да ја напуштат Србија. Штетата што ја трпел Дубровник била изразена во прекинот на редовните трговски активности и од заробувањето на дубровничките трговци затекнати на територија на кралството. Додека, пак, штетата за Србија, исто така, била од економски аспект. Приходите биле значително се намалиле поради прекинот на трговијата со дубровчаните, а тие имале голем удел во српската економија. Со заробувањето на дубровничките трговци бил прекинат увозот и извозот на многу значајни продукти во Српското кралство.

Во септември 1301 година Венеција испратила двајца свои претставници во Дубровник кои требало во соработка со градските власти да се подготват за преговори со Српското кралство. Имено, пратениците требало да се упатат кај Милутин и да започнат преговори за склучување мир помеѓу завојуваните страни.[48] Во овој контекст М. Диниќ смета дека нерешеното прашање околу наследникот на српскиот престолот помеѓу Милутин и Драгутин го принудило српскиот крал да преговара за прекинување на војната.[49] Во ноември 1301 година Милутин во Дубровник го испратил кнезот Павле Том кој требало да започне со преговори. Дубровчаните на Павле му понудиле дубровничко граѓанство доколку преговорите завршеле успешно.[50] Нечекајќи да пристигне венецијанското пратеништво, дубровничките власти кај Милутин испратиле двајца свои пратеници кои ги продолжиле преговорите за мир. Тоа биле Михаел Пруеловиќ и Урсо Будиќ кои прво го посетиле српскиот архепископ во Будва, а потоа се упатиле кај Милутин.[51] Според Б. Крекиќ тогаш била укината забраната за трговија со Српското кралство. Во прилог на тоа авторот наведува дека на 11 ноември 1301 година Големиот совет во Дубровник на српскиот архепископ му издал дозвола за извоз на ткаенини од Дубровник во вредност од 170 перпери, а два дена подоцна било решено да се испратат

[48] Б. Крекић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 1301-1302? ЗРВИ XVII, 420.

[49] М. Динић, Односи измеђ краља Милутина и Драгутина, ЗРВИ III, 58-59.

[50] Б. Крекић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 1301-1302? ЗРВИ XVII, 420, Павле бил угледен и успешен которски властелин и имал блиски односи со дубровчаните, но бил и во служба на кралот Милутин. Тој бил оженет со дубровчанка. После успешните преговори тој добил граѓанство од градот Дубровник. Подетално за Павле Том види кај: И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 428-431; М. Маловић-Ђукић, Павле Томе Драго, Истраживања, XVI, 171-178.

[51] Monumenta Ragusina V, 12-13; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 371-372; Б. Крекић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 420.

дарови до Милутин, неговите „baronies“ (властелата) и до српскиот архепископ.[52] Сепак сите обиди по овие првични преговори за постигнување на мировен договор и смирување на состојбите  не биле долготрајни. Во последните денови на месец ноември кога сè уште не биле вратени дубровничките пратеници од кај Милутин дубровничките власти издале нова забрана за трговија со Србија.[53] Преговорите продолжиле, а за таа цел во Дубровник пристигнале нови двајца пратеници од Венеција. Тоа биле Петар Мичел и Јаков Звено.[54] Пратениците останале скоро два месеци во Дубровник. Кон крајот на месец февруари 1302 година Јаков Звено тргнал на пат кон Српското кралство да ги продолжи преговорите со Милутин.[55] Како придружба на Звено заминал и дубровчанецот Марин Мернуниќ. Тие на српскиот двор останале до месец април 1302 година преку Дубровник се вратил во Венеција. Откако бил исплатен за извршената задача на почетокот на месец мај 1302 година. Кон средината на месец мај истата година во Дубровник повторно пристигнал кнезот Павле Том испратен од Милутин.[56] На 5 јули Големиот совет донел одлука на Павле да му бидат исплатени 1000 перпери од „Светодимитарскиот приход“ со цел да влијаат на одлуката на Милутин да пристапи кон склучување мировен договор и да ги ослободи од заробеништво дубровничките трговци.[57] На тој начин бил постигнат договор, а дубровничките власти го исполниле своето ветување и на Павле му издале граѓанство поради својот придонес во склучување на мирот. Како што била дипломатската пракса, Дубровник на 14 август 1302 година ги испратил пратениците Никола Крусиќ и Бинчул Фосковиќ кај Мулутин за тој лично да направи увид во договорот и да даде согласност. Меѓу другото, тие со себе понеле дарови за Мулутин во вредност од 300 перпери и уште 300 перпери за српската властела. Со договорот било предвидено, да се врати ситуацијата од пред војната. Милутин се обврзал да ги ослободи заробените дубровнички трговци на негова територија во замена за откуп како и да му биде исплатен целосниот износ од

[52] Б. Крекић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 420.

[53] T. Smicilakas, Diplomaticki zbornik kralevine Hrvatske, Dalmacije I Slavonije, VIII, 20-22; Б. Крекић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 420.

[54] Monumenta Ragusina V, 17; Reformationes I, 24v; Б. Крекић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 420.

[55] К. Јиречек, Историја Срба I, 196. Авторот смета дека мирот бил постигнат дури во месец септември 1302 година кога била издадена повелбата до дубровчаните во дворецот Врхлаб од страна на Милутин.

[56] Monumenta Ragusina V, 28; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 347-348.

[57] Monumenta Ragusina V, 31.

„Светодимитарскиот приход.“ Дубровник од своја страна направил нацрт-документ за положбата на своите граѓани во Кралството и процена за нанесена штета во пограничните области. Б. Крекиќ смета дека војната помеѓу Дубровник и Српското кралство била завршена и договорот бил склучен најдоцна до месец август 1302 година, а со издавање на повелба подоцна Милутин само го потврдил договореното.[58]

Имено, како резултат на успешните преговорите за склучување на мир помеѓу Србија и Дубровник на 14 септември 1302 година Милутин во Врхлаб издал повелба за дубровчаните.[59] Од содржината на повелбата може да се следи континуитетот во српско-дубровничките односи од XIII век, па се до моментот на издавање на повелбата. Српскиот крал објавил слободно движење на дубровничките трговци на територија на Србија. Во продолжение, Милутин презел обврска да ја надомести штетата нанесена на дубровничките лозови насади за време на војната. Останатите одредби се однесуваат за положбата на дубровничките трговци во Кралството. За нив меѓу другото било предвидено дека нема да бидат регрутирани во војската на Српското кралство и дека нема да важи одредбата *удаве.*[60] Потоа, на дубровничките трговци во Српското кралство, немало да им бидат одземани коњите за потребите на владетелот, немало да бидат принудени да купуваат месо од кралскиот сточен фонд, немало да им биде одземана робата без плаќање, да не им се затворале куќите и условите за вршење на трговски активности кои важеле во Брсково би се применувале и во рударскиот и трговски центар Рудник. Постоела и одредба за плаќање царина во Брсково што всушност било потврдување на одредбите од втората повелба што ја издал Милутин до дубровчаните.

---

[58] Б. Керкић, Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 422. Авторот во својот труд дава аргументи за периодот на склучување на договорот. Во продолжение, тој го анализира мислењето на К. Јиречек, Историја Срба I, 196. Според М. Динић, Односи измеђ краља Милутина и Драгутина, ЗРВИ III, 59, договорот бил постигнат со издавањето на повелбата на Милутин на 14 септември 1302 година; Подетално околу преговорите и анализа од дипломатски аспект види кај: N. Porčić, Place negotiations between Serbia and Dubrovnik in 1301-1302: A case study in medieval diplomacy, Интернационал-часопис за средњовековне студије књ. I, гл. уред. С. Рудић, Центар за напредне средновековне студије, 115-135.

[59] Србскіи споменицы, 31-32, бр. 22; Monumenta serbica, 51-53, бр. 54; Diplomatički zbornik VIII, 20-22, бр. 18; Законски споменици, 158-163; Повеље и писма I-1, 36-37, бр. 39; Зборник I, 343-347, бр. 98; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владар, 178-180.

[60] За терминот *„удаве"* види кај: С. Ћирковић, Дужници и дужнички затвор у средновековној Србији, Прилози КЈИФ 79, (1-4), 3-26, Истиот, Повља краља Стефана Уроша III Дечанског дубровчанима из 1321 г., ССА V, 49. Терминот „удава" значи кога некој обвинет би добил казна за направениот прекршок без судење и судски процес; С. Шаркић, Правни положај странца у средњовековној Србији, 59; ЛССВ, (А. Василевић), 758-759.

Преземањето одговорност на господарот за прекршок направен од страна на сопствените слуги не била задолжителна, но за потежок прекршок било предвидено исплата на вражду (вражба)[61] или виновникот да биде предаден на српските власти. За прв пат се забележува начелото присѣлица (дојденец)[62] и колективна одговорност на месното население за шетата направена на дубровничките трговци. Потоа било наведено ослободување на дубровчаните од обврската за обезбедување на тврдините, била донесена одредба со која за судски спорови помеѓу дубровчанин и Србин се постапувало пред мешовит суд. Дубровничките трговци би одговарале пред кралски суд само во случај на предавство, кражба на коњ, вражба и челадин.[63]

По добивањето на повелбата, дубровчаните ја интензивирале трговијата во Српското кралство. Забележаниот подем во меѓусебните трговски врски бил резултат на прецизното регулирање на статусот и положбата на дубровчаните на просторот на Српскотот кралство, како и заштитата која им се гарантирала при извршување на своите трговски активности. Во период на интензивни меѓусебни односи сепак се случувале ситуации кога поединци не се придржувале кон пропишаните правила и предвидении обврски. Таков е случајот кога кон крајот на јули или почетокот август 1303 година Милутин испратил писмо до властите во градот Дубровник со кое негодувал на нивниот обид да интервенираат во случајот со дубровчанецот Пир Хашчиќ. Имено Милутин во писмото се заканил дека доколку посочената личност не им исплати барем половина од долгот, тогаш би останал во заробеништво и би добил казна.[64] На 1 август 1303 година дубровничките власти ја определиле сумата на Вито, таткото на Пир за откуп и ослободување од заробеништво на неговиот син. Најрано познато споменување во извори на закуп на царина на дубровчани имаме во Дријево во 1303 година.[65]

Според надгробниот натпис од Тревизо К. Јиричек известува за извесни

[61] Исплата на парична сума на оштетената страна во сучај на убиство. ЛССВ, (А. Веселиновић), 613.

[62] М. Благојевић, Оброк и приселица, Историјски часопис XVIII, Историјски институт у Београд, 175-188.

[63] Порчић, Документи српских средњовековних владара, 178-180; Помагање при бегство, ЛССВ, (А. Василевић), 815.

[64] К. Јиречек, Споменици српски, 22, бр. 3; Diplomatički zbornik VIII, 70, бр. 66; Повеље и писма I-1, 37-38, бр. 40; Зборник I, 353-354, бр. 100; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 44, 181. Веројатно станува збор за закуп на царина што било честа пракса во српско-дубровничките односи.

италијански наемници во служба на Милутин во 1304 година.[66] Италијанските наемници биле предводени од Франческо де Саломоне. Од содржината на натписот во Тревизо датиран на 25 март 1304 година се дознава дека Франческо добил витешки појас од Милутин. Се смета дека Франческо де Саломоне престојувал во Србија во почетокот на XIV век. Според А. Узелац имајќи ги предвид тогашните војни што ги водел српскиот крал, Франческо се истакнал во војување против бан Павле Шубиќ или против Дубровник.[67]

Исплатата на „Светодимитарскиот приход" за 1304 година дубровничките власти ја извршиле без никакви проблеми. Пред 13 април 1304 година Милутин испратил уште едно писмо во Дубровник со кое побарал властите да му исплатат 10 перпери на неговиот пратеник Матеј. Во текот на 1304 година Матеј два пати престојувал во Дубровник, при што, како крајна дестинација на првото негово патување му бил Скрадин, резиденцијата на Шубиќите. Исплатата на посочената сума требало да биде одбиена од сумата за „Светодимитарскиот приход" за таа година. Матеј лично го однел писмото во Дубровник.[68] Во мај 1304 година кралицата Елена, мајката на Милутин од своја страна испратила писмо до дубровчаничките власти преку кое ги известила дека дубровчанецот Никола Крусиќ ја исплатил сумата за закуп на пазарот што го држел.[69] Се претпоставува дека закупувачи биле двајца споменати дубровчани во писмото, Никола и Ѓорѓе Крусиќ.[70] За кои пазари станува збор не може со сигурност да се утврди. Н. Порчиќ дава некои претпоставки. Според него можеби станува збор за најзначајниот пазар во рамки на владенијата на кралицата кај Св. Срѓ, во близина на Скадар, нејзиното често

---

[65] Monumenta Ragusina V, 55-56.

[66] К. Јиричек, Историја Срба II. (превод Ј. Радонић), 112; А. Узелац, Најамничке војске краља Стефана Уроша II Милутина, Институт за стратигијски истраживања, Војно-историјски гласник II, 19. Авторот дава дополнување на податоците што ги дава К. Јиречек со објаснување дека на чешкиот учен не му било познато делото на Бартоломео Буркелати од 1616 година кој прв го објавил текстот на натписот од Тревизо.

[67] А. Узелац, Најамничке војске краља Стефана Уроша II Милутина, Институт за стратигијски истраживања, Војно-историјски гласник II, 19.

[68] К. Јиречек, Споменици српски, 23, бр. 4; Повеље и писма I-1, 38, бр. 41; Зборник I, 357-358, бр. 102 Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 44.

[69] Monumenta Serbica, 66-67, бр. 64; К. Јиречек, Споменици српски, 22, бр. 5; Diplomatički zbornik VIII, 83, бр. 79; Законски споменици, 160-161; Повеље и писма I-1, 30-31, бр. 30; Зборник I, 359-360, бр. 103; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 182-184.

[70] И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 182.

престојувалиште или пазарот за сол во Котор.[71]

Од крајот на XII век до третата деценија на XIV век економските врски помеѓу Српското кралство и Дубровник генерално продолжиле да бидат интензивни. Во овој дел ќе бидат обработени неколку сегменти од нивните економски односи како: трговијата, увоз и извоз на роба, рударство, трговски центри, пазари,[72] панаѓури, трговски колонии, трговски каравани, занаетчии, ковници, трговски патишта, меници, закуп на царини и пазари и др. Трговија се одвивала на пазарите, во селата, во близина на цркви и манастири, во подножјето на утврдените градови и покрај патни правци.[73] Развојот на трговијата во Србија директно зависела од развојот на рударството,[74] како и од земјоделската и други видови стопанска дејност[75] во кралството. Од територијата на Српското кралство, трговците извезувале: вино, сирење, суво месо, мед, восок, кожи и крзна од домашни и диви животни, дрво и други производи, а подоцна, со развојот на рударството и рудни материјали. Најчесто увезувана стока во Српското кралство била: сол, вино, масло, ткаенини и друг вид луксузна стока.[76] Дубровчаните и Српското кралство во меѓусебни трговски односи најголеми приходи остварувале во трговијата со сол како еден од најзначајните продукти во тоа време. Постоеле само четири пунктови каде била дозволена слободна трговија со сол, а тоа биле: Дубровник, пазарот во Дријево, Св. Срѓ на р. Бојана и во градот Котор. За таа цел во градот Дубровник престојувал српски чиновник кој бил задолжен да располага со половина од остварениот приход од трговијата со сол во градот. Ваквата постапка била наречена „кумерска сол“ (лат. commercium salis).[77]

[71] Н. Порчиќ, Документи српских средњовековних владара, 45.

[72] Пазари или во изворите многу често нарекувани кралски пазари, биле места каде се купувала и продавала стока. Тие места биле под заштита и надзор на кралските власти. Кралот имал право да наплаќа царина на стоката која што трговците ја носеле во пазарите. Многу често српските владетели данокот од царината на пазарите го давале под закуп на дубровничките трговци. Види: ЛССВ, (Д. К. Којић), 737-739.

[73] ИСН I, (М. Благојевић), 383. Подетално за пазарите во Србија кон крајот средниот век види: Б. Зарковић, Тргови и урбанизација Србије крајем Средњег и почетком Новог века (Докторска дисертација одбранета 2012 година во Белград на Униврзитет во Белград-Филозофски факултет), 135-253.

[74] М. Динић, За историју рударства, 479-481. С. Ћирковић-Д. Ковачевић-Којић-Р. Ћук, Старо српско рударство, 21-47.

[75] Подетално види: М. Благојевић, Земљорадња у средњовековној Србији, 335-386.

[76] К. Јиречек, Историја Срба II, 425-426.

[77] „Кумерска сол“ се нарекува место на кое се продавала сол. Подетално види: С. Ћирковић, Работници, војници, духовници, Друштва средњовековног Балкана, 50; М. Гецић, Дуборвничка трговина сољу у XIV веку, Зборник Филозофског факултета III, 95-153.

Значителен приход, двете страни остварувале од рударството. Поради тоа, големо внимание се обрнувало на регулирање на односите  во областа на рударството. Во овој период постоеле повеќе рударски центри и тоа биле: Брсково, Рудник, Трепча, Ново Брдо, Копаоник, Рогоза, Јањево и др. Во овие центри престојувале дубровнички, которски, венецијански и други трговци, занаетчии како и рударите Саси.[78] Во средината на XII век Сасите први започнале да формираат рударски центри во Српското кралство. Сасите со тек на време се формирале како посебна етничка и социјална група со посебен статус. Првите автономни рударски општини Сасите ги формирале во Рудник[79] и Ново Брдо кои се развивале благодарение на рудното богатство од динарско-српско-македонска метало-генетска провиниенција.[80] Тие успеале да се наметнат како главни експлоататори на рудни богатства. Во трговијата и извозот на сребро во првата половина на XIV век во Српското кралство учествувале Которјани, Венецијанци, Дубровчани и Фирентинци. Но затоа во втората половина на XIV век трговијата и извозот на сребро во најголем дел ја извршувале токму дубровчаните.[81] Покрај извозот, дубровчаните под закуп земале српски пазари и рудници. Поради безбедност и зголемени обврски во рударските центри, дубровничките трговци започнале да формираат свои колонии и трајно да се населуваат на тие простори. Дубровничките колонии имале свое уредување и организација. Во трговските колонии на сила биле дубровничките закони. Жителите на колонијата имале свои куќи и цркви, додека пак, конзулот кој исто така престојувал во трговската колонија, имал свои надлежности и обврски. Конзулот го избирале дубровничките власти и тој имал судски

[78] За статусот на сасите, рударите од германско потекло во српските рудници, од правен аспек види: А. Катанчевић, Да ли су саси имали привилегије у мешовитим споровима у средњовековној Србији? Анали Правног факултета у Београду 63/II, 107-118. Авторот прави анализа на документите, повелбите, законските прописи и смета дека србите и дубровчаните имале право на мешовит суд, додека за сасите, конкретни податоци за тоа нема. Тој смета дека од привилегиите за дубровчаните  кои ги добивале од српските владетели, научните работници извлекувале заклучок, по аналогија, од терминот „латини" дека под тоа име спаѓаат и сасите што за авторот не е прифатливо.

[79] К. Митровић, -Д. Радичевић, Католичка парохија у Руднику, Зборник радова Рудник и Венчац са околином у средњем веку и раној модерни, Тематски зборник са научног скупа одржаног 21. октобра 2017 године у Народном музеју у Аранђелу, уредници С. Мишић, Д. Радичевић, М. Шуица, Аранђеловац, 2017, 83-88.

[80] Подетално види кај: В. Петровић, Рударски предузетници као приложници и задужбинари, Зборник радова књ. X, 290.

[81] D. Kovacevic-Kojic, Les métaux précieux de Serbie et le marché Europééen (XIVe-XVe siècles), ZRVI XLI, 191-193.

овластувања во колонијата.[82] Трговијата со рудни богатства, дубровничките трговци ја остварувале со помош на трговски каравани. Нивната насока на движење врвела од српските рударски центри кон Дубровник и во внатрешноста на Кралството од еден до друг пазар. На чело на трговските каравани, дубровничките власти назначувале заповедник (лат. capitanie turme). Еден таков пример се случил есента 1296 година кога бил ограбен еден дубровнички караван кој го предводел Петар Матеј Рибиу, а извшител на грабежот бил властелинот Станислав Урсени.[83] Во втората половина на XIII и првите децении на XIV век, Брсково, покрај рударски и трговски центар бил претворен во своевиден транзитен трговски центар до каде била носена караванската стока и од таму била разнесувана кон другите места во внатрешноста на српската држава.[84] Како илустрација треба да се спомене примерот кога во 1278 година од Дубровник за Брсково се упатил еден трговски караван од 150 коњи, за подоцна бројката да биде зголемена на 300 коњи.[85] Овој пример упатува дека дубровничките трговци тргувале со голема количина на стока. Инаку во сите поголеми рударски центри покрај ковници имало и златарници. Ковниците и златарниците вообичаено биле формирани од Дубровчани, Которјани, Срби, Босанци и Венецијанци.[86]

Друг значаен рударски и трговски центар бил Рудник.[87] Внатрешната организација на Рудник била слична како и во Брсково. Таму имало трговска населба (колонија) и католичка црква формирана од дубровчаните.[88] Во внатрешноста на Србија како значаен рударски и трговски центар бил Трепча каде имало дубровничка трговска колонија,

---

[82] За внатрешната структура на рударските центри подетално види кај: В. Петровић, Друштвено раслојување у српским средњовековнм рударским градовима, Наша прошлост XII, Зборник радова Народни музеј Краљево, 79-88.

[83] М. Динић, За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, 3.

[84] М. Динић, Дубровничка средновековна караванска трговина, Југословенски Историски часопис, III, 1-4 свеска, 123; В. Ђоровић, Брсково, Гласник српског географског друштва, 40-49; И. Воје, Фрагменти о Брсково, ИЧ XXIX-XXX, 1982-1983, 95-100; С. Ћирковић, Д. Ковачевић-Којић, Р. Ћук. Старо српскорудараиво, 21-47.

[85] К. Јиричек, Историја Срба II, 180.

[86] Подетално види кај: C. Fiskov, Dubrovacki zlatari od XIII do XVII stojleca, Hrvatska prosvjeta, Zagreb: Muzej hrvatskih starina JAZU, III, serija 1, 143-240.

[87] В. Петровић, Проблем убикације средњовековног Рудника, Историјски часопис књ.58, 43-62.

[88] Б. Храбак, Рудник под Штурцем и његова дубровачка несеобина, ЗРНМЧ XIV, 5-86.

конзул и католичка црква.[89] Всушност во Трепча постоеле две католички цркви, Св. Марија и Св. Петар.[90] Во поразвиените центри како што бил Трепча, дубровчаните покрај со трговија се занимавале и со златарски занает, а воедно, таму постоела и ковница за монети.[91] Развиен рударски и трговски центар опстојувал и во околината на рудникот Јањево. Таму, во 1303 година постоела католичка црковна организација.[92] Постоењето на католичка црковна организација упатува дека таму имало развиен и организиран живот на трговците и рударите кои во најголем дел биле католици.[93] Исто така, значајни рударски центри во кои постоеле католички црковни организации, а тоа значи и трговски колонии имало во Рогоза, Копаоник и Ново Брдо.[94] Значајни трговски центри во чија близина немало рудник биле Приштина и Призрен, а кои имале католички црковни организации.[95]

Плановите за обновување на Латинското царство започнале да се реализираат кога во Лион на 12 ноември 1305 година за нов папа бил избран Климент V (1305-1314) во присуство на францускиот крал Филип IV Убавиот (1285-1314). Токму, францускиот принц Карло Валоа бил главниот иницијатор за формирање на анти-византиски сојуз. Во сојузот се приклучила и Венеција. Имено дуждот Пјетро Градениго (1289-1311) постигнал договор со Карло кон крајот на 1306 година за борба против Андроник II Палеолог (1282-1328). Милутин одржувал врски со двете страни и бил во тек со настаните околу создавање на сојузот против Византија. Во контекст на создавањето на анти-византискиот сојуз Милутин во 1303/1304 година се обратил до папата Бенедикт XI (1303-1304) за да го

---

[89] Подетално кај: Д. Мркобрад, Значај Трепче у оквиру копаоничког рударства средњовековне Србије, Из споменице Јована Ковацевица, Београд: Српско археолошко друштво, Београд 2003, 249-259; Истиот, Српско рударство у привредни Косова и Метохије, Научни скуп „Срби на Косову и у Метохији," 290.

[90] С. Б. Младеновић, Поседи римокатоличке цркве на Косову и Метохији у средњем веку, Гласник Баштина 41, 104.

[91] К. Јиречек, Зборник I, 267.

[92] С. Ћирковић, Работници, војници, духовници, Друштва средњовековног Балкана, Католичке парохије у средњовековној Србији, 247; Д. Ковачевић-Којић, Градски живот у Србији и Босни (XIV-XV), Историјски институт у Београду, 13-14

[93] С. Б. Младеновић, Поседи римокатоличке цркве на Косову и Метохији у средњем веку, Гласник Баштина 41, 104.

[94] Д. Мркобрад, Српско рударство у привредни Косова и Метохије, Научни скуп „Срби на Косову и у Метохији," 288-289; С. Б. Младеновић, Поседи римокатоличке цркве на Косову и Метохији у средњем веку, Гласник Баштина 41, Институт за српска култура, 104. Од 1349 година во Ново Брдо се спомнува ковница за монети и новобрдски грошеви (лат. grossi de Novaberda), Старинар V-VI, 1955, 247; Подетално види: M. Gogić, Rimokatolička župa Novog Brda u kasnom srednjem vijeku, Radovi Zavoda za povijesne znanosti HAZU u Zadaru 58, 1-24.

прими Српското кралство под негова заштита. Истото, го побарал и од новиот папа Климент V (1305-1314). Ваквото однесување на српскиот крал Милутин довело до започнување на преговори и постигнување на договор за сојуз со Карло Валоа во 1308 година, но за тоа  во продолжение поопширно, каде свој удел имале и дубровчаните.[96]

Милутин во август 1306 година го испратил скадарскиот епископот Стефан да преговара за условите за стапување во сојуз со Филип Тарентски, син на Карло II Валоа. После враќањето на скадарскиот епископ, кај српкиот крал пристигнал пратеник на Филип кој требало да ги потврди намерите на Милутин за склучување на сојузот. Истата година папата Климент издал була до сите католички трговци со која им се забранувала трговија со „неверниците" (источните православни христијани), во спротивно било предвидено да им биде одземена стоката. Во Дубровник ваквата одредба не се почитувала.[97] Имено дубровничките власти не можеле да ја испочитуваат забраната бидејќи најголем дел од економските односи ги реализирале со Србија, Унгарија, Босна, Бугарија, Македонија и Албанија. Кон крајот на 1307 година Милутин повторно испратил писмо до папата Климент со кое го известил дека ја прифаќа понудената црковна унија и барал поддршка за склучување на договор со Карло Валоа.[98] Во контекст на подготовките на западните сојузници за почеток на воена интервенција против Византија, на Балканскиот Полуостров бил испратен извесен Французин, доминиканец, да состави извештај за состојбите во регионот. Извештајот бил составен во првите три месеци од 1308 година.[99] Во март 1308 година Милутин ги испратил кај Карло Валоа двајцата свои пратеници: Марко Лукаревиќ-дубровчанин[100] и Трифун Михаиловиќ-которјанин во негово име да

---

[95] С. Б. Младеновић, Поседи римокатоличке цркве на Косову и Метохији у средњем веку, Гласник Баштина 41, 104.

[96] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 14-16; Г. Острогорски, Историја Византије, 461-465; ИСН I, (С. Ћирковић), 455.

[97] I. Hristijan v. Engel (превод од германски јазик- Ivan Stojanovic), Povjest Dubrovacke Republike, 49; ИСН I, (С. Ћирковић), 456.

[98] В. Мошин, Договорот на крал Урош II Милутин со Карло Валоа од 1308 година за поделба на Византиска Македонија, Споменици II, 421.

[99] Подетално види: Опис на источна Европа од 1308 година, Текст според: O. Gorka, превод, увод и коментар на Ј. Белчовски, Споменици II, 447-479.

[100] Марко Лукаревиќ имал значајна улога во српско-дубровничките односи во овој период заедно со неговиот син Лука Лукаревиќ. Марко бил истакнат дубровнички властелин. По враќањето од дипломатската мисија кај Карло Валоа тој бил избран за член на Сенатот и подоцна, член на Малиот совет. Бил дел од пратеништвото кај српскиот крал за склучување мир  по српско-дубровничката војна во 1317/18 година. Во

дадат заклетва за склучување на договорот. Пратеништвото најпрво се упатило на средба со папата Климент V во Лион на кој му го предале кралското писмо,[101] а потоа, се упатиле на дворот на Карло. На 27 март истата година, во присуство на Карло Валоа и други видни првенци била дадена заклетвата во име на српскиот крал Милутин и договорот бил потпишан во опатијата Лилјан-Лус во еден манастир кај Мелена. Од своја страна, Карло Валоа во месец јуни испратил пратеништво кај Милутин за потврдување на договорот составено од шест членови: *магистер Пјер ле Риш, Поддекан од Шартр-Карнотскиот манастир и магистер Жан Монтлисон, каноник Гастин како ополномошен пратеник и повереник за склучување договори и полагање заклетви, Пиетро Квирини од Големиот дом, граѓанин на Венеција, Марко Лукаревиќ, граѓанин на Дубровник, потоа двајца французи-Филип де Монсо и Жак Фезан од Вилен.*[102] Во ова пратеништво можеме да го забележиме учеството на Дубровчанецот Марко Лукаревиќ, но во овој случај во служба на Карло. Всушност од овој договор може да се упати на еден сегмент од српско-дубровничките односи. Обврските кои што ги имал дубровчанецот Марко кон српскиот крал ги извршил и повеќе немал обврска да се врати кај Милутин. Карло го искористил тој момент за да го ангажира Марко за свои потреби и го вклучил во пратеништвото кое се упатило во Српското кралство. Дополнителна причина за ваквиот потег на Карло веројатно било тоа што Марко многу добро ги познавал српските внатрешно-политички прилики што би значело олеснување на дејствувањето на пратеништвото. Токму затоа може да се каже дека Дубровник на некој начин бил посредник и придонел за склучување на сојузот помеѓу Милутин и Карло. Во овој случај станува збор за исклучително значајни преговори за Српското кралство, па од тука произлегува заклучокот дека дубровчаните како искусни дипломати, добро информирани за политичките прилики во балканските и европски држави околу Јадранското Море, добивале одговорни дипломатски мисии и извршувале значајни функции за различни држави. На 25 јули 1308 година кај местото

наредниот период повторно бил испраќан од градските власти на српскиот дврор, во 1319, 1323 и 1324 година. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 295-296).

[101] Подетално види кај: М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 11-13.

[102] А. Убичин, Уговор о савезу и пријатељству међу Карлом Валоа и посланицима српског краља Уроша, Гласник српског ученог друштва, књ. X, 310; В. Мошин, Договорот на крал Урош II Миилутин со Карло Валоаод 1308 година за поделба на византиска Македонија, Споменици II, 422-423.

„Goliqueline”[103] (веројатно Гнилане) бил потврден договорот од страна на Милутин. Неколку денови по пратеништвото на Карло во Српското кралство била испратена мисионерска комисија од страна на папта Климент V. Комисијата требало да спроведе црковна унија со кралството на Милутин, но во пракса тоа никогаш не било спроведено.[104] Анти-византискиот сојузот набрзо се распаднал, а на 12 октомври 1308 година починала Катерина Куртене. Сојузниците не ги оствариле своите планови, за заеднички напад против Византија.

За српско-дубровничките односи во 1309 година немаме многу податоци во изворите. Се чини дека тие се одвивале без посериозни пречки. Војската на српското кралство често пати набавувала современо оружје од Венеција. Еден таков пример се бележи во 1309 година кога определена количина на оружје била пренесена од страна на которјанинот Том Филип Павле од Венеција преку Дубровник за Српското кралство.[105]

Односите меѓу Дубовник и Србија биле поинтензивни во приморските области. За време на владеењето на династијата Немањиќи со Српското кралство, наследниците на престолот вообичаено ги добивале приморските делови на управување каде што се подготвувале за преземање на кралскиот престол. Во овој период со областа Зета, како приморска област, владеел Стефан, синот на Милутин кој воедно бил и сосед со Дубровник. Од податок датиран од 22 октомври 1311 година се дознава дека дубровчаните задржале за себе извесен сребрен појас во сопственост на Стефан кој бил оставен како влог. Причината за ваквата постапка од страна на Дубровник била нанесената штета за некој од нивните трговски каравани што бил нападнат во Зета.[106] Следната година, во мај

---

[103] За местото на потпишување на договорот во науката постојат различни мислења. М. Пурковић, Авиљонске папе, 14, Goliqueline го определува како Голи Х'лим во Призрен; А. Убичин, Уговор о савезу, 327, смета дека „Goliqueline" се однесува на Голак или Гнилане, но допушта можност Гнилане да е погрешно напишан; Ваквото мислење го прифаќа А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 35-36, а како дополнителен аргумент дека можеби се работи за Голак ја наведува повелбата што кралицата Елена им ја издала на дубровчаните во 1289 година на Котража (кога им потврдила лозови насади), а Дубровчанецот што бил во пратеништвото сигурно бил запознаен со местото под Голак т.е. Котража.

[104] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 14-15; К. Јиречек, Историја СрбаI, 198; В. Мошин, Договорот на крал Урош II Миилутин со Карло Валоа од 1308 година, Споменици II, 423-426.

[105] К. Јиричек, Историја Срба II, 110. Количината на оружјето било: 50 железни шлемови, 10 верижни огрлици, 10 пара верижни ракавици и 25 пара оклопи за нозе.

[106] HAD, Reformationes 4, f.2; Monumenta Ragusina V, 93. Според К. Јиречек, Историја Срба I, 193, Стефан со зетското приморје управувал од 1309 до февруари 1314 година. Различно мислење од К. Јиречек за управувањето на Стефан во Зета дава М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, Историски записи, XXXII, 16-

1312 година дубровничките власти одлучиле да купат жито од Стефан. Договорот бил постигнат претходно од страна на Добривоје Зрзовиќ и се чекала само потврда од дубровничките власти. Во 1312 година браќата Милутин и Драгутин склучиле мировен договор. Со склучувањето на мирот завршил долг период на внатрешни судири и несогласувања во Србија.[107] За 1312 година постои податок за дуборвнички конзул во Брсково, а таа функција во Србија ја извршувал Палма Заулеко (лат. Palma de Zauleco).[108]

Во 1313 година се бележи податок за дубровничко пратеништво во состав: Симон Растиќ и Михаил Менчетиќ (1304-1343) кое преговарало со српскиот крал во корист на дуборвничките трговци во Рудник. Познато е дека пратениците платиле 100 перпери на српските власти која подоцна ја надоместиле дуборвничките трговци од Рудник.[109] Според податоците истата година имаме еден дубровнички караван ја посетил Србија. Тудро Петрониќ (1303-1348) бил капетан и предводеник на дубровничкиот караван.[110]

На 27 октомври 1312 година дубровчаните го исплатиле „Светодимитарскиот приход" на Трипе Буќа (лат. Tripe de Buchia)[111] од Котор кој бил овластен од страна на Милутин.[112] Наредната година во пограничната област Зета започнала војна помеѓу босанскиот бан Младен II Шубиќ и браќата Милутин и Драгутин. Со областа Зета како што беше претходно наведено управувал Стефан. Стефан со посредство на дубровничките трговци набавил поголемо количество оружје од Венеција за потребите на војска на Српското кралство. Дубровчанецот што требало да го пренеси оружјето се викал Лука Лукаревиќ, син на споменатиот Марко Лукаревиќ. Во споменатата активност учествувал и Владислав, синот на Драгутин.[113] Пролетта 1313 година во Венеција бил затворен дубровчанецот кој се обидел да пренесе дел од оружјето (108 мечеви) наменето за синот

---

18, така што Стефан во Приморјето управувал од крајот на 1308 година до побуната против својот татко во 1313 година.

[107] М. Динић, Однос између краља Милутин и Драугтин, ЗРВИ III, 56-72; М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 18.

[108] Monumenta Ragusina IV, 102; И. Манкен, Дубровнични патрицијат у XIV веку, 453.

[109] Monumenta Ragusina I, 24; И. Манкен, Дубровнични патрицијат у XIV веку, 344, 386.

[110] И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 358.

[111] Трипе бил которски властелин и трговец, често пати бил ангажиран во дипломатски мисии од српските владетели. Кон крајот на јули или почетокот на август 1326 година бил дел од преговорите за купување на Пелешац. (Monumenta Ragusina II, 375; V, 415; М. Накић, Трипе Бућић-которски властелин и дипломата средњовековне Србије, ИГ IV, 3-33; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 493).

[112] М. Динић, Дубровнички трибути, 730.

[113] И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 295; Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 39.

на српскиот крал. Венецијанските власти одлучиле да го ослободат дубровчанинот и со тоа да го пропуштат оружјето да стигне до крајната дестинација. М. Маловиќ смета дека ваквиот потег на Венеција бил резултат на борбата против заедничкиот непријател, Младен II Шубиќ.[114] Поради успешната соработка по завршување на војната во Зета, Драгутин издал повелба за дубровничките трговци. Драгутин во својата повелба им дозволил на дубровничките трговци слободно движење во неговите области и ги пропишал мерките во случај некој да им нанесе штета.[115]

Добрите меѓусебни односи продолжиле и во наредниот период. Големиот совет во Дубровник донел конкретна одлука на 3 октомври 1313 година со која го овластил кнезот (лат. comes, ита. conte)[116] да има на располагање 1000 перпери за пречекот на Владислав во Дубровник.[117] Кон крајот на месец септември или почетокот на месец октомври 1313 година Милутин испратил писмо[118] до дубровничкиот кнез Бартоломеј Градоник и Дубровничката општина (лат. *Communitas;* ита. *Commune*), со упатување сумата од „Светодимитарскиот приход" во висина од 2000 перпери да му биде исплатена на неговиот пратеник, кнезот Павле.[119] Да потсетиме дека кнезот Павле бил српскиот преговарач за решавање на судирот помеѓу Дубровник и Милутин од 1301-1302 година. Следниот месец, на 11 ноември 1313 година во Дубровник се очекувало пристигнувањето на Стефан, синот на Милутин.[120] Стефан и Владислав веројатно имале договорено средба во градот, но останува непозната причината зошто посетата на градот ја направиле во исто

---

[114] М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 18-19.

[115] Србскіи споменицы, 48, бр. 38; Monumenta serbica, 16, бр. 19; Diplomatički zbornik III, 300, бр. 267; Законски споменици, 136; Повеље и писма I-1, 40, бр. 45; Зборник I, 453-454, бр. 124; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 184.

[116] Функцијата кнез во Дубровник од 1205 до 1358 година ја извршувал Венецијнец. Дубровничкиот кнез била највисоката државна функција. Кнезот преседавал со Голмиот совет, Малиот совет и Сенатот. дуборвничкиот кнез бил избиран за период од една или повеќе години, од 1358 година кнезот бил избиран секој месец. (V. Foretić, Povjest Dubrovnika, 121-122).

[117] Monumenta Ragusina I, 36; С. Ћирковић, Црна Гора 2/1, 60.

[118] Споменици српски II, 1-2, бр. 2 (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 99); Diplomatički zbornik VIII, 343-344, бр. 284; Повеље и писма I-1, 38, бр. 42; Н. Порчић, Писма немањичких владар дубровчанима о подизању светодимитарски доходак, ССА VII, 2008, 11-26; Зборник I, 413-414, бр. 113; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 185; Писмото на Милутин било заведено во дубровничките документи на 23 октомври 1313 година. Бартоломеј бил венецијански властелин, три пати бил на функцијата кнез на градот Дубровник, а во 1339 година бил избран за дужд на Венеција. (Listine II, 63, 92, 158).

[119] М. Динић, Дубровнички трибути, 730; Н. Порчић, Писма немањичких владар дубровчанима о подизању светодимитарски доходак, ССА, VII, 12; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 185.

време. М. Маловиќ смета дека нивната средба во Дубровник била во контекст на мирот кој завладеал меѓу браќата Милутин и Драгутин, а во посочениот период тие ги предводеле своите воени единици во Приморјето, против Младен II.[121]

Во изворите од овој период се бележи името на новиот дубровнички конзул во Српското кралство. Станува збор за П. Де Канлего кој бил испратен од дубровничките власти како конзул во 1313 година во рударскиот и трговски центар Брсково. За време на владеењето на Милутин, познати се уште неколку дубровнички конзули. Во Мачва, таа должност ја извршувал Марин де Чепра околу 1313 година.[122] Во рударскиот центар Рудник Симон Растиќ последен пат за дубровнички конзул се спомнува во 28 март 1313 година.[123] Додека пак, во 1319 година дубровнички конзул во Рудник бил Килиме Гучетиќ.[124] Бидејќи Рудник бил под контрола на Драгутин, дубровничкиот конзул бил именуван како конзул на „сремската земја."[125] Во продолжение, во делот каде што ќе осврнеме на српско-дубровничките односи за време на владеењето на Стефан Дечански подетално ќе биде разгледана положбата и функционирањето на дубровничките конзули во Српското кралство, бидејќи, за тој временски период сочувани се повеќе изворни податоци.

Во летото 1316 година Милутин издал повелба за фамилијата Жаретиќ од Бар за потврдување на неколку села кои ги добиле како свои владенија за време на владеењето на Урош I.[126] На повелбата на Милутин ќе посветиме поголемо внимание бидејќи дел од фамилијата Жаретиќ живеела во Дубровник и поради фактот што издавањето на повелбата се поврзува во околината на Скопје. Познато е дека помеѓу Дубровник и српските приморски градови постоеле живи и долготрајни врски.[127] Родоначалник на фамилијата

---

[120] M. Dinic, Comes Constantinus, ZRVI VII, 1-11.

[121] М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 19.

[122] G. Venier, Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR IV (3), 289.

[123] М. Динић, За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, Истиот, 8

[124] G. Čremošnik, Dubrovački konzuli u Srbiji do dušanovog vremena, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, 84; М. Динић, За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, 8.

[125] М. Динић, За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, 4.

[126] А. Соловјев, Повеља краља Милутина, 117-118; Б. Шекуларац, Дукљанско-зетске повеље, 141-142; Зборник I, 451-452, бр. 123; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 186-187.

[127] Д. Динић-Кнежевић, Миграције становништва из јужнословенских земаља у Дубровник током средњег века, 159, 201-202; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 46. Во 1319 година еден член од фамилијата Жаретиќ, Грубе, се преселил во Дубровник каде што добил граѓанско право заедно

Жаретиќи бил извесен властелин Жаре од Бар. Во втората деценија од XIV век дел од фамилијата Жаретиќи се преселила во Дубровник.[128] Еден од најистакнатите претставници на оваа фамилија бил Марин Жаретиќ кој од 1301 до 1307 година бил барски епископ.[129] Ловре Жаретиќ бил негов брат и тие двајца ги поседувале селата кои што своевремено им ги потврдиле кралот Урош I и кралицата Елена. Синовите на Ловре, Андреј и неговиот брат добиле нова повелба со која им биле потврдени истите села кои што од претходно ги поседувале Жаретиќите. Во повелбата се споменува и војводата Дабижив кој бил во служба на Милутин и токму тој издејствувал Андреј и неговиот брат да ја добијат повелбата. Милутин повелбата ја издал на Романова Лука кога се сретнал со извесна личност со титула деспот.[130] Во историографијата се уште постојат различни мислења за точната локација на издавање на повелбата, како и за идентитетот на личноста со титула деспот која се споменува. А. Соловјев смета дека повелбата била издадена во 1318/19 година на Љуме и Романов Дол според податоците од повелбата која цар Душан ја издал за манастирот Св. Архангели кај Призрен.[131] Другата претпоставка од Г. Томовиќ, која голем дел од научниците ја прифатиле, се темели на податоци од подоцнежни османлиски пописни дефтери од XV и XVI век. Имено авторот предлага дека повелбата била издадена летото 1316 година, а како место на издавање на повелбата се идентификува археолошкиот локалитет Романова Лука помеѓу Скопје и Велес.[132] Г. Томовиќ исто така

---

со неговата фамилија. Покрај тоа, Грубе преку брачни врски се поврзал со истакнатата дубровничка фамилија Менчетиќ.

[128] Р. Ђук, Дубровачка породица Жаретић пореклом из Бара у средњем веку, ИЧ XLVIII, 53-58.

[129] С. Ћирковић, Историја Црне Горе II/1, 55; С. Марјановић-Душанић, Повеља краља Милутина опатији Св. Марије Ратачке, ССА I, 25-26.

[130] А. Соловјев, Повеља краља Милутина барској породици Жаретић, Архив за арбанаску старину, језик етнологију, књига III, 117-125. Се претпоставува дека Дабижив бил истата личност која што заедно со скадарскиот епископ Петар бил испратен во Дубровник во 1320 година во служба на српскиот крал. С.Ћирковић, Срби у средњем веку, 106-108; М. Благојевић, Државна управа у српским средовековним земљама, 75-76; Г. Томовић, На Романи Луце, ИЧ XLVIII, 92; С. Божановић, Повеља краља Милутина барској породици Жаретића, ССА VI, 12-13.

[131] А. Соловјев, Повеља краља Милутина барској породици Жаретић, 117-125. Авторот при утврдување на датумот на издавање на повелбата претпоставаува дека личноста која се споменува во повелбата со титула деспот е епирскиот деспот Тома Ангел (1296-1318). Од тука се подразбирало дека времето на издавање на повелбата би можело да се смести во хронолошка рамка од месец февруари 1314 (смртта на кралицата Елена), до смртта на Тома во 1318 година.

[132] Г. Томовић, На Романи Луце, 90; Ваквиот гледиште го прифаќаат: С. Божановић, Повеља краља Милутина барској породици Жаретића, ССА VI, 14; Зборник средњовековних ћириличних повеља и писма Србије, Босне и Дубровника. књ I (1186-1321) подготвиле: В. Мошин, С. Ћирковић и Д. Синдик, бр.123, 451-

дава своја претпоставка за утврдување на личноста со титула деспот која што се разликува од претпоставката на А. Соловјев. Според мислењето на Г. Томовиќ станува збор за византискиот деспотот Димитриј Палеолог кој престојувал во Српското кралство во периодот помеѓу 22 март 1316 година (смртта на Драгутин) и есента истата година кога Милутин го примил на својот дворец Теодор, братот на Димитриј. Авторот смета дека повелбата на Милутин била издадена летото 1316 година во кралскиот дворец во Романова Лука.[133]

Кон средината на 1317 година започнале нови погранични воени конфликти помеѓу Дубровник и Српското кралство. Причините за почеток на војна не се познати, но како повод се наведува желбата на жителите на Ластово[134] да ја отфрлат дубровничката власт. Тоа значи дека жителите на Ластово веќе ја признале власт на Дубровник, веројатно уште од 1254 година.[135] Милутин со војска се упатил кон пограничните области и ја опустошил околината на Дубровник. Во контекст на опустошување на околината на Дубровник, К. Јиречек наведува дека при нападот на српскиот крал, самите дубровчаните го срушиле Фрањевачкиот манастир Св. Тома пред Пилма за да не може непријателот да го користи како утврдување.[136] Сите дубровнички трговци што биле затекнати на територијата на Србија биле заробени и нивната стока била одземена. Со ваквиот потег Милутин повторно не го испочитувал правото на дубровничките трговци во определениот рок од три месеци да го напуштат Српското кралство во време на меѓусебна војна. Дубровник побарал помош од Венеција. Венецијанците како заштитници на градот Дубровник на 7 јуни 1317 година донеле одлука во Големиот совет веднаш да им биде испратено оружје и бродови. Три дена подоцна Големиот совет во Венеција донел друга одлука да ги испрати Андреа

---

452; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 186-187, не го отфрла целосно ставот на А. Соловјев.

[133] Г. Томовић, На Романи Луце, 97. Димитриј Палеолог бил брат на Симонида, жена на српскиот крал Милутин. Според Г. Томовић, На Романи Луце, 92-97, Димитриј и неговиот брат Теодор престојувале кај Милутин по иницијатива на нивната мајка, византиската царица Ирина, која имала намера еден од своите синови да го постави за српски престолонаследник, бидејќи Милутин и Симонида немале потомсвто. Најстариот син на Милутин, Стефан бил испратен во прогонство во Цариград, а по смртта на Драгутин, неговиот син Владислав бил заробен од страна на Милутин.

[134] Островот Лестово се наоѓа јужно од Корчула. Жителите на Лестово порано ја признаено врховната власт на Византија, подоцна на Хрватското кралство, а повремено и на венецијанската република. Од XIII век врховната власт над островот ја имал градот Дубровник.

[135] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, (Според: Chronica Ragusina, 106-107), 47.

Дандоло и Петар Полани во Дубровник, за потоа истите да се упатат во Србија. Венецијанското пратеништво во Дубровник пристигнало во месец август истата година. По пристигнувањето на Венецијанците започнале преговори за запирање на војната и склучување на мир помеѓу двете страни. Евидентно е дека венецијанците имале посредничка улога во конфликтот. Треба да се напомене дека во пратеништвото што се упатило во Србија учествувал и Марко Лукаревиќ.[137]

М. Пурковиќ смета дека во текот на српско-дубровничката војна, дубровничката црква ја загубила црковната власт во Требиње. Поради тоа требињскиот епископ кој бил назначен од Дубровник добил друга функција.[138] Веќе раната есен 1317 година бил склучен договор за мир со кој било предвидено Милутин да ги ослободи заробените дубровнички трговци и да плати штета во висина од 4000 перпери.[139] Во историографијата главно постојат две тези околу траењето и крајот на војната помеѓу Дуборник и Србија. Според првата теза може да се претпостави дека мировниот договор помеѓу Дубровник и Српското кралство бил склучен во јуни 1317 година кога како посредници настапиле венецијанските пратеници. Меѓутоа, за оваа втора војна помеѓу Милутин и Дубровник не постојат доволно изворни податоци за нејзиниот крај. Исто така, не е сочувана повелбата на српскиот крал, доколку ја издал, со која би требало да го потврди склучувањето на мировниот договор.[140] Но, според В. Форетиќ податокот дека на 4 јуни 1318 година дубровничкиот Мал совет одлучил на островот Млет да испрати *под-кнез* (лат. vicecomes), одело во прилог на претпоставката дека во тој период српско-дубровничката војна (1317-1318), сеуште била во тек. Со ваквото мислење се добива можност дека војната помеѓу Дубровник и Српското кралство продолжила и по склучување на мирот со посредство на Венеција. Недостигот на изворни податоци не дозволува целосно да се разјасни прашањето за крајот на српско-дубровничката војна.[141]

По завршување на војната, во текот на 1318 година имаме еден податок кога дубровнички златар бил заробен и испратен во затворот во Скопје поради кражба и таму

---

[136] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 21; К. Јиречек, Историја Срба I, 200.

[137] Monumenta Ragusina V, 115; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 296; ИСН I (С. Ћирковић), 473; Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 40; V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 90.

[138] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 19.

[139] Monumenta Ragusina V, 108-110.

[140] ИСН I, (С. Ћирковић), 473; Н. Фејић, Један поглед на ратове Дубровника, ИЧ LVI, 122.

бил држен 10 месеци.[142] Преку овој податок може да се донеси заклучок дека дубровничките трговци ги извршувале своите активности во делот на трговијата и развивале други економски области во Македонија. Од друг податок се дознава дека истата година Тудро Петрониќ како капетан и предводеник на дубровнички караван носел стока за пазарите во Србија.[143] Сето тоа оди во прилог на нормализација на односите.

Односите меѓу Унгарското и Српското кралство директно влијаеле на српско-дубровничките односи. Имено, во текот на 1318 или 1319 година унгарската војска го нападнала Српското кралство и ја освоила Мачва, додека Липник останал под власт на Милутин. Честите воени кампањи ги менувале меѓусебните граници и ги отежнувале трговските активности на дубровчаните на тој пограничен простор. На овие простори, до крајот на мај 1318 година тројца дубровнички трговци: Петар,[144] Марин[145] и Никола[146] ги зеле под закуп пазарите во Мачва[147] и Липник.[148] После овие настани, летото 1319 година Милутин испратил писмо до дубровничките власти. Српскиот крал ги известил властите во Дубровник дека задржал тројца нивни трговци на својот двор поради долг за закуп на пазарите во Мачва и Липник. Меѓу другото, во писмото се наведува дека немал намера да

---

[141] V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 90.

[142] К. Јиричек, Историја Срба II, 176.

[143] Monumenta Ragusina V, 129.

[144] Петар Рибичиќ бил дубровнички властелин. Најчесто своите трговски активности ги вршел во Брсково, подоцна во Мачва и Липник. После неприликите што ги доживеал, Петар престојувал во Босна. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 357-360).

[145] Марин Рузиновиќ бил дуборвнички властелин и трговец. Неговата фамилија потекнувала од познатата дубровничка фамилија Менчетиќи. Трговските активности на територијата на Српското кралство ги започнал од втората деценија на XIV век како закупец на данокот на пазарите во Мачва. На 2 јуни 1313 година бил избран за дубровнички конзул во Мачва со околината. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 177).

[146] Никола Петрониќ бил дуборвнички властелин, по неприликите што ги доживеал со своите ортаци, Никола започнал да извршува различни служби во Дубровник. Краток временски период се занимавл со трговија на сол. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 357-360).

[147] Мачва била средновековна воено-упрана населба која до XIII-от век тој термин го добиле и околкните простори. Од почетокот на XIV-от век во областа Мачва постоела дубровничка колонија и пазар. (С. Ћирковић, Земља Мачва и град Мачва, Прилози за књижевност, језик, историју и фолклор књ.LXXIV, св.1-4, 3-20).

[148] Липник прв пат се споменува токму во писмото на Милутин од 1319 година. Оваа населба била во состав на рударската област Подриње. На овие простори постоела дубровничка колонија од 1346 година, воедно, таму постоела и католичка парохија. Од втората половина на XIV век овие простори го губат своето значаење, трговски и рударски центар станал Црнча. Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 187-188; М. Динић, За историју рударства у средњевековној Србији и Босни I, 46-47; М. Спремић, Средњовековни рудници и тргови северозападне Србије-међусобна повезаност, Ваљево. Постанак и успон градског средишта, 93-110.

ги ослободи се додека не му биде исплатен долгот од 900 перпери. Во писмото српскиот крал определил рок за исплата на долгот до Митровден.[149] Од друг документ се дознава дека случајот со дубровничките трговци Петар, Марин и Никола бил делумно разрешен кога Милутин во февруари 1321 година испратил уште едно писмо до дубровничките власти со кое ги известува дека еден од тројцата трговци го платил својот дел од долгот.[150]

Приближно во периодот кога дубровничките трговци биле задржани на српскиот двор, се случил друг настан во кој повторно биле инволвирани дубровнички трговци, но овојпат на локално ниво. Имено, станува збор за жупанот Младен, претставник на милутиновата властела кој ги известил дубровничкиот кнез и општина, конкретно во август 1319 година, дека по обвинението на дубровчанинот Хлапе Валетиќ против српскиот властелин Петар Тољеновиќ, тој пресудил во корист на дубровчанецот. Валетиќ добил овластување, направената штета да си ја надомести од Тољеновиќ и од неговите приврзаници во висина од 40 венецијански златници.[151]

Есента 1319 година унгарскиот крал Карло I Роберт презел воен поход против Српското кралство. Биле освоени поранешните владенија на Драгутин и градот Мачва. Но за краток период Милутин при контранападот успеал да ги врати под своја власт споменатите области. Во истиот период, додека биле во тек српско-унагарските конфликти, Милутин во 1318-1319 година водел војна против босанскиот бан Младен II Шубиќ, поради освојувањето на областа Захумје (Хум).[152] Дубровчаните како посредници испратиле пратеници кај двете завојувани страни за прекинување на војната и склучување на мир. На 20 септември 1319 година Малиот совет донел одлука да бидат испратени двајца пратеници: Мартин Подузиќ и Маргарит Крусиќ на дворот на босанскиот бан Младен со цел да посредуваат за склучување на мир помеѓу него и Милутин. Финалните преговори за склучување на мир биле одржани во надбискупскиот дворец во Дубровник во присуство на Младен и пратеници на Милутин [153]

---

[149] Споменици српски II, 45, бр. 64, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 103) Diplomatički zbornik VIII, 545-546, бр. 446; Н. Порчић, Два писма краља Милутина о закупу тргова Мачва и Липник, ССА X, 4-6; Зборник I, 491-492, бр. 133; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 45, 187-188.

[150] Н. Порчић, Два писма краља Милутина о закупу тргова Мачва и Липник, ССА X, 7-13; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 189-190.

[151] Зборник I бр. 132, 489-490; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 45-46.

[152] V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 90-91.

[153] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 22.

„Светодимитарскиот приход“ за 1318 година бил уредно исплатен на 4 ноември 1318 година, како и исплатата за 1319 година која била извршена без никакви пречки на 31 октомври 1319 година. За подигнување на данокот, Милутин во Дубровник го испратил Јурек Мирославиќ.[154] Следната 1320 година унгарскиот крал повторно ги освоил Мачва и некогашните територии на Драгутин.[155] М. Пурковиќ споменува едно писмо на папата од 2 јули 1320 година каде што папската курија знаела за успесите на Карло во Мачва против „шизматиците“ (православните), но во писмото меѓудругото се наведува: „regnum Macedoniae.“[156] Во науката постојат различки ставови при толкување на содржината на писмото. Според К. Јиречек ваквото спомнување на „regnum Macedoniae“ било грешка и смета дека во писмото всушност се мисли на областа Мачва.[157] Српско-дубровничките односи во овој период биле релативно стабилни и покрај војните кои што ги водел Милутин со своите соседи и во близина на Дубровник. Своевидна потврда за добрите односи е редовното исплаќање на „Светодимитарскиот приход.“ Кон крајот на месец октомври (пред 27 октомври) 1320 година Милутин испратил писмо до дубровничкиот кнез Бартоломеј Градоник [158] со кое го известил дека годинешниот данок треба да го подигнат: скадарскиот епископ Петар[159] и кнезот Дабижив.[160] Исто така, Милутин од градските власти побарал исплатата да биде извршена на Митровден. Покрај дадените овластувања Милутин побарал од дубровничките власти исплатата да ја извршат со квалитетни пари, како што стои во писмото: „**данте ми добрѣ динаре, а немоите ми злѣ динаре давать, єре ми злѣмь динарем не хтѣ Грци, гдѣ их давамо на коєи годѣ**

---

[154] М. Динић, Дубровнички трибути, 730. Јурек Мирославиќ веројатно била истата личност која се споменува во писмото на Владислав II испратено до дубровничките власти во месец октомври 1325 година.

[155] ИСН I, (С. Ћирковић), 475.

[156] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 22.

[157] К. Јиречек, Историја Срба I, 259.

[158] Бартоломеј Градоник бил дужд на венецијанската република од 7 ноември 1339 до неговата смрт во 1342 година.

[159] Петар бил скадарски епископ во 1320 година. Српските кралеви имале воспоставено честа пракса, при подигнување на „Светодимитарскиот приход“ во Дубровник да ги испраќаат скадарските епископи во придружба на српски властелини. Претходниците на Петар, Стефан и Паско биле членови на пратеништвото за подигнување на данокот во 1318 и 1319 година. (М. Динић, Дубровачки трибути, 227)

[160] Дабижив се споменува во повелбата на Милутин со титула војвода за фамилијата Жаретиќи, подетално види белешка 133 во овој труд. Во писмото на Милутин од 1320 година се споменува со титула кнез. Заедно со Скадарскиот епископ Петар биле испратени да го подигнат српскиот данок од Дубровник.

потрѣбѣ, а они иχ не земе.“[161]

Последна повелба на Милутин на посреден начин се однесува на Дубровник бидејќи е издадена за манастирот Св. Марија на островот Млет без точен датум.[162] Нејзиното издавање и содржина несомнено откриваат важен сегмент од нивните меѓусебни односи. Со повелбата, Милутин ја потврдил даровницата издадена за истиот манастир од страна на Стефан Немањиќ Првовенчаниот.[163] По иницијатива на еден дел од српските црковни великостојници од манастирот Хиландар Стефан, синот на Милутин во 1320 година се вратил од византиското заложништво во Српското кралство. Во тој период Стефан ја добил на управување жупата Будимље, додека за наследник на српскиот престол Милутин веројатно го избрал неговиот син Константин.[164] Следната 1321 година, кратко време пред да почине, Милутин бил вмешан во Граѓанската војна во Византија помеѓу царот Андроник II и помладиот претендент Андроник III.[165] Значајно да се напомене е дека Милутин пред почетокот на Граѓанската војна во Византија бил сојузник со Андроник II. Андроник III испратил пратеници кај Милутин за поддршка во војната. Милутин му ветил поддршка доколку воените дејства се одвиваат во Македонија.[166] Набрзо после тоа било склучено примирје помеѓу завојуваните страни, додека пак, воениот сојуз помеѓу Милутин и Андроник III не траел долго поради смртта на српскиот

---

(С. Ћирковић, Срби у средњем веку, 106-108; М. Благојевић, Државна управа у српским средовековним земљама, 75-76).

[161] Споменици српски II, 2, бр. 3, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 99); Diplomatički zbornik VIII, 574-575, бр. 469; Повеље и писма I-1, 39, бр. 43; Зборник I, 3495-496, бр. 135; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 188-189; М. Динић, Дубровнички трибути, 730; Н. Порчић, Писма Немањићих владара Дубровчанима о подизању Светодмитарског дохотка, ССА VII, 13-14.

[162] Србскіи споменицы, 66, бр. 52; Monumenta serbica, 71, бр. 70; Diplomatički zbornik VI, 156, бр. 141; Законски споменици, 587; Зборник I, 505-506, бр. 138; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 190-192, најширок период на издавање на повелбата, 1282-1321 година.

[163] Подетално за повелбата на Стефан Првовенчаниот за манастирот Св. Марија види кај: N. Klajić, Mljetski falsifikati, Arhivski vjesnik X (1), 206-212; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 190-191.

[164] ИСН I, (С. Ћирковић), 496.

[165] Подетално за Граѓанската војна во Византија види кај: Г. Острогорски, Историја Византије, 465-472; В. Мошин, Византиско-српски односи во првата четвртина на XIV век и дипломатот Хилендарецот Калиник, Споменици II 497; К. Аџиески, Пелагонија, 163.

[166] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 38.

крал. На 29 октомври 1321 година во кралската резиденција во Неродимле починал српскиот крал Милутин.[167]

## 2. Дубровник и крал Стефан Урош III Дечански (1321-1331)

После краткотрајни внатрешни борби за престолот, најстариот син на Милутин, Стефан, подоцна наречен Дечански успеал да седне на српскиот престол. Дубровчаните биле многу добро запознаени со внатрешната нестабилната положба во Српското кралство по смртта на Милутин. Тие започнале да преземаат мерки со кои би ги заштитиле своите поданици на територијата на Српското кралство. На 13 декември 1321 година дубровничкиот кнез му наредил на дубровничкиот трговец Менчет Менчетиќ повеќе да не соработуваат со луѓето на Урош (српскиот крал) кои им наштетиле на имотите на дубровнички трговци.[168] Десет дена пред формално да биде крунисан за крал, кај Стефан пристигнало дубровничко пратеништво предводено од Никола и Грубеша за да побара потврдување на претходно добиените права и продолжување на соработката. Токму за таа цел на 27 декември 1321 година Стефан ја издал својата прва повелба за градот Дубровник.[169] С. Ќирковиќ можеби со право смета дека потврдувањето на претходните повелби било услов, дубровчаните да започнат со исплаќање на „Светодимитарскиот приход." Токму затоа, Стефан Дечански издал повелба во местото Долго поле[170] за потврдување на права и привилегии со кои располагале дубровчаните на српска територија. Со повелбата Стефан им ги потврдил права кои ги имале во минатото меѓу кои најзначајни биле, забрана за *удаве* во било кој предмет и доследна примена на мешовити судови. Доколку во судскиот процес бил засегнат еден Србин, тогаш како судии во него би учествувале еден Србин и еден Дубровчанин, а доколку судскиот процес бил вклучен Сас, во тој случај судскиот процес би го воделе од еден Сас и еден Дубровчанин.

---

[167] Животи краљева и архиепископа српских, 161. Неродимле била резиденција на српските владетели во периодот на владеењето на династијата Немањиќи. С. Новаковић, Немањићке престонице Рас-Пауни-Неродимља, Глас СКА 88, 1-54; С. Ћирковић, Владарски двори око језера на Косову, Зборник МС ЛУ 20, 67-83.

[168] ИСН I, (С. Ћирковић), 498.

[169] Србскіи споменицы, 34, бр. 25; Monumenta serbica, 51, бр. 52; Законски споменици, 160; Повеље и писма I-1, 34, бр. 35; С. Ћирковић, Повља краља Стефана Уроша III Дечанског Дубровчанима из 1321 година, ССА V, 43-49; Истиот, Прва повеља краља Стефана Дечанског Дубровнику, Прилози КЈИФ 37, 208-212; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 192-193.

[170] Топонимот „Долго поле" се уште не е убициран.

Доколку некој не ги почитува пропишаните прописи била предвидена казна од 500.[171]

Свеченото крунисување на Стефан Дечански со кралски венец се случило на Богојавление, на 6 јануари 1322 година од страна на српскиот архепископ Никодим. Веднаш по доаѓањето на српскиот кралски престол, Стефан Дечански генерално продолжил да ја спроведува политиката на добри односи со Дубровник по примерот на неговиот татко. Сепак после издавањето на повелбата се бележат непријатни настани кои се случиле на локално ниво помеѓу Српското кралство и Дубровник. Овие настани не ги нарушиле генерално добрите меѓусебните односи, бидејќи решавањето на ваквите недоразбирања биле регулирани со повелбите. Во посочениот случај станува збор за нанесување на штета на еден дубровчанин за чиј надомест бил обврзан локалниот српски жупан. Имено на 9 февруари 1322 година било одлучено жупанот Владимир да му ја надомести штетата што му ја нанеле неговите приврзаници во висина од 5 грошеви на Јуниј Вулкасовиќ на Св. Срѓ.[172]

Исто така, на самиот почеток од своето владеење Стефан Дечански се соочил со еден друг сегмент од српско-дубровничките односи, а тоа било исплата на „Светодимитарскиот приход“. М. Диниќ смета дека „Светодимитарскиот приход“ за 1322 година, дубровчаните не му го исплатиле на српскиот крал поради внатрешните судири за српскиот престол.[173] Во својот труд, С. Ќирковиќ споменува еден податок од почетокот на август 1322 година за дубровничко пратеништво кое се вратило од кај кралот Дечански. Тоа пратеништво го сочинувале Маргарит Крусиќ и Лукар Буниќ кои успеале да добијат одредена запленета стока од српскиот крал која припаѓала на дубровнички трговци.[174] Според М. Диниќ за следната 1323 година, „Светодимитарскиот приходот“ бил исплатен во висина од 2000 перпери. За примање на наведената сума Дечански го овластил которскиот властелин и трговец Трипе, додека пак,тој од своја страна за тоа го овластил Мартола Тупизиќ кој имал задача да го подигне данокот од Дубровник и да го донесе во

---

[171] С. Ћирковић, Повља краља Стефана Уроша III Дечанског Дубровчанима из 1321 година, ССА V, 43-49.

[172] М. Динић, Хумско-требињска властела, 69.

[173] М. Динић, Дубровнички трибути, 730.

[174] С. Ћирковић, Прва повеља краља Стефана Дечанског Дубровнику, Прилози КЈИФ 37, 212; М. Динић, Хумско-требињска властела, 34.

Котор.[175] С. Ќирковиќ го прифаќа ваквото мислење на М. Диниќ и извесно е дека во почетокот на декември 1323 година Дубровник му го исплатил „Светодимитарскиот приход“ на Стефан Дечански.[176] Како што погоре напоменавме во 1321 година започнала Граѓанската војна во Византија помеѓу Андорник II и Андроник III. Токму поради нестабилната состојба во Византија, српскиот крал започнал преговори за склучување династички брак со кралската фамилија на Неаполското кралство и придобивање на значаен сојузник на своја страна. Преговорите помеѓу српскиот крал и Филип Тарентски започнале на 28 јануари 1323 година. Дечански испратил пратеници кај неаполскиот владетел со цел воспоставување династички брачни врски.[177] Предвидено било Дечански од православна да премине во католичка вероисповед и да склучи брак со Бланка, ќерката на Филип Тарентски.[178] Дубровчаните ги поддржале ваквите планови на Дечански и за свое учество во преговорите испратиле пратеништво кај него во кое бил влкучен Марко Лукаревиќ.[179] Во текот на април 1323 година во Дубровник пристигнале Марко Лукаревиќ и ѓакон Вита овој пат како пратеници на Дечански, на кои крајна дестинација им бил дворот на Филип во Апулија. Во исто време српското пратеништво преговарало со дубровничките власти за отстапување на српска погранична територија за која дубровчаните нуделе 2000 перпери. Значајно е да се напомене во овие преговори е преминувањето на Марко Лукаревиќ во служба на српскиот крал. Имено тој се упатил кај Дечански како пратеник од Дубровник, но се вратил во градот како пратеник на Дечански во диппломатска мисија кај Филип Тарентски.[180] Стефан Дечански од дубровчаните побарал галија со која би била пренесена неговата идната сопруга, доколку плановите се остварат. Дуборовчаните го прифатиле барањето на Дечански, но под услов тој да ги поднесе сите трошоци за тоа. Според Б. Крекиќ, дубровчаните одговориле позитивно на молбата на Дечански, тие дополнително се погрижиле три галии со жито да бидат

---

[175] М. Динић, Дубровнички трибути, 730.

[176] С. Ћирковић, Прва повеља краља Стефана Дечанског Дубровнику, Прилози КЈИФ 37, 211.

[177] Historijski arhiv u Dubrovniku (HAD) Reformationes VII, 26; Monumenta Ragusina I, 75-76; М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, Историски записи, XXXII, 13.

[178] С. Ћирковић, Историја Црне Горе 2/1, 68-69.

[179] Monumenta Ragusina V, 79-82.

[180] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 25-26; М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, Историски записи, XXXII, 29-30; И. Манкен, Дуборвнички патрицијат у XIV веку, 296. Ваквата постапка на Марко Лукаревиќ не се случила прв пат. Имено, Дубровчанецот направил своевидна промена на страната и во 1308 година во текот на преговорите помеѓу Милутин и Карло Валоа.

пренесени од Апулија во Бар.[181] Со ваквиот чин дубровчаните всушност го прекршиле правилото од 1306 година според кое не било дозволено за свои потреби, ниту за други субјекти да пренесуваат жито преку Јадранското море во било кој град или кралство освен во Венеција и во сопствениот град. Раната пролет 1323 година, Дечански се упатил на запад, кон Бар и Улцињ. Малиот совет во Дубровник донел одлука да испрати четворица угледни претставници во посета на Дечански со вредни подароци. Задачата на пратеништвото била да преговара со кралот околу можноста за купување на земја и лозје на просторот околу Затон и Шумет.[182] За остварување на целта, дубровчаните биле подготвени да платат 2000 перпери или истата сума во оружје. Дубровчаните од своја страна им дозволиле на српските власти слободно да носат „леб“ и „вино“ и се друго што им било потребно за свадбата која била предвидена да се одржи во градот Скадар.[183] Меѓутоа, Дечански го одбил предлогот за територијални отстапки кон Дубровник. Во контекст на преговорите за склучување на династички брак на 12 јуни 1323 година папата Јован XXII (1316-1334) му испратил писмо на Дечански со кое му изразил задоволство за неговата подготвеност да прифати распространување на католичка вера во неговото кралство.[184] Во август српско-дубровничко пратеништво повторно се упатило на дворот на Филип. Сепак, обидите за склучување династички брак завршиле неуспешно. М. Пурковиќ, смета дека договорот не бил постигат бидејќи Дечански не бил подготвен така лесно „*да го анулира делото на Св. Сава и да прими католичка вера*.“[185] Во истиот период, дубровничките власти на Дечански му понудиле нов предлог за промена границите. Нивната понуда се состоела од 200 воени оклопи во вредност од 2000 перпери,[186] но и овој предлог бил одбиен од страна на Дечански. По неуспешниот обид за склучување на династички брак со неаполската кралска фамилија, во 1324 година Дечански се оженил со Марија Палеолог. Таа била ќерка на солунскиот наместник Јован

[181] Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 194; С. Ћирковић, Црна Гора 2/1, 68.

[182] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 24; С. Ћирковић, Историја Црне Горе 2/1, 68-69; V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 90.

[183] М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, Историски записи, XXXII, 29-30.

[184] Види подетално за содржината на писмото кај: М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 26-28; Додека, пак, К. Јиречек, Историја Срба I, 205, ги споменува планови на папата за испраќање на мисионери во Српското кралство.

[185] Исто, М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 24, 27 ; С. Ћирковић, Историја Црне Горе 2/1, 68.

[186] К. Јиричек, Историја Срба II, 110-111.

Палеолог, чиј пак татко бил Константин Порфирогенит, брат на Андроник II.[187]

Во јуни 1323 година Стефан Дечански во Неродимле издал повелба-разрешница до дубровчанецот Андрија Пештиќ со која ги известил дубровничките власти дека долгот што го имал нивниот трговец целосно го исплатил.[188] Кога станува збор за овој тип на разрешни документи, скоро секогаш тие биле составени од два дела. Првиот дел ја сочинува повелба од кралот до должникот и вториот дел претставува писмо од кралот со кое се известувале дубровничкиот кнез, патрицијатот и општината дека долгот бил исплатен. Андреј Пештиќ бил дубровнички трговец кој најголем дел од трговијата ја вршел на просторот на Србија. Тој се занимавал со трговија со ткаенини и бил закупувач на пазари во Српското кралство.[189]

Во почетокот на месец септември 1323 година воените заповедници на Српското кралство: Продаш од Требиње, Владимир од Конавље и Витомир од Драчевица навлегле во дубровничките области Затон и Ријека и ограбиле големо количество стока.[190] Поради тоа Сенатот (лат. Consilium rogatorum; ита. Consiglio dei pregati)[191] на Дубровник на 13 септември одлучил да ги прекине врските со споменатите воени заповедници и да им даде рок од 8 денови запленетата стока да ја вратат. После истекот на определениот период било предвидено дубровничките власти да интервенираат до кралот Дечански. Во меѓувреме се вратил жупанот Младен во Требиње, инаку обласен војвода во Приморјето. Дубровничкиот Сенат на 24 септември 1323 година одлучил да испрати пратеници кај Младен да му подарат вредни дарови во вредност од 40 грошеви и притоа да го известат за неприликите што ги трпеле од ограбувањата на воени заповедници.[192] Младен успеал да го реши спорот, иако не постојат сигурни податоци кога била вратена запленетата стока на

[187] М. Ласкарис, Византиске принцезе, 83-88.

[188] Н. Порчић, Акт једног српског краља о разрешењу рачуна дубровчанина Андрије Пештића, ССА II, 16; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 193-195. Како што било пракса и во други минати ситуации, српскиот крал издавал документ за личноста која што го исплатила долгот и во исто време испраќал писмо до дубровничките власти. Повелбата и писмото што ги испраќале српските владетели со едно име биле наречени разрешница.

[189] Monumenta Ragusina I, 305, 310; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 535. Својата активност во Србија ја извршувал во текот на 20-тите години на XIV век, па сè до неговата смрт кон крајот на 1330 година.

[190] Monumenta Ragusina I, 92.

[191] Сенатот во Дубровник или наречен уште ѝ Совет на муди. Сенатото бил тело кое не заседавало постојано, а имал ингеренции во внатрешната и надоворешната политика. Сенатот во одредени прилики носел и закони. Членовите на Сенатот биле бирани секоја година.

дубровчаните. Своевидна потврда дека спорот бил разрешен претставува одлуката на Сенатот на 4 февруари 1324 година со која била укината забраната за трговија со Конвље.[193]

Кон крајот на 1323 година во Српското кралство избиле внатрешнни судири помеѓу српскиот крал Стефан Дечански и неговиот братучед Владислав II, синот на Драгутин. Дел од дубровничките трговци кои делувале во областите со кои управувал Владислав II, застанале на негова страна против Дечански.[194] Дубровчанецот Менчет Менчетиќ имал трговски активности токму во тврдината Островица кај Рудник каде што се одвивале борбите помеѓу Дечански и Владислав II. Менчетиќ кон крајот на 1323 или почетокот на 1324 година успеал да завладее со тврдината кога приврзаниците на Владислав II биле истиснати и поразени во борбите против Дечански.[195]

Во овој временски период, коинцидира разрешницата што ја издал Владислав II за дубровничките трговци кои престојувале во неговите области. Имено на 25 октомври 1325 година Владислав II издал разрешница за дубровничкиот трговец Климе Држиќ[196] и неговите браќа.[197] Владислав II го известил дуборвничкиот кнез Лодовик Маурочено[198] и дубровничките власти дека Климе и неговите браќа целосно го исплатиле долг кон него и дека не му останале должни.[199] Сведоци при издавање на писмото биле четворица српски властелини и четворица членови на дубровничкиот патрицијат, тоа биле: жупанот Радослав, жупанот Војних, протовестијар Јурек, севаст Јунак Маноликќ, кнез Менче[200] и

---

[192] Monumenta Ragusina I, 92.

[193] Исто, 108.

[194] Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 194.

[195] С. Ћирковић, Историја Црне Горе 2/1, 69; М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 28.

[196] Климе Држиќ бил дубровнички трговец кој делувал заедно со своите браќа: Јуније, Нале, Вале и Михо. Нивната активност во Српското кралство започнала од 1303 година, па се до средината на XIV век. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 188-191, 498-499).

[197] Споменици српски II, 3-4, бр. 5 (исправка и дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 99); Diplomatički zbornik IX, 146-147, бр. 125; Н. Порчић, Писмо краља Владислава II кнезу и Општини Дубровачкој, ССА I, 33-36; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 195-197. Писмото на Владислав II во дубровничката канцеларија заведено било на 25 ноември 1325 година.

[198] Лодовик Маурочено бил венецијански властелин кој ја извршувал функцијата дубровнички кнез два пати, во период од 1322-1324 и 1330-1332 година. (Monumenta Ragusina I, 307; II, 388, 395; V, 418, 431).

[199] Н. Порчић, Писмо краља Владислава II кнезу и Општини Дубровачкој, ССА I, 33-38.

[200] Менче Менчетиќ, бил дубровнички властелин и трговец кој во писмото бил наведен со титула кнез. Н. Порчић, Писмо краља Владислава II кнезу и Општини Дубровачкој, ССА I, 49, смета дека Менче ја носел титулата како старешина на дубровничката колонија во Рудник.

Марин Проданчиќ[201] и Симе Маркушиќ[202] и Никола де Наугне.[203] М. Маловиќ смета дека дошло до прекинување на економските односи меѓу Дубровник и Српската држава.[204] Доколу се прифати ваквото мислење, во тој случај може да се објасни постапката на Дечански кој, како одмазда кон Менчетиќ (што ја освоил Островица), наредил да се заробат сите дубровничките трговци кои се наоѓале на негова територија. Исто така била издадена наредба за одземање на стоката што ја поседувале дубровничките трговците. Сенатот во Дубровник на 22 февруари 1324 година донел одлука Менчетиќ да ја предаде тврдината Островица на Стефан.[205] Ваквиот однесување на Менчетиќ упатува колку дубровчаните биле влијателни и моќни во средината во која делувале. Тоа значи дека тие не биле само обични трговци, туку дека имале капацитет и вештина да преземат храбри и одлучни чекори во одбрана на сопствените интереси и притоа да се борат за свои високи позиции во Српското кралство.

Во почетокот на 1324 година, според Б. Крекиќ избувнала нова војна помеѓу Српското кралство и Дубровник.[206] Крајот на февруари 1324 година било одлучено Дубровник да испрати две пратеништва, едно за Венеција, а друго кај Стефан Дечански. Кон крајот на март или почетокот на април во Дубровник пристигнал Џовани Калдарарио, пратеник од венецијанскиот дужд, на кого крајната дестинација му било Српското кралство.[207] На 12 април 1324 година Сенатот во Дубровник донел одлука да се затвори градот за странци и никој да не тргува со Српското кралство се додека Сенатот не ја укине донесената одлука. После консултацијата со дубровничките власти, Џовани Калдарарио се упатил кон Српското кралство. Б. Крекиќ не ја исклучува можноста Калдарарио да патувал во придружба на дубровничкото пратеништо. Постои податок каде што се

---

[201] Марин Проданчиќ бил дубровнички трговец, кој своите трговски активности во Српското кралство ги извршувал во рударскиот и трговски центар Рудник. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 321, 375).

[202] Симе Маркушиќ бил дубровнички трговец кој се споменува од првата децениај на XIV век. Трговски врски имал со рударскиот и трговски центар Рудник. Симе имал своја куќа во дубровничката колонија во Рудник. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 402-403).

[203] Никола бил дубровнички трговец. Тој се споменува како еден од 150-те дубровчани кои требало да уплатат свој придонес за исплатата на „Светодимитарскиот приход" за 1323 година. Тој исто така се споменува во еден спор во Брсково. (Н. Порчић, Писмо краља Владислава II кнезу и Општини Дубровачкој, ССА I, 50).

[204] М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 28.

[205] С. Ћирковић, Историја Црне Горе 2/1, 68-69.

[206] Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 194.

спомнува Марко Лукаревиќ како пратеник кај Дечански.[208] Пратеништвото не постигнало никакви резултати при посетата на Србија. После неуспешната дипломатска мисија во август 1324 година и Венеција им забранила на своите трговци да патуваат на територијата на Српското кралство. Сепак се чини дека со посредство на Венеција односите биле нормализирани.[209]

Од овие настани може да се извлече заклучок дека венецијанците и дубровчаните, воведената забрана за трговија со Српското кралство ја користеле да извршат притисок врз српскиот крал. Бидејќи со ваквиот потег тие му нанесувале штета од економски аспект и го принудувале да ги реши меѓусебните проблеми. Конкретни податоци за одвивањето на српско-дубровничка војна во овој временски период немаме. Веројатно се случиле конфликти од помали размери поради кои дуборвничките власти одлучиле да побараат помош од Венеција.

Според М. Диниќ за 1324 и за 1325 година „Светодимитарскиот приход“ бил исплатен без никакви проблеми.[210] За исплатата на „Светодимитарскиот приход“ за 1325 година зачувани се дополнителни информации од писмото што Стефан Дечански го испратил во октомври од Приштина.[211] Имено, станува збор за писмо кое што српскиот крал го испратил до Павле Тривижан[212] кнезот на Дубровник. Од содржината во писмото може да се дознае дека Дечански ги овластил кефалија Илија[213] и Том[214] да го подигнат

---

[207] Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 45.

[208] Monumenta Ragusina I, 111.

[209] Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 197-198; Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 45; Н. Порчић, Повеља краља Стефана Дечанског дубровчанима из 1326 године, ССА VI, 23-24.

[210] М. Динић, Дубровнички трибути, 730. „Светодимитарскиот приход” за 1324 и 1325 година бил исплатен и покрај проблемите во односите со српскиот војвода Војин од Гацко. (М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 37).

[211] Споменици српски II, 5, бр.6, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 99); Diplomatički zbornik IX, 266-267, бр. 217; Повеље и писма I-1, 40, бр. 46; Н. Порчић, Писма Немањића владара дубровчанима о подизању светодимитарског дохотка, ССА VII, 15; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 197.

[212] Павле Тривижан бил венецијански влстелин, функцијата дубровнички кнез ја извршувал во период од 1325 до 1327 година. (Monumenta Ragusina II, 395, 404; Исто, V, 418, 445).

[213] Илија бил српски властелин кој се спомнува на просторот на Зета во период од 1318 од 1325 година. Во Зета, Илија ја носел титулата кнез, а подоцна кефалија. Често пати бил ангажиран од српските кралеви во односите со Дубровник. Негов син бил Ѓураш Илијиќ, близок соработник на Стефан Душан. (М. Динић, Дубровачки трибути, 227; С. Ћирковић, Историја Црне Горе II/1, 66-68; М. Благојевић, Државна управа у средњовековним српским земљама, 250-251).

[214] Том бил которски властелин и син на Кнез Павле Том споменат во писмото од 1313 година. Своите политички и трговски активности ги вршел во Котор, Дубровник и во Српското кралство, а починал

данокот во негово име. Определената сума била подигната од пратеништвото на 31 октомври 1325 година кога писмото било заведено во дубровничката канцеларија.[215]

Поради несредените општествено-економски односи кои биле востановени во балканските земји, Дубровник за да го осигура подемот на трговијата и да ги заштити жителите на трговските колонии на чело на своите трговски колонии поставувал конзули.[216] Треба да се истакне дека појавата и развојот на конзуларната служба било последица на експанзијата во развојот на копнената трговија на Дубровник. Имено Венеција во текот на XIII и XIV век склучила неколку поволни трговски договори и поради тоа имала монопол на поморската трговија на Јадранско море и Медитеранот. Поради тоа, дубровчаните биле принудени да развиваат копнена трговија на просторот на Србија, Босна, Албанија, Бугарија, Македонија и Унгарија.[217] Покрај должноста да ги штити интересите на дубровничките трговци на територијата на српското кралство, конзулот имал и судски овластувања. Со тек на време се издвоиле два типа на конзули: генерални и специјални. Нив ги избирал Големиот совет, а Малиот совет и кнезот ги назначувал и на тој начин ја верификувал одлуката на Големиот совет.[218] Во Зета и Хум дубровничките власти не назначувале конзули кои постојано би ја извршувале таа функција, бидејќи како соседни области сите спорови би биле решавани во градот.[219] На 17 октомври 1325 година Големиот совет во Дубровник го избрала Паско Гучетиќ за конзул на српскиот двор, кој во месец ноември веќе започнал да ја извршува таа функција.[220] Дубровничкиот конзул добивал плата од 400 перпери годишно, располагал со

---

1330 година на српскиот двор во Штимњи. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 430-432; М. Маловић-Ђукић, Которски властелин Тома Павла Тома, 59-72).

[215] Н. Порчић, Писма Немањића владара дубровчанима о подизању светодимитарског дохотка, ССА VII, 2008, 15; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 197.

[216] G. Venier, Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR IV (3) 275-276.

[217] М. Динић, За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, 8; G. Venier, Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR IV (3), 287.

[218] Z. Janekovic Romer, Okvir slobode, 127-128.

[219] G. Venier, Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR IV (3), 291.

[220] Monumenta Rasgusina V, 184; G. Čremošnik, Dubrovački konzuli u Srbiji do dušanovog vremena, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, 82-83; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 238; G. Venier, Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR IV (3), 280.

тројца слуги и по еден коњ за секој од нив слуга.[221] Негова должност била да го придружува кралот на неговите патувања, да се грижи за правата на дубровничките трговци, за развојот на трговијата и да пресудува во цивилни парници.[222] Инаку, му било забрането да се занимава со трговија и никако не смеел да добива подароци и други дарови од дубровничките трговци. Г. Чремошник, прави една интересна споредба во статусот на дубровничкиот конзул на српскиот двор со оној на лекарите во Дубровник, кои биле само двајца и примале  плата 400 перпери годишно и токму затоа влегувале во редот на финансиски најмоќните службеници во градот Дубровник.[223] Овај податок упатува дека односите со Србија за дубровничките власти биле многу значајни и тие им посветувале големо внимание.

Во почетокот на есента 1325 година се случил уште еден настан што влијаел на заладување на меѓусебните односи. Станува збор за властелинот Војин од околината на Гацко, кој извршил напад врз околината на градот Дубровник со цел да изврши притисок за враќање на драгоцености оставени како влог во Дубровник.[224] Не постојат конкретни податоци дали и какви активности евентуално презел Дечански за Војин да ги прекине непријателствата со градот.

Подоцнежниот развој на настаните покажал дека ситуацијата не била целосно смирена, но, српско-дубровничките односи не биле прекинати. Доказ за тое е разрешницата од 11 јануари 1326 година која Стефан Дечански ја издал во Штамина (лат. Stimini)[225] за дубровчанецот Лука Лукаревиќ.[226] Лука Лукаревиќ бил син на угледниот дубровчанец, Марко Лукаревиќ, споменат на писмото. Лука најголем дел од своите

---

[221] G. Cremosnik, Vrednost dubrovackog izvoza u Srbiji I Bosni, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, 57.

[222] G. Čremošnik, Dubrovački konzuli u Srbiji do dušanovog vremena, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, 82-83; G. Venier, Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR IV (3), 280.

[223] G. Ćremošnik, Vrednost dubrovačkog izvoza u Srbiji I Bosni, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, 57.

[224] HAD, Ref. 8, f.6' avgust 1325, Monumenta Ragusina II, 317; К. Јиречек, Историја Срба I, 204.

[225] Штамина (лат. Stimini) била кралска резиденција на Косово. (С. Ћирковић, Владарски двори око језера на Косову, Зборник МС ЛУ XX, 67-83.).

[226] Споменици српски II, 5-6, бр. 7, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 99); Diplomatički zbornik IX, 278-279, бр. 227; Д. Јечемица, Писмо краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Паскоја Гучетића, ССА VII, 40-41. Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 198-199.

трговски активности ги вршел во Ново Брдо и се занимавал со трговија на сол.[227] Дечански го известил дубровничкиот кнез Павле Тривижан и дубровничките власти дека долгот што го имал Лукаревиќ за закуп за пазарот во Ново Брдо целосно му бил исплатен.[228] Од содржината на разрешницата составена од повелба и писмо може да се проследи дека дубровчанецот својот долг го исплатил во оружје.[229]

Во однос на штетата што ја претрпеле дубровчаните од настаните со Војин, побарале помош од својот заштитник Венеција. За таат цел испратиле пратеништво и додека нивното пратеништво престојувало во Венеција, во февруари 1326 година до нив допреле гласини дека српскиот крал се упатил кон Приморјето, па не чекајќи ги резултатите од пратеништвото во Венеција испратиле свои пратеници кај Дечански.[230] За членови на пратеништвото во почетокот на март 1326 година биле избрани: Јуниј Вукасиновиќ,[231] Јуниј Држиќ[232] и Јуниј Лукаревиќ.[233]

На 25 март 1326 во Дањ,[234] Стефан Дечански издал нова повелба за

[227] И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 297-299.

[228] Д. Јечемица, Писмо краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Паскоја Гучетића, ССА 7, 40-41.

[229] Споменици српски II, 5-6, бр. 7; Diplomatički zbornik IX, 278-279, бр. 227; Д. Јечемица, Писмо краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Паскоја Гучетића, ССА VII, 40-41. Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 198-199.

[230] Monumentra Ragusina V, 193-194.

[231] Јуниј Вукасиновиќ бил дубровнички властелин, неговата фамилија во тој период била една од најбогатите во Дубровник. Бил член на Малиот совет и после дипломатската мисија кај Дечански, тој започнал трговски активности заедно со Јуниј Лукаревиќ токму во Српското кралство. (Monumenta Ragusina V, 180; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 441-443).

[232] Јуниј Држиќ (1293-1348) бил дубровнички властелин, често пати бил ангажиран од страна на дубровничките власти во дипломатски мисии во Србија и Босна. За време на патувањето кај Дечански бил член на Сенатот во Дубровник. Од месец септември 1326 година бил избран за член на Малиот совет. Својот подем го достигнал во 1332/1333 година кога го предводел пратеништвото за посредување за склучување мир помеѓу Српското кралство и Босна. Потоа, учествувал во преговорите за купување на Пелешац од Душан и станал Дубровнички конзул на српскиот двор. (Monumenta Ragusina V, 181, 222; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 189-190).

[233] Јуниј Лукаревиќ бил дубровнички властенил кој бил член на Сенатот и Малиот совет во Дуброник. Кон крајот на месец април 1326 година бил еден од двајцата членови во пратеништвото кај младиот крал Душан. Во месец август бил дел од петчленото пратеништво кое ги започнало првите преговори околку купување на Пелешац. Пролетта 1327 година бил еден од тројцата членови во пратеништвото кое било испратено на српскиот двор во обид да го спречат започнувањето на меѓусебна војна. (Monumenta Ragusina V, 181, 202, 213-214, 221, 236; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 295-298).

[234] Дањ, град на јужната страна на р. Дрим, во близина на градот Скадар. Градот бил седиште на Католичка епископија и значаен центар на трговскиот пат via de Zeta, кој водел на југ кон Косово и Македонија. (S. Novaković, Brskovo, Danj, carina u Svetoga Spasa i putovi s jadranskoga primorja u stare srpske

дубровчаните.[235] К. Јиречек и В. Фотиќ сметаат дека 1325-1326 година односите помеѓу Дубровник и Српското кралство не биле добри. Поради тоа во март 1326 година бил склучен мир и Дечански издал повелба во Дањ со која го потврдил мирот.[236] Спротивно на ваквите ставови, Н. Порчиќ смета дека недоволното познавање на приликите во кои дошло до издавање на оваа повелба на Дечански до дубровчаните од 1326 година некои автори на повелбата ѝ давале преголемо значење.[237] Имено станува збор за вообичаена постапка на издавање на повелби за потврдување на правата и привилегиите на дубровчаните на секои 5 години, доколку не се случат настани со кои пред истекот на периодот истите би биле потврдени со нова повелба. Во конкретниот случај, Дечански ја издал повелбата без, притоа да се познати било какви поголеми конфликти и покрај малите несогласувањата во случајот со Војин. Српско-дубровничките односи до периодот на издавање на повелбата генерално се одржувале пријателски. Редовното исплаќање на „Светодимитарскиот приход“ на најдобар начин ги потврдува добрите односи помеѓу Дубровник и Српското кралство, а тоа значи дека не биле во состојба на војна. Во знак на уважување дубровничките власти им наложиле на своето пратеништвото да им подарат вредни дарови на војводата Младен[238] и кралскиот нотар (писар) Рајко во вкупна вредност од 100 перпери.[239] Дечански меѓу другити во повелбата прогласил слободно движење на дубровничките трговци по неговото кралство, по пазарите, патиштата, притоа да се движат слободно и да не им се нанесува зло. Се работи за општи одредби кои вообичаено

---

zemlje, Rad JAZU 37, 19-21; К. Јиречек, Трговачки путеви и рудници Србије и Босне у средњем вијеку, Зборник КЈ I,279-280; М. Антоновић, Град и залеђе. Град и жупа у Зетском приморју и северној Албанији у XIV и XV веку, 64-65).

[235] Србскіи споменицы, 44-45, бр. 36; Monumenta serbica, 85, бр. 81; Diplomatički zbornik IX, 284-285, бр. 231; Законски споменици, 163-164; Повеље и писма I-1, 41, бр. 47; Н. Порчић, Повеља краља Стефана Дечанског Дубровчанима из 1326 године, ССА VI, 20-22; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 199-200.

[236] К. Јиречек, Историја Срба I, 204 смета дека Дубровник западнал во тешка положба во односите со Српското кралство во 1324 и 1325 година, но благодарение на помошта од Венеција во 1326 година бил „обновен мирот.” V. Foretic, Povjest Dubrovnika do 1808 g. I, 90. Авторот, исто така, оваа повелба ја нарекува мировен договор со кој бил ставен крај на некаква српско-дубровничка војна од 1325-1326 година.

[237] Н. Порчић, Повеља краља Стефана Дечанског дубровчанима из 1326 године, ССА VI, 24.

[238] Војводата Младен бил српски властелин, тој бил влијателен во Српското кралство. Самиот гест на дарување вредни дарови од страна на дубровничкото пратеништво подразбирало дека Младен извршувал значајна функција. (М. Благојевић, Државна управа, 44-46).

[239] Рајко бил кралски нотар или канцелариски управник на српскиот крал Дечански. Исто како и Војводата Младен, Рајко, како влијателен и зналаен кралски службеник добил вредни дарови од страна на

се спомнуваат во најголем дел од повелбите. Доколку некој им нанесе штета на некој пазар или во жупа, жупата била должна да ја надомести штетата. Доколку штетата не ја платела жупата тогаш, тоа требало да го сторисрпската кралска куќа. Во продолжение следува одредба која за прв пат се наведува во нивните меѓусебни односи. Станува збор за дубровничките бродови. Имено, доколку дубровничите бродови доживеале било каква несреќа на море, да не им се одземала стоката, а доколку стоката им биде одземена, во тој случај штетата требало да ја надомести околното село или град. Доколку пак нанесената штета не ја надоместиле селото или градот, тогаш таа обврска ја преземала кралската куќа. Исто така, била пропишана глоба во висина од 500 перпери во случај на прекршување на одредбите од повелбата.[240]

На 19 април 1326 година во дубровничката канцеларија било заведено едно писмо од Стефан Дечански кое се однесувало на исплаќање на долг кој го имал дубровчанецот Паско Гучетиќ.[241] Имено Паско Гучетиќ бил истакнат и угледен дубровнички властелин кој имал воспоставено трговски врски во Брсково и Ново Брдо каде честопати ги закупувал пазарите.[242] Во случајот со Паско сочувано е само писмото, додека пак повелба се претпоставува дека постоела, но во меѓувреме е загубена. Дечански со писмото ги известил дубровничките власти дека долгот кон него за данокот на пазарите во Ново Брдо му биле исплатени од страна на Паско Гучетиќ.[243] Се смета дека Паско ги имал земено под закуп пазарите во Ново Брдо од почетокот на владеењето на Дечански (1331/32) до месец октомври 1325 година кога бил назначен за прв дубровнички конзул на дворот на

---

дубровничкото пратеништво. (М. Благојевић, Државна управа, 168; Н. Порчић, Повеља краља Стефана Дечанског дубровчанима из 1326 године, ССА VII, 31-32).

[240] Н. Порчић, Повеља краља Стефана Дечанског дубровчанима из 1326 године, ССА VII, 21-22; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 201-202.

[241] Српски споменици II, 6-7, бр. 8 (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 99); Diplomatički zbornik IX, 289, бр. 236; Повеље и писма I-1, 41-42, бр. 48; Д. Јечменица, Писмо краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Паскоја Гучетића, ССА VII, 27-35; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 201-202.

[242] Меѓу другото, Паское бил член на Малиот совет и судија (лат. index) во Дуборник. Тој во 1325 година бил избран за прв постојан конзул на српскиот двор. Подоцна на таа функција бил избран уште еднаш во 1326 година. Во 1326 година ги предовдел преговорите помеѓу Дубровник и Дечански за отстапување на Стон. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 237-239).

[243] Превод на писмото според: Д. Јечменица, Писмо краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Паскоја Гучетића, ССА VII, 29-30.

српскиот крал.[244] До средината на XIV век, Ново Брдо прераснало во еден од најзначајните трговски и рударски центри и на Балканскиот Полуостров, по постепеното намалување на активностите и стагнацијата на трговијата во Брсково и Рудник.[245] Всушност Ново Брдо за прв пат во дубровничките извори се бележи дури во 1326 година во разрешницата која Дечански му ја издал на дубровничкиот трговец Лука Лукаревиќ.[246] Меѓутоа од содржината на разрешницата се упатува дека пазарите во Ново Брдо, дубровчаните ги располагале уште за време на владеењето на Милутин, најдоцна од 1321 година.[247]

Во втората половина на април 1326 година Големиот совет во Дубровник донел одлука градот да се приклучи во војната меѓу босанскиот бан Стјепан II Котроманиќ (1322-1353) и фамилијата Бранивоевиќи на страна на босанската држава.[248] Бранивоевиќи веднаш после смртта на Милутин се одметнале од српската власт во приморските делови на српското кралство. Дубровничките власти претпоставувале дека вклучувањето во војна против Бранивоевиќите во сојуз со Стјепан II не била насочена директно против Дечански.[249] Летото, месец јуни или јули 1326 година власта на Бранивоевиќи била уништена. Областите кои ги имале под своја власт, биле поделени помеѓу сојузниците. Дубровник ги зазел Стон и Пелешац, додека пак Стјепан II ги освоил Долна Неретва и Краина.[250] Веднаш после освојувањето на Стон и Пелешац, дубровничките власти на 22 јули 1326 година испратиле свои пет властелини да го разгледаат теренот со цел воспоставување на физичка контрола над новоосвоените територии.[251] Независно од воспоставувањето на власта над Стон и Пелешац, дубровчаните ги почитувале утврдените

---

[244] Д. Јечменица, Писмо краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Паскоја Гучетића, ССА VII, 32. Исто така, авторот не ја исклучува можноста Паское Гучетиќ и по добивањето на функцијата конзул на српскиот двор да извршувал трговски дејсност.

[245] В. Ђоровић, Брсково, Гласник географског друштва књ.XX, 40-49; М. Динић, За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, 38.

[246] Д. Јечменица, Разрешница краља Стефана Уроша III Дечанског за Дубровчанина Луку Лукаревића, ССА 737-49.

[247] М. Динић, За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, Београд, 1962, 37.

[248] Monumenta Ragusina V, 198.

[249] Б. Трпковић, Бранивојевићи, ИГ III-IV, 58; С. Мишић, Хумса земља у средњем веку, 56-58.

[250] В. Трпковић, Када ја Стјепан II Котроманић први пут продрао у Хум? ИГ I-II, 151-154; В. Трпковић, Око „уступања" Стона и Пељешаца Дубровчанима (1326-1333), ИГ 1, 43-49; ИСН I, (С. Ћирковић), 500; С. Мишић, Хумса земља у средњем веку, 58-59; Истиот, Стон и Пељешац од 1326 до 1333, ИЧ књ. 42-43, 27.

[251] В. Трпковић, Око „уступања" Стона и Пељешаца Дубровчанима (1326-1333) ИЧ I, 39-59.

граници и фактот дека тие области се уште формално-правно биле во составот на Српското кралство. Поради тоа, Големиот совет два пати, на 17 јули 1326 и 3 август 1326 година, донел одлуки на српскиот двор да бидат испратени пратеници кои би преговарале за отстапување на Стон и Пелешац.[252] Тие преговори завршиле без успех,[253] и фактичката ситуација останала непроменета до конечното решавање на територијалните промени.

На 15 јули 1326 година во Неродимле Стефан Дечански издал разрешница составена од повелба и писмо за дубровничкиот трговец Андрија Пештиќ.[254] Во документот, покрај Андрија се споменуваат уште двајцата негови соработници: Никола Буѓе и извесен Грубе. Дечански ги известил дубровничкиот кнез и дубровничките власти дека Андрија го исплатил својот долг за закуп наанонимните пазари.[255] Имено во текстот на документот не е наведено за која област или пазар станува збор.

Крајот на август 1326 година Малиот совет едногласно донел одлука која требало да му биде соопштена на Паско Гучетиќ, кој ја извршувал функцијата дубровнички конзул на српскиот двор.[256] Гучетиќ од дубровничките власти добил наредба да направи се што е во негова моќ, да издејствува кај српскиот крал, српскиот благородник Витомир Станевиќ да биде уапсен и да биде испратен во окови во дубровчаните.[257] Витомир во неколку ситуации им нанел штета на дубровничките трговци, па токму поради тоа било одлучено да се преземат конкретни мерки за отстранување на опасноста. Дубровник најпрво се обидувал преку српскиот крал да се справи со Витомир, но без успех, бидејќи Витомир во наредниот период го променил својот господарот и застанал на страна на босанскиот бан Младен. Не позната разрешницата на ваквата ситуација. Функцијата конзул во Србија Паско Гучетиќ ја завршил веројатно во ноември или крајот на декември 1326 година и се вратил во Дуборник. Потоа бил испратен во дипломатска мисија кај боснскиот владетел

[252] Monumenta Ragusina V, 211, 215.

[253] С. Мишић, Стон и Пељешац од 1326 до 1333, ИЧ књ. 42-43, 27.

[254] Споменици српски II, 7-8, бр. 9, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 100); Diplomatički zbornik IX, 303-304, бр. 249; Н. Порчић, Акт краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Андрије Пештића, ССА II, 21-26; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 202-204.

[255] Н. Порчић, Акт краља Стефана Уроша III о разрешењу рачуна дубровчанина Андрије Пештића, ССА II, 21-26. Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 202-204.

[256] G. Venier, Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR IV (3), 275-280.

[257] М. Динић, Хумско-требињска властела, кн.54, 70.

Младен II.[258] Покрај вообичаените политички и економски односи, дубровничките власти на 28 август 1326 година одговориле позитивно на молбата од Дечански да му испратат лекар за период од два месеци.[259] Дечански уште во неколку наврати подоцна се обраќал до дубровчаните да му испратат лекар за определен временски период.

На 27 декември 1326 година Големиот совет во Дубровник одлучил во Српското кралство да биде избран нов конзул. За нов конзул по втор пат бил избран Паско Гучетиќ. Функцијата конзул започнал да ја извршува на 29 јануари 1327 година.[260]

Истата 1327 година, Дечански повторно побарал лекар од дубровчаните.[261] Барањето на Дечански веројатно било пратено пред почетокот на војната помеѓу Дубровник и Српското кралство што веројатно се разгорела во месеците август или септември 1327 година. Б. Крекиќ смета дека во доцната пролет или раното лето 1327 година избила српско-дубровничка војна, меѓутоа авторот остава простор за сомнеж, бидејќи, како доказ за таквото тврдење ја посочува само одлуката на Големиот совет за повлекување на дубровничките трговци во рок од еден месец од територијата на Српското кралство, донесена во месец април 1327 година.[262] Меѓутоа, од други извори се дознава дека односите помеѓу Дубровник и Српското кралство биле се уште добри. Имено токму во периодот од април до мај било пренесено оружје преку Дубровник наменето за српскиот крал. Дубровчанецот што ја извршил наредбата се викал Никола Лукаревиќ, син Марко Лукаревиќ.[263] Извесно е дека во месец септември 1327 година започнала дубровничко-которска војна. Дубровчаните заплениле которски брод кој превезувал сол во вредност од 14000 перпери.[264]

Б. Крекиќ во својот труд смета дека следната, 1328 година Српското кралство и Дубровник продолжиле да бидат во војна. Како аргумент за ваквото тврдење го посочува

---

[258] G. Čremošnik, Dubrovački konzuli u Srbiji do dušanovog vremena, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, 84-85.

[259] Monumenta Ragusina V, 225, 240; К. Јиречек, Историја Срба I, 209; М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 43-44.

[260] G. Čremošnik, Dubrovački konzuli u Srbiji do dušanovog vremena, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, 85.

[261] Monumenta Ragusina V, 240; С. Ћирковић, Црна Гора 2/1, 70.

[262] Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 200; ИСН I, (С. Ћирковић), 500.

[263] Monumenta Ragusina V, 243; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 297; С. Ћирковић, Црна Гора 2/1, 70.

[264] A. Mayer, Kotorski spomenci I, 145-146; С. Ћирковић, Црна Гора 2/1, 70.

дубрjчничкиот документ од 7 јуни 1328 година зачуван во едицијата Diveras notariae (Историски архив во Дубровник). Имено, станува збор за незгода која ја имал еден шибенички брод кој бил натоварен со сол и се движел кон градот Драч. При пренесување на стоката бродот бил зафатен од бура и се засолнил во близина на Дубровник. Токму во тие моменти две дубровнички наоружани галии го заплениле бродот и стоката. По тој повод пред дубровничкиот суд се појавил Дежман, водачот на бродот кој барал од дубровничките власти бродот и одземената стока да му биде вратени. Дубровчаните ги известиле властите во Шибеник дека тие немале ништо против нив, но дека немало да дозволат стоката да биде истоварена во подрачје по власт на српскиот крал. Актуелната војна помеѓу Дубровник и Српското кралство, Б. Крекиќ ја поистоветува со војните кои што биле вообичаена пракса на конкурентските приморски градови, а тоа биле градовите Котор, Задар, Драч и други. Впрочем нивните меѓусебни судири биле во контекст на војната.[265]

Во секој случај се развивале воени дејства. Србија го нападнало градот Стон, додека пак Дубровник со флота го блокирал градот Котор[266] и други градови на Јадранското Море кои што имале трговски врски со Српското кралство.[267] Летото 1328 година војната била завршена и бил склучен мировен договор. Со договорот се предвидувало: Пелешац да остане под власт на Дечански, одземената стока од дубровничките трговци да биде вратена, градот Котор му останал должен на Дубровник 2500 перпери,[268] додека пак областите кои што ги освоил босанскиот бан Стјепан II после поразувањето на Бранивоевиќите останале под негова власт.[269] Во октомври 1328 година дел од запленетата дубровничка стока била вратена.[270] Големиот совет во Дубровник, на 8 декември 1328 година донел одлука со која биле поништени сите пријави и постапки против дубровнички трговци кои заминале во Кралството, спротивно на одлуката за

---

[265] Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 1968, 20-203.

[266] Д. Маликовић, Политички односи Котор и Дубровник током XIV и почетком XV века, Зборник радова Филозофског факултета XL/2010, 167. Дубровник ја попречувал трговијата на Котор со тоа што ги напаѓал бродовите кои се упатувале кон градот.

[267] Б. Крекић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 200.

[268] A. Mayer, Kotorski spomenici, Prva knjiga kotorskih notara od 1326-1335, 121, 145; Д. Маликовић, Политички односи Котор и Дубровник током XIV и почетком XV века, Зборник радова Филозофског факултета XL/2010, 167.

[269] ИСН I, (С. Ћирковић), 500-501.

[270] Monumenta Ragusina V, 250.

забрана претходно донесена од дубровничките власти.[271] Од досега изнесените аргументи произлегува дека српската држава и Дубровник биле во континуирана војна од септември 1327 година (дубровничко-которската војна) или пак со сигурност од месец јуни 1328 година (случајот со Дежман). Меѓутоа, на 1 мај 1328 година биле склучени два договори помеѓу Дубровник и Српското кралство за чување стока на Пелешац.[272] Потоа следувал нападот на српската војска на градот Стон. Тука се поставува прашањето зошто српската војска не го опсадила градот Дуборовник против кого војувала, тука, решила да го нападне градот Стон на островот Пелешац, кој уште се наоѓал северно од Дубровник. И на крај следува одлуката на Големиот совет во Дубровник од 8 декември 1328 година со која дубровничките власти ги поништилее сите пријави против трговците кои започнале трговски активности или биле во Србија, спротивно на дотогашната забрана на Дубровник за трговија со српското кралство. Тоа значело дека во текот на војната дубровничките трговци и покрај забраната се решавале да заминат во Србија. Во овој случај тие свесно не ја почитувале одлуката на градските власти и на сопствен ризик заминувале во Србија. Тука се поставува прашањето дали двете страни воопшто биле во континуирана војна или се рабити само за погранични краткотрајни и повремени воени конфликти?

Во почетокот на декември 1328 година Стефан Дечански испратил писмо до дубровничкиот кнез Балдовин Дулфин[273] и дубровничките власти во кое ги известил дека „Светодимитарскиот приход“ требало да му биде исплатен за две години.[274] Дечански ги известил дека овластен за подигнување на данокот го назначува кнезот Бист.[275] Н. Порчиќ смета дека наведеното писмо било составено пред 3 декември 1328 година бидејќи, которјанинот Бист де Примутис веќе бил во Дубровник и преговарал за исплата на

[271] Monumenta Ragusina V, 255; Б. Кркић, О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, 203.

[272] HAD, Div. Canc. 11, f.10.

[273] Балдовин Дулфин бил венецијански влстелин, а функцијата дубровнички кнез ја извршувал во период од месец септември 1328 до есента 1330 година. ( Listine I, 255, 266-270, 287, 303, 362).

[274] Споменици српски II, 8-9, бр. 10, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 100); Diplomatički zbornik IX, 446-447, бр. 363; Повље и писма I-1, 42-43, бр.50; Н. Порчић, Писма Немањића владара дубровчанима о подизању Светодмитарског дохотка, ССА VII, 16; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 204-205.

[275] Бист де Примутис бил которски властелин, во разрешницата од месец јуни 1323 година за Андреј Пештиќ тој се споменува како налогодавач, додека во писмото на Дечански од 1328, тој бил ополномоштен да го подигне српскиот данок од Дуборник.

данокот со градските власти врз основа на писмото кое што веќе го имал.[276]

Во последната етапа од граѓанската војна во Византија која траела од 1327 до 1328 година, српскиот крал Стефан Дечански на страната на Андроник II, додека пак, бугарскиот владетел Михаил Шишман застанал на страна на Андроник III, младиот претендент. Во 1327 година Андроник III го освоил градот Солун, а набрзо потоа и градовите: Сер, Воден, Бер, Костур и Охрид.[277] Српската војска била предводена од Хреља не презела контра-офанзива против Андроник II. Стефан Дечански им предложил на византиските благородници, приврзаници на Андроник II да преминат на територија на Србија како безбедно престојувалиште и простор за подготовка за продолжување на војната. Тие се утврдиле во градовите: Прилеп, Просек и Струмица.[278] Потоа, следувал напад од Андроник III кој успеал да го освои Прилеп, додека пак Михаил Асен го предал градот Просек на српските власти. Андроник II после неуспешниот обид да ги освои градовите Мелник и Струмица се повлекол во Солун. Пролетта 1328 година Андроник III (1328-1341) триумфално влегол во Цариград и го зазел престолот.[279] Претходно на 13 мај 1327 година веќе бил склучен договор помеѓу Андроник III и бугарскиот владетел Шишман за борба против Дечански.[280] Во 1329 година Андроник III Палеолог успеал да ја отстрани опсадата на градот Охрид поставена од Дечански.[281] Византискиот император се одлучил да не презема решителен напад против Српското кралство, чекајќи го исходот од српско-бугарската судир. Пролетта 1330 година Дечански издал документ за Венеција за слободна трговија на просторот на српското кралство. На тој начин била дозволена слободна трговија на венецијанска стока преку територијата на Српското кралство со сите

[276] Monumenta Ragusina V, 254; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 204-205.

[277] Г. Острогорски, Историја Византије, 468; К. Аџиевски, Пелагонија во Средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето на Македнија под Турска власт), ИНИ, 164; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 40.

[278] М. Динић, Реља Охмућевић-Историја и предање, ЗРВИ IX, 96-97; Подетално за учеството на Стефан Дечански во граѓанската војна во Византија види: К. Јиречек, Историја Срба I, 204-207; ИСН I, (С. Ћирковић), 502-503; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 40-41.

[279] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 42.

[280] ВИИНЈ VI, 197; ИСН I, (С. Ћирковић), 504; С. Станојевић, Битка код Велбужда, Братство XXIV, 6; Божилов-Гюзелев, История, 566; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 42-43.

[281] Исто, 43. T. Filiposki, The two military operations of byzantine emperor Andronikos III Palaiologos in Macedonia on the eve of the battle of Velbazhd, Великите Асеновци, Сборник с доклади от конференция, посветена на 830 години от въстанието на братята Петър и Асен, началото на Второто българско царство и обявяването на Търново за столица на България и 780 години от легитимното възобновяване на Българската патриаршия, Велико Търново 2016, 286-288.

земји, единствено се забранувала трговија со Бугарија.[282] Бугарскиот владетел ја протерал својата сопруга Ана, сестрата на Стефан Дечански уште од 1324 година и 6 години минала во заробеништво.[283] Летото 1330 година Андроник III и Михаил Шишман започнале со воени активности против Дечански. Византискиот цар навлегол во Пелагонија и Порече, притоа освоени биле тврдините Бучин, Деврица, Добрун, Каваларион и Сидерокастрон.[284] Додека пак, Шишман ги отфрлил понудите на Дечански за прекинување на војната и склучување мировен договор. Стефан Дечански после неуспешните дипломатски обиди да ја реши ситуацијата, одлучил најпрво воено да се пресметасо бугарскиот владетел и затоа се упатил кон границата со Бугарија.[285] На 28 јули 1330 година во битката кај Велбужд српската војска успеала да ја победи бугарската и да го ликвидира нивниот владетел Шишман.[286]

Интересно е дека во битката на страна на Дечански учествувала платеничка војска составена од шпански наемници.[287] Како посредници за воспоставување контакт и потоа пренесување на шпанските наемници се јавуваат дубровчаните. М. Диниќ прави анализа на изворите кои известуваат за присуство на Шпанци во градот Дубровник од 1301 година до Велбуждската битка. Во периодот непосредно пред битката, се бележи помасовно присуство на Шпанци во градот Дубровник кои пристигнувале во неколку групи веројатно ангажирани од Дечански.[288] Конкретен договор помеѓу Српскиот крал и Дубровник за ангажирање на шпански наемници не е сочуван, но од нивното присуство во градот и од безбедносните мерки кои ги преземале дубровничките власти може да се

---

[282] С. Станојевић, Битка код Велбужда, БратствоXXIV, 6; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 43.

[283] ВИИНЈ VI, 207; С. Станојевић, Битка код Велбужда, БратствоXXIV, 6; Божилов-Гюзелев, История, 564-565; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 43.

[284] ВИИНЈ VI, 208. 336; К. Аџиевски, Пелагонија, 168; Божилов-Гюзелев, История, 571; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 44; T. Filiposki, The two military operations of byzantine emperor Andronikos III Palaiologos in Macedonia on the eve of the battle of Velbazhd, 288-291.

[285] С. Станојевић, Битка код Велбужда, БратствоXXIV, 7-8; Г. Острогорски, Историја Византије, 470 треба; Божилов-Гюзелев, История, 572; А. Атанасовски, Балканот и Македонија во политичките преговори и договори помеѓу Византија, Србија и Бугарија во првата половина на XIV век. ГЗФЗФ Скопје, 22(48), 230; Истиот, Пијанец во XII и XIV, 69-70, Истиот, Македонија во XIV век, 44.

[286] Подетално за битката види: ВИИНЈ VI, 210, 388; С. Станојевић, Битка код Велбужда, Братство XXIV, 17; Божилов-Гюзелев, История, 572-573; А. Атанасовски, Пијанец во XII и XIV, 69-70, Истиот, Македонија во XIV век, 43.

[287] К. Јиричек, Историја Срба II, 112.

[288] М. Динић, Шпански најамници у српској служби, ЗРВИ VI, 18; А. Узелац, Најамничке војске краља Стефана Уроша II Милутина, Војно историјски гласник II/2011, 17-21.

претпостави дека тие пристигнувале во Србија токму преку Дубровник.

По Велбуждската битка Српското кралство го поразило својот главен конкурент и на тој начин и бил отворен патот за хегемонија и превласт во Македонија.[289] Ваквото тврдење се потврдува веднаш по битката, кога дел од византиските градови во Македонија ја признале власта на Дечански, а тоа биле градовите: Велес, Просек, Штип, Чрешче и Добрун.[290] По победата над Бугарите, во текот на 1330 година Дечански престојувал во Зета. Таму на Св. Срѓ примил дубровничко пратеништво кое му ја честитало победата. На таа средба Дечански побарал шест галии од дубровчаните. Дечански барал да се изградат галиите со помош на Дубровник, но не постојат податоци дали овој план на Дечански се остварил. Во јануари 1331 година Дечански спрестојувал во Скадар и повторно барал соработка за изградба на бродови од Дубровник.[291]

На внатрешен план во Српското кралство започнале да се зголемуваат тензиите, а поради тоа, дубровчаните трпеле штета. На 5 февруари 1331 година од Дубровник биле испратени неколку писма за неприликите што ги имале во Српското кралство. Во април 1331 година Дечански го нападна својот син Душан во Скадар, а Душан успеал навреме да се повлече преку р. Бојана. Дечански го разурнал дворецот на Душан во Скадар и потоа се повлекол во централните делови од кралството. На 29 април 1331 година Дубровник испратил тројца преговарачи/посредници на Св. Срѓ кои требало да посредуваат помеѓу завојуваните страни (таткото и синот).[292] Дипломатската мисија на дубровчаните била успешна и договорот за мир помеѓу Душан и Дечански бил постигнат во мај 1331 година.[293] Истиот месец 1331 претендентот на српскиот престол Душан, престојувал во Требиње и таму добил покана да го посети градот Дубровник. Душан останал во Требиње и ја прифатил поканата да го посети градот. При посетата на градот се разговарало за

---

[289] А. Атанасовски, Балканот и Македонија во политичките преговори и договори помеѓу Византија, Србија и Бугарија во првата половина на XIV век. ГЗФЗФ Скопје, 22(48), 231.

[290] Животи краљева и архиепископа, 149; ВИИНЈ VI, 336-338; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава I, 124; ИСН I, (С. Ћирковић), 507-508; Г. Острогосрски, Историја Византије, 471; К. Аџиевски, Пелагонија, 168; И. Божилов-В. Гюзелев, История на средновековна България, VII-XIV век, 574; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 45.

[291] Monumenta Ragusina V, 299-302; К. Јиречек, Историја Срба I, 209; С. Ћирковић, Црна Гора 2/1, 71; М. Маловић, Стефан Дечански и Зета, 63; ИСН I, (С. Ћирковић), 509. Тоа е период кога започнале внатрешните борби за превласт во Српското кралство.

[292] Monumenta Ragusina V, 213; ИСН I, (С. Ћирковић), 509.

[293] Животи краљева и архиепископа српских, 209; С. Ћирковић, Историја Црне Горе, 2/1, 71.

кралските долгови и други спорни прашања.[294] Други подетални податоци за престојот на Душан во Дубровник не се сочувани.

Српско-дубровничките односи од политички и економски аспект биле стабилни. Во прилог на тоа одат неколку поединечни податоци кои ја потврдуваат таквата состојба. Се дознава дека Магус Заулеко (лат. Margus de Zauleco) во 1331 година предводел дубровнички трговски караван во Брсково.[295] На 1 август 1331 година Дубровник му се обратил на Душан за некој сребрен појас.[296] На 1331 година Павле Мартинушевиќ бил избран за дуборвнички конзул во Призрен.[297] На 21 август 1331 година Душан го нападнал својот татко Стефан Дечански во Неродимле. Дечански се повлекол во Петриќ, но таму бил заробен. После два месеци, на 11 ноември 1331 година починал под неразјаснети околности, а српскиот престол го презел неговиот син Душан.

### 3. Дубровник и крал Стефан Урош IV Душан (1331-1346)/ цар (1346-1355)

На 8 септември 1331 во кралскиот двор во Сврчин[298] Душан бил крунисан за крал.[299] Веднаш по пристигнувањето на веста за крунисувањето на Душан, дубровчаните му испратиле честитки по повод добивањето на кралската круна.[300] Во првите години од владеењето на Душан, поради недостиг на прецизно датирани изворни податоци, се јавуваат проблеми при утврдување на хронологијата на настаните во српско-дубровничкте односи. Конкретно станува збор за две недатирани повелби издадени од Душан за дубровчаните. Г. Чремошник прв изнел аргументи и се обидел да ја датира првата повелба.[301] Неговите ставови со право биле отфрлени од Д. Јечменица. Имено анализирајќи ги двете недатирани повелби на Душан, авторот успеал да постигне значајни резултати при датирањето на повелбите и хронологијата на настаните. Како прво, тој утврдил дека една од недатирани повелби на Душан, која го содржи само датумот: 14

---

[294] Monumenta Ragusina V, 314; К. Јиречек, Историја Срба I, 208; С. Ћирковић, Историја Црне Горе, 2/1, 71; ИСН I, (С. Ћирковић), 509.

[295] И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 453-454.

[296] HAD, Aptagia II. f.86.

[297] И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 306-307.

[298] Сврчин бил еден од кралските дворци на Косово во околината на вештачко Сврчинско езеро.

[299] Животи краљева и архиепископа српских, 207-214.

[300] Monumenta Ragusina V, 324.

[301] G. Čremošnik, Studije za srednovjekovnu diplomatiku i sigilografiju južnih Slovena, 130. Авторот, смета дека повелбата била издадена многу подоцна. Неговиот став, аргументирано го отфрла Д. Јечменица, Повеља краља Душана Дубровчанима о трговини, ССА X, 25 белешка: 17.

август и местото на издавање: Неродимле, била издадена подоцна од повелбата која не содржи датум и место на издавање. Всушност токму таа повелба била првата повелба што ја издал Душан за Дубровник по преземањето на власта во кралството.[302] Аргументираното мислење што го изнел авторот, дека една од недатирани повелби на Душан до дубровчаните (таа што не содржи датум и место на издавање), фактички е прва повелба на Душан и нас ни изгледа прифатило. Во продолжение истиот автор изнесува аргументи со кои се обидел да докаже која година е издадена првата повелба на Душан до дубровчаните. Врз основа на хронологијата на настаните која ја изнесува тој го предложил месец декември 1331 година, како датум на издавање на првата, недатирана повелба на Душан.[303] Доколку се направи анализа на настаните и познавајќи ги српско-дуборвничките односи врз база на општите случувања во Кралството, ќе се обидеме да дадеме нова претпоставка за можниот датум на издавање на првата повелба на Душан до дубровчаните. Познато е дека дубровничките власти решиле да испратат пратеништво кај кралот Душан по неговото крунисување. Непознато е која била целта на пратеништвото. Малиот совет во Дубровник кон средината на септември 1331 година за членови на пратеништвото ги избрал: Павле Мартинушевиќ,[304] Јуниј Лукаревиќ и Мартин Менчетиќ.

---

[302] Д. Јечменица, Повеља краља Душана Дубровчанима о трговини, ССА X, 17-28.

[303] Авторот Јечменица при датирање на повелбата претпоставува дека истата била издадена на почеток на владеење на кралот и прави споредба со содржината на повелбата што веднаш по доаѓањето на престол ја издал Урош V во јануари 1356 година. Потоа, како еден од аргументите го дава мислењето на С. Ћирковић, Прва повеља краља Стефана Дечанског Дубровнику, Прилози КЈИФ 37, дека потврдувањето на претходните права на дубровчаните бил услов за почеток на исплата на „Светодимитарскиот приход.“ Бидејќи првиот податок за исплата на приходот датира од 10 декември 1333 година, авторот смета дека не е можно првата повелба на Душан да биде т.н. „Прва стонска“ повелба од 22 јануари 1333 година. Во продолжение авторот како многу значаен сегмент при утврдување на датумот на повелбата ги истакнува добрите српско-дубровнички односи од почетокот на 1332 година (Изборот на конзул, подготовки за свадбата на Душан и позитивниот одговор за давање венецијанска галија на пратеникот на Душан на кој крајна дестинација му била Венеција). Авторот изнесува една констатација дека српско-дубровничките односи во 1332 година немало да се развиваат доколку не биле потврдени претходно стекнатите права. Според авторот дубровничкото пратеништво кое на 1 ноември 1331 година, се упатило на дворот на Душан, успеало да добие потврда на претходно добиените права. Тоа пратеништво се вратило на 21 јануари 1332, а според периодот на престој и деновите кои биле потребни да се вратат назад во градот Дубровник, повелбата им била издадена во месец декември 1331 година. (Д. Јечменица, Повеља краља Душана Дубровчанима о трговини, ССА X, 17-28).

[304] Павле Мартинушевиќ бил дубровнички властелин и трговец, кој најчесто се занимавал со трговија на сол. Павле бил член на дубровничкото пратеништвото од ноември 1331 година кое се упатило на дворот на Душан. Потоа Малиот совет на 8 март 1332 година го избрал за конзул во Српското кралство кој престојувал во Призрен. Во својство на конзул учествувал во преговорите за отстапување на „Стонскиот рат“ во 1333 година. На 5 декември 1334 година Големиот совет го избрал за кнез на „Стонскиот рат“. Во

Меѓутоа, пратеништвото од непознати причини не тргнало веднаш на пат кон дворот на Душан.

Во тој период дубровничките трговци имале одредени непријатности на пазарот во Св. Срѓ во Зета. Имено, според одлуките на Сенатот во Дубровник кои биле донесени на 2 и 17 октомври 1331 година, дубровничките власти испратиле две вооружени галии на пазарот во Св. Срѓ со цел да ги заштитат своите трговски интереси.[305] Истовремено, на дубровничките власти донеле одлука со која на дубровничките трговци им било забрането да носат стока на пазарот во Св. Срѓ.

Најпосле на 1 ноември 1331 година дубровничкото пратеништвото се упатило кон дворот на Душан и таму останало помалку од два месеци. Во градот Дубровник се вратиле на 22 јануари 1332 година.[306] Веројатно ова пратеништво кое кон крајот на јануари 1332 година се вратило во Дубровник всушност било испратено во врска со непријатностите на Св. Срѓ. Доколку е така може да се предложи нов расплет на настаните. На 8 март 1332 година Павле Мартинушевиќ (сло. **Павлє Мартиноушевикь**, лат. Paulus Martinussio)[307] бил именуван за постојан дубровнички конзул за Српското кралство во Призрен.[308]

Душан во тој период веќе ги започнал подготовките за воен поход кон југ против Византија. За да има стабилна заднина потребно било да ги уреди односите со својот сосед, бугарското царство. За таа цел во почетокот на 1332 година Душан се оженил во Елена, сестра на бугарскиот цар Јован Александар (1331-1371).[309] Во март 1332 година во Дубровник стигнале гласини дека Душан имал намера својата свадба да ја прави за време на Христовото Воскресение (19 април 1332 година). По тој повод, дубровничките власти избрале пратеништво кое требало да го посети дворот на Душан и воедно, определиле

---

1335 година повторно бил дел од пратеништвото кое се упатило кај српскиот крал. (Monumenta Ragusina II, 352, 360, 362; V, 325, 341; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 306-307).

305 DAD, Reformationes 10, fol. 44-44’, 2.X 1331, fol. 46’, 17. X 1331; Monumenta Ragusina V, 329-331.

306 DAD, Ref. 10, fol.34’, Monumenta Ragusina V, 325.

307 Павле Мартинушевиќ бил дубровничките властелин и трговец. Од позиција на дубровнички конзул, Павле учествувал во преговорите за отстапување на „Стонскиот рат“ и бил дел од пратеништвото на дворот на Душан. На 5 декември 1334 година бил избран за кнез на „Стонскиот рат“ (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку , 306-307; Д. Јечменица, Прва стонска повеља краља Стефана Душана, ССА IX, 42).

308 DAD, Reformationes 10, fol. 59, 11, II 1332; fol. 61’-62’, 8. III 1332; Monumenta Ragusina V, 340-343.

309 К. Јиречек, Историја Срба I, 212; Г. Острогорски, Историја Византије, 471; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 511; М. Благојевић, Србија у доба Немањића (Од кнежевине до царства: 1168-1371, илустрована хроника), 155.

сума која била наменета за подарување вредни дарови.[310] Поради внатрешни нереди, свадбата била одложена така што дубровничкото пратеништвото веројатно не тргнало кон Србија. Кон крајот на март 1332 година во Дубровник пристигнал пратеник испратен од кралот Душан на кој крајна дестинација му била Венеција. Во Дубровник пратеникот од Душан побарал да му биде дадена галија за посета на венецијанскиот дужд. Сенатот во Дубровник одговорил позитивно на барањето на српскиот пратеник.[311] Не е познато која била целта на српското пратеништво во Венеција.[312]

Токму во овој период кралот Душан се соочил со внатрешни проблеми кои влијаеле и на односите со Дубровник. Имено, станува збор за побуна на зетските благородници предводена од војводата Богоја (лат. Bogoe voivode)[313] на која му се приклучил и Димитриј Сума од Албанија.[314] Врз основа на извештајот на барскиот надбискуп Адам Гијом и дубровничките канцелариски списи, побуната во Зета, К. Јиречек ја датира во месец април 1332 година.[315] Ваквиот мислење го прифаќаат С. Ќирковиќ[316] и Б. Ферјанчиќ[317] кои ја споменуваат побуната на зетската властела и тешката положба на дубровничките трговци во овие области. Имено незадоволството на властелата во Зета се појавило краток период по крунисувањето на Душан за крал. Тоа може да се забележи од чинот на одложување на свадбата поради овие внатрешните судири. Во овој контекст треба да се спомене фактот дека пазарот во Св. Срѓ бил во областите на Богоја, водачот на бунтот. Побуната била набрзо задушена од страна на кралот Душан, најдоцна до крајот на

---

[310] DAD, Reformationes 10, fol. 61, 7. III 1332, fol. 64, 9. III 1332; Monumenta Ragusina V, 341, 343. Дел од пратеништвото бил Јоханес Церјевиќ, Monumenta Ragusina II, 81; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 175.

[311] DAD, Reformationes 10, fol. 66’, 29, III 1332; Monumenta Ragusina V, 344-345.

[312] Врз основа на досегашните истражувања, многу често владетелите од династијата Немањиќи со посредство на Венеција вршеле набавка на оружје, преговарале за сојузи или мировни договори, па така, и во овој случај, имајќи ги предвид подготовките на Душан за воен поход против Византија, не треба да се исклучи можноста пратеникот да бил испратен за набавување на одредена количина оружје.

[313] Monumenta Ragusina V, 346, 348. Богоја бил српскиот властелин од Зета, а.се појавил како водача на бунтот против кралот Душан. Зетската властела која му помогнала на Душан да го симне од власт својот татко, кралот Дечански, веројатно поради недобивање на очекувани придобиви и привилегии, незадоволни од кралот Душан кренале бунт во Зета. По задушувањето на бунтот Богоја повеќе не го среќаваме во изворите.

[314] Димитриј Сума бил властелин од северните делови на Албанија и веројатно сосед на Богоја. Не ги знаеме мотивите на Димитриј што го натерале да се вклучи во бунтот против централната власт.

[315] К. Јиречек, Историја Срба I, 212.

[316] С. ћирковиЋ, Историја Црне Горе 2/1, 74.

[317] ИСН I, (Б. Ферјанчић), 511.

јуни 1332 година кога била организирана свадбата помеѓу Душан и Елена. По тој повод дубровничките власти на 22 јуни 1332 година испратиле ново пратеништво кое престојувало на дворот на Душан помалку од два месеци. Дубровничкото пратеништво се вратило на 7 август 1332 година.[318] Можеби токму ова пратеништво се вратило со повелба издадена од Душан. Доколку се знае дека патувањето од Дубровник до Србија и во спротивен правец, секако зависно од оддалеченоста на крајната дестинација и временските услови, вообичаено траело околу еден месец,[319] тоа би значело дека евентуалната повелба пратениците можеле да ја добијат во периодот додека престојувале на дворот на Душан, веројатно во текот на јули. Бидејќи, дубровничките трговци имале многу проблеми во извршување на трговските активности во областа Зета, со евентуалната повелба на некој начин им се решавале голем број неприлики кои ги имале на тој простор. Доколку се направи анализа на содржината на повелбата може да се потврди дека повелбата е издадена конкретно за дубровничките трговци, а не за дубровничките власти. Потоа сите одредби во повелбата се однесуваат за слободно движење на дубровничките трговци во Србија, слободно да ја продаваат стоката, никој да не им одзема стока без плаќање, ниту кралските кнезови, ниту властелините по кралството, ниту кралството да не им одзема стока без плаќање. Душан конкретно ги навел панаѓурите и пазарите каде дубровничките трговци, по своја волја слободно можеле да се движат и да продаваат.[320] Содржината на повелбата како да упатува кон еден вид решавање на проблемите кои ги имале дубровничките трговци на просторот на областа Зета, а притоа им биле потврдени и општите права и привилегии кои ги имале на територијата на целата српска држава. Во недостиг на конкретен изворен податок, остануваат двете претпоставки за датумот на издавање на првата душанова повелба за Дубровник.

Во продолжение следува краток осврт на втората недатирана повелба на Душан за

---

[318] DAD, Reformationes 10, fol. 61, 7. III 1332; Monumenta Ragusina V, 341.

[319] Б. Крекић, Курирски саобраћај Дубровника са Цариградом и Солуном у првој половини XIV века, ЗРВИ I, 117-119; К. Јиречек, Трговачки путеви и рудници Србије и Босне у средњем вијеку, Зборник Константина Јиречека I, 273–274, 288; Г. Шкриванић, Путеви у Средњовековној Србији, 40-42.

[320] Србскіи споменицы, 37, бр. 28; Monumenta serbica, 120, бр. 110; Законски споменици, 166-167; Diplomatički zbornik X, 293, бр. 222; Повеље и писма I-1, 54, бр. 56; Зборник I, 289-290, бр. 97; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, Прилеп, 1988, 43-44; Д. Јечменица, Повеља краља Душана Дубровчанима о трговини, ССА X, 22-23; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 206.

дубровчаните издадена на 14 август во Неродимле. Душан со повелбата им дозволува на дубровничките трговци слободно купување и продавање жито во неговата земја и во градовите. Предвидена била казна во висина од 500 перпери за прекршителите на одредбите.[321]

На 7 јануари 1333 година Малиот совет едногласно донел одлука да биде определена паричната сума за откупување на „Стонскиот рат“ од Србија и од босанскиот бан Стјепан II Котроманиќ. Општината ги избрала Михаило Менчетиќ како нивни претставник за преговори со Босна[322] и Павле Мартинушевиќ, Климент Гучетиќ (лат. Clemens de Goçe)[323] и Никола Лукаревиќ (лат. Nicolaus de Lucari)[324] како преговарачи со Србија за отстапување на „Стонскиот рат“.[325] На 22 јануари 1333 година од Македонија во Полог (сло. **Пологъ**, лат. Pollog)[326] во Македонија крал Стефан Душан издал повелба за Дубровник со која им го отстапил т.н. „Стонски рат“ (лат. Punta Stagni; градот Стон и

[321] Србскiи споменицы, 38, бр. 29; Monumenta serbica, 119-120, бр. 109; Законски споменици, 166; Diplomatički zbornik X, 273, бр. 204; Повеље и писма I-1, 47, бр. 53; Зборник I, 289-290, бр. 97; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 41; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 207-208. Н. Порчић допушта можност повелбата да била издадена во период од 1332 до 1344 година кога, од страна на дубровничките власти била донесена одлука за снабдување со жито од било која страна на 31 јули 1344 година (Monumenta Ragusina I, 157).

[322] Д. Јечменица, Стонска повеља бана Стефана II Котроманића, Грађа о прошлости Босне књ.III, 32-34.

[323] Diplomatički zbornik IX, 221-222; Š. Ljubić, Listine IX, 398-399. Климент Гучетиќ бил дубровничките властелин и трговец. Од 1319 година ја извршувал функцијата конзул испратен од дубровничките власти во Рудник. Во 1329 година бил еден од основачите на трговското друштво Вукасовиќ-Лукаревиќ-Гучетиќ. Извршувал градски функции и неколку пати бил испратен дел од од пратеништвото на Дубровник во Неапол, Тарент, Сплит и во Србија. Во 1333 година учествувал и во преговорите за отстапување на Стонскиот рат, а за успешното извршување на својата задача бил соодветно награден од градските власти. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 236-240; Д. Јечменица, Разрешница краља Стефана Душана за дубровачко трговско друштво Вукасиновиќ-Лукаревиќ-Гучетиќ, ССА VIII, 42).

[324] Никола Лукаревиќ бил најстариот син на Марко Лукаревиќ. Во 1327 година учествувал во испорачувањето на оружје за кралот Дечански преку Дубровник. Тој не се спомнува во договорот за закуп, но бил спомнат во разрешницата издадена од Душан од 18 февруари 1334 година. Бил дел од пратеништвото од 1333 година за откупување на „Стонскиот рат,“ а подоцна под запуп ја имал земено царината во Рудник, Зета, Призрен и Валона. Четириесеттите години заедно со Климент Гучетиќ извршувал трговски активности, веројатно трговија со сол, а подоцна и во Венеција. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 295-300; Д. Јечменица, Разрешница краља Стефана Душана за дубровачко трговско друштво Вукасиновиќ-Лукаревиќ-Гучетиќ, ССА VIII, 42-43).

[325] Д. Јечменица, Прва стонска повеља краља Стефана Душана, ССА IX, 26-33.

[326] Подетално за градот Полог со посочена литература и досегашните истражувања види: ВИИНЈ VI (Љ. Максимовић), 13-14, белешка: 6; Б. Петровски, Прашањето за постоење на средновековниот град Полог, Balcanoslavica 34-36, Скопје 2009, 69-88; М. Копривица, Полог под српском влашћу у средњем веку (историјско-географски преглед), Споменица академика Милоша Благојевића, Универзитет у Београду, Филозофски факултет, Београд 2015, 65-89.

островот Пелешац).[327] Пред свечено да ја добијаат повелбата, Душан на дубровчаните покрај „Стонскиот рат", им го отстапил и приморјето од Превлака (лат. Prevlaca) до дубровничката граница и други околни острови. Било предвидено дубровчаните да ѝ исплатат на Србија еднократна сума во висина од 8000 венецијански перпери и по 500 перпери секоја следна на Велигден. Овој данонк/трибут бил наречен „Стонски доходак"/„Стонски приход" (лат. tributum Stagni/tributum Pasche). Доколку дубровничките власти не го почитувале рокот на исплаќање на данокот било предвидено да плаќаат двојно.[328] Големото значење на повелбата ја потврдува фактот што како сведоци при издавање на повелбата се јавуваат голем број на личности и воедно носители на високи државни и управни функции во Српското кралство. Тоа биле: призренскиот епископ Арсениј (лат. Arsenius episcopus Prisirenensis),[329] казнацот Балдуиин (лат. casneç Baldouin),[330] војводата Градислав (лат. Gradislau Borilli uexillifer),[331] жупанот Вратко (лат. çuppanus Vratcho),[332] кнезот Гргур Курјаковиќ (лат. comes Gregogorius, Curiaç),[333] ставилацот Милош (лат. staluileç Milos Voyni)[334] војводата Дејан Манијак (лат. uoieuoda Deian Maniiach),[335] ставилацот Градислав Сушеница (лат. stauileç Gradislau Suseniça),[336] Никола Буќа (лат. Nicola Buchia),[337] и архидијакот Марин Баранин (лат. archidiaconus

---

[327] Србскіи споменицы, 45-47, бр. 37; Monumenta serbica, 103-105, бр. 88; Listine I, 398; Diplomatički zbornik IX, 221-223, бр. 177; Законски споменици, 297-298; Одбрани споменици, 119-121, бр. 60; Повеље и писма I-1, 48-52, бр. 54; Чремошник, Студије, 12-14; Ђорђић, Историја, 423, сл.226; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 41; Д. Јечменица, Прва стонска повеља краља Стефана Душана, ССА IX, 26-33; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 208-214.

[328] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 31-37, 51-52.

[329] Српски биографски речник I, (С. Вуковић), Матица српска, 268.

[330] СБР I, (М. Шуица), 382-383; ЛССБ, (М. Благојевић), 268; М. Благојевић, Државна управа, 22.

[331] ЛССВ, (А. Веселиновић), 95-96.

[332] На состанокот на Малиот совет во Дубровник од 7 јануари 1333 година била донесена одлука на жупанот Влатко да му бидат доделени 600 дукати, во контекст на добивање на „Стонскиот рат." (Monumenta Ragusina II, 347; V 375; М. Благојевић, Државна управа, 46-47).

[333] Хрватскиот кнез Гргур Курјаковиќ во овој временски период бил во служба на Стефан Душан и како влијателна личност дубровчаните му подариле 200 дукати во почетокот на јануари 1333 година во контекст на преговорите за добивање на „Стонскиот рат". (Monumenta Ragusina II, 347-348; V, 375; М. Благојевић, Државна управа, 48-51).

[334] М. Благојевић, Државна управа, 34-35.

[335] Исто, 48.

[336] ЛССВ, (М. Благојевић), 812-814.

[337] Никола Буќа бил которски властелин и протовестијар на дворот на Душан. Колку била значајна неговата улога во преговорите за добивање на „Стонскиот рат" сведочи одлуката на убровничката општина која во почетокот на јануари 1333 година одлучила да го награди. Со одлуката на Малиот совет од 9-ти март 1333 година во знак на благодарност му доделил земјиште на „Стонскиот рат" и во Дубровник во вредност

Antibarensis et Marinus Miroslai Antibarensis).[338] На 15 февруари 1333 година, дубровчаните добиле повелба за потврдување на правата за поседување на „Стонскиот рат“ и од босанскиот бан Стјепан II Котроманиќ.[339] Стјепан повелбата ја издал под Сребреник (лат. Zerebrenik)[340] и им ги отстапил: Стон, Превлака и островите околу полуостровот Пелешац.[341] На тој начин, дубровничките власти ја зацврстиле и обезбедиле својата власт на „Стонскиот рат“.

По издавањето на повелбата на Душан до дубровчаните следувал период на стабилни меѓусебни односи. За тоа сведочат издадените писма и повелби на Душан за дубровчани кои ги закупувале пазарите на просторот на неговата држава. Познато е дека Душан испратил писмо до дубровничките власти кое било заведено во дубровничката канцеларија со датумот 29 јуни 1333 година за исплата на 2540 перпери. Всушност оргиналното писмото кое што Душан го испратил до дубровничките власти не е сочувано, меѓутоа затоа сочуван е негов автентичен препис на италијански јазик во дубровничката канцеларија.[342] Според автентичниот препис на писмото, Душан го овластил кнезот Гргур Курјаковиќ од Хрватска да подигне 2540 перпери од продажбата на „Стонскиот рат“ на Дубровник како надомест за коњите кои му ги донел на српскиот крал. Да потсетиме дека кнезот Гргур бил сведок при издавањето на повелбата во Полог од страна на Душан за дубровчаните. Веројатно кога пристигнал кај Душан во Србија, кнезот Гргур му ги донел коњите за потребите на кралството. Според писмото забележано во дубровничката канцеларија, Душан имал намера својот долг кон Гргур да го надомести со дел од сумата

---

од 1.000 перпери. Неколку години подоцна поточно во јануари 1336 година добил дуборвничко граѓанство. СРБ I, (Р. Ћук), 909-910; Д. Јечменица, ССА VIII, 53.

[338] ЛССВ, (Т. Суботин-Голубовић), 152; Д. Јечменица, ССА VIII, 52-53.

[339] F. Miklosich, Monumenta Serbica, 105-107, бр. 89; T. Smičiklas i dr., Codex diplomaticus X, 79-81, бр. 43; Љ. Стојановић, Повеље и писма I-1, 48-52, бр. 54; DAD, Acta et Diplomata, збирка XIV век. бр. 90; DAD, Liber Privilgiorum, fol. 25-25’. (Српска и латинска верзија на повелбата). Д. Јечменица, Стонска повеља бана Стефана II Котроманић (1322-1353), Грађа о прошлости Босне књ.III, Главен и одговорен уредник Академик Рајко Кузмановић, 34-40.

[340] Сребреник бил средновековен град во жупата Усор во близина на денешниот град Тузла. (Д. Јечменица, Стонска повеља бана Стефана II Котроманић (1322-1353), 46; M. Vego, Naselja bosanske srednjevjekovne države, Sarajevo 1957, 109).

[341] Д. Јечменица, Стонска повеља бана Стефана II Котроманић, Грађа о прошлости Босне књ. III, Главен и одговорен уредник Академик Рајко Кузмановић, 34-40. Дубровчаните се обврзале секоја година на празникот Св. Влах (3 февруари) на босанскиот бан да му плаќаат по 500 перпери т.н. „Стонски приход“.

[342] Dic. Canc, 10, fol. 50-50v, 29. VI. 1333 (Споменици српски II, бр. 11; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 214-216).

од продажбата на „Стонскиот рат“. Со купувањето на коњи Душан веројатно се подготвувал за престојната војна против Византија. Се смета дека поради потребата за набавување на поголемо количество на оружје и воена опрема Душан во периодот помеѓу 10 мај и 29 јуни 1333 испратил уште едно писмо до дубровничките власти.[343] Во тоа писмо Душан ги известил градските власти дека договорената сума од продажбата за „Стонскиот рат“ да му ја исплатат на овластениот од негова страна Лампре Менчетиќ (лат. Lampre de Mençe).[344] Потоа се дознава дека дубровчанецот Лампре Менчетиќ бил испратен од Душан во Венеција за „*да купи оно што је потребно краљевству ми.*”[345] И во овој случај веројатно Душан испратил писмо до дубровничките власти со кое им најавил дека ќе го испрати Лампре Менчетиќ да ја подигне сумата од продажбата на „Стонскиот рат“, но и тој документ не бил сочуван. Поради потребата од повисока сума која му била потребна на Менчетиќ кој се упатил во Венеција, Душан го поништил својот претходен налог до дубровничките власти од 10 мај 1333 година. Поради недостиг на изворни податоци не е познато дали Лампре Менчетиќ воопшто престојувал во Венеција и дали, доколку станувало збор за набавка на оружје, истото го донел кај Душан. Бидејќи не било сочувано писмото на Душан до дубровничките власти за исплата на сумата од „Стонскиот рат“ за кнезот Гргур не можеме со сигурност да се утврди сумата и периодот на исплата на долгот.

На 18 февруари 1334 година во дубровничката канцеларија било заведено уште едно писмо-разрешница на Душан кое било претставено пред Малиот совет и кнезот Марко Јустинијан (лат. Marchus Justiniano),[346] лично од страна на Твртко Мирошевиќ (лат. Tuerdichus Mirossevich)[347] во Дубровник.[348] Разрешницата се однесувала на долг за закуп

---

[343] Споменици српски II, 11-12, бр.12, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 100); Diplomatički zbornik X, 110-111, бр. 69; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 214-216; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, Зборник радова књ. XXV, Споменица Академика Симе Ћирковића, Историјски институт, Београд 2011, 277.

[344] Лампре Менчетиќ бил дубровнички властелин и трговец. Заедо со своите браќа изврушувал трговски активности на просторот на Српското кралство, а во триесетите години на XIV век под закуп го имале земено Ново Брдо.

[345] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара 52, смета дека станува збор за купување на оружје во контекст на подготовките на Душан и Сиргијан за војната против Византија.

[346] Марко Јустинијан бил венецијански властелин кој ја извршувал функцијата кнез во Дубровник испратен од Венеција.

[347] Твртко Мирошевиќ бил син на жупанот Познањ Мирошевиќ од Конавле. Бил српски властелин во служба на Стефан Душан. Неговиот брат Радослав бил во служба на Дечански кога во 1326 година лично го

на пазарите на територијата на Српското кралство направен од страна на дубровничкото трговското друштво (лат. societas) кое го сочинувале: Јуниј Вукасовиќ (лат. Junius [Çuno] de Volcasso),[349] Јуниј Лукаревиќ (лат. Junius [Çuno] de Lucari de Fosco),[350] Климент Гучетиќ (лат. Clime de Goçe),[351] инаку формирано во 1329 година. Преговорите за склучување на договор помеѓу Дечански и трговското друштво ги започнале Климент Гучетиќ и Никола Лукаревиќ (лат. Nicola de Lucari).[352] Договорот за закуп на пазарите помеѓу трговското друштво и которскиот властелин Том де Пауло, кој бил овластен од страна на Дечански, бил склучен на 20 јули 1329 година. Било предвидено договорот да трае една година, а потоа бил продолжен за период од две години. Висината на закупнината била 9000 перпери и било предвидено сумата да се исплаќа постапно на секои четири месеци.[353] Меѓусебниот договор траел до средината на 1332 година. По поминати повеќе од една година, Душан ја издал разрешницата за трговското друштво. Голем дел од вкупната сума на царината била исплатена со ткаенини и други стоки кои Душан ги земал за свои потреби од трговците во висина од 6000 перпери.[354]

На 2 март 1334 година било заведено друго писмо од Душан испратено до

---

однел писмото за Лука Лукаревиќ во Дуборовник. (М. Динић, Из српске историје средњега века, 380); ЛССВ, (Р. Михаљчић), 87-89; Д. Јечменица, Разрешница краља Стефана Уроша III Дечанског за Дубровчанина Луку Лукаревића, ССА VII, 46-47).

[348] Споменици српски II, 12-13, бр.13, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 100); Diplomatički zbornik X, 151, бр. 97; Д. Јечменица, Разрешница краља Стефана Душана за дубровачко трговско друштво Вукасиновиќ-Лукаревиќ-Гучетиќ, ССА VIII, 37-44; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 216-217; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 277.

[349] Јуније Вукасовиќ бил дубровнички трговец и властелин. Неговата фамилија била една од најбогатите во градот Дубровник. Најчесто се занимавал со трговија на сол на Св. Срѓ, Љеш и Дријево, а имал воспоставено трговски релации со Венеција, Котор и Левантот. Често пати бил дел од дубровнички пратеништва испраќани кај српските кралеви. Неколку пати бил избран за челен на Сенатот и Малиот совет во Дубровник. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 441-443).

[350] Јуниј Лукаревиќ бил угледен граѓанин во Дубровник. Неколку пати бил избиран за член во Сенатот, Малиот совет и за судија. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 295-298).

[351] Климент Гучетиќ бил дубровнички властелин и трговец. Во 1319 година ја извршувал функцијата конзул во Рудник. Климент заедно со Никола Лукаревиќ продолжиле со трговија на територијата на Српското кралство. Често пати заедно биле испраќани на српскиот двор. Тие биле дел од преговорите за отстапување на „Стонскиот рат" во 1333 година за што биле посебно наградени од општината. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 236-240).

[352] Д. Јечменица, Разрешница краља Стефана Душана за дубровачко трговско друштво Вукасиновиќ-Лукаревиќ-Гучетиќ, ССА VIII, 37 белешка: 1. Никола Лукаревиќ бил дубровнички трговец и долг период својата трговија ја вршел на просторот на Српското кралство. И покрај тоа што тој не се спомнува во договорот од 20 јуни 1329 година, Никола секако бил дел и имал свој придонес во трговското друштво каде што се споменува во разрешниот акт на Душан. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 295-300).

[353] Исто, 38, белешка: 2.

дубровничките власти[355] со кое ги известил дека Домањ Менчетиќ (лат. Domagna de Mençe)[356] заедно со своите браќа го исплатиле долгот за закуп на пазарите и другите долгови.[357] Разрешницата во Дубровник ја донел српски властелин Степко Друговиќ (лат. Stepecus Drugouich),[358] овластен од Душан.[359] Тој лично пред дубровничиот кнез Марко Јустинијан и Малиот совет ја образложил содржината на писмото.

На 19 мај 1334 година во Добрушта,[360] кралот Душан издал уште една повелба за дубровчаните во врска со „Стонскиот рат", наречена „втора стонска повелба."[361] Дубровничкото пратеништво кое што ја добило повелбата било во состав: Јуниј Вукасовиќ, Јуниј Журговиќ (лат. Junius de Georgio)[362] и Никола Мартинушевиќ.[363] Самиот чин на издавање на уште една повелба која се однесувала за териториите кои неодамна им ги отстапил Душан на дубровчаните, покажува дека ситуацијата во тие области се уште не биле мирна и дека сеуште постоеле внатрешните проблеми на „Стонски рат". Душан со

---

[354] Исто, 39, белешка: 3.

[355] Diversa Cancellariae 10, fol. 147, 2. III 1334.

[356] Домањ Менчетиќ бил дубровнички трговец и властелин. Тој заедно со своите браќа имал формирано трговско друштво кое ги имало земено под закуп дел од пазарите на просторот на Српското кралство. Трговското друштво, на кое што тој бил предводник најчесто се занимавало со трговија на метали. Покрај трговските работи, Менчетиќ извршувал важни државни функции во Дубровник. Неколку пати бил избиран за заменик судија (iudex) во 1326 и 1329 година, потоа, бил избиран за член на Сенатот во 1326, 1328, 1343 и 1345 година. Исто така, бил дел од дубровничкото пратеништво од 1331 година кое се упатило кај Душан во Требиње. Во неговиот тестамент од крајот на шеестеттите години на XIV-от век дек заедно со Марин Гучетиќ имале имале земено царини под закуп во Брсково и Трепча (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 320-321).

[357] Споменици српски II, 13, бр.14, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 100); Diplomatički zbornik X, 153, бр. 99; Д. Јечменица, Две разрешнице краља Стефана Душана за дубровчанина Домању Менчетића са браћом, ССА VIII, 45-55; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 217-218. Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 277.

[358] Подетално види кај: К. Јиречек, Властела хумска на натпису у Величанима, Зборник К. Јиречек I, 427-432.

[359] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 217-218.

[360] Добрушта било средновековно село во кое постоела црква Св. Никола кои денес не постојат. Добрушта веројатно постоело на левата страна на Призренска Бистрица, околу 2 км од вливот во Бел Дрим. (Ж. Вујошевић, Повеља краља Стефана Душана о цркви Светог Николе у Добрушти, ССА IV, 66).

[361] Србскiи споменицы, 48-49, бр. 39; Monumenta serbica, 107-109, бр. 90; Diplomatički zbornik X, 163-165, бр. 108; Законски споменици, 298-299; Повеље и писма I-1, 53-54, бр. 55; Д. Јечменица, Друга стонска повеља краља Стефана Душана. ССА IX, 53-54; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 218-220; Чремошник, Студије, 128-130; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 43-44.

[362] Јуниј (Жуњ) Журговиќ бил дубровнички властелин кој многу пати бил избиран за член на пратеништвата кои Дубровник ги праќал на српскиот двор. Имено, тој бил дел од пратеништвото во: 1323, 1324, 1327, 1330 и 1331 година кај Душан додека бил управител во Зета со титула млад крал. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 201-212).

повелбата се обидел, колку што било можно, да го заштити православното население. На самиот почеток од повелбата Душан ја потврдил претходната повелба издадена во Полог. Потоа било предвидено доколку некој кралски поданик пребегал на Стон и „Стонскиот рат“, да им се овозможи на кралските власти да извршат истрага на Полуостровот со цел да го пронајдат бегалецот. Доколку кралските власти не успеале сами да го пронајдат, во тој случај четири или пет дубровнички членови на патрицијатот, по барање на кралот да положат заклетва пред кралските власти во катедралната црква Св. Богородица во Дубровник, дека тој што го бараат не се наоѓа на „Стонскиот рат“. Потоа било предвидено српски поп (сло. popý srýb'ski) слободно да проповеда (се мисли на источнохристијанска, православна вера) на Полуостровот за крај доколку двете страни започнале меѓусебна војна, било забрането населението од „Стонскиот рат“ да се регрутира за потребите на било која страна.

Д. Јечменица прави споредба на првата и втората „стонска” повелба и забележал еден мошне значаен податок. Имено за разлика од првата, во втората повелба се споменува само „Стонски рат“, без делот од Приморјето од Превлака до дубровничката граница и други острови. Според авторот Дубровник веројатно не успеал да воспостави власт над тие територии и поради тоа наведените области не биле спомнати во втората повелба.[364] По издавањето на втората повелба вниманието на Душан примарно бил насочено на војната против Византија. Поради тие причини српско-дубровничките односи за Душан како да паднале во втор план. Или може да се констатира дека најголем дел од меѓусебните односи во политичко-дипломатска смисла биле веќе завршени и нивните односи продолжиле непречено да се одвиваат во областа на трговијата и економијата.

Пролетта 1334 година Душан во соработка со византискиот војсководач и благородник Сиргијан[365] кој се одметнал од Византија и преминал на српска страна, започнал воен поход кон југ, на територијата на византиска Македонија. Кралската војска

---

[363] Никола Мартинушевиќ бил Дубровнички властелин и трговец. Многу пати бил избиран за член на Сенатот во Дубровник. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 207).

[364] Д. Јечменица, Друга стонска повеља краља Стефана Душана. ССА IX, 55-57.

[365] Византискиот војсководец Сиргијан во 1333 година преминал во служба на кралот Душан. ВИИНЈ VI, 340-341 белешка: 140 (коментар: С. Ћирковић); К. Јиречек, Историја Срба I, 213; Г. Острогорски, Историја Византије, 481-483; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 513; К. Аџиевски, Пелагонија 178.

се упатила кон Пелагонија каде бил освоен градот Прилеп,[366] потоа Охрид,[367] Костур и Чемрен по средниот тек на Црна Река.[368] Походот бил запрен во месец август истата година кога бил убиен Сиргијан од страна на Сфранец Палеолог во близина на Солун. Мирот бил склучен на 26 август 1334 година на р. Галик во близина на градот Солун.[369] Според договорот сите територии кои ги освоил Сиргијан биле вратени на Византија, додека пак тие што ги освоил Душан останале под негова власт. Тоа значи дека освојувањата на Душан во Македонија биле признаени и новата српско-византиска граница врвела по линијата јужно од Леш, Охрид, Струмица, Мелник до р. Струма.[370] Душан испратил пратеници кај византискиот цар Андроник III Палеолог барајќи да се сретнат во Бојмија село во Македонија. Средбата помеѓу Душан и Андроник се остварила во 1336 година во местото Радовиште (веројатно Радовиш).[371] Пријателските односи траеле до смртта на Андроник III во месец јуни 1341 година. Веројатно уште додека била во тек византиско-српската војна во летото 1335 година унгарскиот крал Карло Роберт (1308-1342) презел воен походво северните делови на Србија,  некогашните владенија на

---

[366] А. Дероко, Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији, Београд 1950, 83-104 И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија, 266-268; К. Аџиевски, Пелагонија во Средниот век, 177-179.

[367] Г. Острогорски, Историја Византије, 471; М. Динић, О хронологију Душанових освајања византијских градова, ЗРВИ IV, Београд 1956, 7; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 513; К. Јирчек, Историја Срба I, 215; ВИНЈ VI, 346 бел. 158 (коментар С. Ћирковић); Т. Томоски, Прилеп и Прилепско низ историјата I, Од праисторија до крајот на Првата светска војна. Прилеп 1971, 82; К. Аџиевски, Пелагонија, 178; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 46-47, остава резерва дали Охрид бил навистина освоен во 1334 г. или можеби градот бил освоен подоцна кон 1342 г.; Т. Филипоски (Прилог за прашањето за паѓањето и статусот на Охрид под српска власт (1334-1341/42), Транзициите во историјата и културата (Прилози од Меѓународна научна конференција одржана во Скопје на 30-31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), ИНИ Скопје, 2008, 69-78)) анализирајќи ги изворните податоци дава претпоставка дека можеби Охрид од формално-правното паѓање под српска власт од 1334 година во првите години до петтата деценија на XIV век можеби имал некаков посебен статус во рамки на српската држава или поминал некаков преоден период  до воспоставување на реална власт. За поинакво мислење дека Охрид бил освоен 1342 година види Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти, 123.

[368] Животи краљева и архепископа, 226; Подетално за освојувањата на кралот Душан во Македонија види кај: К. Аџиевски, Пелагонија во Средниот век, 177-180; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 46-47.

[369] Животи краљева и архепископа, 222-225; Г. Острогорски, Историја Византије, 471; М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова, ЗРВИ IV, Београд 1956, 5-11; К. Јиречек, Историја Срба I, 213-214; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 514; А. Атанасовски, Балканот и Македонија во политичките преговори и договори, 231, Истиот, Македонија во XIV век, 47.

[370] М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова, ЗРВИ IV, 8; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 47.

[371] ВИНЈ VI, 352-353. За состанокот на Душан и Андроник пишувал само Ј. Кантакузин на кој состанок и самиот лично присуствувал. Подетално види: С. Ћирковић, О састанцима цара Андроника III и краља Стефана Душана, ЗРВИ XXIX-XXX, 208; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 48-49.

Драгутин. На страна на унгарскиот крал застанал босанскиот бан Стјепан II Котроманиќ.[372] Според Кантакузин, Душан со помош на Андроник III се упатил против унгарскиот крал за да го спречи понатамошното напредување на војската на Карло.[373]

Поради честите војни кои ги водел Душан со своите соседисе појавила потреба од ангажирање на платеничка војска од западноевропските земји. На 12 април 1336 година, преку градот Дубровник на територијата на српската држава во служба на Душан пристигнале германски платеници предводени од витезот Палман. Платеничката војска била испратена од Отон IV (1330-1339), војвода на Австрија, Штаерска и Корушка од Хабсбуршката династија.[374] Не е сочувано известување дали дубровчаните учествувале во преговорите за ангажирање на платениците, но факт е дека поминале низ градот Дубровник и се упатиле кон дворот на Душан. Самиот факт што платеничката војска поминала преку градот Дубровник на некој начин ни ја потврдува посредничката улога на градските власти кои барем дале согласност и помош. Впрочем познато е дека дубровчаните и во минатото им излегувале во пресрет на владетелите на Српското кралство кога тие имале потреба од ангажирање платеничка војска.

Истата 1336 година Душан направил обиди за склучување брак со Елизабета, ќерка на починатиот германски император Фридрих III Убавиот (1314-1330).[375] Причина за обидите на Душан за склучување нов брак, покрај неговата актуелна брачна состојба со Елена, веројатно треба да се бараат во петгодишниот заеднички живот и немањето потомство, а со тоа и наследник на кралскиот престол. Во овие преговори познато е дека учествувале дубровчаните. Тие ги пренесле австриските пратеници со своја галија во Котор. Австриските пратеници веројатно се сретнале со Душан, но брак не бил склучен

---

[372] П. Мрковић, Односаји између Србије и Угарске (1331-1355), Летопис Матице Српске 221, 19-22; С. Ћирковић, Београд под краљем Душаном, 44-45; С. Ћирковић, Историја средњовековне Босансе државе, 118; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 514-515; M. Ivanović., B. Stojkovski, Reka Sava kao granica između Srbije i Ugarske u srednjem veku, Rijeka Sava u povjesti: Zbornik radova znanstvenog skupa održanog u Slavonskom Brodu 18-19, listopada 2013, 86-89.

[373] Ioannis Cantacuzeni imperatoris historiarum Libri IV. Ed. L. Sxhopen. T. II, Bonnae 1830 25; Животи краљева и архепископа, 227; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 515.

[374] М. Динић, Нешто о Палману, Прилози КЈИФ XIII, 76; К. Јиречек, Историја Срба I, 214.

[375] Фридрих III бил император на Светата римска империја од Хабсбуршката династија. Од преземањето на власта, бил крал на Германија (1314-1330), војвода на Австрија и Штаерска (1308-1330). Фридрих починал на 13 јануари 1330 година.

најмногу поради смртта на младата Елизабета на 23 октомври 1336 година.[376] Веќе следната 1337 година Душан и Елена добиле своето потомство, односно престолонаследникот Урош.[377] Независно од исходот на преговорите за нашиот предмет на истражување е значајно учеството на дубровчаните. Имено произлегува дека во сите преговори што ги имале владетелите на Српското кралство од династијата Немањиќи за евентуално склучување на династички бракови со западноевропски земји, во нив неизоставно учествувале дубровчаните. На тој начин уште еднаш се потврдуваат добрите меѓусебни односи, високиот статус и значењето што го имале дубровчаните за Српското кралство.

Во периодот на владеење на Душан, многу често се јавува пракса на издавање разрешници до различни дубровнички трговци. Тоа било резултат на масовното присуство на дубровничките трговци во Србија кои биле многу значајни за развојот на трговијата и економскиот подем. Од Неродимле (лат. Nerodimle),[378] Душан испратил писмо до дубровничките власти кое што во дуборвничката канцеларија било заведено на 8 август 1339 година. Писмото секако било напишано пред тој датум и со него Душан го известил дубровничкиот кнез Филип Белегно (лат. Philippus Belegno)[379] дека дубровчанецот Домањ Менчетиќ со неговите браќа го исплатиле долгот кој го имале за закуп на пазарите на просторот на Српското кралство.[380] Марин Белиќ[381] бил овластен од кралот Душан да го однесе писмото во градот Дубровник и лично да ја претстави содржината на писмото пред

---

376 К. Јиречек, Историја Срба I, 215. Смета дека не треба да се отфрли можноста, Елизабета да го одбила бракот со Душан поради верски причини.

377 Исто, 215, белешка: 22.

378 Кралска резиденција на Косово. Види: С, Ћирковић, Владарски двори око језера на Косову, Зборник МС ЛУ XX, 79-80.

379 Филип Белегно бил венецијански властелин кој ја извршувал функцијата дубровнчки кнез во период од мај 1339 од мај 1341 година. (S. Ljubić, Listine II, 32, 52; Д. Јечменица, Две разрешне повеље краља Стефана Душана за Дубровчане Марина, Миху и Живу Бунића, закупце царина у Зети и Призрену, ССА XIII, 76).

380 Споменици српски II, 46, бр.65, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 103); Diplomatički zbornik X, 481-482, бр. 337; Д. Јечменица, Две разрешнице краља Стефана Душана за дубровчанима Домању Менчетића са браћом. ССА VIII, 48-50; Н. Порчић, Српских средњовековних владара, 220-221; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 277. Diversa Notariae 6, fol. 45, документот е сочуван како автентичен препис и со превод на италијански превод во Државниот архив во Дубровник под датум: 8. VIII 1339.

381 Марин Белиќ од Бар бил српски властелин кој бил овластен од Душан да го однесе писмото во Дубровник. (К. Јиречек, Романи у градовима Далмације током средњег века, Зборник К. Јиречек II, 244-245).

дубровничките власти.[382]

Според М. Диниќ Душан подигнал само 1163 перпери од сумата за „Светодимитарскиот приход“ за 1339 година. Останатиот дел од сумата, односно 255 перпери му биле дадени на Орсто Цријевиќ, а 182 перпери на Циво Соренто како надомест за влог што го имал синот на Војин (веројатно Воислав Воиновиќ). Останатиот дел во висина од 400 перпери му биле исплатени на дубровничкиот кнез за еден коњ што Душан го купил од него.[383]

Подоцна во Приштина Душан издал повелба за Павле и Фран Рестиќи (лат. Paullo et a Fran de Resti).[384] Датумот на издавање на повелбата се определува врз основа на автентичниот превод и препис на италијански јазик на документот од дубровничката канцеларија со датум: 21 февруари 1340 година.[385] Се разбира оригиналната повелба била издадена пред 21 февруари 1340 година. Од содржината на повелбата може да се забележи дека, Јуниј Држиќ и Климент Гучетиќ во тоа време се наоѓале на дворот на Душан во Приштина, но нема сознание од кога престојувале таму. Со повелбата Душан ги известил дубровничките власти дека браќата Рестиќи ги исплатиле сите долгови што ги имале за закупот на пазарот во Ново Брдо (лат. Novaberda).[386]

Во дубровничката канцеларија на 1 мај 1340 година била заведена повелбата и писмото на крал Душан до дубровчанецот Лампре Менчетиќ и неговите браќа. Душан ги известил дубровничкиот кнез Филип Беленго, властите и судиите (лат. Iudices; inux) во Дубровник дека Лампре со своите браќа ги исплатил сите долгви што ги имал кон неговото кралство за пазарите што ги држеле под закуп во Ново Брдо и дека повеќе не му биле должни.[387]

---

[382] Д. Јечменица, Две разрешнице краља Стефана Душана за дубровчанима Домању Менчетића са браћом. ССА VIII, 48-51.

[383] М. Динић, Дубровнички трибути, 721. Белешка: 23 (Div. Not. 6, 3, дец. 1339).

[384] Браќата Павле и Фран Рестиќи бил дубровничките трговци. Имале трговски активности во Венеција, Котор и други градови на Јадранското крајбрежје. Подетално за активноста на браќата во Дубровник и односите со Котор и Венеција види: М. Маловић-Ђукић, Брата, удовица Пашка Бугонова (Бугона), ИЧ LX, 116-19.

[385] Документот се чува во Државниот архив во Дубровник, Diversa Notariae 6, fol. 100v. 21.II.1340.

[386] Споменици српски II, 47, бр.67, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 104); Diplomatički zbornik X, 523, бр. 369; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 221-222. Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 277-278.

[387] Споменици српски II, 47-48, бр.68, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 104); Diplomatički zbornik X, 546-547, бр. 383; Повеље и писма I-1, 55, бр. 58 (повелба) и бр. 59 (писмо); Л. Славева-

Во мај 1340 година Душан испратил пратеници во Венеција. На венецијанските власти им ветил дека ќе испрати 500 коњаници во Италија за борба против непријателите на дуждот Бартоломеј Градоник. Во истиот период венецијанската република со повелба му доделила граѓанско право на Душан и неговата фамилија.[388] Недостасуваат информации дали во пратеништвото што го испратил Душан во Венеција евентуално учествувале и дубровчани.

На 10 септември 1340 година крал Душан во Неродимле издал разрешница (повелба и писмо) за браќата Марин и Михо Буниќ.[389] Разрешницата била претставена пред дубровничките власти од страна на овластеното лице од Душан, Живе Павлов Гундулиќ (лат. Johannes/Giue/Pauli de Gondola)[390] на 2 октомври 1340 година по барање на дубровничкиот кнез Јован Фускарено (лат. Johannes Fuscareno)[391] и Малиот совет во Дубровник. Како што била веќе воспоставена пракса и во други минати ситуации, Душан со издавањето на повелбата ги известил дубровничкиот кнез, судиите и дубровничката општина дека Марин Буниќ (лат. Marini de Bona)[392] со својот брат Михо Буниќ (лат. Michael/Micha, Mico/Lucari de Bona)[393] му ги исплатиле сите долгови од закупот на

---

В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 45-46; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 222-224. Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 277-278. (Постојат два автентични преписи: Diversa Notariae 6, fol. 116v и Diversa Notariae 6, fol. 117v во Државниот архив во Дубровнкк).

[388] К. Јиречек, Историја Срба I, 216.

[389] Споменици српски II, 16, бр.19, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 104); Diplomatički zbornik XI, 14-15, бр. 9; Д. Јечменица, Две разрешне повеље краља Стефана Душана за Дубровчане Марина, Миху и Живу Бунића, закупце царина у Зети и Призрену, ССА XIII, 67-69; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 222-224.

[390] Живе Павлов Гундулиќ бил дубровнички трговец и властелин, заедно со својот татко Павле тргувале со сол и жито. Често пати извршувал градски функции, а во зависност од потребите на Општината бил ангажиран во пратеништвата кои патувале надвор од градот. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 267-268).

[391] Јован Фускарено бил венецијански властелин и дубровнички кнез во период од мај 1341 до мај 1343 година. (S. Listine II, 98; Д. Јечменица, Две разрешне повеље краља Стефана Душана за Дубровчане Марина, Миху и Живу Бунића, закупце царина у Зети и Призрену, ССА XIII, 75).

[392] Марин Буниќ бил дубровнички властелин и трговец. Се смета дека од почетокот на закупување на царини заедно со неговиот брат веројатно живееле во градот Призрен. (С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина Дубровником којом потврђује повеље пранијх српских владара, ССА IV, 170-171). Подоцна бил во служба на цар Душан и цар Урош. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 146-168).

[393] Михо Буниќ бил дубровнички властелин и трговец. Покрај закупот на пазарите на територијата на Српското кралство, тој се занимавал со извоз на сребро, олово и восок, а увезувал сол и ткаенини. Бил избиран за член на Сенатот во Дубровник во 1345 и 1347 година. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 146-148; Д. Јечменица, Две разрешне повеље краља Стефана Душана за Дубровчане Марина, Миху и Живу Бунића, закупце царина у Зети и Призрену, ССА XIII, 76).

пазарите во Зета и пазарот во Призрен. Од содржината на разрешницата може да се потврди дека дубровничките трговци, закупот на царината на пазарите во Зета и Призрен ги држеле седум години, од 1333 година до 1340 година.[394]

Покрај издавањето на разрешните документи за дубровчаните, Душан на надворешнполитички и воен план интензивно бил вклучен во внатрешните работи на Византија. На 15 јуни 1341 година починал византискиот император Андроник III. На престолот го наследил неговиот малолетен син Јован V (1341-1347), кој требало да владее со регентство. Поради несогласувањата околу регентството и амбициите на Јован Кантакузин да стане со-владетел на малолетниот Јован, во Византија започнале внатрешни борби за превласт. Душан се обидел да ја искористи нестабилната состојба во Византија и по промената на власта тргнал во поход против Византија во правец кон Солун. Војската на Душан била пресретната од војската на Јован Кантакузин и бил склучен мировен договор и сојуз во септември 1341 година.[395] По склучувањето на мирот со Кантакузин, Душан продолжил со издавање на разрешници за дубровчаните. Имено на 30 септември 1341 година Душан издал повелба во Призрен за дубровчанецот Живе Буниќ (лат. Johannes/Giue/Lucari de Bona)[396] во Призрен. По барање на дубровничкиот кнез и Малиот совет во Дубровник, Софредо (лат. Soffredi)[397] го превел документот и го завел во дубровничката канцеларија.[398] Останува непознато кој ја донел и кој ја претставил повелбата на Душан пред дубровничките власти. Со издавањето на повелбата Душан ги известил дубовничките власти дека Живе Буниќ го исплатил долгот што го имал кон Кралството за закупот на пазарите во Зета и Призрен. Од содржината на повелбата може да се потврди дека веднаш по завршувањето на договорот за закуп на царина на браќата

---

[394] Д. Јечменица, Две разрешне повеље краља Стефана Душана за Дубровчане Марина, Миху и Живу Бунића, закупце царина у Зети и Призрену, ССА XIII, 67. Документот прво бил преведен, а потоа регистриран во дубровничката канцеларија од страна на дубровничкиот заменик канцелар Софредо. (DAD, Div. Canc. 13, fol. 118, 2. X 1342).

[395] К. Јиречек, Историја Срба I, 217.

[396] Живе Буниќ бил дубровнички властелин и трговец, негови повозрасни браќа биле Марин и Михо Буниќи. Покрај закупот на царина, тој се занимавал со трговија на восок, кожи и жито. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 146-148).

[397] Подетално за Софредо види: Д. Јечменица, Две разрешне повеље краља Стефана Душана за Дубровчане Марина, Миху и Живу Бунића, закупце царина у Зети и Призрену, ССА XIII, 75.

[398] DAD, Div. Canc. 13, fol. 118’, 2. X 1342.

Марин и Михо, истите пазари под закуп ги зел нивниот помлад брат Живе Буниќ.[399]

„Светодимитарскиот приход“ за 1342 година Душан му го отстапил на Климент Гучетиќ во висина од 2000 перпери, додека пак Климент истата сума му ја отстапил на дубровничкиот кнез.[400] На посреден начин произлегува дека Душан всушност не го подигнал данокот од исплатата на „Светодимитарскиот приход“ за 1342 година. Тука се поставува прашањето која била причината за ваквиот потег. Дали Душан имал намера да му се заблагодари на Климент Гучетиќ за добрата дотогашна соработка или пак имал план во иднина да го ангажира за свои потреби?!

Како што веќе спомнавме Душан од 1341/42 година бил вклучен во Граѓанската војна во Византија и имал намера да ги оствари своите територијални претензии кон Царството. Алексиј Апокавк и цариградскиот патријарх Јован Калекас застанале на страна на главната регентка Ана Савојска и малолетниот император Јован, додека пак Јован Кантакузин се спротиставил и заминал во Тракија. Во октомври 1341 година во Димотика тој се прогласил за цар и така започнала новата Граѓанска војна во Византија (1341-1347). Душан и Кантакузин се сретнале во Приштина каде склучиле сојуз за заедничка борба. По завршување на преговорите Хреља ја признал властта на Душан и му го предал градот Мелник.[401] Прва цел на сојузниците им бил градот Сер, а војската на Душан ја предводел Јован Оливер и војводата Влатко, но опсадата завршила без успех.[402] Пролетта 1343 година Душан имал уште еден неуспешен обид да го освои градот Сер. Во периодот од 1342 до 1343 година Душан во своите воени походи ги освоил Берат, Канина и Кроја. Безмалку цела Албанија била освоена од Србите со исклучок на градот Драч кој бил под

---

[399] Споменици српски II, 17, бр.20, (дополнување: К. Јиречек, Споменици српски, 104); Diplomatički zbornik XI, 15-16, бр. 10; Д. Јечменица, Две разрешне повеље краља Стефана Душана за Дубровчане Марина, Миху и Живу Бунића, закупце царина у Зети и Призрену, ССА XIII, 71-74 (Авторот не ја исклучува можноста истиот ден кога била донесена разрешницата и кога била претставена пред дубровничките власти и заведена во дубровничката канцеларија под истиот датум, тоа да била истата личност-Живе Павлов Гундулиќ); Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 226-227.

[400] М. Динић, Дубровнички трибути, 721 (Div. Canc. 13 fol.129, 3. IX. 1342).

[401] ВИИНЈ VI, 404; К. Јиречек, Историја Срба I, 218; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 518; Б. Фрејанчић, Душан и српска властела 189; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 110.

[402] Подетално за Јован Оливер види кај: Б. Ферјанчић, Деспоти у Византију и јужнословенским земљима, 96-100; Т. Томоски, Штип во периодот од XII-XIV век. Зборник Штип низ вековите I; А. Атанасовски, Пијанец во XIII-XIV век, 74-85; Истиот, Јован Оливер-Феудален владетел во Македонија во првата половина на XIV век, ГЗФЗФ 51, 93-100; С. Пириватрић, Византијске титуле Јована Оливера, прилог истаживању проблема њиховог порекла и хронологије, ЗРВИ L/2, 713-721; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 112-120.

анжујска власт. По постигнатите успеси Душан повторно се упатил кон границата со Византија. Кон крајот на 1343 година населението во Тесалија застанало на страна на Јован Кантакузин. Во овој период Ана Савојска се бележат обиди да го растури сојузот помеѓу Кантакузин и Душан.[403] Ана Савојска не успеала во своите намери, но сепак сојузот бил раскинат во април 1343 година кога Јован Катакузин го освоил градот Верија. Власта во градот ја презел Манoил, синот на Кантакузин. Поради непочитувањето на договорот Душан одлучил да ја промени страната во Граѓанската војна во Византија. Тој склучил договор со Ана Савојска. Летото 1343 година Душан презел уште еден самостоен воен поход насочен кон византиските градови во Македонија. Војската на Душан успеала да ги освои градовите Воден, Костур, Лерин и Мелник.[404] За зацврстување на сојузот било договорено Урош, синот на Душан да се ожени со Марија Палеолог, сестра на византискиот цар Јован V Палеолог, но бракот не бил склучен.[405] Во втората половина на 1343 година Кантакузин ги повикал Турците-селџуци предводени од емирот Умур за помош и напад на градот Солун, но без успех. Во тој период на страна на Кантакузин застанал Момчило кој што имал свои владенија во Родопите. Во мај 1344 година војводата Прељуб кој ја предводел српската војска се судрил со селџучката војска кај Стефанија (Струмскиот залив) каде што српската војската доживеала пораз. Поразот не го спречило Душан да ги продолжи освојувачките планови и притоа успеал да го освои градот Верија од Манoил кој се повлекол во Тесалија. Во 1344 година Алексиј Апокавк со војска се упатил кон Тесалија, а Момчило застанал на негова страна.[406] Во 1345 година Кантакузин повторно ги повикал селџуците кои со 20000 коњаница го поразиле Момчило и неговите области ги завладеал Кантакузин. На 11 јуни 1345 година бил убиен Алексиј Апокавк. На 25 септември 1345 година Душан најпосле го освоил градот Сер.[407] Освојувањето на

---

[403] М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова, ЗРВИ IV, 11; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 520.

[404] М. Динић, За хронологију Душанових освајања византиских градова, ЗРВИ IV, 11; К. Јиречек, Историја Срба I, 218; ИСН I (Б. Ферјанчић), 519; Посебно за освојувањата на Душан во Македонија види: А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 49-50.

[405] Р. Радић, Време Јована Палеолога, 146; С. Прииватић, Улазак Стефана Душана у царство, ЗРВИ XLIV/II, 383-384.

[406] ВИИНЈ VI, 458-460; ИСН I, (Б. Ферјанчић), 521; И. Божилов, В. Гюзелов, История на средновековна Блгария VII-XIV, (Божилов), 595-597.

[407] А. Соловјев, Цар Душан у Серезу, Југословенски историски часопис I, 472-477; Зборник К. Јиречек I, С. Новаковић, Струмска области у XIV веку и цара Душана (Глас Срп. Краљ. Академије, XXXVI), 457-460; ИСН

градот Сер за Душан имал големо значење. Тој во Сер се прогласил за цар и во својата титулација ја додал „Романија“.[408]

Во период додека траела Граѓанската војна во Византија во летото 1343 година во Требиње, дубровчаните биле подложени на грабежи и насилства. Поради потешкотиите во одвивање на трговијата со Требиње, дубровничките власти одлучиле во почетокот на 1344 година да испратат пратеништво кај Душан. За членови на пратеништвото биле избрани: Симе Бенешиќ, Мартол Чревиќ и Паско Гучетиќ.[409] Од непознати причини пратеништвото не се упатило кај Душан, можеби поради учеството на кралот во воените дејствија поврзани со граѓанската војна во Византија. Незгодите што ги имале дубровничките трговци продолжиле, па затоа тие решиле со писмо да реагираат до Дабижив, жупанот на Требиње. Одлуката за тоа била донесена на 16 октомври 1344 година и било планирано, доколку реакциите пред жупанот не покажат резултати, властите да интервенираат до кралот.[410] Бидејќи неприликите што ги имале дубровничките трговци продолжиле, тие на 19 јуни 1345 година решиле да испратат пратеништво кај Душан. Поради потребата од промена на еден член од претходното пратеништво, дубровничкото пратеништво во состав: Пиро Грубешиќ (лат. Petrus de Grubessa),[411] Мартол Чревиќ (лат. Martolus de Çereva)[412] Паско Гучетиќ пристигнало кај Душан во текот на опсадата на градот Сер. На 26 октомври 1345 година под градот Сер, кралот Душан издал нова повелбата за дубровчаните.[413] Со повелбата Душан ја укинал царината во Требиње која што ја имал

I, (Б. Ферјанчић), 523; Истиот, Византијски и српски Сер у XIV столећу (СКА пос. издања. књ.DCXXIX, Оделење историјских наука књ.XXI, 63-73); М. Благојевић, Србија у доба Немањића (Од кнежевине до царства: 1168-1371, илустрована хроника, 161; И. Божилов, В. Гюзелов, История на средновековна Блгария VII-XIV, (Божилов), 598; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 51.

[408] Љ. Максимовић, Грци и Романија у српској владарској титулатури, ЗРВИ XII, 61-78; М. Благојевић, Србија у доба Немањића, 163, Б. Ферјанчић, Сер, 58-62.

[409] Monumenta Ragusina I, 148; С. Мишић, Хумска земља у средњем веку, 65-66, 73.

[410] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 86.

[411] Пиро Грубешиќ бил дубровнички властелин. Тој бил поставен на местото на Симе Бенешиќ во јуни 1345 година во пратеништвото што дубровничките власти го испратиле кај Душан. Во јануари 1344 година бил избран за член на Малиот совет во Дубровник. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 531).

[412] Мартол Чревиќ бил дубровнички властелин од познатата дубровничка фамилија Черевиќ која мала трговски активности на просторот на Српското кралство. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 544).

[413] Србскіи споменицы, 50, бр. 40; Monumenta serbica, 117-118, бр. 100; Законски споменици, 167-168; Повеље и писма I-1, 56, бр. 60; Ђорђић, Историја, 340, сл.138; Чремошник, Студије, 128-130; Л. Славева-

воведено жупанот Дабижив. Потоа Душан нагласил дека царина во Требиње не постоела за време на владеењето на неговите претходници, па затоа немало да постои ни во негово време. Во продолжение тој наредил Дабижив да не им наплатува царина на дубровничките трговци, ниту на Власите, ниту на Србите кои увезувале и извезувале стока од Дубровник. Било предвидено овие одредби да важат и за неговиот наследник и за сите идни кралеви на србите.[414]

На 7 јануари 1346 година папата Климент VI (1342-1352) му испратил писмо на Душан во кое го известил дека под јурисдикцијата на которскиот епископ Сергеј спаѓале: Конавље, Требиње, Будва, Рисан, Драчевица, Ластово, Призрен, Ново Брдо, Јањево, Трепча, Остраче, Рогозио, Копирик, Плана, Брсково, Рудник, Липљан, Хум, Сава, Мачва, Голубац и Белград.[415] Од писмото на папата несомнено се забележува дека се наброени местата каде што постоела католичка црковна организација. Безмалку во сите трговски места каде што имало трговска колонија, дубровчаните имале воспоставено црковна структура.

Кон крајот на јануари или почетокот февруари 1346 година, пред царското крунисување Душан повторно преку Дубровник испратил пратеници во Венеција. Душан со пратеништвото ги известил дека имал намера „да се крунисa за константинополски император" (лат. „coronation in imperio Constantinopolitano")[416] и притоа им понудил на венецијанците склучување на сојуз за освојување на Цариград. Бидејќи Душан бил свесен дека без флота не можел да го освои градот Цариград од Венеција барал флота за остварување на своите планови, но Венеција ја одбила неговата понуда.[417]

Бидејќи дубровничките власти биле известени за плановите на Душан одлучиле на 23/24 март 1346 година да испратат свечено пратеништво по повод плановите за негово крунисување за цар.[418] Во овој период Душан ги продолжил своите освојувања. Имено во

---

В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 47; Н. Порчић, Повља краља Стефана Душана Дубровчанима о царини слуге Дабижива, ССА V, 84-86; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 227-228.

[414] Н. Порчић, Повља краља Стефана Душана Дубровчанима о царини слуге Дабижива, ССА V, 84-86.

[415] A. Theiner, Vetera monumenta historica Hungariam sacram illustrantia II, 701, № MLXI, Romae, 1859; М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 48-49.

[416] Monumenta Ragusina I, 216; 221.

[417] Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 59; К. Јиречек, Историја Срба I, 221; С. Пририватић, Улазак Стефана Душана у царство, ЗРВИ XLIV/II, 382-383.

[418] Monumenta Ragusina I, 221,216; S. Ljubič II, 326-327; V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 92; К. Јиречек, Историја Срба I, 221.

почетокот на 1346 година со својата војска тој стигнал пред градот Солун.[419] Бидејќи неможел да смета на поддршка од цариградскиот патријарх за крунисувањето Душан најпрво решил српската архепископија да ја подигне во ранг на патријаршија. Откако Јоаникиј бил хиротонисан за патријарх, веројатно со поддршка на трновскиот патријарх Симеон, охридскиот архепископ Никола и монасите од Хиландар, на 16 април 1346 година во Скопје бил закажан Собор. На Соборот во црквата Св. Богородица Душан бил крунисан за цар, а неговиот син Урош бил прогласен за крал.[420]

По повод крунисувањето на Душанза цар католичката црква Св. Никола во Бар од него добила подарок во висина на 200 перпери само за тековната година од данокот што му го плаќале дубровничките власти. Додека пак српскиот манастир во Ерусалим како дар по повод крунисувањето на Душан го добил Стонскиот данок што го плаќале дубровничките власти, исто така само за тековната година.[421]

Венеција испратила пратеништво кај Душан за да го придобијат да се вклучи во сојузот на Венеција за војна против Џенова и Унгарија. Пратеништвото било составено од венецијанци и дубровчани.[422] Царот Душан ја прифатил понудата на Венеција и како резултат на тоа, Србија и Венеција започнале војна против Унгарија.[423] Меѓутоа Душан за кратко време ги прекинал военте активности и склучил мировен договор со Унгарија. Тој преку Дубровник во месец јуни 1346 година испратил пратеници и се обидел да посредува за склучување мир помеѓу Венеција и Унгарија. За таа цел дубровничките власти им дале галија на пратениците на Душан кои се упатиле во Венеција.[424] Преговорите не биле успешни, а договорот за мир бил постигнат две години подоцна, односно на 5 август 1348 година.[425]

---

419 Р. Радић, Срби пред градом Св. Димитрија? (Једна алузија Димитрија Кидона у „Монодији аплима Солуна"), ЗРВИ, XXXIX, 221-224.

420 ВИИНЈ VI, 262, белешка: 120; ИСН I (Б. Ферјанчић), 523; К. Јиречек, Историја Срба I, 221; Љ. Максимовић, Грци и Романија у српској владарској титулатури, ЗРВИ XII, 61-78; С. Пририватић, Улазак Стефана Душана у царство, ЗРВИ XLIV/II, 383-405.

421 М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 52; К. Јиречек, Историја Срба I, 222-225.

422 S. Ljubić, III, 115, 119, 143, 160.

423 П. Мрковић, Односаји између Србије и Угарске (1331-1355, 34-36; M. Ivanović, B. Stojkovski, Reka Sava kao granica između Srbije i Ugarske u srednjem veku, 89-93.

424 V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808 I, 92.

425 N. Klaic, Povjest Hrvata u razvijenom srednjem vijeku, 619; П. Мрковић, Односаји између Србије и Угарске (1331-1355), 37; С. Ћирковић, О јендој српско-угарској алијанси ЗРВИ XLIV, 411-414, 417; J. Калић, Београд у средњем веку, 75; M. Ivanović, B. Stojkovski, Reka Sava kao granica između Srbije i Ugarske, 91-93.

На 26 октомври 1346 година во дубровничката канцеларија било евидентирано писмо на цар Душан со кое ги известил дубровничкиот кнез Леонардо Моченигo[426] и властите во градот дека соодветниот данок во висина од 2000 перпери требало да му биде исплатен на празникот Св. Димитриј. Душан го овластил венецијанецот Павле Марков Квирин да го подигне „Светодимитарскиот приход“ од Дубровник како и предвидените стоки кои што Царството ги одзело од него. Душан ги замолил дуборничките власти, доколку биле во можност, утврдената сума од данокот да му ја исплатат на Павле пред истекот на рокот за исплата.[427]

На Соборот во Сопотница на 14 јуни 1347 година цар Душан издал повелба за Орсо Чревиќ (лат. Orso de Çereva). Заедно со повелбата Душан испратил и писмо, како што имало пракса, кога станувало збор за закуп на царина. Со издавањето на повелбата Душан ги известил дубровничките власти, кнезот Филип Бруно (лат. Phylippo Horio),[428] судиите и патрицијатот, дека Орсо Чревиќ, кој заедно со неговиот син и браќа држеле под закуп царина на пазарите во неговото царство, го исплатиле својот долг и не му останале должни.[429]

На 1 август 1347 година во Призрен цар Душан издал уште една разрешница составена од повелба и писмо за дубровничките трговци Никола Лукаревиќ (лат. Nicola de Lucari) и Марин Гучетиќ. Писмото во Дубровник го донел српскиот властелин Пуљко (сло. Пγлѥка) кој бил овластен од Душан. Царот Душан ги известил дубровничкиот кнез Филип Бруно, судиите и општината дека Никола Лукаревиќ и Марин Гучетиќ го исплатиле својот долг од закупот на пазарите во Рудник, Зета, Призрен, Валона и други долгови и повеќе не му биле должни.[430] Потоа на 6 август 1347 година цар Душан издал

[426] Леонардо Моченигo бил венецијански властелин, а функцијата дубровнички кнез ја извршувал во период од 1345 до 1347 година. (Н. Порчић, Писма Немањића владара дубровчанима о подизању Светодмитарског дохотка, ССА VII, 25).

[427] Monumenta Ragusina I, 212-213; Н. Порчић, Писма Немањића владара Дубровчанима о подизању Светодмитарског дохотка, ССА VII, 17-19; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 229-230.

[428] Филип Бруно бил венецијански властелин кој ја извршувал функцијата дубровнички кнез.

[429] К. Јиречек, Српски споменици, 27, бр. 9; Diplomatički zbornik XI, 371-372, бр.282; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 230-231; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 279.

[430] Повелба: К. Јиречек, Српски споменици, 28, бр. 106; Diplomatički zbornik XI, 383-385, бр. 290; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 56-57; 232-233; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 48; Н. Порчић, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних

уште една разрешница составена од повелба и писмо за дубровничките трговци Никола Лукаревиќ, Марин Држиќ и Домањ Гољебиќ за закупот на царината на пазарот во Валона.[431] Душан ги известил дубровничкиот кнез Филип, судиите и општината во Дубровник дека дубровничките трговци Никола, Марин и Домањ го исплатиле својот долг за царината на пазарот во Валона што го држеле две години.[432]

Во последните години на петтата деценија на XIV век настапил тежок период за дубровчаните како и за голем дел од европското население поради чумата од која настрадало 1/3 од населението на европскиот континет.[433] И покрај лошите услови за живеење и загубите со кои се соочувале, дубровничките власти го исплатиле на србите „Светодимитарскиот приход" за 1347 година. Сумата ја подигнал внукот на поранешниот венецијански дужд Бартоло Граденик.[434]

Во Призрен на 29 април 1348 година царот Душан издал повелба за манастирот Св. Архангел во Ерусалим.[435] Со повелбата на монасите од манастирот Св. Архангел, Душан ми го дал правото да го подигаат и трајно да го добиваат т.н. „Стонски данок" од Дубровник во висина од 500 перпери на Велигден. Исто така како свој посед го добиле манастирот Св. Никола на островот Врање на Скадарското езеро. Овој документ бил сочуван како препис во три примероци.[436]

---

документата, 277; М. Динић, Хумско-требињска властела, Посена издања: ССССхXVIII, књ.54 САНУ, 75. Писмо: К. Јиречек, Српски споменици, 27, бр. 10; Повеље и писма I-1, 56-57, бр. 61; Diplomatički zbornik XI, 383-385, бр. 290; Ђорђић, Историја, 326, сл.230; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 48; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 232-233; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 279.

[431] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 62.

[432] Повелба: К. Јиречек, Српски споменици, 29, бр. 11; Diplomatički zbornik XI, 386-387, бр.292; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 234-235; Истиот, Дипломатички обрасци, 279. Писмо: К. Јиречек, Српски споменици, 29, бр. 11; Diplomatički zbornik XI, 386-387, бр.292; Повеља и писма I-1, 62, бр. 57; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 48; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 235-236; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 279.

[433] M. Pijović, Pojava velike epidemije kuge u 14. Stoljeću i njene reperkusije na prostoru Europe i dijelovima istočnog Jadrana s naglaskom na Dubrovnik, Zbornik radova Društva studenta povijesti „Ivan Lučić-Lucius" V, sv.8-9, 31-40.

[434] М. Динић, Дубровнички трибути, 721 (Div. Canc. 15 fol. 47, 27. X 1347).

[435] Овој документ бил сочуван во три преписи. Monumenta serbica, 133-135, бр. 116,1; Законски споменици, 706-709, (прв и втор); Одбрани споменици, 149-151, бр.71 (трет); В. Мошин, Повеље цара Стефаана Душана, 15-21, (сите три); Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 54-58 (сите три); Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 236-243 (сите три).

[436] За автентичноста на преписите и периодот на настанување на повелбата и преписите подетално види кај: К. Јиречек Dohodak stonski, 539-542; В. Мошин, Повеља цара Стефана Душана,12-13; Славева-

Кон крајот на септември 1348 година царот Душан испратил писмо до дубровничките власти. Во писмото ги известил: дубровничкиот кнез Филип, судиите и општината, дека Лавре Вукасовиќ, Марин и Живе Гучетиќ му го исплатиле долгот за закупот на царина на рударскиот пазар во Рудник.[437] Во ова писмо меѓу другото се наведува повелбата која што била издадена на почетокот на декември 1348 година. Воопшто не е вообичаено прво да биде испратено писмо од септември, а во него да се спомене повелба издадена во декември 1348 година. Имено со датум од 8 декември 1348 година Душан ја издал повелба за дубровничките трговци за закуп на царината на пазарот во Рудник.[438] Н. Порчиќ за писмото од септември 1348 и повелбата од 8 декември 1348 година дава свое мислење во насока на решавање на дилемата. Авторот смета дека или постоела грешка датирањето во дубровничките преписи или како и за наредните два преписи била дадена таква наредба од протовестијарот во Дубровник, а уште во текот на претходниот месец царот веројатно дал согласност.[439]

Како и во претходниот случај Душан испратил друго писмо до дубровничките власти во септември 1348 година.[440] Со писмото царот ги известил дубровничкиот кнез Филип, судиите и општината дека Марко Васиљевиќ (сло. Марко Василѥвикь) го платил својот долг за закупот на пазарите во Ново Брдо и Призрен. Овие пазари Марко ги имал закупено заедно со браќата Мате Журговиќ и Степан Журговиќ. На 12 октомври 1348 година Душан ја издал повелбата за Марко Васиљевиќ за закупот на царината на пазарите во Ново Брдо и Призрен.[441] Покрај издавањето на разрешниците за дубровничките трговци

---

Мошин, Српски грамоти 54; Ђ. Бубало, Фалсификована повеља цара Стефана Уроша о Стонском дохотку, ССА II, 99-112; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 62, 114-115, 236-243.

[437] Споменици српски II, 19, бр.23; (дополнување и исправка: К. Јиречек, Споменици српски, 100-101); Diplomatički zbornik XI, 507-508, бр. 387; Повеље и писма I-1, 58-59, бр. 65; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 50; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара,57, 243-244; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 279

[438] Споменици српски II, 19, бр.23; (дополнување и исправка: К. Јиречек, Споменици српски, 100-101); Diplomatički zbornik XI, 507-508, бр. 387; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 244-246; Истиот, Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, 279.

[439] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 245-246.

[440] Споменици српски II, 18, бр.22, (дополнување и исправка: К. Јиречек, Споменици српски, 100); Diplomatički zbornik XI, 503-504, бр. 384; Повеље и писма I-1, 58, бр. 64; Ђорђић, Историја, 427, сл. 231; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 246-247.

[441] Споменици српски II, 18, бр.22, (дополнување и исправка: К. Јиречек, Споменици српски, 100); Diplomatički zbornik XI, 503-504, бр. 384; Повеље и писма I-1, 57-58, бр. 63; Ђорђић, Историја, 427, сл. 231; Л.

Душан до почетокот на ноември 1348 година успешно ги завршил освојувањата кон југ во Тесалија.[442] За подигнување на „Светодимитарскиот приход“ за 1348 година Душан го овластил извесен Граденик.[443]

Во областа Плевља значајно трговско место била Брезница. Таа прв пат се спомнува во еден трговски договор склучен во Дубровник на 9 ноември 1348 година во кој се спомнува Брајан Богдановиќ (лат. Brayn Bogdanovich de Bresnica) од Брезница.[444] Во Брезница постоел пазар на кој доаѓале трговци од сите краишта.[445] Во близина на Плевља се развивало Приеполе кое се наоѓало на патот кој водел кон Скопје и Солун. Во близина на Приеполе бил манастирот Милешево, кој исто така бил значаен трговски центар во овие предели.[446]

Во овој период цар Душан за управник во областа Зета го испратил Вукша, додека управител на Требиње, Конавље и Драчевица бил поставен Углеша. Бидејќи на почетокот од своето владеење Душан немал наследник, а по крунисувањето за цар неговото царство било поделено на т.н. „кралски земји“ (старите области околу Рашка) и „царски земји“ (новите области освоени од Византија познати како „Романија“), се чини дека неговиот наследник Урош ги добил на управување т.н. „кралски земји.“[447]

Поради потребата за уредување на внатрешните работи во Царството на 21 мај 1349 година на соборот во Скопје бил донесен првиот дел од Душановиот законик со 135 членови. Другиот дел од законикот биле донесен 1354 година на соборот во Сер.[448]

---

Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 48-49; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 247-249.

[442] За владеењето на Душан во Тесалија (1348-1355) подетално види: Б. Ферјанић, Тесалија у XIII и XIV веку, Византолошки институт САНУ, посебна издања књ. XV, 227-237.

[443] М. Динић, Дубровнички трибути, 721 (Monumenta Ragusina II, 54).

[444] Historijski arhiv u Dubrovniku (HAD), Diversa Cancellariae 16 fol. 8; Р. Ћук, Два стара трга у Полимљу, 40; Р. Ћук, Пљевља и Пљњвљански крај у Дубровачкој архивској грађи, Гласник Завичајног музеја, књ. I, 57.

[445] Р. Ћук, Два стара трга у Полимљу, ИЧ XXIX-XXX, 1982-1983, 39-42.

[446] С. Ћирковић, Пријепоље у средњем веку, Симпозијум Сеоски дани Сретена Вукосављевића III, Пријепоље 1976, 213; М. Благојевић, О положају становништва пријепољског краја у доба Немањића, Симпозијум „Сеоски дани Сретена Вукосављевића, III, 225-234; Ђ. Петровић, Прилог познавању Пријепоља у касном средњем веку, Симпозијум “Сеоски дани Сретена Вукосављевића” VIII, 1980 Пријепоље, 158; Р. Ћук, Тоболчаревићи-Дубровчани пореклом из Пријепоља, ИГ 1-2, 19-29.

[447] С. Ћирковић, Историја Црне Горе 2/1, 75; ИСН I (Б. Ферјанчић), 530-535.

[448] За Душановиот законик види: А. В. Соловјев, Законодавство Стефана Душана цара Срба и Грка, Скопље, 1928; Т. Тарановски, Душанов законик и Душаново царство, Нови Сад, 1926; Н. Радојчић, Душанов законик, Београд, 1953; Б. Марковић, Душанов законик, Београд, 1986.

На 17 септември 1348 година Големиот совет во Дубровник донел одлука да испрати двајца свои пратеници во Венеција за да ги изнесат сите непријатности и потешкотии што ги имале дубровничките трговци на просторот на српското царство. Подготовките за пратеништвото траеле дури до почетокот на следната година. Најпосле кон крајот на март 1349 година дубровничкото пратеништво пристигнало во Венеција.[449] За краток временски период венецијанските власти одлучиле да испрат заедничко пратеништво дубровничаните и да се упатат кај царот Душан. Маркизот Никола Ѓорѓи[450] бил избран за предводник и член на венецијанскиот дел од пратеништвото на 23 април 1349 година.[451] Дубровничките пратеници заедно со маркизот Никола пристигнале во Дубровник кон средината јуни. Кога била донесена одлука за избор на дубровнички членови во пратеништвото и кога тие заедно се упатиле кај Душан нема сочуван податок. Се смета дека заедничкото дубровничко-венецијанско пратеништво на дворот на цар Душан пристигнало пред почетокот септември 1349 година. Периодот на пристигнување на пратеништвото се определува врз основа на писмото кое го испратил маркизот Никола од Српското царство до венецијанските власти кое било прочитано на состанокот на Малиот совет одржан на 13 септември 1349 година. Во периодот кога пратеништвото престојувало на дворот на Душан, Сенатот во Дубровник донел одлука да испрати писмо до своите пратеници преку кое веднаш ги известил за новонастанатата ситуација во Требиње и неприликите преедизвикани од српскиот властелин Страхиња.[452] На 20 септември 1349 година во Ново Брдо, маркизот Никола и тројцата дубровчани: Марин Буниќ, Симон Бенешиќ (лат. Syme Pancratii de Benessa)[453] и Живе Чревиќ (лат. Giue de Çereva)[454] добиле од Душан две повелби и договор за исплата на долгови.[455]

---

[449] Monumenta Ragusina II, 38; Д. Јечменица, Хрисовуља цара Стефана Душана Дубровчанима са два пратећа акта, ССА XI, 33-34.

[450] Подетално за Никола Ѓорѓи види: К. Јиречек, Историја Срба I, 227; Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, 72-73, 169-171; С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потрђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, 170-171.

[451] Monumenta Ragusina II, 38-40, 58-59; S. Ljubić, Listine III, 146; Р. Ћук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 72; V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 93; Д. Јечменица, Хрисовуља цара Стефана Душана Дубровчанима са два пратећа акта, ССА XI, 34.

[452] Monumenta Ragusina II, 79-80; S. Ljubić, Listine III, 161-162; Д. Јечменица, Хрисовуља цара Стефана Душана Дубровчанима са два пратећа акта, ССА XI, 33-34.

[453] Симон Бенешиќ бил дубровнички властелин и трговец. Заедно со своите браќа бил дел од трговско друштво. Краток временски период по дипломатската активност кај цар Душан тој починал. (И.

Во продолжение на овој труд трите документи ќе бидат одделно обработени. Со првата повелбата што ја издал Душан на дубровчаните им ги потврдил претходно добиените права и им ги потврдил општите одредби за слободно движење на трговците со стока во „царската“ и „кралска“ земја.  Никој не смеел да им одземе стока, а доколку тоа би се случило предвидено било сторителот да плати казна. Дубровнчките трговци имале право слободно да вршат трговија со соседните земји преку територијата на Царството, но единствено им било забрането да пренесуваат оружје кај Бугарите, во Бесарабија, кај Унгарците, во Босна, кај „Грците“ (Ромеите), со исклучок на српската држава. Во случај да биде пронајдено оружје кај дубовничките трговци требало да им биде одземено. Потоа било нормирано да не им се наплатува царина во Требиње на дубровничките трговци кои се движеле кон Дубровник или кои од Дубровник се упатувале кон Царството. Во продолжение Душан им го потврдил правото на дубровчаните за мешовити судови во една судска постапка. Биле наведени дополнителни прописи за плаќање царина и за купување на коњи од други држави. Рокот за напуштање на Царството на дубровничките трговци во случај на меѓусебна војна, бил продолжен од три месеци на шест месеци пред почеток на војната. Душан им го потврдил правото на дубровничките и венецијаските трговци доколку некој брод доживеел несреќа на море и допловил до српскиот брег, ништо да не им се одзема. Дубровничките трговци биле обврзани да плаќаат царини во Царството чија висина била утврдена од претходните владетели. Душан во оваа повелба вклучил една одредба која се однесувала на Стон, а која во претходните повелби ја немало. Имено било предвидено дубровничките власти да ги вратат назад сите поданици кои од Царството заминале во Стон по отстапувањето на „Стонскиот рат“ на дубровчаните. Доколку дубровчаните влегле во меѓите од неговото Царство и таму посадиле лозје, тие меѓи да му бидат вратени на Душан. На дубровничките власти им било забрането да земаат или да даваат влог од „царската“ и „кралска“ српска властела. Доколку некој ги прекршил овие

Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 128; С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потрђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, 171).

[454] Подетално за Живе Чревиќ види: И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 462; С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потрђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, 170-171.

[455] Р. Ђук, Србија и Венеција во XIII и XIV век, 72; Д. Јечменица, Хрисовуља цара Стефана Душана Дубровчанима са два пратећа акта, ССА XI, 34.

одредби бил принуден влоготшто го земал да го врати.[456]

Втората повелба што ја издал цар Душан се однесувала на царината во Требиње. Душан по барање на пратеништвото ја укинал царината во Требиње. Во продолжение било нормирано на дубровничките трговци да не им се наплаќа царина на места каде претходно не била утврдена таква давачка. Требало слободно да минуваат без да им биде нанесена штета, а доколку некој ги прекршел ваквите одредби се предвидувало да му биде одземен имотот и истиот да биде казнет.[457]

Третиот документ што го издал Душан при посета на пратеништвото се однесувал на меѓусебните долгови. Со овој договор Душан се обврзал дека ќе го исплати долгот на дубровчаните во висина од 7700 венецијански перпери и штетата во висина од 1600 венецијански перпери нанесена на бродот во Зета. Долговите што ги имале Душан заедно со царицата Елена во висина од 9287 венецијански перпери предвидено било да бидат исплатени во рок од три години. Душан го утврдил начинот и местата од каде што дубровничките власти требало да ги подигнат паричните средства. Утврдено било по 500 перпери од царината на Св. Срѓ секоја година во период од три години српските власти да платат на дубровчаните, потоа по 2000 перпери секоја година од царината во Зета во период од три години и 600 перпери секоја година од царината во Призрен во период од три години.[458]

Покрај тоа што главно се сочувани податоци во областа на економијата во овој период се јавуваат ретки податоци за нивните меѓусебни политички односи. Покрај тоа што располагаме со податоци во областа на економијата, во овој период имаме неколку поединечни податоци за нивните политички односи. Имено станува збор за еден податок каде Јуниј Каличиќ (лат. Junius de Calich) се спомнува како дубровнички пратеник кај

---

[456] Србскіи споменицы, 52-54, бр. 43; Monumenta serbica, 146-149, бр. 127; Законски споменици, 169-172; Diplomatički zbornik XI, 547-550, бр. 417; Одбрани споменици, бр. 69; Повеље и писма I-1, 59-64, бр. 66; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 50-51; Д. Јечменица, Хрисовуља цара Стефана Душана Дубровчанима са два пратећа акта, ССА XI, 38-42; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 249-253.

[457] Monumenta serbica, 153-154, бр. 135; Законски споменици, 168-169; Повеље и писма I-1, 65, бр. 67; Д. Јечменица, Хрисовуља цара Стефана Душана Дубровчанима са два пратећа акта, ССА XI, 44-47; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 253-254.

[458] С. Новаковић, Хрисовиља Душанова, 286; Законски споменици, 172-173; Одбрани споменици, бр. 73; Повеље и писма I-1, 65-66, бр. 680; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 52-53; Д.

Душан во месец февруари 1350 година.[459] Потоа се дознава дека се дознава дека на 13 април 1350 година дуборовчанецот Михаел Буќа бил испратен како српски пратеник во Венеција.[460] Поради недостаток на дополнителни информации, овие нивни меѓусебни односи засега остануваат не објаснети.

Накратко да го проследиме воено-политичкиот контекст на тоа. Западните делови од Српското царство биле воено загрозени од нападите на босанскиот бан Стјепан, кој со својата војска навлегол во областа Хум. Венеција се обидела да посредува помеѓу Душан и Стјепан за склучување мир помеѓу двете страни. По неуспешните преговориза склучување мир во септември 1350 година Венеција ги повлекла своите пратеници.[461] Во октомври Душан започнал воен поход во областите кои му биле одземени од босанскиот бан Стјепан во Хум. Душан навлегол до Долна Неретва и испратил помош до неговата сестра Елена, која била во брак со Младен III Брибирски, господар на Омиш, Клис и Скрадин.[462] На 6 октомври 1350 година венецијански пратеници започнале нова дипломатска активност за посредување помеѓу Душан и Стјепан. Според В. Фотиќ, венецијанците стравувале при походот Душан да нѐ го освои „Стонскиот рат“.[463] Опасноста на која предупредила Венеција била основана, бидејќи градот Дубровник бил во тешка положба поради чумата која што предизвикала огромна штета и нереди во градот.[464] Меѓутоа до освојување на „Стонскиот рат“ сепак не дошло, бидејќи Душан во текот на српско-босанската војна одржувал добри односи со дубровничките власти. Впрочем тоа се потврдува со повелбите кои што Душан често ги издавал на дубровчани, но и со неговата посета на градот по завршување на војната против Стјепан, за што расправаме подолу. Поради веста што ја добил Душан за нападот на Кантакузин на

---

Јечменица, Хрисовуља цара Стефана Душана Дубровчанима са два пратећа акта, ССА XI, 48-50; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 254-255.

[459] Monumenta Ragusina I, 226; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 169.

[460] S. Ljubić, Listine odnošajih izmedju Južnoga slavenstva i Mletačke Republike, 174-175; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 165.

[461] К. Јиречек, Историја Срба I,226-227; ИСН I, (С. Ћирковић, Р. Михаљчић), 549; С. Ћирковић, Историја средњовековне Босанске државе, 119-120; С. Мишић, Хумска земља у средњем веку, 63.

[462] Š. Ljubić, Listine III, 75, 82, 98; М. Благојевић, Србија удоба Немањића, 174; С. Мишиќ, Хумска земља у средњем веку, 63.

[463] V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808 I, 93.

[464] К. Јиречек, Историја Срба I, 227.

неговото Царството,[465] тој решил предвреме да го заврши походот против Стјепан и да се врати назад. При повлекувањето кај Душан пристигнало дубровничко пратеништво составено од шест членови. Пратеништвото официјално го поканило Душан заедно со неговата фамилија и со придружба од околу стотина негови блиски соработници да го посетат градот Дубровник. Душан ја прифатил поканата и со две воени галии под заповедништво на Савин Бондиќ се упатил во Цавтат од каде биле пренесени во градот. На 15 ноември 1350 година Душан ја започнал посетата на Дубровник.[466] Дубровчаните му приредиле свечен дочек. За време на посетата Големиот совет ги овластил дубровничкиот кнез и Малиот совет на Душан да му се предадат четворицата „словени" (срби) што биле предадени од Страхиња. Воедно дубровничките власти побарале од Душан да им го отстапи долниот дел од земјиштето во Жупа, но барањето не било прифатено. За време на престојот во Дубровник Душан, заедно со својата фамилија посетил неколку католички цркви на кои им оставил вредни дарови. Потоа преку градот Котор Душан се упатил кон Македонија за да се подготви за одбрана на својата територија. Повлекувањето на Душан го искористил Стјепан и за краток временски период успеал повторно да ги освои Долна Неретва, западниот дел од Хум, додека борбите за источниот дел продолжиле во наредните две децении.[467]

[465] При овој поход, византискиот император Јован Кантакузин успеал да ги освои Бер (Верија) и Воден (Едеса).

[466] Преводи: Мавро Орбини, Краљевство Словена, превео З. Шундрица, 36-38, 306-307 (издание 2006; 36-38, 320-321); Mavro Orbini, Kraljevstvo Slavena, prevela S. Husić, 327-328.

[467] Monumenta Ragusina II, 111-112; J. Tadic, Promet putnika, 44-45; М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 52.V. Foretic, Povijest Dubrovnika do 1808, I, 93; К. Јиречек, Историја Срба I, 227; ИСН I, (С. Ћирковић, Р. Михаљчић), 549-551; С. Мишић, Хумска земља у средњем веку, 63.



*Слика бр. 1 Доаѓањето на цар Душан во Дубровник.**

Есента 1350 година Душан се упатил кон Солун и му испратил пратеници на Кантакузин со предлог да остварат средба и да го обноват мирот. Средбата меѓу Душан и Кантакузин се остварила во близина Солун. Постигнатиот договор договорот предвидувал Византија да ги задржи областите: Тесалија, Акарнанија, Сервија (ден. Серфиџе), потоа градовите: Верија, Воден, Гинекастро и Мигдонија и областите околу реката Струма до градот Сер, а Српското царство: Зихна, Сер, Мелник, Струмица, Костур и други градови и села во Македонија. Набргу по средбата Душан еднострано го раскинал договорот и започнал со освојувања во близина на Солун. По овие настани во Византија започнала нова Граѓанска војна помеѓу Јован Кантакузин и Јован V Палеолог кој во тоа време престојувал во Солун. Пролетта 1351 година императорот Јован испратил пратеници кај Душан за склучување воен сојуз за борба против Кантакузин. Сојузот бил склучен и Душан му ветил на Јован дека ќе му помогне да се врати на цариградскиот престол. Во овој период Душан испратил пратеници кај турскиот-османлии султан Орхан I (1323-

*Автор на сликата е Марко Мурат (1864-1944). Оргиналната слика денес се чува во Народниот музеј во Белград, Р. Србија. Точниот датум на создавање на делото не е познат.

1362), а потоа и Охран I испратил свои пратеници кај Душан за склучување на сојуз и династички брак, но договор за сојуз помеѓу двете страни не бил постигнат.[468]

Во продолжение се осврнуваме на рудниците кои веројатно биле во функција на просторот на Македонија во време на Душан или дури од претходниот период. На 9 км оддалеченост од Гостивар во селото Србиново се смета дека постоела рудничка населба каде што се обработувала железна руда (локалитет: Кале Ѕвезда, Град Трново). На 14 км југо-источно од Србиново, се наоѓа селото Србица (Арангел), исто така рударска населба. Во Порече, поконкретно во Звечан, Косово, Ковач, Девич, Самоков и Требовље работеле српски рудари. Покрај овие населени места постоеле рударски тврдини. Според археолошките истражувања на овие простори биле откриени српски и венецијански монети. Како рударски места или тврдини познати се: Демир Хисар (Железно), Дебрица, Бучин, Добрун, Железнец (Сидерокастрон). Со археолошките истражувања на средновековните тврдини Железнец, Каваларион и Белица, една каде своевремено постоеле рударски населби биле откриение венецијански монети.[469] Други значајни рудници во Македонија биле Осогово и Злетово. Од рудникот во Злетово се експлоатирала и златна руда.[470] Злетово и Злетовскиот басен започнале рударски да се развиваат по освојувањата на кралот Милутин од 1282 година. Поради развојот на рударството во Злетово започнала да се развива трговијата со рудни богатства. Во Злетово имало пазар, а дел од приходите во висина од 100 перпери годишно ги добивал злетовскиот епископ, односно манастирот во Лесново.[471] Исто така и на овој простор биле пронајдени поголем број на српски и венецијански монети кои посредно сведочат за одвивање на трговија во Злетово. Ваков тип на монети биле откриени и во други рударски тврдини, и тоа: Чемрен и Живојно во Битолскиот крај, во Просек на р. Вардар, Шопур кај Радовиш, Чрешче на долна Брегалница и други места. И. Микулчиќ смета дека голем број на тврдини во Македонија биле поврзани со рударство. Тврдините кои во претходниот период имале воена функција во овој период го загубиле своето значење. Со

[468] ВИИНЈ VI, 537-540; ИСН I, (Р. Михаљчић), 552; А. Атанасовски, Балканот и Македонија во политичките преговори и договори помеѓу Византија, Србија и Бугарија во првата половина на XIV век. ГЗФЗФ Скопје, 22(48), 234; Истиот, Македонија во XIV век, 53.

[469] И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија,62, 153, 180-181, 198-200.

[470] К. Јиречек II, 173-176; И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија, 63.

[471] С. Новаковић, 454,678; И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија, 269-270.

територијалните проширувања што ги направил Душан границата била поместена кон југ, така што,дотогашните погранични тврдини го загубиле своето значење како центри за организирање на воени походи.[472] Како што проследивме погоре не постојат сигурни податоци за присуство на дубровнички трговци во рударски центри во Македонија, но пронаоѓањето на венецијански и српски монети на бројни локалитети посредно упатува за развој на рударството и трговијата во кое свое учество би требало да имале и дубровчаните.

Најраниот директен податок за присуство на дубровчани во Македонија го добиваме од венецијанскиот трговец Николето Контарини кој имал склучено неколку договори со дубровничките трговци Петар Мечетиќ и браќата Михо и Марин Буниќ во периодот од 1348 до 1352 година. Најголем дел од договорите што ги потпишале се однесувале за трговија со свила во Костур, Валона и Призрен. Во XIV век Призрен важел за центар за производство на свила за ткаенини. Сосема е извесно дека дубровничките трговци учествувале во трговија со свила.[473] Значаен податок за предметот на истражување е наведувањето на Костур како место од каде што дубровничките трговци тргувале со свила во почетокот на 1350 година.[474] Произлегува дека дубровничките трговци несомнено вршеле трговски активности во градот Костур по освојувањето на овие делови од Македонија за време на походот на Душан од летото 1343 година. При пренесување на стоката во Венеција, дубровчаните го користеле патот од Костур до Валона, а потоа ја товарале стоката на бродови и ја носеле до крајната дестинација.[475]

Значајно е да се наведе дека „Светодимитарскиот приход“ за 1351 година од Дубровник во висина од 2000 перпери го подигнал венецијанецот Франческо Ручини на 20 ноември 1351 година.[476]

На 13 февруари 1352 година се случила голема поморска битка помеѓу Џенова и сојузниците против Венеција и нејзините сојузници на Босфорот која го предодредила

---

[472] И. Микулчиќ, Средновековни градови и тврдини во Македонија , 63, Види табела, 132-134.

[473] Div. can., 15, f. 102. 4. IV 1348; Div. can., 15, f. 120. 12. VII 1348; Div. can., 16, f. 70. 15. IV 1349; Div. can., 12, f. 316. 29. III 1350; Div. can., 17, f. 17. 16. I 1352; Div. can., 17, f. 54. 17. VIII 1352; (Р. Ћук, Извос свиле и из Дубровника у Венецију у XIV веку, ИЧ XXVIII/1, 21).

[474] Div. can., 12, f. 316. 29. III 1350.

[475] Г. Шкриванић, Путеви у средњовековној Србији, 77. Овој пат бил користен од Боемунд Тарентски за време на Првиот крстоносен поход од 1096 година. Патот врвел јужно од Валона, преку долината на р. Дринос (лат. Dhrino) до градот Костур.

текот на идните настани кои имале влијание како на Дубровник така и на Српското царство.[477] По краткотрајни неуспешни обиди на Ана Савојска и Кантакузин да го одвратат императорот Јован V од намерата да склучи сојуз со Душан, есента 1352 година започнала војната помеѓу Јован и Матеј Кантакузин. Во војната се разбира дека Душан се нашол на страна на својот сојузник Јован. Поради добрите меѓусебни односи и помошта која му ја дале Србите, Јован во издадената повелба за манастирот Хиландар меѓу другото му ја признал царската титула на Душан, секако ограничена само на просторот на неговото. Во контекст на Граѓанската војна во Византија се случила одлучувачка битка кај Димотика. Јован Кантакузин заедно со своите сојузници Турците-османлии оствариле победа над здружените војски на Јован V Палеолог, Српското царство и бугарскиот владетел Александар.[478] Истата година Турците-османлии ја освоиле тврдината Цимпе на Галиполскиот Полуостров и за прв пат освоиле дел од балканското и европското тло.

Во дубровничката канцеларија под датум 30 март 1352 година било заведено писмо од цар Душан до дубровничките власти.[479] Душан секако писмото го испратил пред 30 март 1352 година од Слани Дол. Со писмото Душан ги известил дубровничките власти дека извесен појас во сопственост на кнезот Вратко оставен како влогот кај дубровчанецот Марин Буниќ требало да му се врати на кнезот Вратко. Од содржината на писмото може да се забележи дека влогот кај Марин Буниќ го оставил Никола Калкаши кој бил овластен од кнезот Вратко. Во писмото Душан инсистирал влогот да му биде даден на пратеништвото кое што тој го испратил. Веројатно писмото било претставено пред дубровничките власти и истиот ден заведено во дубровничката канцеларија. Бидејќи царот Душан побарал влогот да му биде даден на пратеништвото, можеби писмото било донесено лично од кнезот Вратко. По барање на кнезот Вратко, Душан бил принуден да се вклучи со својот авторитет и да гарантира пред дубровничките власти дека Никола Калкаши бил спречен да го врати долгот и да го подигне влогот од причина што бил на пат кон Венеција. Бидејќи неколку пати претходно кнезот Вратко без успех се обидел да

[476] М. Динић, Дубровнички трибути, 721 (Div.Canc. 17 fol. 8, 20, XI, 1351).

[477] ВИИНЈ VI, 283-284.

[478] К. Јиречек, Историја Срба I, 230; Г. Острогорски, Историја Византије, 492; ИСН I, (Р.Михулчић), 553, белешка: 29; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 54.

го подигне влогот, овојпат тој со помош на Душан успеал да ги убеди дубровничките власти да влијаат врз Марин Буниќ да прифати да го врати влогот на сопственикот.[480]

Душан бил свесен за моќта и опасноста од османлиите и поради тие причини, барал сојузници кај европските држави на запад за борба против нив. Летото 1354 година Душан испратил пратеници кај папата Инокентиј VI (1352-1362). Дел од пратеништвото го сочинувале: дворскиот судија Божидар, Гркот Нестонг од Сер и Дамјан од Котор.[481] За склучување на сојуз Душан нудел и црковна унија.

Кон средината на 1354 година Душан веќе се наоѓал во војна против унгарскиот крал Лудвиг I (1342-1382) во близина на Белград. Пограничните области за запад со градовите Клис и Скрадин ги управувала Елена Шубиќ, сестрата на Душан. Меѓутоа Ѓураш Илиќ на 10 јануари 1355 година го предал градот Скрадин на Венеција. До крајот на есента 1355 година Душан успешно ги одбивал нападите од страна на унгарскиот крал.[482]

Во почетокот на февруари 1355 година царот Душан од градот Сер испратил писмо до дубровничките власти. Во писмото Душан ги известил дека го овластил властелинот Никола Паштровиќ и калуѓерите кои би пристигнеле со него да го подигнат влогот на дубровчанецот Марин Гучетиќ за манастирот Св. Архангел во Ерусалим.[483]

Кон крајот на својот живот, на 5 декември 1355 година, Душан издал повелба за дубровчанецот Марин Гучетиќ (лат. Marinus Clementis de Goçe)[484] под Бер.[485] Повелбата за

---

[479] Споменици српски II, 20, бр.25, (дополнување и исправка: К. Јиречек, Споменици српски, 101); Diplomatički zbornik XII, 84-85, бр. 59; Повеље и писма I-1, 66, бр. 69; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 53; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 255-257.

[480] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 61-62.

[481] М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 60; К. Јиречек, Историја Срба I, 233.

[482] К. Јиречек, Историја Срба I, 235-236; ИСН I, (Р. Михаљчић), 556.

[483] Споменици српски II, 21-22, бр.26, (дополнување и исправка: К. Јиречек, Споменици српски, 101); Diplomatički zbornik XII, 280, бр. 209; Повеље и писма I-1, 67, бр. 70; Л. Славева-В. Мошин, Српски грамоти од Душаново време, 53; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 62, 257-258; М. Динић, Хумско-требињска властела, Посена издања: CCCCxXVIII, књ.54 САНУ, 62.

[484] Марин Гучетиќ бил дубровнички властелин и трговец. Од 1347 година започнал со закуп на пазарите на просторот на Срското царство заедно со Никола Лукаревиќ. Бил зет на Никола Буниќ. На 29 септември 1349 година бил избран за член на Малиот совет; 28 септември 1350 година бил избран за член на Сенатот; 29 септември 1351 година бил избран за судија; 29 септември 1352 година повторно бил избран за член на Малиот совет. Мандатот како член на Малиот совет му завршил до крајот на септември 1353 година. Во почетокот на 1354 година престојувал на дворот кај Душан. (Diversa Cancellariae 12, fol. 325, 20. VI 1351; Diversa Notariae 7, fol. 3, 26. I 1352; fol. 28, 22. IX 1352; Monumenta Ragusina II, 81, 109, 132, 148; М.

Марин била издадена во вид на разрешница со која Душан го ослободил дубровничкиот трговец од судска одговорност. По смртта на протовестјарот Никола Буќа,[486] на истата функција на српскиот двор го наследил которјанинот Грубе Пасквал, додека пак него го наследил дубровчанецот Марин Гучетиќ. Од содржината на повелбата може да се потврди периодот кога Марин ја извршувал функцијата протовестијар на дворот на Душан. Се работи за периодот од средината на февруари 1355 година до 6 декември 1355 година (верскиот празник Св. Никола).[487] На 20 декември 1355 година царот Душан починал. Погребан бил во своето завештание, односно во манастирската црква Св. Архангели во близина на Призрен.[488]

Медини, Дубровник Гучетића (според регистарот); Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 240-247; Д. Јечменица, Повеља цара Стефана Душана за Дубровчанина Мароја Гучетића, ССА XII, 75-76).

[485] Споменици српски II, 23-24, бр.28, (дополнување и исправка: К. Јиречек, Споменици српски, 101); Законски споменици, 174-175; Diplomatički zbornik XII, 356-327, бр. 245; Повеље и писма I-1, 67-68, бр. 71; Д. Јечменица, Повеља цара Стефана Душана за Дубровчанина Мароја Гучетића, ССА XII, 70-71; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 258-259. За формулацијата *под Бер,* подетално види: Б. Ферјанчић, С. Ћирковић, Стефан Душан-краљ и цар (1331–1355), 146-147, 308; Д. Јечменица, Повеља цара Стефана Душана за Дубровчанина Мароја Гучетића, ССА XII, 77.

[486] За Никола Буќа подетално види: Д. Јечменица, Повеља цара Стефана Душана за Дубровчанина Мароја Гучетића, ССА XII, 68, белешка: 2.

[487] Д. Јечменица, Повеља цара Стефана Душана за Дубровчанина Мароја Гучетића, ССА XII, 67-69 белешка: 3.

[488] К. Јиречек, Историја Срба I, 234; ИСН I, (Р.Михулчић), 556.

## *Глава II*: **Српско-дубровничките односи до крајот на владеењето на династијата Немањиќи (1371)**

### 1. Дубровник и цар Урош V (1355-1371)

По смртта на Душан царскиот престол го наследил неговиот син Урош V (1355-1371). Урош V бил последниот цар на Српското царство и последен владетел од династијата Немањиќи. Добрите односи меѓу царството и градот Дубровник кои биле одржувани за време на владеењето на Душан продолжиле и во првите години од владеењето на Урош. Веднаш по преземањето на царската круна младиот Урош се соочил со внатрешни проблеми при функционирањето на централната власт што резултирало со отцепување на делови од територијата на неговото царство. Византискиот деспот Никифор II Орсини ја искористил смртта на кесарот Прељуб и во пролетта 1356 година ја освоил Тесалија, а подоцна и Епир.[489] Високите византиски благородници браќата Јован и Алексиј Палеолог ги освоиле Хрисопол и Анакторопол, а потоа и Христопол на брегот на Егејското море. Матеј Кантакузин презел поход во Серската област, но неговиот напад бил одбиен од царицата Елена.[490] Во почетокот на 1361 година во Браничево се одметнале и Растислалиќите.[491] По поразот што го претрпел од Никифор II, Симеон, полубратот на Душан, успеал да го освои градот Костур со околните места и да се прогласи за српски цар. Како претендент за царската круна што ја носел Урош V, Симеон презел поход кон северните делови на Српското царство, но не постигнал успех. Процесот на распаѓање на царството продолжил да се одвива си посилен интензитет и траел се до крајот на неговото владеење.[492]

Од друга страна дубровничките власти по долг временски период под врховна власт на Венеција, започнале преговори за признавање на врховната власт на унгарскиот крал Лудвиг I. Унгарското кралство во војната против Венеција успеало да стигне до брегот на Јадранското море и со склучување на Задарскиот мир да ја отстрани власта на

---

[489] Б. Ферјанић, Тесалија у XIII и XIV веку, 237-239. Никифор II Орсини бил зет на византискиот император Јован VI Кантакузин.

[490] К. Јиречек, Историја Срба I, 238; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 13, 56. ИСН I, (Р. Михаљчић), 567. Урош испратил помош до својата мајка во Серската област.

[491] М. Динић, Растислалићи. Прилог историји распадања српског царств, ЗРВИ II, 139-144; ИСН I, (Р. Михаљчић), 567.

[492] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 14.

Венеција од приморските градови. Во тој контекст градот Дубровник не бил исклучок. Дубровничките власти успеале да постигнат мировен договор со Лудвиг I на 18 февруари 1358 година во Вишеград. По потпишувањето на договорот Дубровник продолжил да се развива самостојно и поради својата зголемената политичка и економска моќ прераснал во Република (лат. Communitas Ragusina/Respublica Ragusina).[493] Меѓутоа, независно од преговорите што ги воделе дубровчаните со унгарскто кралство, српско-дубровничките односи зависеле од смирување на внатрешните немири и борбите за превласт во Србија кои се воделе по смртта на Душан.

Во почетокот на своето владеење Урош на дубровничките трговците им издал повелба за слободна трговија во градот Призрен. Во науката се уште се смета спорен датумот на издавање на повелбата, бидејќи во повелбата бил внесен само датумот: јануари 6864 година [=1356], индикт 10 [=1357].[494] Доколку се прифати ставот дека повелбата на Урош била издадена во месец јануари 1356 година тоа би значело продолжување на воспоставената пракса во српско-дубровничките односи, веднаш по промената на владетелот. Тоа подразбирало дека дубровчаните веројатно им била издадена повелба за потврдување на правата со кои веќе располагале на просторот на Српското царство.

К. Јречек изнел поинаков став во однос на датумот на издавање на повелбата . Тој смета дека трговските права и привилегии биле потврдени после една година, односно дека повелбата била издадена на 10 јануари 1357 г. Како прва причина се наведува војната меѓу Венеција и Унгарија во која учествувала и Србија и како втора внатрешните проблеми што ги имал Урош во Царството.[495] Мислењето на К. Јиречек, не го прифатил Р. Михаљчиќ. Тој смета дека К. Јиречек ваквиот став го изнесол врз основа на известувањето на Ј. Кантакузин за состојбата во Српското царство по смртта на Душан. Меѓутоа Р. Михаљчиќ смета дека известувањето на Кантакузин се однесува за настани кои се случиле во подолг период и подоцна. Според Р. Михаљчиќ првата повелба Урош ја издал три

[493] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 131-133.

[494] Србскіи споменицы, 55, бр. 44; Monumenta serbica, 153, бр. 134; Законски споменици, 175-176; Diplomatički zbornik XII, 321, бр. 240; Повеље и писма I-1, 91, бр. 93; М. Чернова, Грамота царя Стефана Уроша Дуброачанам о торговле, ССА VIII, 82-83; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 259-260.

[495] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, краљ Вукашин и Дубровчани, 349-351.

недели по смртта на Душан односно на 10 јануари 1356 г.[496] Надоврзувајќи се на ваквиот став на Р. Михаљчиќ, Н. Порчиќ оправдано го поставил прашањето доколку таа повелба била прва повелба и била издадена во 1356 г., зошто во текстот на повелбата не биле наведени претходно добиените права!? Се чини дека Н. Порчиќ е во право кога се изјаснил дека претходно издадената повелбата на Урош била спомената во писмото што Урош им го испратил на дубровчаните кое со поголема сигурност може да се датира во јануари 1357 година. Според авторот Урош на дубровчаните им ја издал првата повелба поради проблемите на Св. Срѓ кои се појавиле по смртта на Душан, а подоцна поради недоразбирањата што се појавиле околу наплаќањето на царината во Зета и Призрен, Урош им испратил писмо во јануари 1357 година во кое што ги известил за сопственоста на царината. Во продолжение на писмото Урош ги потсетил дубровничките власти дека им ги потврдил правата за слободно движење и слободна трговија, што на посреден начин всушност упатувала на првата негова повелба.[497] Тоа значи дека првата повелба на Урош за дубровнчаните била издадена во јануари 1356 г., цела една година пред испраќањето на писмото од јануари 1357 г. Царот Урош со повелбата прогласил слободно движење со стока на просторот на Царството, односно слободен престој на секое место од страна на дубровничките, венецијанските и сите други трговци. Никој несмеел да не им нанесува штета или да им ја попречува работата. Овие одредби се однесувале за просторот на Српското царство и требало да ги почитува царската властела, кефалиите, земјосопствениците или било кој друг кој имал власт и моќ. Било предвидено доколку некој им нанел штета, тогаш штета да ја надомести неговото Царство. Потоа се регулирало дека доколку царевата мајка (царицата Елена) или некој друг од неговото Царство имал потреба да одземе стока од трговците, за тоа требало да им се надомести на трговците за одземената стока.[498] Урош наредил на Св. Срѓ да биде испратен властелин во негова служба со цел да спроведе ред и да го зачува мирот. Потоа Урош ги повикал дубровчаните да поведат судска постапка пред царскиот суд против српскиот жупан

---

[496] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 30-36; Ваквиот став го прифаќа и М. Чернова, Грамота царя Стефана Уроша Дуброачанам о торговле, ССА VIII, 81-84.

[497] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 64; 260, поради не потврдувањето на претходните права во повелбата, авторот смета дека не треба целосно да се отфрли ставот на К. Јиречек дека повелбата била издадена во 1357 г.

Жарко во кој би побарале седумкратен надомест за нанесената штета.[499]

На 11 август 1356 г. дубровничките власти избрале пратеништво кое требало да се упати на царскиот двор на Урош. Меѓутоа од непознати причини пратениците: Марин Буниќ и Живе Гундулиќ не се упатиле кон Србија. Покрај штетата нанесена на дубровничките трговци, Жарко (лат. Siarus) им нанел штета и на одредени венецијански трговци на Св. Срѓ во Зета.[500] Затоа на 22 октомври 1356 г. Големиот совет во Дубровник одлучил кај Жарко како пратеник да го испрати Бано Болачиќ (лат. Baye de Baiça).[501] Веднаш било одлучено дека доколку преговорите со Жарко небидат успешни, дубровчаните требалое да испратат пратеништво кај Урош. Бидејќи не успеале да се договорат со Жарко за смирување на меѓусебните несогласувања на просторот на Зета, дубровчаните се подготвувале да испратат пратеништво во Србија. На 14 декември истата година именуваните пратеници добиле наредба да ги направат сите подготовки и да се упатат на дворот на Урош. Меѓутоа пратеништвото се уште не било тргнато на пат, а во Дубровник пристигнало писмо од царот Урош. Писмото за дубровничките власти, Урош го испратил во јануари 1357 г. Главно било дека Урош ги извести дубровчаните дека зетските пазари биле во сопственост на царицата Елена и дека ги имала добиено уште за време на владеењето на Душан. Во продолжение Урош ги известил дека царината од Призрен му ја отстапил на манастирот Св. Архангели, завештанието на татко му Душан.[502] Потоа се наведени општите одредби за слободна трговија и слободно движење на просторот на Царството. Р. Михаљчиќ смета дека откако Урош ги известил дубровчаните дека зетските пазари биле во сопственост на царицата Елена, Жарко вушност се обидувал

---

[498] М. Чернова, Грамотя царa Стефана Уроша Дубровчанам о торговле, ССА VIII, 82-83; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 259.

[499] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 64 бел.: 203, авторот упатува на членовите од Душановиот законик каде се користела таа одредба (Душанов законик, чл. 93, 102, 143, 193).

[500] Listine III, бр. 491, 510; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 350; Р. Ћук, Србија и Венеција, 75-76; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 260 бел.: 39, претпоставува дека, доколку како датум на издавање на повелбата се прифати јануари 1356 година, тогаш спомнувањето на венецијанските трговци во српско-дубровничкиот договор можеби бил израз на големата повелба на Душан од 1349 година која била издадена после заедничката венецијанско-дубровничка дипломатска мисија.

[501] Monnumenta Ragusina II, 159, 169-170; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 350; М. Гернова, Письмо царя Стефана Уроша Дубровчанам, ССА IX, 90.

[502] Србскіи споменицы. 55-56, бр. 45; Monumenta serbica, 175, бр. 158; Законски споменици, 186-187; Diplomatički zbornik XII, 384, бр. 287; Повеља и писма I-1, 98, бр. 97; М. Чернова, Письмо царя Стефана Уроша Дубровчанам, ССА IX, 88-90; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 26-31; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 64, 260-262.

да го злоупотреби отсуството на Царицата, која најчесто престојувала во Сер. За да го спречи самоволието на Жарко, Урош одлучил на Св. Срѓ да го испрати властелиниот Вукша.[503]

Поради сложените односи кои настанале во Српското царство по смртта на Душан, а особено по прогласувањето на Симеон за цар било неопходно да се одржи државен собор на кој првенствено би било расправано прашањето за легитимниот наследник на Царството.[504] Во април 1357 година во Скопје бил одржан Собор на кој што Урош добил поддршка од мнозинството српска властела и на тој начин било разрешено прашањето за неговиот политички легитимитет.[505] Меѓутоа легитимноста требало да биде потврдена со воена победа над претендентот.

На 10 април 1357 г. на соборот во Скопје, Урош издал повелба до которјаните Басте Биволичиќ (лат. Buuaiça) и Трипе Миховиќ Бучиќ (лат. Tripe Michus de Buchia) со која им го отстапил островот Млет.[506] Според К. Јиречек, дубровчаните го чекале исходот од Соборот во Скопје за потоа да го испратат своето пратеништво во Србија. Токму по завршување на соборот на дворот кај Урош пристигнало дубровничкото пратеништво. Пратеништво било во состав: Марин Буниќ (лат. Marin Bona), Живе Гундулиќ (лат. Give Gondola) и Живе Чревиќ (лат. Give Çereva). Тие се сретнале со Урош во градот Призрен. Дубровчаните на Урош му врачиле дарови, потоа му ги претставиле непријатностите со кои се соочувале на просторот на Царството и на крај му ги презентирале своите барања. Во мошне краток период од два дена, од 24 до 25 април 1357 г., Урош на дубровничкото пратеништво им издал дури пет повелби.[507] Првата повелба била издадена на 24 април 1357 г. во Призрен. Урош ги известил дека островот Млет со издавање повелба им го отстапил на которјаните Басте Биволичиќ и Трипе Миховиќ Буќа. Исто така во повелбата

---

[503] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 26-27 бел.: 85, По 1357 г. Жарко повеќе не се спомнува во изворите, веројатно власта во Зета ја презеле Балшиќите.

[504] М. Благојевић, Државни сабори и сабори отачаства Немањића и Лазаревића, ГЛАС CDX, САНУ, Одељење историјских наука књ. XIV, 27-28.

[505] К. Јиречек, Историја Срба I, 237; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 17, 32.

[506] Србскіи споменицы. 56-58, бр. 46; Monumenta serbica, 155-157, бр. 141; Законски споменици, 310-311; Diplomatički zbornik XII, 404-405, бр. 303; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 64, 262-267; М. Динић, Повеље кнеза Десе о Мљету, Прилози КЈИФ XXVIII, I-II, 7-8; N. Klaić, Mljetski falsifikati Arhivski vjesnik X, 220-221; Р. Михаљчић, Мљетске исправе цара Уроша, ССА III, 73-79; Истиот, Мљет као баштина Которске властеле, ЗРВИ LXI, 387-397.

[507] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 351-352; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 24.

навел дека никој не смеел да ги вознемирува дубровчаните поради новата состојба со островот Млет.[508] На 24 април 1357 г. во Рибник, Урош ја издал втората повелба за дубровчаните. Повелбата се однесувала на одвивање на трговијата од страна на дубровчаните на просторот на Српското царство. Имено Урош прогласил слободно движење на дубровчаните по пазарите и слободно купување стока по неговата земја и градовитекако и слободно да ја продаваат својата стока. Доколку некој ги прекршел овие одредби наменети за дубровничктие трговци, било предвидено сторителот да плати казна седумкратно повисока од вредноста на тоа што го ограбил. Било предвидено евентулната штетата најпрво да ја плати Царството, а потоа тоа да ја надомести штетата од прекршителот.[509] Истиот ден, на 24 април 1357 г. во Рудник под Призрен, Урош издал уште една повелба за дубровчаните. Со повелбата Урош на дубровчаните им наложил дека Стонскиот данок треба да му го исплаќаат на манастирот Св. Богородица на Синај, како што било запишано во повелба која му била доставена на увид.[510] На 25 април 1357 г. Урош издал за дубровчаните уште една повелба во Рибник, под Призрен. По барање на дубровничките пратеници Урош им ја отстапил територијата од Љуте до Курила. Со ваквата постапка Дубровник формално-правно ја поседувал Астерија.[511] Притоа српскиот цар им гарантирал безбедност и заштита во територии кои им ги отстапил.[512] На 25 април 1357 г. Урош ја издал последната повелба во Рибник, под Призрен. Со повелбата Урош им ги потврдил сите права, привилегии и обврски што ги имале дубровничките трговци, а кои

---

[508] Србскіи споменицы. 59-60, бр. 48; Monumenta serbica, 158-159, бр. 143; Законски споменици, 312; Diplomatički zbornik XII, 405-406, бр. 304; Р. Михаљчић, Мљетске исправе цара Уроша, ССА III, 80-82; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 267-268.

[509] Monumenta serbica, 157-158, бр. 142; Законски споменици, 177-178; Повеља и писма I-1, 92-93, бр. 94; М. Чернова, Грамотя цара Стефана Уроша Дубровчанам о торговле, ССА X, 62-65; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 268-270. Царска резиденција под градот Призрен, подетално види: В. Јовановић, Рибник код Призрена. Прилог проучавању средњовековних владарских дворова, ЗРВИ XXXIV, 79-90.

[510] Србскіи споменицы, 58-59, бр. 47; Monumenta serbica, 159-160, бр. 144; Законски споменици, 713-714; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 66, бел.: 211; 270-271; K. Jireček, Dohodak stonski, 531.

[511] Топонимот Астерија означува копнена област и граница на Дубровник со Србија и Босна. Види карта: М. Чернова, Грамота царя Стефана Уроша Дубровчанам о дарении земли от Люты до Курила, ССА XI, 98.

[512] Србскіи споменицы, 60-61, бр. 49; Monumenta serbica, 164-165, бр. 146; Законски споменици, 314-315; Повеља и писма I-1, 96-97, бр. 96; М. Чернова, Грамота царя Стефана Уроша Дубровчанам о дарении земли от Люты до Курила, ССА XI, 93-95; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 272-273; J. Lučić, Prošlost dubrovačke Astereje, 11, 37-38.

ги добиле од неговите претци и особено од неговиот татко, царот Душан во 1349 г.[513]

По регулирање на меѓусебните односи, дубровчаните се понудиле да посредуваат за склучување мировен договор помеѓу царот Урош и Симеон, претендентот за царскиот престол. Бидејќи внатрешната нестабилност во Српското царство во голема мера го попречувала нормалниот тек на нивната трговија во интерес на дубровчаните било склучување на ваков мир. Па така на 5 септември 1357 година во Дубровник пристигнал пратеник на Симеон во врска со преговорите. Се работело за Василиј Зинофи, Арбанас од Валона, поданик на деспотот Иван Асен Комнин, кој на дубровничките власти им го предал писмото од Симеон. Дубровничките власти писмено му одговориле на Симеон преку неговиот пратеник дека билр подготвени да ги преземат сите потребни активности за да биде постигнат мир помеѓу Урош и Симеон. Засилената дипломатска активност на Симеон треба да се разбере какосвоевиден одговор на поддршката што ја добил Урош на Соборот во Скопје.[514]

На 18 февруари 1358 година во Задар бил склучен мировен договор помеѓу Венеција и Унгарското кралство. Дубровничките власти започнале подготовки за прилагодување во новонастанатата ситуација.[515] Во таа насока Големиот совет во Дубровник на 28 февруари 1358 г. одржал состанок на кој биле донесени неколку значајни одлуки. Било одлучено функцијата кнез да ја извршуваат тројца ректори за период од два месеци. По донесувањето на одлуката формално-правно завршила врховната власт на Венеција во Дубровник, а Марко Суперанкио (лат. Marco Superancio) бил последниот венецијанец што ја извршувал функцијата кнез. Потоа била донесена одлука за избор на членови на пратеништвото кое требало да ги започне преговорите со унгарскиот крал Лудвиг I.[516] По направените подготовки на дуброничките власти кои траеле повеќе од еден месец било постигнато внатрешно единство и пратеништвото било составено.[517] За

[513] Србскiи споменицы, 61-62, бр. 50; Monumenta serbica, 160-164, бр. 145; Законски споменици, 178-182; Повеља и писма I-1, 93-96, бр. 95; М. Чернова, Хрисовул царя Стефана Уроша Дубровчанам, ССА XII, 80-87; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 274-277.

[514] Monumenta Ragusina II, 193; К. Јиречек, Српски цар Урош, 352; Истиот, Историја Срба I, 237; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 17-18; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 64.

[515] Š. Ljubić, Listine III, 368-369, 377; За барањето на унгарскиот крал да му припадне цела Далмација со градот Дубровник, види: V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 131; К. Јиречек, Историја Срба I, 238.

[516] V. Foretić, Godina 1358 u povijesti Dubrovnika, JANU kn. L, 252; V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 131-132.

[517] За подготовките и детали од преговорите: Chronica Ragusina Junii Restii, vol. II, 136-137.

членови на пратеништвото биле избрани: дубровничкиот надбискуп Илија Сарка (лат. Elyas [Helyas] archiepiscopus Ragusinus), Иван Павлов Гундулиќ (лат. Johannes de Gonduia [Gyrimdo]), Петар Рагнини (лат. Petrus de Ragnina) и Иван Чревиќ (лат. Johannes de Creua[Zereva]). На 11 април 1358 г. пратениците добиле овластување со кое требало да го застапуваат градот пред унгарскиот крал, потврдено од тројцата дубровнички кнезови. На членовите на пратеништвото им било забрането да преговараат поединечно и да остваруваат поединечни средби со унгарските власти. Големиот совет го овластил пратеништвото во име на градот да потпишат договор со Лудвиг. Предвидена била смрта казана и одземање на имотот доколку не се придржувале до договорените начелни позиции.[518] На 14 април 1358 г. дубровничкото пратеништво во придружба од педесетина придружници тргнале со бродови до градот Сплит, а потоа преку копнен пат се упатиле до кралската резиденцијата на Лудвиг во Вишеград. На 26 мај 1358 година Лудвиг го издал т.н. Прв документ (нацрт на договор) што кој за дубровничкте пратеници не бил во целостприфатлив. Бидејќи дубровничките преговарачи биле обврзани да ги завршат преговорите и за да не нанесат дополнителна штета со одолговлекувањето на потпишувањето на договорот, веќе следниот ден на 27 мај 1358 г. била потпишана финална верзија договорот помеѓу Дубровник и Унгарското кралство.[519] Дубровничкото пратеништво побарало од кралот Лудвиг договорот да стапи на сила по потврдувањето од Големиот совет во Дубровник.[520] Поради таквото барање на пратеништвото Лудвиг од своја страна испратил пратеништво во Дубровник предводено од босанскиот бискуп Петар. Имено унгарското пратеништво го претставило писмото од Лудвиг на состанокот на Големиот совет на 18 јули 1358 г. Членовите на Големиот совет положиле заклетва за верност на унгарскиот крал и на тој начин го потврдиле договорот.[521] На истиот состанок дубровничките власти подготвиле извесно писмо до унгарскиот крал, но тоа писмо не е

[518] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 131-132; Z. Janković Römer, Višegradski ugovor temelj Dubrovačke Republike, 17, 74-75.

[519] Chronica Ragusina Junii Restii, vol. II, 138-139; Monumenta Ragusina II, 229-230; V. Foretić, Godina 1358 u povijesti Dubrovnika, JANU kn. L, 254-256; D. Dinic-Kneževic, Dubrovnik i Ugarska u srednjem veku, 17-19; Z. Janković Römer, Višegradski ugovor temelj Dubrovačke Republike, 17-21 (превод на договорот: Владо Резар).

[520] J. Radonić: Dubrovačka akta i povelje, I-1, 90-91; V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 132.

[521] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 132, бел.: 6; Janković Römer, Višegradski ugovor temelj Dubrovačke Republike, 77-79.

сочувано.[522] Според склучениот договор дубровничките власти се обврзале секоја година да му плаќаат данок на унгарскиот крал во висина од 2500 перпери; да го истакнуваат унгарското знаме на ѕидините на тврдината и на бродовите; потоа во катедралната црква при богослужбите неколку пати да се спомнува името на унгарскиот крал; на сопствен трошок да го пречекуваат кралот во градот и во период на војна, од вкупно триесетина галии, една требало да биде опремена од дубровчаните. Доколку унгарскиот крал започнел војна за која му била потребна флота дубровчаните биле должни да испратат една галија во служба на кралот. Унгарскиот крал се обврзал да го брани градот при напади од Рашка (Српското царство) и од босанскиот бан. Потоа на дубровчаните им биле потврдени териториите кои ги поседувале од порано и сите права со кои располагале додека биле под власт на Венеција. Кнезот на Дубровник го избирале самите дубровчани, а унгарскиот крал само го потврдувал избораниот. Било многу значајно што дубровчаните успеале од унгарскиот крал да изнудат слобода во реализирање на трговијата со Српското царство и Венеција дури и во период кога унгарскиот крал би бил во војна со нив.[523]

Дубровничките власти по потпишувањето на договорот извршиле промена при изборот на кнез. Имено било одлучено дубровничкиот кнез да биде избиран секој месец и исто толку време да му трае мандатот. Од овој период Дубровник располагал со потполна внатрешна автономија. Терминот „Република“ во официјалната комуникација започнал да се користи дури од 1441 г., но сепак може да се користи терминот Дубровничка автономна Република во рамки на кралството Хрватска и Далмација кое било составен дел од Унгарското кралство.[524]

Во текот на мировните преговори меѓу Дубровник и Унгарија во скадарската област започнал воен судир помеѓу војските на царот Урош и претендентот Симеон.[525] Дипломатските активности на дубровчаните не успеале да го спречат Симеон од намерата да го нападне Урош во близина на Скадар. Познато е дека поради тоа дубровничката колонија Кучево во Железник, претрпела штети поради привремениот прекин на

[522] Monumenta Ragusina III, 229-230; V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 132.

[523] J. Radonić, Dubrovačka akta i povelje, I-1, 90-91; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 353; V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 133-136.

[524] V. Foretić, Povijest Dubrovnika do 1808, 136-138.

трговијата. Летото 1358 година Сименон бил поразен од царот Урош во близина на Скадар.[526]

Дубровничките власти го исплатиле „Светодимитарскиот приход“ во висина од 2000 перпери за 1358 г. на властелинит Воислав Воиновиќ, според овластување од Урош.[527]

По освојувањето на Далмација, унгарскиот крал организирал поход против Урош. Со својата војска напредувал преку р. Дунав, но походот за краток период бил прекинат. Во мај 1359 г. кралот Лудвиг започнал нов поход и продрел длабоко во внатрешноста на Српското царство сѐ до Рудничките планини (лат. grandi montagne di Rascia), односно во Рудник, центар на еден од позначајните економски предели во Србија. По еден месец воена кампања на просторот на Србија, Лудвиг одлучил да се повлече кон Унгарија.[528]

Во 1360 година царот Урош се оженил со Ана, ќерка на влашкиот кнез Александар.[529] По повод свадбата на Урош со Ана, Големиот совет на 30 јули 1360 г. донел одлука да испрати свечено пратеништво и да му подари на српскиот владетел вредни дарови. За членови на пратеништвото биле избрани Михо Држиќ и Јаке Менчетиќ.[530] Своите дарови дубровничкото пратеништво на Урош му ги предале во Сеница,[531] но исто така му ги изнеле непријатностите што ги имале при воведувањето на нови царини на просторот на Царството. По барање на дубровчаните Урош на 29 септември 1360 г. во Сеница им издал повелба.[532] Со повелбата Урош ги укинал царините кои не постоеле во минатото, а биле воведени за време на неговото владеење од локалните

---

525 К. Јиречек, Историја Срба I, 236, во близина на Костур, Симеон собрал околу 5000 војници кои биле од мешан етники состав (Срби, Арбанаси и Грци), се прогласил за „цар на Грците, Србите и цела Албанија" и започнал да се нарекува Симеон Урош Палеолог.

526 М. Орбин Краљевство Словена, 45; К. Јиречек, Историја Срба I, 238-240; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 18-19.

527 Monumenta Ragusina II, 260, 264; М. Динић, Дубровачки трибути, 732.

528 К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 355; К. Јиречек, Историја Срба I, 238.

529 К. Јиречек, Историја Срба I, 235. Сестрата на новата српска царица била сопруга на бугарскиот престолонаследник Иван Страцимир, а сестрата на Урош била сопруга на Воислав Воиновиќ.

530 Monumenta Ragusina II, 293.

531 Лексикон градова и тргова средњовековних српских земаља, ред. С. Мишић, Сенице, (С. Мишић), 253. Сеница била караванска станица и пазар. Инаку се наоѓа на пештерска височрамнина по течението на реката Увац.

532 Србскіи споменицы, 67-68, бр. 54 (29 септември 1361); Monumenta serbica, 168-169, бр. 149; Законски споменици, 182-183; Повеља и писма I-1, 95-99, бр. 98; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 277-279.

жупани во непосредно соседство на Дубровник. Урош исто така им гарантирал слободно движење на дубровничките трговци во Зета на под власта на Балшиќите и во „државата" на кнезот Воислав, како и слободно движење и извршување на трговски активности во неговото Царство, како во градовитеи пазарите така и по цела царска земја.[533] Меѓутоа и покрај издавањето на повелбата во пракса продолжило попречувањето на трговијата на дубровчаните на дел од територијата на Српското царство првенствено поради самоволието на кнезот Воислав.

Во почетокот на шеесетите година на XIV век една од највлијателните личности на дворот на царот Урош бил токму кнезот Воислав Воиновиќ. Неговото влијание и самоиницијативно делување резултирале со нарушување на српско-дубровничките односи. Преземањето на самостојни активности од страна на Воислав против Дубровник за исполнување на сопствени интереси претставува јасен показател за веќе започнатиот внатрешен процес на децентрализација и дезинтеграција во Српското царство. Според Р. Михаљчиќ и покрај тоа што Урош V во првите пет години од владеењето загубил голем дел од пограничните територии во овој период централната власт не била загрозена. Распадот на Царството во првите години од неговото владеење не бил предизвикан од внатрешните конфликти, туку од надворешен фактор.[534]

Од изворите дознаваме дека „Светодимитарскиот приход“ за 1365 г. дубровничките влсти го исплатиле на царскиот пратеник Гргур Голубиќ. Сумата од 2000 перпери Урош ја задржал за себе. Следната година Урош ја овластил Гоислава, сопруга на Воислав да го подигне „Светодимитарскиот приход.“ Тоа бил последен случај кога Урош го отстапил „Светодимитарскиот приход“ на други личности. И покрај тоа што влијанието на Урош било значително намалено кај обласните господари и воопшто централната власт

[533] Според К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 357, наведувањето на „државите“ на Воислави и Балшиќите бил првиот знак на распаѓање на Царството. Инаку такви „држави“ имало и во Македонија, но не биле споменати во повелбата. Р. Михаљчић, Крај српског царства, 40, смета дека ограничувањето на Зета и државата на кнез Воислав, било резултат на слабеењето на централната власт само неколку години од владеењето на Урош.

[534] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 29. Меѓутоа, не може да се каже дека централната власт не била загрозена, бидејќи како што ќе видиме во продолжение српско-дубровничката војна се водела исклучиво поради интересите на Воислав, а не поради интересите на Урош. Исто така аргументот дека војната на Воислав против Дубровник била продолжение на унгарско-српската војна не треба да се прифати, бидејќи и покрај тоа што Дубровник ја признавал власта на Унгарија, Дубровник никогаш не презел

била ослабната, дубровчаните му го исплаќале „Светодимитарскиот приход“ до крајот на неговото владеење.[535]

Појавата на новите обласни господари на територијата на Српското царство ја ограничила власта на царот Урош. Неговите односи со Дуборовник се нашле во контекст на судирите што се јавиле во 1369 година. Имено токму тогаш била формирана коалиција против кралот Волкашин, деспотот Углеша, балшиќите и Дуборовник. Според М. Орбин, во битката на Косово на страна на Урош биле кнезот Лазар и жупанот Никола Алтомановиќ. По извојуваната  голема победа на кралот Волкашин и неговите сојузници моќта и влијанието на царот Урош уште повеќе било намалено.[536]

По Маричката битка на 26 септември 1371 година и загинувањето на дел од најмоќните личности во Царството (Волкашин и Углеша), Урош не усепал да ја обнови својата политичка моќ. Почитувајќи го и натаму како легитимен цар дубровничките власти му исплатиле на Урош „Стонскиот приход“ во две рати. Првата рата била исплатена на 16 октомври 1371 г., а втората на 3 ноември 1371 г. Наведениот данок Урош го отстапил на калиѓерите од српскиот манстир во Ерусалим. На 2 или на 4 декември 1371 г. починал Урош, последниот претставник од династија Немањиќи.[537]

## 2. Дубровник и кнезот Воислав Воиновиќ

Воислав Воиновиќ бил син на војводата Воин, познат властелин за време на владеењето на Стефан Дечански. Во 1333 година Воислав како пратеник на Душан престојувл во Дубровник за да го подигне „Светодимитарскиот приход.” Во поголем дел од владеењето на Душан, Воислав ја имал титулата ставилац, а кон крајот на неговото владеење ја добил титулата кнез.[538] Неговиот најстар брат Милош бил дел од преговорите за отстапување на „Стонскиот рат” на дубровчаните во 1333 година. Алтоман, другиот постар брат на Воислав во 1347 година се јавува како жупан во околината на Дубровник, додека пак пред 1350 година бил овластен да го подигне „Стонскиот приход“ од

непријателски активности против Србија за време на походот на Лудвиг на територијата на Српското царство.

[535] М. Динић, Дубровнички трибути, 733.

[536] М. Орбин, Краљество Словена, 53.

[537] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 162; ИСН I (Р. Михаљчић), 601.

[538] Исто, 33-34, бел.: 7а; 8.

Дубровник.[539] Во октомври 1358 година дубровничките трговци ги имале првите непријатности со Воислав кога кнезот им одзел неколку товари со олово од дубровничката колонија во Железник, Кучево.[540] Покрај извесен број на инциденти што ги имале дубровничките трговци во областите со кои управувал кнезот Воислав, меѓусебните односи главно се одржувале стабилни. На 8 јануари 1359 година од Дубровник кај Урош бил испратен курир (лат. cursor) со писмо преку кое дубровнчките власти побарале од царот да ги извести која личност требало да го подигне „Светодимитарскиот приход." за минатата година. Царот Урош ги известил дека за таа работа го овластил кнезот Воислав.[541] Во текот на јануари 1359 година односите помеѓу Дубровник и Воислав се уште биле пријателски. Имено дубровничките власти донеле одлука да ги испратат Живе Павлов Гундулиќ и Јаков Менчетиќ кај Воислав и да му однесат вредни дарови. Додека престојувал во Конавље, Воислав го примил дубровничкото пратеништво. Тој добил покана да го посети градот Дубровник и примил дарови во вредност од 400 перпери.[542] Во поканата било напоменато при посетата, Воислав да не биде придружуван со повеќе од 50 вооружени луѓе. Меѓутоа посетата од непознати причини не се остварила, а мирот се одржал уште половина година. Покрај кнезот Воислав, дубровничките власти одлучиле да испратат дарови до царот Урош и до босанскиот бан Санко.[543] На 3 февруари 1359 година, дубровничкиот трговец Грго Скриниќ испратил писмо до дубровничките власти со информации за состојбата во Српското царство. Дубровчанецот ги известил кнезот и патрицијатот дека кнезот Воислав (лат. Uoyslau lo chonte) им нанел значителна штета со тоа што на неговите должници им одзел олово повторно во Железник, Кучево. Најдоцна до пролетта 1359 година Воислав под своја власт ги управувал Дабар, Дрина, Гацко и

[539] Monumenta Ragusina II, 279-280.

[540] Monumenta Ragusina II, 317; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 350.

[541] Monumenta Ragisina II, 260, 264; Monumenta Ragisina III, 324; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 354; М. Динић, Дубровнички трибути, 731-732; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 39.

[542] Monumenta Ragisina II, 260-261.

[543] Monumenta Ragisina II, 214, 215, 226; В. Марковћ, Односи Дубровчана са Србијом од 1358. до 1362. год., Летопис Матице Српске 244, 57; М. Зечевића, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 9; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 354. Дубровчаните настојувале, промената на новиот врховен господар да не влијае на нивните односи со владетелите од внатрешноста. Поради тие причини одлучиле да испратат дарови до Воислав и босанскиот бан.

Рудине.[544]

За време на српско-унгарската војна српскиот властелин Руе Супчевиќ се нашол во судир со Воислав во Требиње и Конавље. Руе бил протеран и успеал да се засолни во Дубровник, а неговите области веројатно ги освоил Воислав.[545] По промената на Руе во јуни 1359 година дубровчаните го испратиле Живе Павлов Гучетиќ да оствари средба со Воислав во врска со незгодите што ги имале во Требиње и Конавље. Средбата на дубровничкиот пратеник со Воислав била остварена во Гацко, каде што Воислав од дубровничките власти барал да му го предадат „Стонскиот рат,“ бидејќи, според него полуостровот бил дел од Хум и затоа му припаѓал. Потоа кнезот барал од дубровчаните да му го прекинат гостопримството на Руе.[546] Кон средината на јуни 1359 година по повлекувањето на унгарската војска, започнал период на нарушување на односите помеѓу Воислав и Дубровник. Во текот на повлекувањето на унгарската војска, дубровчаните ги отфрлиле барањата на Воислав при што војната се чини станала неизбежна.[547] Поради отфрлањето на барањата, Воислав наредил да бидат запленети сите дубровнички каравани во Приеполе[548] и на 6 август 1359 г. ја опустошил околината на Дубровник со Рожа и Шумета. При овие ограбувачки потфати бил заробен и дубровчанецот Климент Држиќ. Дубровничките власти побарале помош од хрватско-далматинскиот бан Никола и од босанскиот бан Твртко. Уште пред да стигне помошта мирот бил склучен. Со договорот било предвидено дубровничките власти на Воислав да му исплатат 4000 перпери за ослободување на заробените трговци и да го заштитат населението од ограбувачки напади.[549] По краткотрајните немири, односите биле нормализирани. На 30 август 1359

---

[544] К. Јиречек, Споменици српски, 32-33; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 36, тоа биле поранешни области на жупанот Димитрија, според надгробниот натпис во манастирот во Бања кај Прибој.

[545] М. Зечевића, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 18; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 37.

[546] Monumenta Ragisina II, 277; Ј. Тадић, Писма и упутства, 2; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 355-356; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 36.

[547] Monumnta Ragusina II, 280; Ј. Тадић, Писма и упутства, 7; В. Марковћ, Односи Дубровчана са Србијом, 57; М. Зечевића, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 24; К. Јиречек, Зборник I, 355-356; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 38-39. Тешките денови за Дубровник биле најавени преку дубровничкиот пратеник Живе Павлов Гундулиќ: превод кај Р. Михаљчић: „Тргнувам со војска на Железната порта, ќе ја опустошам областа и нема да поштедам ништо, ниту цркви. Ќе ви го земам Стонскиот рат бидејќи е мој, јас сум хумски кнез, а „Стонскиот рат“ е седиште на хумските кнезови, значи е мој.”

[548] Monumnta Ragusina II 280; Ј. Тадић, Писма и упутства, 7.

[549] Monumnta Ragusina II 278, 283-285; Ј. Тадић, Писма и упутства, 10-13; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 355-356; Истиот, Историја Срба I, 239; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 39.

година дубровничите власти донеле одлука, Хвалислав Гурановиќ да купи жито од кефалијата Милман во Конавље.[550] Додека пак под притисок на Воислав Сенатот во Дубровник на 28 ноември 1359 г. донел одлука, Руе со неговото семејство да го напуштат градот Дубровник.[551]

Сенатот  во Дубровник на 1 декември 1360 г. донел одлука да испрати писмо до кнезот Воислав, а подоцна на 22 декември 1360 година била донесена одлука да испратат писма до царот Урош и царицата за да им ги пренесат непријатностите што ги имале од кнезот Воислав.[552] Во почетокот на 1361 г. избил воен конфликт помеѓу Дубровник и кефалијата Милман во Конавље. Поради начинот на кој го водел конфликтот, Малиот совет во Дубровник на 25 јануари 1361 донел одлука да го промени намесникот на Жрновица, Шумета и Милина.[553]

Во  пролетта 1361 г. кнезот Воислав во сојуз со Котор започнал војна против Дубровник. Голем дел од истражувачите сметаат дека причина за почеток на новиот српско-дубровничкиот конфликт биле подготовките на унгарскиот крал Лудвиг повторно да ја нападне територијата на Србија.[554] По наредба на Урош од јуни 1361 година, биле заробени сите дубровничктие трговци на просторот на Царството. Дубровчаните возвратиле со иста мера со тоа што ги заробиле сите трговци од Котор и Призрен кои престојувале во градот во периодот на почеток на војната. Исто така во Дубровник биле конфискувани поголемо количество од влоговите на српската властела. Сојузници на дубровчаните биле Балшиќите од Зета а, дубровничките галии си дозволиле да го блокираат пристаништето на Котор.[555] Исто така дубровчаните ја блокирале трговија со

---

[550] Ј. Тадић, Писма и упутства, 16; К. Јиречек, Зборник I, 356 бел.: 38; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 37, го спомнува овој пример во контекст на неговиот став дека Милман бил потчинет на кнезот Воислав, а не на царот Урош, но функцијата кефалија, како управен орган на обласните господари не значелоопаѓање на централната власт.

[551] Monumnta Ragusina III, 16. М. Зечевића, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 24-25.

[552] Monumenta Ragusina II, 296; Ј. Тадић, Писма и упутства, 26; К. Јиречек, Зборник I, 356-357; В. Марковђ, Односи Дубровчана са Србијом, 59.

[553] Monumenta Ragusina III, 61; В. Марковђ, Односи Дубровчана са Србијом, 59.

[554] В. Марковић, Односи Дубровчана са Србијом, 54-71; D. Gruber, Dalmacija za Ludovika I, Rad JAZU 168, 210-240; Rad JAZU 170, 1-15; М. Зечевић, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 60-62;  В. Ћоровић, Краљ Твртко I Котроманић, 12-16; К. Јиречек, Историја Срба I, 242-239; Истиот, Српски цар Урош, Зборник I, 358-364; С. Ћирковић, Историја Црне Горе II/2, 9-16; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 52-69; ИСН I, (Р. Михаљчић), 579-581; Р. Ћук, Србија и Венеција у XIII и XIV веку, 78-81, 146-147.

[555] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 358; С. Ћирковић, Историја Црне Горе II/2, 9-10; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 43.

сол на јадранското крајбрежје и со тој потег бил прекинат увозот на сол на просторот на Србија.[556] Во текот на војната познато е дека дубровчаните заплениле еден венецијански брод кој требало да истовари стока во Котор за кнезот Воислав. Тоа било причина венецијанските власти енергично да реагираат до дубровчаните.[557] Котор побарал склучување мир со дубровчаните независно од сојузот со Воислав. Поради блокадата Воислав имал планови во заливот Бока Которска да отвори нови пазари за сол и да ги овласти которјаните да ги користат кога монополот на сол би бил попречен од Дубровник.[558]

Градот Будва со неговиот заповедник Површко станал сојузник на дубровчаните. Во тие моменти на разгорена војна Големиот совет донел одлука за доделување награда во висина од 10000 перпери и куќа изградена од камен за убиство на Воислав и уште 2000 перпери за убиство на неговиот син. Доколку убиецот на Воислав и неговиот син би бил Дубровчанец и требало да биде протеран од градот, во тој случај казната би му била поништена.[559]

На 8 јули 1361 г. Големиот совет донел одлука населението од Млет да биде повикано на помош за одбрана на градот.[560] Помош на дубровничките власти им испратил хрватскиот и босанскиот бан преку својот намесник, жупанот Санко. Кон Крајот на јули 1361 г. дубровчаните им нуделе на Балшиќите заеднички напад на градот Котор, но ваквите планови не биле реализирани.[561] Сите тие податоци упатуваат на тоа дека војната

---

[556] Monumenta Ragusina III, 91,92. Во науката постои дискусија околу војната на Воислав и Котор против Дубровник. К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 358, смета дека Урош бил во војна заедно со Воислав против Дубровник. Неговото мислење го оспорил М. Зечевић, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 61-64 бел.: 3. Имено тој го проблематизира самото учеството на Урош во сојузот против Дубровник врз основа на фактот што Урош не испратил војска и покрај тоа што кон нив се однесувал непријателски. Според компромисното мислење на Р. Михаљчић, Крај српског царства, 43 бел.: 63, Зечевиќ не бил во право и тој смета дека Воислав, Урош и Котор во почетокот биле заедно во војна против Дубровник, а подоцна војната била водена само од страна на Воислав и Котор.

[557] Р. Ђук, Венеција и Србија, 78, на состаноците на Големиот совет, од 4 и 8 јуни било одлучено, запленетата стока да биде продадена и средствата да бидат искористени за потребите во војната.

[558] В. Марковић, Односи Дубровчана са Србијом, 60 бел.: 3; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 44-46, смета дека тоа ги надминувало овластувањата и автономијата што ја имал градот во рамки на Српското царство.

[559] Monumenta Ragusina III, 87; К. Јиречек, Историја Срба I, 239.

[560] Monumenta Ragusina III, 80, 85-86, 88, 92, 94; В. Марковић, Односи Дубровчана са Србијом 61-62; М. Динић, Повеље кнеза Десе, 8; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 44.

[561] Monumenta Ragusina III, 298; Ј. Тадић, Писма и упутства, 58; М. Зечевића, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 70; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 47.

сè повеќе се разгорувала. Венецијнците од своја страна започнале со посредничка мисија за склучување мир меѓу завојуваните страни. Исто така и царот Урош во текот на летните месеци испратил пратеници во Дубровник за склучување мир. Членови на пратеништвото биле Марко, веројатно синот на Волкашин и Богдан од Призрен.[562] На 29 јули 1361 г. Големиот совет донел одлука со која ги овластил: кнезот и Малиот совет да подготват писмен и усмен одговор за пратеништвото на Урош. Добиле напомена да им испратат посебни писма на царицата Елена, на Волкашин и на други личности, кои би придонеле во склучувањето на мир.[563] Во текот на престојот во Дубровник, Марко побарал од властите да ги ослободат призренските трговци кои биле заробени од почетокот на војната. На 2 август 1361 г. дубровничките власти одговориле позитивно на барањето на Марко за ослободување на призренските трговци заробени во Дубровник, но запленетата стока не им била вратена.[564] Макрко го искористил престојот во Дубровник и за свои потреби.[565] Во текот на овие преговори сепак не бил постигнат мир. За склучување мир помеѓу Дубровник и Воислав од своја страна посредувале и босанскиот жупан Санко (од име на банот Твртко), но и тие обиди завршиле без успех.

Иако договор не бил постигнат на 13 ноември 1361 г. дубровчаните го отвориле градот за српските трговци, додека на трговците од Призрен им била вратена претходно запленетата стока. Сепак забраната за трговија не била укината кон Воислав и неговите поданици и кон градот Котор.[566] Од 1362 г. во преговорите повторно се вклучиле венецијанците. Венеција го испратила Павле Квирин во посредничка мисија во Котор, во Дубровник и кај Воислав. Преговорите со Котор и со Воислав започнале во март 1362 г., но повторно не бил постигнат договор.[567] Поради неуспешните преговори, Сенатот на 28

---

[562] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 361; Р. Михаљчић, Крај српског царства 51, наведува дека Богдан подоцна станал протовестјар на кралот Волкашин.

[563] Monumenta Ragusina III, 100; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 359; В. Марковић, Односи Дубровчана са Србијом, 62-63; Г. Острогорски, Серска област, 8; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 51.

[564] Monumenta Ragusina III, 100; J. Tadić, Promet putnika u starom Dubrovniku, 49; L. Mirković, Mrnjavčevići, Starinar III, 13; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 359-361; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 51, 61.

[565] Во продолжение, види стр. 137-140 подетално ќе бидат обработени односите помеѓу крал Марко и Дуборвничката Република.

[566] Monumenta Ragusina III, 139-140; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 361; В. Марковић, Односи Дубровчана са Србијом, 64; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 51, 170-173.

[567] Š. Ljubić, Listine IV, 43; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 362; В. Марковић, Односи Дубровчана са Србијом, 65; Р. Ћук, Венеција и Србија, 80; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 52.

април 1362 г. во Дубровник донел одлука да испрати писма до царот, царицата-мајка, српскиот патријарх и неколку властелини.[568] Сенатот на 19 мај 1362 г. донел дополнителна одлука да биде испратен пратеник директно кај Волкашин и Елена.[569] Радослав Чимбиќ бил пратеникот кој се упатил кај царицата Елена и кај Волкашин за да преговара и да се обиде да постигне усмен договор што би помогнал за натамошниот тек на преговорите. Имено преговорите се одвивале во насока на склучување на мир меѓу Воислав и дубровчаните. На 6 јуни 1362 г. Иван Голубиќ, пратеник на Урош се упатил кон Цавтат од каде бил пренесен со брод во Дубровник. Четири дена подоцна тој присуствувал на состанокот на Малиот совет и остварил средба со Филип од Задар, пратеник, испратен од страна на хрватскиот бан. Потоа Филип и дубровчанецот Климент Држиќ се упатиле во Котор со цел да посредуваат за продолжување на преговорите за мир. Од своја страна Голубиќ заедно со дубровничкиот пратеник Домањ Искриц се упатиле на дворот на царот Урош. Сепак според писмото на Голубиќ, Урош делувал незаинтересирано за продолжување на преговорите и имал планови да се повлече од преговорите. За таквиот неповолен тек на настаните Голубиќ го известил Сенатот во Дубровник. Сенатот на 3 јули 1362 г. одлучил Голубиќ да го продружува царот на својот пат и да ги извести царицата Елена и други влијателни властелини на дворот на Урош за тешката состојба на Дубровник во војната против кнезот Воислав. Меѓутоа на 8 јули кај дубровничките власти стигнала ненадејната вест за приближувањето на Урош кон градот Дубровник. Следниот ден на 9 јули било одлучено дубровничките власти да побараат гаранции за слободно движење на нивните трговци од Урош и од кнезот Воислав. Затоа Големиот совет донел одлука кај Урош да биде испратено ново пратеништво составено од Живе Буниќ, Живе Гундулиќ, еден свештеник и неколку придружници. Меѓутоа пратеништвото не тргнало на пат бидејќи сеуште не биле стигнати гаранциите од царот и од кнезот. Имено на 11 јули бил донесен заклучокот дека гаранциите што биле очекувани да стигнат се уште не биле дојдени. На 16 јули било констатирано дека гаранциите за слободно движење на пратениците најпосле стигнале и била донесена уште една одлука со која се наведува дека гаранциите кои ги пратиле царот и кнезот биле јасни и валидни и

[568] Monumenta Ragusina III, 182-183; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 362 бел.: 56; В. Марковић, Односи Дубровчана са Србијом, 66; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 52.

[569] Monumenta Ragusina II, 192; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 51.

дека пратеништвото можело да тргне на пат кај Урош.[570] Всушност гаранцијата за слободно движење што Урош им ја дал на дубровничките власти била издадена во близина на Дубровник во период од 10-15 јули 1362 г.[571] Тоа значи дека гаранцијата на Урош за дубровничкото пратеништво во градот стигнала на 16 јули 1362 г. Урош на дубровничките пратеници им гарантирал безбедно пристигнување, престој и безбедно напуштање на Царството. Исто така било најавено дека меѓусебното пријателство ќе биде обновено и дека Урош писмено ќе им ја потврдел сопственоста на спорното земјиште и ќе им издадел гаранции за слободна трговија. Во истиот период кога биле издадени гаранциите од Царот и кнезот Воислав испратил посебно писмо до дубровничките власти.[572] Преку писмото Воислав исто така им ја гарантирал безбедноста на дубровничкото пратеништво, а потоа ги известил дека ќе ги исполнел нивните барања. Дубровничкото пратеништвото најпосле се упатило на пат на 20 јули, а се вратило во градот на 30 јули, заедно со пратеништво на Урош. Српското пратеништво кое пристигнало во Дубровник се состоело од: логотетот Дејан и Гргур Голубиќ (брат на Иван Голубиќ). Дубровчаните им понудиле дарови во вредност од 5000 перпери, на двајцата преговарачи по 100 дукати и на извесен дворјанин Лазар посебен дар во ткаенини. Значи предлогот на дубровничкото пратеништво бил прифатлив за царот Урош. По завршување на преговорите дубровничките власти ги назначиле Никола Соркочевиќ и Живе Гундулиќ, кои во придружба од неколку други пратеници меѓу кои бил и Живе Пармеан, дубровнички канцелар на словенски јазик, требало да се упатат кај Урош. Дубровничкото пратеништво со вредни дарови и во придружба на српските пратеници дојдени во Дубровник на 15 август се упатило на дворот на Урош во Оногошт. На 22 август 1362 г. во

---

[570] Исто, Monumenta Ragusina III, 204, 206.

[571] Србскiи споменицы, 66-67, бр. 53; Monumenta serbica, 173-174, бр. 156; Законски споменици, 186; Повеља и писма I-1, 101-102, бр. 100; Н. Порчић, Пропусница цара Уроша за дубровачко посланство, ССА VIII, 94, смета дека пропусницата била испратена во период од 14 до 15 јули. После пропусницата на Урош, Воислав испратил своја пропусница до дубровничките власти, која според Р. Михаљчиќ, Прилог, 230 (Сабрана дела V,33) настанала во период од 11 до 15 август 1362 г.

[572] A. Vučetić, Spomenici dubrovački I, 55; Повеље и писма I-1, 643-644, бр. 618; Р. Михаљчић, Прилог српском дипломатару. Повеље и писма цара Уроша и кнеза Војислава Војиновића упућене Дубровнику, Прилози КЈИФ 39, 3-4, 232-234; Н. Порчић, Пропусница цара Уроша за дубровачко посланство ССА VIII, 94-98; Истиот, Документи српских средњовековних владара, 299-300 (10-15 јули 1362 г.).

Оногошт, Урош издал повелба за дубровчаните со која всушност бил склучен мирот.[573] Со чинот на издавање на повелбата поконкретно бил склучен мировен договор помеѓу Дубровник и Воислав со неговиот сојузник градот Котор, а царот Урош всушност се јавува во улога на посредник. Било предвидено сите заробени дубровнички трговци на територијата на Србија да бидат ослободени. Дубровничките власти се обврзале да ги вратат которските имоти во Дубровник, да ги ослободат заробените которјани и да ги обноват права да поседуваат имот во Дубровник на сите поданици од Србија. Потоа била издадена потврда за стекнатите права и привилегии во минатото, особено за тие од времето на Урош и од неговиот татко Душан, а биле пропишани општите одредби за слободно движење и трговија. На дубровчаните им биле потврдени судските привилегии што ги поседувале на просторот на Србија, вклучително и шестмесечниот рок за повлекување на дубровничките трговци во период на меѓусебна војна. Потоа била потврдена даровницата од 1357 г. за територијата на горна Астерија, поточно земјиштето од Љуте до Курила (Попово село). Воедно биле споменати и обврските што ги имале дубровчаните за плаќање на веќе утврдените даноци уште во минатото (Светодимитарски, Стонски данок).

Меѓутоа Н. Порчиќ забележува дека одредбата за Млет не била доволно јасна. Било предвидено за односите поврзани со тамошниот царски данок и за „опатот," да се применуваат прописите на царот и старите закони, меѓутоа во сочуваните постари одредби на Душан и на Урош, немало одредби за „опатот" ниту за некаков царски данок на Млет.[574] Исто така и кнезот Воислав од своја страна испратил писмо до дубровничките власти. Веројатно писмото било составено истиот ден кога бил потпишан мировниот договор. Писмото им било предадено на истите дубровнички пратеници кои претходно биле спомнати во писмото, а тоа биле Никола Соркочевиќ (лат. Nicus (Nicolaus) Andree de Sorgo) и Живе Гундучиќ. Меѓу другото кнезот Воислав дал заклетва дека ќе го почитува договорот за мир и дека ќе живее во пријателски односи со Дубровник. Потоа ги известил

---

[573] Србскіи споменицы, 69-71, бр. 55; Monumenta serbica, 169-171, бр. 151; Законски споменици, 183; Diplomatički zbornik XIII, 244-246, бр. 180; Повеља и писма I-1, 99-101, бр. 99. Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 280-282; В. Марковића Односи Дубровчана са Србијом, 66-71; М. Зечевића, Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, 70-74; К. Јиречек, Историја Срба I, 240; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 362-364.

[574] Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 70; Р. Михаљчић, Мљет, 394-395, смета дека со договорот од 1362 г. Урош задржал одредени права на островот. Д. Маликовић, Политички односи

дека и тој ќе испрати свое пратеништво кај нив, за тие да му положат заклетва. Во продолжение Воислав ги известил дубровничките власти дека т.н. „кумерска сол" им ја предал на нивните пратеници за сума од 900 перпери во период за една година почнувајќи од 25 август, според договорите што ги имале во минатото.[575]

По завршувањето на војната дубровчаните започнале да се подготвуваат за нормализирање на односите со Воислав и за продолжување на трговијата во областите со кои управувал кнезот. На 20 јануари 1363 г. дубровничките власти кај Воислав ги испратиле Живе Гундулиќ и Јаке Менчетиќ. Познато е дека целото пратеништвото било составено од шест коњаници, четири пешаци, петнаесет коњи товарени со дарови за Воислав. Дополнително пратеништвото носело парична сума во висина од 500 перпери за Воислав, покана до него да го посети градот Дубровник и барање да им биде гаранитирана безбедност во трговијата.[576]

Воислав поради одржување на добрите односи со Венеција од дуждот добил златна була со која му било доделено венецијанско граѓанско право.[577] Но, Воислав по склучениот мир во Оногошт ги продолжил непријателствата со балшиќите. За време на тие воени дејства познато е дека од дубровничките власти побарал галија која требало да ја употреби против балшиќите, но дубровчаните го одбиле барањето.[578] Воислав до својата смрт во декември 1363 година одржувал добри односи со дубровчаните. Неговата сопруга Гоислава го добивала „Светодимитарскиот приход" според овластувањата на Урош за

Котора и Дубровника током XIV и XV века, Универзитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици, Филозофски факултет, Катедра за историју, (докторски труд во ракопис), 173-177.

[575] Србскiи споменицы, 71, бр. 56; Monumenta serbica, 174-175, бр. 157; Законски споменици, 187-188, бр. 49; Diplomatički zbornik XII, 385, бр. 288; Повеља и писма I-1, 102-103, бр. 101; П. Драгичевђ, Писмо кнеза Војислава Војиновића којим обнавља мир са Дубровником, ССА XII, 93-94; Н. Порчић, Документи српских средњовековних владара, 300-302. Хронолшката рамка за составување на писмото на Воислав го дал Љ. Ковачевић, Неколико хронолошких исправака, 441, кој периодот на составување на писмото го поврзал со чинот на потпишување на договорот во Оногошт. Потоа, П. Драгичевђ, Писмо кнеза Војислава Војиновића којим обнавља мир са Дубровником, ССА XII, 96-97, тврди дека писмото настанало истиот ден кога бил потпишан мирот во Оногошт, односно на 22 август 1362 г. кога Урош ја издал повелбата. Авторот смета дека краен рок на издавање на писмото бил 25 август, кога дубровничкиот кнез издал потврда за почеток на закупот на пазарот за сол, а како дополнителен доказ го зема фактот што Воислав, како што сам напишал во писмото, печатот не му бил при рака. Никола Соркочевиќ бил дуборвничките трговец и властелин, член на Сенатот и Малиот совет во Дубровник. Подоцна бил избиран и за судија, а ја извршувал функцијата дубровнички кнез во 1359, 1360 и 136, г. (И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 415, 421; П. Драгичевђ, Писмо кнеза Војислава Војиновића којим обнавља мир са Дубровником, ССА XII, 98).

[576] И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 327.

[577] Š. Ljubić, Listine IV, 48. К. Јиречек, Историја Срба I, 240.

1364 и 1366 г.[579] По смртта на Воислав Воиновиќ во декември 1363 г. неговата сопруга продолжила да управува со јужните предели од владенијата на нејзиниот сопруг, односно со Требиње и Конавље, додека пак северните делови на областа Зета го освоиле балшиќите.[580]

---

[578] Monumenta Ragusina III, 256.

[579] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 144; М. Динић, Дубровнички трибути, 732-733.

[580] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 365 бел.: 68.

*Глава III*: **Односите на Дубровничката Република со обласните господари во Македонија**

## 1. Волкашин и Дубровничката Република[581]

Во процесот на децентрализација и создавање т.н. „држави“ или области управувани од т.н. „обласни господари“[582] на територијата на Српското царство, особено по смртта на кнезот Воислав, започнало политичкото издигнување на Волкашин (лат. Volcassinus).[583] Волкашин прв пат во изворите се спомнува во месец март 1350 г. како жупан во Прилеп.[584] Токму териториите во околината на Прилеп веројатно биле

---

[581] Градот Дубровник од периодот на потпишувањето на договорот во Вишеград со унгарскиот крал Лудвиг I, поради автономијата која што ја стекнал и зголемената политичка и економска моќ, започнал да прераснува од Општина во Република. Терминот „Република“ во официјалната комуникација започнал да се употребува од 1440/41 г., меѓутоа токму од почетокот на шеесетите години на XIV век градот може да се нарече Дубровничка Република. Z. J. Römer, Okvir slobode, Zavod za povijesne znanosti HAZU Duborvnik, 61, дубровничката општина ја нарекува Аристократска Република.

[582] Терминот „господар“ во средниот век имал повеќе значења. Под овој термин се подразбира владетелска институција, пред сè на феудален властелин кој владеел самостојно во областите со кои управувал. ЛССВ, Господар, (Р. Михаљчић), 119-120. Додека пак, поимот „обласни господари” не постои во историските извори. Поимот бил воведен од современите истражувачи за да ги означат крупните феудалци во периодот по опаѓањето на централната власт. Тие вообичаено самостојно управувале не само во својата баштина, туку ја наметнувале сопствената власт и на соседните територии и на тие области им давале атрибути на „држава“.

[583] Византискиот автор Л. Халкокондил (XV век) дава мошне рани податоци за браќата Волкашин и Углеша. Според него, едниот од браќата бил пехарник (гр. „οιvοχοος“), а другиот коњушар (гр. „ιπποκομος“) на дворот на цар Душан. Laonicus Chalcondyles, ed. Bekker (Bonn, 1843), 28; Според М. Орбин, Краљевство Словена, 49-50, татко на Волкашин и Углеша бил некој сиромашен властелин по име Мрњава (лат. Margnava) од Ливно, кој подоцна живеел кај Благоја на р. Неретва. Во одреден период царот Душан ги повикал на својот двор; Според хрониката на манастирот Св. Зограф на Св. Гора, Волкашин бил по потекло од селото Опанак кај Омиш. (М. Орбин, Краљевство Словена, Зрењанин, 49-50; Г. Острогорски, Серска област после Душанове смрти, 7-8; К. Јиречек, Историја Срба I, 240-243; Б. Ферјанчић, Деспоти, 171-173; Ђ. Тошић, Требињска област, 85; Р. Михаљчић, Крај царства, 101-122). Според К. Аџиевски, Пелагонија, 209, Волкашин имал уште едно име: Димитрија.

За потеклото на презимето Мрњавчевиќи види: Л. Мирковић, Мрњавчевићи, Старинара Орган археолошког друштва у Београду III, 11-41, Београд, 1925, 11-41; В. Ђоровића, Прилози за К.Ј.И.Ф. VI, 133-137. С. Рудић, О првом помену презимена Мрњавчевић, Историјски часопис XLVIII, 89-95. За именувањето на Волкашин и Углеша со презимето Мрњавчевиќи види: Б. Ристовска-Јосифовска, За именувањата на Мрњавчевици во македонската и во српската традиција и историографија (споредбен аспект), Филолошки студии II, 2007, 76. Авторката се чини со право предлага при именување на Волкашин и Углеша да се користи формата „синови на Мрњава” или Мрњавчеви и Мрњавови синови. Кога станува збор за означување на нивната фамилија би требало да се употребува името Мрњавчевци. За други гледишта во науката види: С. Рудић, О првом помену презимена Мрњавчевић, ИЧ XLVIII, 89-95; BS. Banović, Oko Kraljevića Marka i godine njegova rođenja, Zbornik za narodni život i običaje južnih Slavena, 42, 24; Р. Михаљчић, Владарске титуле обласних господара. Прилог владарској идеологији у старијој српској прошлости, 252-258.

[584] Љ. Стојановић, Записи I, бр. 97, 37; Требникот во кој се спомнува жупанот Волкашин бил завршен на 26 март 1351 г. (ВИИНЈ VI, 498 бел.: 446; М. Бошкоски, Хронологија на добивањето на деспотска титула на Волкашин. ГИНИ, XLVI/I, Скопје 2002, 70); К. Јиречек, Историја Срба I, 240; Р. Михаљчић, Крај српског царства,

првобитните области со кои управувал Волкашин. На север од Прилеп, Волкашин како свое завештание ја подигннал црквата Св. Димитрија во с. Сушица, јужно од Скопје.[585] Познато е дека по смртта на царот Душан (1355), веројатно на повик од царицата Елена, Волкашин дошол и престојувал на дворот на царот Урош. Потврда на таквото сознание посредно добиваме од повелбата што ја издал Урош во 1357 г. за градот Котор, каде меѓу сведоците се наведува и извесен челник Волкашин (лат. zeonich Vucasin).[586] веројатно синот на Мрњава. Во меѓувреме се претпоставува дека се одвивал процес на територијално проширување на волкашиновите владенија во соседните територии и наметнување на негова врховна власт над дел од соседите.[587] Не постои можност попрецизно да се определат границите на областите со кои управувал Волкашин пред средината на шеесеттите години на XIV век. Во историографијата постојат неколку обиди барем приближно да се определат областите со кои управувал Волкашин пред неговото крунисување за крал.[588]

---

101; Х. Матанов, Югозападните български земи през XIV век, 41, смета дека Волкашин уште од средината на четириесетите година на XIV век ги управувал териториите од Прилеп до Скопје; К. Аџиевски, Пелагонија, 213, не се согласува со мислењето на Х. Матанов и смета дека претпоставката била избрзана.

[585] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 158-159, бел.: 871 претпоставува дека, можеби таму е роден Марко, каде што го минал своето детство. Според ктиторскиот натпис во с. Сушица, јужно од Скопје од 1344/5 г. Волкашин ја започнал изградбата на своето завештание, црквата Св. Димитрија, позната како Марков манастир.

Ктиторскиот натпис го објавиле: Н. Н. Никулска, За ктиторската композиција и натписот во Марковиот манастир-село Суштица, Скопје. ГИНИ XV/II, 225-238; Истата, Марковиот манастир-монумент како документ низ историјата, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, 405-406; Ц. Грозданов-Г. Суботић, Црква светог Ђорђа у Речици код Охрида, Зограф, XII, 73-74.

[586] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 360, бел.: 50; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 12; Ђорђић, Поменик светогорског протата с краја XIV века, ЗРВИ XX, 157; К. Аџиевски, Пелагонија, 214.

Р. Михаљчић, Крај српског царства, 103.

[587] М. Бошкоски, Хронологија на добивањето на деспотска титула на Волкашин. ГИНИ, XLVI/I, 69-81; К. Аџиевски, Пелагонија, 211-213; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 160.

[588] Требникот во кој се спомнува жупанот Волкашин бил завршен на 26 март 1351 г. (ВИИНЈ VI, 498 бел.: 446; М. Бошкоски, Хронологија на добивањето на деспотска титула на Волкашин. ГИНИ, XLVI/I, 70) Според К. Аџиевски, Пелагонија, 211, Требеникот бил напишан во манастирот Трескавец. Во продолжение со голема веројатност се смета дека Волкшин ги управувал териториите северно од Пелагонија, помеѓу Прилеп и Скопје, а најверојатно и со Велес, бидејќи патот кон Скопје врвел преку Велес по десниот брег на р. Вардар. А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 160, бел.: 884 смета дека патот од Прилеп до Скопје можел да оди и по р. Треска. Во продолжение, А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 160-161, презентира уште еден податок значаен за одредување на територијата на Волкашин, содржан во Троношкиот летопис каде што се наведува дека Душан при крунисувањето за цар го направил Волкашин „архимашиломъ, єгоже поставилъ во Прилепѣ владѣти Дакїе и Македонїею”. Овој податок не бил потвреден во други извори и останува да се прифати или отфрли од истражувачите.

Политичкото издигнувањето на Волкашин, според Р. Михаљчиќ најмногу дошло до израз за време на преговорите за склучување мир помеѓу градот Дубровник и кнезот Воислав Воиновиќ во 1361 година. Имено се претпоставува дека како предводник на едно пратеништво, испратено од страна на царот Урош, во Дубровник бил Марко, веројатно синот на Волкашин.[589] Пратеништвото пристигнало во Дубровник во јуни 1361 година. Големиот совет донел одлука на 29 јуни 1361 г. со која ги овластил кнезот и Малиот совет да му одговорат на српското пратеништво со тоа што треба да се испратат писма до царицата Елена, до Волкашин и до други лица за кои би се предвидело дека би придонеле за успех во преговорите. Инаку во контекст на преговорите за склучување мир Волкашин се спомнува уште неколку пати. Сенатот во Дубровник на 28 април 1362 г. едногласно одлучил повторно да им бидат испратени писма на царот Урош, царица Елена, дворските великодостојници (можеби и на Волкашин) и на српскиот патријарх.[590] Потоа, на 19 мај 1362 г. Сенатот во Дубровниик донел нова одлука да испрати пратеништво предводено од Радослав Чимбиќ (лат. Radosclavum Çimbich) кај Волкашин и царицата Елена. Следниот ден на 20 мај на состанок било расправано за конкретните потреби на пратеништвото кое требало да тргне во дипломатска мисија.[591] Во овој дел нема повторно да се задржуваме на текот на преговорите, бидејќи тие настани беа детално презентирани во делот за односите помеѓу кнезот Воислав Воиновиќ и Дубровниик. За потсетување конечниот договорот за мир бил склучен на 22 август 1362 г. во Оногошт, а влијанието на Волкашин во настаните било значително имајќи ги предвид постапките на дубровниките власти кога директно му се обраќале за помош.

Широко прифатен став во науката е дека издигнувањето на браќата Волкашин и Углеша било едновремено и координирано. Имено преку склучување на династички бракови и други методи тие до средината на шеесетите години на XIV век успеале да ја зголемат својата моќ и влијание и надвор од областите со кои директно управувале. Имено се работи за склучување на бракови главно со српски властелински семејства кои извршувале високи управни функции на просторот на Македонија. Познато е дека Јован

[589] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 103.

[590] Monumenta Ragusina, III, 100; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 359-362; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 62-63; Г. Острогорски, Серска област, 8; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 51.

[591] Monumenta Ragusina, III, 192-193.

Углеша бил во брак со Елена, ќерка на кесарот Воинха, наместник на градот Драма.[592] Сестрата на Волкашин и Углеша, Елена била сопруга на Никола Радохна, син на севастократорот Бранко Младеновиќ, управител на Охрид.[593] Оливера, ќерката на Волкашин, била сопруга на Ѓураѓ Балшиќ од Зета,[594] Марко, синот на Волкашин, бил зет на властелинот Радослав Хлапен, наместник во јужните делови на Македонија.[595] Според Р. Михаљчиќ до 1363 г. феудалната област на Волкашин се уште не го достигнала својот најголем обем.[596] На тоа прашање поопстојно се осврнуваме во продолжение.

На 20 јануари 1364 г. година дубровнчките власти донеле одлука да го испратат Јанке Менчетиќ (лат. Jacobus Mençо) кај Волкашин и кај Балшиќите, без притоа да го спомнат царот Урош.[597] Пратеништвото имало за цел да влијае врз Волкашин и Балшиќите за отворање на патиштата во Зета. Бидејќи Волкашин имал добри односи со Балшиќите, дубровчаните очекувале патиштата да бидат отворени за слободна трговија во Зета и кон внатрешноста во Србија.[598]

---

[592] М. Орбини, Краљевство Словена, 43; Г. Острогорски, Серска област, 16; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 84; Х. Матанов, Югозападните български земи през XIV век, 77; К. Аџиевски, Пелагонија, 217; С. Ћирковић, Област кесара Војихне, ЗРВИ XXXIV, 175-184.

[593] М. Ивановић, Натпис младог краља Марка са цркве Св. Недеље у Призрену, Зограф II, 161-169; И. Ђурић, Поменик светогорског протата с краја XIV века, ЗРВИ XX, 157 бел.: 80; Х. Матанов, Югозападните български земи през XIV век, 77; Ц. Грозданов, Охридско сликарство, 17; К. Аџиевски, Пелагонија, 217-218; П. Драгојевић, Баштински посједи српских облсних господара, Дани српског духовног преображења XXII, Научни скуп скуп Деспотовац-Манасија, 22-24 август 2014, Средњи век у српској науци, историји, књижевности и уметности VI, Деспотовац 2015, 145-149.

[594] М. Орбин, 51; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 84; И. Ђурић, Поменик, 157; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 18, 26; И. Божић, Зета и Мрњавчевићи, Прилози КЈИФ XLII/1-4, 22; К. Јиречек, Историја Срба I, 248, бел.: 63; С. Ћирковић, Историја Црне Горе, II/2, 56; К. Аџиевски, Пелагонија, 218; A. Atanasovski, Makedonija i Crna Gora u srednjem vijeku, Matica br. 65 godina XVII, Časopis za društvena pitanja nauku I kulturu, Cetinje-Podgorica, 2016, 305.

[595] Љ. Стојановић., Стари српски записи и натписи I, бр.189, 58-59; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 84; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 28; К. Аџиевски, Пелагонија, 218.

[596] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 62.

[597] Monumenta Ragusina, IV 4-5; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 366, бел.: 71; К. Аџиевски, Пелагонија, 219.

[598] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 366, бел.: 71, смета дека дубровчаните му се обратиле директно на Волкашин, без да се спомне Урош, бидејќи на српскиот двор Волкашин бил единствена одлучувачка личност. Додека пак Р. Михаљчић, Крај српског царства, 84, не го прифаќа толкувањето на К. Јиречек и смета дека дубровчаните му се обратиле на Волкашин бидејќи тој бил „пријател" и сојузник со Балшиќите. Според мене без разлика дали и колку Волкашин бил единствена одлучувачка личност на дворот на Урош или не, дубровчаните како вешти и прагматични дипломати во тој период процениле дека Волкашин ќе придонесе за остварување на нивните економски интереси на територијата на Српското царство и поради тоа одлучиле да му се обратат директно него.

Се претпоставува дека пред добивањето на кралската круна, Волкашин во периодот од месец јануари 1364 г. до месец септември 1365 г., пред воспоставувањето на совладетелските односи со Урош, добил деспотска титула.[599] Всушност во науката се уште стои отворено прашањето околу датумот на крунисување на Волкашин за крал. Приближен период за прогласување на Волкашин за крал може да се определи периодот од јануари 1364 г., кога во дубровничките документи Волкашин за последен пат се спомнува без титула,[600] до јануари 1366 г. кога ја издал својата прва повелба со кралска титула во Скопје.[601] Г. Острогорски се обидел да ја определи точната хронологија, односно датумот на крунисување на Волкашин за крал. Авторот се определил за месец август или септември 1365 г., кога едновремено неговиот брат Углеша ја добил титулата деспот, инаку спомeнат во повелбата на византискиот императорот Јован V Палеолог. Таквото мислење е поврзано со византиската традиција на добивање на владетелско достоинство.[602] Еден значителен дел од истражувачите го прифаќаат мислењето на Г. Острогорски, дека Волкашин бил крунисан за крал во август или септември 1365 г.,[603] а друг дел сметаат дека крунисувањето на Волкашин се случило пред август-септември 1365 г.[604] Доколку го прифатиме мислењето на Г. Острогорски, сметаме дека предложената хронологија би требало да претрпи одредени измени. Имено според надгробниот натпис на Елена, сестрата на Волкашин и Углеша, Углеша е наведен со

---

[599] Г. Острогорски, Серска област 11-12; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 95.

[600] Monumenta Ragusina IV, 4-6; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 93-95.

[601] С. Новаковић, Законски споменици, 508-509; А. Соловјев, Одбрани споменици, 167-169; С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина властелину Новаку Мрасоровићу, ССА I, 99-102.

[602] Г. Острогорски, Серска област, 12. Ставот на Г. Острогорски го прифатиле: Р. Михаљчић, Крај српског царства, 95, ИСН I (Р. Михаљчић), 586; К. Аџиевски, Пелагонија, 221-222.

[603] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 93-95; ИСН I (Р. Михаљчић), 586-587; К. Аџиевски, Пелагонија, 222.

[604] Х. Матанов, Югозападните български земи през XIV век, 80; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 167-169, смета дека спомнувањето на Волкашин без кралската титула во месец јануари 1364 г. можеби било поради признавањето на унгарската врховна власт од страна на дубровчаните, па поради тоа ги мешале титулите. Потоа надоврзувајќи се на гледиштето на Х. Матанов, кој брз основа на заедничките монети на Елена и Волкашин смета дека тие биле ковани во период од 1360/61 до август 1365 г. кога Елена го напуштила Сер. Во продолжение, А. Атанасовски смета дека не треба целосно да се отфрли ставот на Х. Матанов, дека Волкашин добил кралска титула во периодот од 1360/61 г. до месец август 1365 г., бидејќи, заедничкото ковање на монети значело дека Волкашин се издигнал за крал, токму со нејзина поддршка. К. Аџиевски, Пелагонија, 222, бел.: 51 утврдил дека во дубровничките документи, по месец јануари 1362 г. Волкашин редовно бил наведуван со кралска титула, без разлика дали биле во прашање протоколите на Советите или преписка.

деспотска титула. Според последните истражувања натписот е датиран во есента 1364 г.[605] Доколку крунисувањето на Волкашин и титулирањето на Углеша за деспот се случило едновремено тогаш веројатно наведените настани се случиле барем една година порано од 1365 г.[606] Со добивањето на кралската круна Волкашин воедно станал совладетел на царот Урош и негов формален наследник.[607]

По крунисувањето за крал Волкашин успеал да ја наметне својата власт на поголем простор и да ги прошири своите владенија. Власта на Волкашин се протегала над пространи територии во Македонија и на Косово. Во територијата на „кралството" на Волкашин биле вклучени областите на југ од Прилеп до Костур и Воден (без градовите Солун и Бер), а западната граница врвела од Преспа, Охрид,[608] Кичево и Дебар. Потоа од

---

[605] Г. Суботић-С. Кисас, Надгробни натпис Јелене, 161-181; Х. Матанов, Югозападните български земи през XIV век, 81; К. Аџиевски, Пелагонија, 222.

[606] Доколку се прифати хронологијата според Г. Острогорски крунисувањето на Волкашин веројатно се случило една година порано, односно 1364 г. Според Б. Ферјанчић, Деспоти, 172; К. Аџиевски, Пелагонија, 222, друга претпоставка е дека Углеша ја добил титулата деспот, пред крунисувањето на Волкашин за крал.

[607] М. Орбин, Краљество словена, 44, Волкашин не бил узурпатор на кралската круна. Во историографијата како доказ за постоење на совладетелство помеѓу царот Урош и кралот Волкашин се сметаа ковањето на заеднички монети види: Р. Мартић, Студије из српске Нумизматике, Српска академија наука, Посебна издања књ. CCLIX, Одељење душтвених наука књ. XX, 87-88; С. Димитријевић, Нове врсте српског средњовековног новца, Старинар, Археолошког института Српске академије наука, IX-X, 51-159; В. Ивановић, Новчарство средњовековне Србије, 263-266; М. Ћерантић, Д. Рашковић, Српски средњовековни новац у Народном музеју Крушевац, Нумизматичар бр.24/25/2001-2002, Народни музеј у Београду Српско нумизматичко друштво, 209-210; В. Црноглавац, Српски средњновековни новац у Народном музеју и Нишу, Нумизматичар 29, Народни Музеј Ниш, 338, 359-362; С. Спасић, Српски средњновековни Новац, Народни Музеј Краљево, 39-40. Фреската каде што се претставени заедно види: С. Радојчић, Портрети српских владара у средњем веку, 61-62. Во жупата Славиште Влатко Паскач ја изградил црквата Св. Никола во Псача. Црквата била животописана во период 1365 до 1371 г. Влатко бил претставен како севастократор. Титулата веројатно ја добил од Урош, кога Волкашин станал крал (Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари у српском царству, ЗФФ XI/1, 255-269; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 75). Според Р. Михаљчић, Крај српског царства, 75, Влатко Паскач ја признавал врховната власт на Урош и Волкашин, веројатно до крајот на заедничкото владеење. За заедничкото пратениште во Дубровник види: Monumenta Ragusina IV, 68, 69, 71, 72; М. Орбини, 54. Општа литература за совладетелството види: М. Благојевић, Савладарство у српским земљама после смрти цара Уроша, ЗРВИ XXI, 183-184; Б. Ферјанчић, Савладарство у доба Палеолога, ЗРВИ XXIV-XXV, 307-384.

[608] Некаде околу 1365 г. Охрид и Охридско ја признавале власта на кралот Волкашин. Г. Суботић-С. Кисас, Надгробни натписи, 176; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архепископија, 174; Т. Томовски, Охрид до крајот на XIV век, Зборник на трудови посебно издание по повод 10-годишнината од основањето на музејот, посветено на XII меѓународен конгресна Византолозите, Народен музеј во Охрид, 14; Б. Панов, Средовековна Македонија том III, 800-809; Истиот, Охрид и Охридската област во XIII-XIV век, ГЗФЗФ, IV, 43-50; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 175; Т. Филипоски, Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. До 17. Септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), 296-297.

Скопје[609] преку областа Полог[610] на север до Призрен, Приштина и Ново Брдо.[611] Источната граница не може точно да се утврди бидејќи дел од тие области биле под власта на неговиот брат Углеша.[612] Највидни личности во тој период во источна Македонија се сметале Влатко Паскач и Никола Стањевиќ кои имале променлив статус додека управувале со своите области.[613]

---

[609] Волкашин започнал со изградба на манастирот Св. Димитриј, 10 км јужно од Скопје, а го завршил Марко. Од своја страна Андријаш, брат на Марко, го подигнал манастирот Св. Андреа на р. Треска. Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи, I, 54, 58; В. Марковић, Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији, 215-217; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 18, 35-36; М. Пурковић, Попис села у средњевековној Србији, Годишњак Скопског филозофског факултета IV, 1939-1940, 70, 80, 86, 96, 108, 114, 118, 128; Ј. Трифуноски, За средновековните села на манастирот Св. Андреја крај Треска, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Историско-филолошки оддел, кн. IV, № 2, 3-16; Н. Ношпал-Никуљска, Прилог за манастирот Св. Андреја на р. Треска-на брегот на езерото Матка, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, 387-400).

[610] За областа Полог под власт на кралот Волкашин види: К. Аџиевски, Пелагонија, 227; Б. Панов, Охрид и кралството на Волкашин и Марко, Кралот Марко во историјата и во традицијата (Прилози од одржаниот научен собир одржан по повод 600-годишнината од смртта на кралот Марко, Прилеп, 23-25 јуни 1995 г.), 46-47; Истиот, Историја на македонскиот народ, том I: Македонија од праисториското време до потпаѓањето под турска власт (1371 г.), 544-545; М. Спремић, Прекинут успон-српске земље у позном средњем веку, 127-129; М. Динић, Област Бранковића, Прилози за КЈИФ, XXV/1-2, 5; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 79; М. Шуица, О кесару Гргуру, ЗРВИ XXXIV, 172; Б. Петровски, Полог во средниот век (VI-XIV век), (докторска дисертација, 2006), 67-78.

[611] М. Орбин, Краљевство Словена, 45. За власта на Волкашин во Приштина. Д. Ковачевић-Којић, Приштина у средњем вијеку, ИЧ XXII, 45-74.

[612] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 94-97 смета дека не постоела граница помеѓу областите со кои управувале браќата.

[613] В. Марковић, Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији, 215-217; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 18, 35-36; М. Пурковић, Попис села у средњевековној Србији, Годишњак Скопског филозофског факултета IV, 1939-1940, 70, 80, 86, 96, 108, 114, 118, 128; Ј. Трифуноски, За средновековните села на манастирот Св. Андреја крај Треска, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Историско-филолошки оддел, кн. IV, № 2, 3-16; Н. Ношпал-Никуљска, Прилог за манастирот Св. Андреја на р. Треска-на брегот на езерото Матка, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, 387-400). Со жупата Славиште управувал севастократорот Влатко Паскач. Црквата Св. Никола во селото Псача со околните села кон крајот на владеењето на Душан им ги приложил на манастирот во Хиландар. (С. Мишић, Хрисовуља цара Стефана Душана о поклањању цркве Светог Николе у Псачи манастиру Хиландару, ССА IV, 135-149). Во областите на Влатко Паскач биле рудниците Злетово и Кратово. Тој ги преселил рударите од Злетово во Славиште (А. Соловјев, Одбрани споменици српског права права од XII до краја XV века, 157). За владеењето на Влатко Паскач види: V. Petković, Portreti iz Psače, Narodna starina XX, 202-203; Ђ. Радојичић, Севастократор Влатко и његов новац, Старинар XIII, 71-74; Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари у српском царству, ЗФФ XI/1, 261–262; Ј. Трифуноски, Где се налазио град Славиште? Гласник Српског географског друштва LVI/1, 105-108. За владеењто на Никола Стањевиќ со Струмица, Штип и Демир Капија види: А. Соловјев, Кончански практик, ЗРВИ III, 83-108; С. Бојанин, Повеља цара Стефана Уроша којом потврђује дар великог војводе Николе Стањевића манастиру Хиландару, ССА I, 103-115; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 76-78, 98-99. А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 140-146. Никола Стањевиќ уште од времето Душан управувал со Штип, Брегалница и Струмица. Тој бил ктитор на црквата Св. Стефан во Конче. Во мај 1366 г. по барање на Никола, царот Урош ја потврдил даровницата на Никола, црквата во Конче заедно со повеќе од 40 села за манастирот во Хиландар. Никола бил потиснат од

Покрај тоа што власта во т.н. „Серска држава“ ја имал Углеша од околу 1365 г., Р. Михаљчиќ смета дека пред повлекувањето на Елена од Сер, не било можно да се формира единство помеѓу териториите на браќата Волкашин и Углеша, а повлекувањето на Царицата се случило во втората половина на шеесетите години на XIV век (во 1367 г.).[614] Од расположливите изворни податоци не постои можност целосно да се дефинираат внатрешните односи во српската држава во периодот на политичкото издугнување на Волкашн и Углеша. За царот Урош во посочениот период се знае дека на 11 март 1365 г. во Приштина издал повелба со која ги потврдил даровите на синовите на севастократорот Бранко Младеновиќ од Охрид. Имено неговите синови, Вук и Гргур семејните имоти помеѓу Приштина и Призрен му ги подариле на манастирот Хиландар.[615] Потврдувањто на имоти со издавање значело дека врховната власт на Урош се уште формално се почитувала во овие простори, но неговата власт постепено била истисната од областите кои својата власт ја наметнувале Волкашин и Углеша.

Односите помеѓу кралот Волкашин и Дубровничката Република не можеме да ги следиме во континуитет. На 3 јуни 1366 г. се бележи една одлука на Сенатот во Дубровник. Според одлуката на Сенатот, Волкашин за прв пат бил наведен со титулата крал. Сенатот одлучил да му биде одговорено писмено на „рашкиот господар крал Волкашин“ (лат., ...domino regi Rassie Volchassino),[616] но не се дознава ништо повеќе за нивните меѓусебни односи.

На 4 октомври 1366 г. дубровчаните му го исплатиле Стонскиот приход на монахот Серапион од манастирот Св. Архангели, кај Призрен, откако монахот на дубровничките власти им го покажал писмото издадено од царот Урош. Бидејќи кон крајот на октомври бил крајниот рок за исплата на „Светодимитарскиот приход,“ на 26 октомври 1366 г. во

---

политичката сцена во првите години од со-владетелството на Урош и Волкашин. Неговите области ги управувале Волкашин и Марко.

[614] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 62.

[615] Monumenta serbica, 171-173; С. Новаковић, Законски споменици, 441-444; Р. Михаљчић, Хрисовуља цара Уроша манастиру Хилендару о дару калђеру Романа, ССА V, 152-160; Р. Михаљчић, И. Шпадијер, Слово браће Бранковића манастиру Хилендару, ССА VI, 140-142; С. Бојанин, Повеља Вука Бранковића о даровању Скопског манастира Светог Георгија манастиру Хилендару ССА VIII, 119-120: К. Јиречек, Историја Срба I, 244; Г. Суботић-И. Кисас, Надгробни натпис Јелене, сестре деспота Јована Углеше, на Маникејској горе, ЗРВИ XVI, 167; М. Спремић, Прекинут успон-српске земље у позном средњемвеку, 128-129, 422-425; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 162-163; М. Шуица, Вук Бранковић: славни и велможни господин, 30-31, 37; Т. Филипоски, Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), 293.

Дубровник пристигнал пратеник на Гоислава, вдовицата на кнезот Воислав. Притоа пратеникот им го предочил овластувањето издадено од Урош по што дубровничките власти му го исплатиле данокот во висина од 2000 перпери. Меѓутоа кон средината на ноември 1366 година во Дубровник било испратено заедничко пратеништво составено од одделни пратеници на Урош и Волкашин за подигнување на „Светодимитарскиот приход.“[617] Иако во Дубровник било испратено едно заедничко пратеништво, дубровчаните сепак правеле разлика меѓу членовите-пратеници на Волкашин и оние на Урош. На 16 ноември 1366 г. на седница на Сенатот било расправано одделно за барањето на делот од пратеништвото на Волкашин и едногласно било одлучено да му се одговори на „domino regi Sclavonie secundum quod fuit arrengatum supa facto tribute“ („вториот господар на кралството Склавонија за оној што беше направен најголем трибут“).[618] Потоа за неколку дена, на 23 ноември 1366 г., Сенатот одделно расправал за барањето на делот од пратеништвото на Урош и исто така едногласно било одлучено да му се одговори на пратеникот на „domini imperatoris Sclavoniae.“[619] („господин император на Склавонија“) Содржината на одговорите до пратеништвата не е позната и единствено може да се заклучи дека заедничкото пратеништво во Дубровник не го добило „Светодимитарскито приход“ бидејќи данокот веќе бил исплатен на Гоислава.[620] Во врска со барањето на ова заедничко пратеништво се поставува прашањето: зошто царот Урош и кралот Волкашин испратиле пратеници во Дубровник за подигнување на „Светодимитарскиот приход,“ кога веќе претходно, во октомври, Гоислава го подигнала истиот данок, притоа доставувајќи валидно овластување од Урош?![621] Ваквиот потег на Урош и Волкашин еден дел од истражувачите го објаснуваат со тешката економска положба во која се нашол Урош, па се обидел доколку се уште не бил подигнат данокот да го подигне. Во науката постои и поинакво објаснување за потегот на Урош и Волкашин. Имено причината за ваквата појава се препознава желбата на Волкашин, како најмоќен властелин во Српското царство,

[616] Monumenta Ragusina IV, 94; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 368, бел.: 77.

[617] Monumenta Ragusina IV, 68, 69, 71, 72; М. Орбин, Краљевство словена, 54; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 367, бел.: 75; Г. Острогорски, Серска област, 9-11; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 91.

[618] Monumenta Ragusina IV, 68-69.

[619] Исто, 70-71.

[620] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 368; К. Аџиевски, Пелагонија, 226. По барање на Урош дубровчаните им подариле 200 дукати на пратениците на Урош, додека пак членовите на двете пратеништва добиле по 10 перпери.

совладетел и легитимен наследник на царот Урош да пројави право барем на дел од „Светодимитарскиот приход.“[622]

Кон крајот на ноември 1366 г., Малиот совет одлучил да избере пратеници кои требало да остварат одделни средби со српскиот цар и крал, но недостасуваат повеќе податоци за причините за ваквата дипломатска активност.[623] Следната година, во јуни 1367 г. сочуван е уште еден податок за односите помеѓу дубровчаните и Волкашин. Значајно да се потенцира дека се работи за самостојното писмено обраќање на кралот Волкашин до дуборвчаните без притоа да го спомне царот Урош. Сенатот во Дубровник одлучил писмено да му одговори на кралот Волкашин.[624] Меѓутоа повторно недостасуваат подетални податоци за содржината на ваквата кореспонденција.

Според известувањето на М. Орбин, како што погоре напоменавме, во 1369 г. била формирана коалиција составена од Урош, кнезот Лазар и жупанот Никола Алтомановиќ против онаа на кралот Волкашин, деспот Углеша и Балшиќите.[625] За поделбата што настанала помеѓу „бароните на Рашка“ сочувани се одредени податоци и кај дубровчаните.[626] Меѓутоа освен податокот на Орбин за победата на коалицијата предводена од Волкашин, не се сочувани дополнителни изворни податоци за исходот од меѓусебниот судир. Дел од истражувачите, врз основа на известувањето на М. Орбин, кој наведува само дека битката се одиграла во 1369 г. сметаат дека сојузот против Волкашин, Углеша и Балшиќите бил формиран во кон крајот на 1369 г.[627] Ваквото датирање се определува повторно врз основа на едно друго известување на М. Орбин според кое

---

[621] Monumenta Ragusina IV, 69.

[622] Х. Матанов, Югозападните български земи през XIV век, 83, смета дека немало заедничко пратеништво, туку, само кралот Волкашин испратил пратеништво кое било испратено и во име на Урош. К. Аџиевски, Пелагонија, 226, го отфрлил ваквиот став, бидејќи, дубровничаните направиле јасна дистинкција помеѓу пратеништвото на царот и кралот.

[623] Monumenta Ragusina IV, 72.

[624] Исто, 94; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 367-368, бел.: 77; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 156, 122; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 176.

[625] М. Орбин, Краљество Словена, 53, кометари: С. Ћирковић: 313.

[626] Ј. Тадић, Писма и упутства, 209-215.

[627] Monumenta Ragusina IV, 127-128; М. Орбин, Краљество словена, 53, коментари: С. Ћирковић: 313; Х. Матанов, Югозападните бьлгарски земи през XIV век, 89; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 118-121, 124, 153-154; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 178.

Волкашин одржувал добри односи со Дубровник освен во 1369 г. кога се „разлутил“ на нив поради Урош.[628]

Сочувано е писмо издадено од дубровничките власти на 20 декември 1369 г. испратено до дубровчаните Јако Соркочевиќ (лат. Jacobus de Sorgo)[629] и Михаел Бобалевиќ кои престојувале во Призрен и требало да се сретнат со Волкашин за да ги подобрат односите со кралот.[630] Во продолжение се обидуваме да направиме реконструкција на настаните кои довеле до чинот на издавање на повелбата на Волкашин за дубровчаните на 5 април 1370 г. во Брод, Порече.[631] Се смета дека по судирот во Косово и победата на Волкашин и неговите сојузници, политичката моќ и влијанието на царот Урош значително било намалено.[632] Токму ваквите податоци се толкуваат во прилог на самостојниот статус на Волкашин како и неговиот надреден однос во однос на Урош.[633] Имено пред издавањето на повелбата, а по битката на Косово дубровничките власти на 20 декември 1369 г. испратиле писмо до дубровничките пратениците кои требало да се сретнат со кралот Волкашин.[634] Писмото било испратено до двајцата дубровчани: Михо

---

[628] М. Орбин, Краљество словена, 53.

[629] Дубровнички властелин и трговец, се занимавал со трговија со сол. После мисијата кај Волкашин, ја зел под закуп царината на пазарот во Призрен. Подоцна, бил избран за кнез во Дубровник. И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 415-416, 422-423.

[630] Monumenta Ragusina IV, 114-115; Ј. Тадић, Писма и упутства, 201. М. Орбини, Краљевство Словена, 53, коментари: С. Ћирковић: 314; А. Николов, В. Гюзелев, Е. Костова, П. Данова, С. Хинковски, Дубровнишки документи за историята на България и Българите през XIII-XV век том I (1230-1403 г.), 138; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 124; К. Аџиевски, Пелагонија, 235.

[631] Споменици српски, 76-77, бр. 62; Monumenta Serbica, 179-181, бр. 167; Законски споменици, 191-192; Повеље и писма I-1, 116-117, бр. 122; С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, 163-164. Литература: К. Јиречек, Историја Срба I, 244; Истиот, Зборник I, Српски цар Урош, 371.

[632] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 153, смета дека Мрњавчевиќи биле на праг да ја обноват српската држава со нова династија. Според С. Ќирковиќ повелбата сведочи дека Волкашин во втората половина на 1369 г. станал, барем за кратко време, единствен владетел и поради тоа, дубровчаните му се обратиле за потврдување на трговските права.

[633] С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, 161-171; П. Коматина, (Промене на српском престолу 1370-1371 године. Покушај реинтерпретације, ИЧ LXVI, 2017 Београд, 149-171.) смета дека дошло до промена на српскиот престол во периодот помеѓу 5 февруари 1370 г. (при подигнување на „Светодимитарскиот приход,” Урош за последен пат се спомнува како цар) и 5 април 1370 г. (кога била издадена повелбата за дубровчаните).

[634] Monumenta Ragusina IV, 114-115; Ј. Тадић, Писма и упутства, 201; А. Николов, В. Гюзелев, Е. Костова, П. Данова и С. Хинковски, Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.), 138-139; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 374, бел.: 97, смета дека дубровничкото пратеништво пристигнало во Скопје или во некој друг дворец во близина на Призрен каде требало да се сретнат со Волкашин и да му ги претставатнезгодитешто ги имале во Призрен. Р. Михаљчић, Крај српског царства, 124; К. Аџиевски, Пелагонија, 235.

Бобаљевиќ[635] и Јако Соркочевиќ кои престојувале во областите на Волкашин. Не е сочуван податок кога дубровничко пратеништво тргнало од Дубровник кај Волкашин во 1369 г. Веројатно станувало збор за специјални конзули или „ad hoc"-пратеници кои престојувале во областите на Волкашин.[636] Дубровничките пратеници т.н. „специјални конзули" добиле инструкции да ги продолжат започнатите преговори со Волкашин. Според содржината на писмото и инструкциите што ги добиле пратениците им било наредено „venire ad dominum regem Volchasinum pro emendare et aptare seruicia admbaxiate" („да дојде кај кралот Волкашин за подобрување и прилагодување или за правење некакви услуги").[637] Тоа всушност значи дека им било наложено да ги спроведат зададените задачи што ги добиле во функција за да ги продолжат преговорите со Волкашин. Според С. Ќирковиќ преговорите помеѓу Волкашин и дубровчаните биле долги и тешки, поаѓајќи од долгиот период на траење на преговорите (дубровничкото писмо од 20 декември 1369 г.) до издавањето на волкашиновата повелба (5 април 1370 г.).[638]

Според содржината на повелбата дубровчаните му ја претставиле на Волкашин повелбата на царот Душан од 1349 г. Потоа, било наведено дека Волкашин им ги потврдил правата што ги имале во минатото. Од содржината на повелбата може да се потврди дека името на Урош воопшто не било спомнато.[639] Во повелбата не биле наведени нови одредби. Во продолжение во повелбата биле споменати синовите на Волкашин, Марко и Андреаш,[640] потоа сопругата Елена,[641] Братислав,[642] логотет на дворот на Волкашин, потоа членовите на дубровничкото пратеништво од 1349 г., Марин Буниќ, Симон Бенешиќ, Живе Цревиќ и Венецијанецот Никола Ѓорѓе.

---

[635] И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 118.

[636] Таков е примерот кога на 10 јуни 1371 дубровничктите власти испратиле писмо до дубровчаните Паско Ранини и Јако Соркочевиќ. Овие пратениците G. Veiner, Konzuli, 298-299, ги нарекува ad hoc-пратеници, или специјални конзули.

[637] Ј. Тадић, Писма и упутства, 201.

[638] С. Ћирковић, Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, 165.

[639] Исто, 162-163.

[640] Волкашин и Елена (Евросима) имале уште два синови, Дмитар и Иваниш, меѓутоа тие не биле споменати во повелбата. Веројатно имале помалку од 14 години. (Л. Мирковић, Мрњавчевићи, Старинар III, 33-40; С. Ћирковић, Поклад краља Вукашина, 153-163).

[641] Н. Ношпал-Никуљска, Прилог за манастирот Св. Андреја на р. Треска на брегот на езеро Матка; Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија I, 390-393.

[642] Подетално види: М. Благојевић, Државна управа у српским средњовековним земљама, 99-158; Српски биографски речник I, (С. Ћирковић), 808.

Меѓутоа при ваква реконструкција на настаните дел од истражувачите дубровчаните ги ставиле во позиција да бараат милост од Волкашин, за да му докажат дека не биле против него. Постои основа да се претпостави дека хронологијата на настаните и дадените квалификации за дубровчаните биле направени без да се има предвид положбата и статусот на дубровчаните на просторот на Српското царство. Повелбата што подоцна ќе ја добијат дубровчаните од Волкашин не треба да биде претставена како барање милост за подобрување на односите меѓу дубровчаните и кралот Волкашин, туку спротивно како барање за регулирање на меѓусебните односи на повисоко ниво со најмоќната личност во Царството по победата во Косово.

Врз основа на изворните податоци и досегашните научни толкувања може да се понуди хипотеза во однос на причината за долгите и тешки преговори помеѓу кралот Волкашин и дубровчаните. Врз основа на писмото и инструкциите што ги добиле дубровничките пратениците се поставува прашањето дали можеби дубровчаните кои биле препознатливи по почитувањето на легитимитетот при водењето на дипломатски активности побарале потврдување на трговските права презентирајќи ја повелбата издадена од Урош од 1357 г.?! Но, постои веројатност дубровничките пратеници да биле принудени да направат преседан поради нарушените односи помеѓу Урош и Волкашин и несогласувањето на Волкашин да потврдува повелби издадени од царот Урош. Во тој контекст голема е веројатноста Волкашин да барал наместо повелбата од 1357 г. да му биде претставена повелбата издадена од царот Душан од 1349 г.

Интересно е да се наведе еден сочуван податок за дубровланецот Живе Пуциќ кој во 1370 година престојувал во градот Скопје. Неговото спомнување е во контекст на продажба на лозови насади во писмо од 9 септември 1370 година испратено од Дубровник до извесен Милош.[643]

Во период на децентрализација на Српското царството не било возможно една личност да биде сметана за единствен владетел на државата. Во текот на преговорите кои довеле до чинот на издавање на повелба од Волкашин, дубровчаните настапувале повеќе од политичко-прагматичен, отколку од легалистички аспект. Дубровчаните инаку познати по почитувањето на легитимитетот му побарале конкретно на Волкашин потврдување на

[643] Diplomatički zbornik XIV, 286; И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 369-370.

правата и привилегиите добиени во минатото, кој важел за најмоќен и највлијателен господар, но не ѝ единствен на просторот некогашното душаново царство. Нетрпеливоста меѓу Волкашин, Марко, Углеша и Балшиќи од една страна и обласните господари од т.н. „стари српски земји“ од друга, се уште не била прекината и по судирот на Косово. Дубровничките трговци многу добро ги чувствувале последиците од несогласувањата што постоеле во внатрешно-политичките односи на просторот на Српското царство. Токму поради актуелните внатрешни судири дубровчаните безмалку ја запреле трговијата со областите на Царството.[644]

Во мај 1371 г. се бележи дека дубровничките трговци имале непријатности кои им ги нанел Богдан Киризмиќ, протовестијар на кралот Волкашин, на пазарот во Призрен. Поради пречките во извршување на трговијата дубровничките власти на 10 јуни 1371 г. испратиле писмо до дубровчаните: Паско Ранини и Јаков Соркочевиќ.[645] Според насоките во писмото дубровчаните требало да се сретнат со Волкашин кога тој ќе пристигне во Скопје, Призрен или некој друг негов дворец во околината. На тој начин тие требало директно да му ги презентираат проблемите и штетите накои биле изложени во Призрен поради постапките на Богдан.[646] Според Г. Веинер испратените пратеници дејствувале како „ad hoc“-пратеници или „специјални конзули“ на дворот на кралот Волкашин.[647]

Во јуни 1371 година дубровничките власти испратиле писмо до нивниот трговец Павле Ѓорѓиќ кој се упатил во Бока Которска да се сретне со Балшиќите. На средбата дубровчаните изразиле подготвеност да испратат своја војска на сојузниците Ѓураѓ Балшиќ, кралот Волкашин и Марко кои веќе пристигнале под Скадар.[648] Веројатно во текот на јуни 1371 г. бил создаден сојузот на Волкашин, Марко и Балшиќи против жупанот Никола Алтомановиќ. За сојузот и подготовките за војна против Алтомановиќ

---

[644] „Per lo mal stado*, che ha lo dito regno de Rassa, per la division de li baroni*": Monumenta Ragusina IV, 118-119, (март, 1371).

[645] М. Динић, Одлуке већа дубровачке републике, I, Београд 1951, 268; А. Николов, В. Гюзелев, Е. Костова, П. Данова и С. Хинковски, Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.), 140-142; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 373-374; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 422-423.

[646] Monumenta Ragusina IV, 126; Ј. Тадић, Писма и упутства, 229-231.

[647] G. Veiner, Konzuli I konzularna služba, 298-299 бел.: 60.

[648] Monumenta Ragusina IV, 127; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 374; Истиот, Историја Срба I, 248; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 117, 137; И Божић, Зета и Мрњавчевићи, 22; А. Николов, В. Гюзелев,

сведочат дубровчаните кои биле подготвени да се приклучат кон сојузот.[649] Иако се подготвувало веројатно не дошло до воен судир помеѓу сојузниците на Волкашин и Никола Алтомановиќ.[650] Сојузниците сепак не ги нападнале областите на Никола Алтомановиќ бидејќи Волкашин добил повик од својот брат Углеша. Имено Углеша го повикал својот брат поради воената опасност што се приближувала на неговата источна граница од страна на Турците-османлии. Во тие моменти Волкашин веројатно проценил дека воениот поход против Никола бил помалку значаен, па, одлучил со главнината на својата војска да се упати кон исток во областите на својот брат. Веројатно поради зафатеноста на Волкашин со подготовките за напад на областите на Никола Алтомановиќ, не бил во можност да оствари средба со дубровничкото пратеништво. На просторот на Серската држава браќата и нивните сојузници ја подготвиле заедничката војска. Потоа се упатиле да ги пресретнат Турците-османлии и поставиле воен логор покрај р. Марица. Одлучувачката битка се случила на 26 септември 1371 г. кај Черномен (грч. Ζερνομιανον). Во оваа битка сојузничката војска на браќата била целосно поразена од Турците-османлии, а на самото бојно поле загинале кралот Волкашин и деспот Јован Углеша.[651]

---

Е. Костова, П. Данова и С. Хинковски, Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.), 146-148.

[649] Monumenta Ragusina IV, 127-128; Ј. Тадић, Писма и упутства, 231-232, № 221.

[650] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 375.

[651] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 377; Истиот, Историја Срба I, 249, бел.: 83 и 84; П. Томац, Битка на Марици, Војноисторијски гласник I, 61-74; Г. Шкриванић, Битка на Марици 26. септембра 1371. године, Војноисторијски гласник III, 71-93; Г. Острогорски, Серска област, 127-146; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 198; А. Стојановски, Маричката битка и нејзините последици, Македонија во турско средновековие (од крајот на XIV-почетокот на XVII век), 9-20; Р. Радић, Време Јована V (1332-1391), Византолошки институт, САНУ, 355; С. Ћирковић, Косовска битка у међународном контексту, Глас CCCLXXVIII, САНУ, Одељење историјских наука књ. IX, 49-69; Љ. Максимовић, Византија и Турци од Маричке до Косовске битке (1371-1389), Глас САНУ CCCLXXVIII, Одељење историјских наука, књ. IX, 33; А. Атанасовски, Недовербата меѓу „Балканците" во XIV век, последици и поуки, ГЗФЗФ LVIII, 196-197; T. Filiposki, Before and After the Battle of Maritsa (1371): The Significance of the Non-Ottoman Factors in the Ottoman Conquest of the Balkans, The




Карта бр.1, *Присуство на дубровчани во Македонија и на просторот на српската држава во XIV век.*[*]

---

Ottoman Conquest of the Balkans, Interpretations and Research Debates, edited by Oliver Jans Schmitt, Österreichische Akademie der Wissenschaften, Wien, 2016, 65-78.

[*] Картата е изработена од Антонио Трајков, дипломиран географ, насока:географски информациски системи.

## 2. Серската област, Углеша и Дубровничката Република

Царицата Елена почнала да управува со Серската област по смртта на царот Душан во 1355 година. На почетокот од управувањето царицата Елена формално ја признавала врховната власт на својот син, царот Урош V.[652] Како што спонемавме погоре веднаш по смртта на Душан територијата на Српското царство станала цел на завојување од страна на соседите. Конкретно Серската област била нападната од страна на војската предводена од Матеј Кантакузин. Обидот на Матеј да освои дел од територијата на Србија не бил успешен. Урош испратил војска во Серската област како помош на својата мајка и воедно за одбрана на југоисточните граници на Царството во војната против Матеј.[653] Инаку уште од првите години од владеењето на Елена, Јован Углеша имал значајна улога во управувањето со Серската област.[654] Меѓутоа неговото политичко издигнување постигнало завиден интензитет кон средината на шеесетите години на XIV век.

Од почетокот на шеесеттите година на XIV век за областите кои ги управувала царицата Елена започнал да се користи терминот „држава."[655] Во историографијата се уште се води дискусија околу положбата и статусот на „Серската држава" управувана од царицата Елена. Дел од истражувачите сметаат дека Серската држава целосно се одвоила од Српското царство и Елена (со монашко име, Елисавета) управувала самостојно,[656] додека, пак, друг дел од истражувачите сметаат дека „Серската држава" не се одвоила од Српското царство и не отстапувала од српската државност и идеологија.[657]

Веројатно до почетокот на шеесетите години на XIV век царицата Елена во Серската област владеела самостојно и независно во однос на Урош и покрај тоа што

---

[652] Г. Острогорски, Серска област, 4.

[653] С. Ћирковић, Област кесара Војихне, 175-184.

[654] Тој преговарал со византијците и се спомнува со титула велики војвода во 1358 година. Г. Острогорски, Серска област, 16-18; Р. Михаљчић, Крај српског царства 81, има спротивно мислење за положбата на Углеша во првите години од владеењето на Елена. Авторот смета дека, бидејќи не се спомнува како дворјанин кај Елена, личноста Јован Углеша кој бил назначен за заповедник на градот Сер, не бил Углеша брат на Волкашин.

[655] Б. Ферјанчић, Византијски и српски Сер, 63, 66-80, 85-89; Х. Матанов, Югозападните български земи, 65-66, 72-73, 168-169; Х. Матанов-Р. Михнева, От Галиполи до Лепанто.Балканите, Европа и османското нашествие (1354-1371), 47.

[656] Г. Острогорски, Серска област, 3; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 57.

[657] В. Г. Алексић, Наследници Мрњавчевића и територије под њиховом влашћу од 1371 до 1395, (Докторска дисертација, Београд, 2012), 14-16, дека Елена не отстапила од српската државна идеологија.

името на царот Урош формално се споменувало во изворите до 1365 година.[658] Меѓутоа според изворните податоци од почетокот на шеесетите година на XIV век Елена почнала да управува самостојно без притоа да го споменува името на својот син при водењето на внатрешната и надворешната политика.[659] Самостојното владеење на Елена во Серската област се чини било поврзано со улогата и влијанието на деспот Углеша.[660] Своевидно упатување за самостојното управување на Елена со Серската држава била повелбата од 1360/61 за манастирот Хиландар. Имено во повелбата што ја издал Урош за потврдување на даровите на царицата Елена за Хиландар по потписот стои следната белешка: „госпоѓа света царица заповеда сама со Сер."[661] Значајно е да се потенцира дека токму во периодот од 1360 до 1365 г. биле воведени голем број на византиски институции.[662]

Во 1360 г. Елена испратила пратеништво во Дубровник за подигнување на депозитот на својот сопруг оставен кај Марин Гучетиќ. Меѓутоа дубровничките власти на пратеништвото им претставиле акти коишто тие ги имале добиено од царот Душан, како доказ дека депозитот веќе бил исплатен.[663]

Царицата Елена исто така била вклучена во преговорите за склучување на мировен договор помеѓу Дубровник и кнезот Воислав Воиновиќ. Имено претходно напоменавме дека на 29 април 1362 г. убровчаните одлучиле да испратат писма до царот Урош, царицата Елена и до видни великодостојници за кои ќе проценат дека би придонеле за склучување на мирот и до српскиот патријарх. [664] Дубровчаните на 3 јули 1362 г. повторно

[658] Г. Острогорски, Серска област, 5 бел.: 18; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 49, 72-74; ИСН I (Р. Михаљчић), 577; Х. Матанов, Югозападните български земи, 72.; М. Благојевић, Државна управа, 133; Р. Михаљчић, Фалсификована повеља цара Уроша о Стонском дохотку, ССА II, 123.

[659] Г. Острогорски, Серска област, 4-5; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 49, 72-74 бел.: 73; Истиот, Фалсификована повеља цара Уроша о Стонском дохотку, ССА II, 123; А. Атанасовски, Почетоците на Серската држава на чело со Елена, ГЗФФ LV, 125-135; ИСН I (Р. Михаљчић), 590; М. Благојевић-Д. Медаковић, Историја српске државности, 228, смета дека Елена настапувала внимателно. За друго мислење види: Х. Матанов, Югозападните български земи, 65-66, 72-73, 168-169, бел.: 72; Х. Матанов - Р. Михнева, От Галиполи до Лепанто, 47. Со ставовите на Х. Матанов, не се согласува В. Г. Алексић, Наследници Мрњавчевића и територије под њиховом влашћу од 1371 до 1395, 14-16, дека Елена отстапила од српската држана идеологија.

[660] Г. Острогорски, Серска област, 3; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 57.

[661] А. Соловјев, Повеље цара Уроша у хиландарском архиву, Богословље II, број 3, 290-291; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 57; Х. Матанов, Югозападните български земи, 72; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 155.

[662] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 59.

[663] Monumenta Ragusina II, 289; Ј. Тадић, Писма и упутства, 26.

[664] Р. Михаљчић, Крај српског царства, 47-50.

одлучиле да испратат пратеништво кај царицата Елена. На дворот кај Елена пристигнал дубровничкиот пратеник Искричевиќ кој ги образложил позициите на дубровничките власти за склучување на мир.[665] Прегоровите за склучување мир помеѓу Дубровник и кнезот Воислав, како што е познато, траеле подолг период и завршиле со издавање на повелба на Урош во Оногошт на 22 август 1362 г.

Во 1364 година во резиденцијата на Елена во Сер пристигнало византиско пратеништво предводено од цариградскиот патријарх Калист што требало да издејствува црковно помирување.[666] Дел од истражувачите како аргумент дека Елена повеќе не управувала самостојно со Серската држава го сметаат нејзиниот престој на дворот кај Урош, како и праќањето на заедничко пратеништво во Дубровник во 1366 г. Всушност тогаш царот Урош испратил пратеници во Дубровник за исплата на Стонскиот данок и во тоа пратеништво заедно со пратениците на Урош и царицата Елена испратила свои пратеници.[667] Кулминацијата на дотогашното политичко издигнување на Јован Углеша во Серската држава се случило кон средината на шеесетите години на XIV век. Самостојното владеење на Углеша веројатно започнало од месец август или септември 1365 г., по прекинот на политичките активности на Елена во Серската држава. Последен пат како управителка во Серската област Елена во изворите се спомнува во август 1365 г., а според Г. Острогорски во месец јануари 1366 г. за прв пат во изворите Јован Углеша се споменува како владетел во Серската област со деспотска титула.[668]

Првите контакти на Углеша (лат. Uglese; грч. Ουγκλεσης) со Дубровчаните, датираат уште во 1346 г. кога краток временски период бил намесник во Требиње и Конавље во близина на Дубровник.[669] Додека ја извршувал наведената функција за време

[665] Monumenta Ragusina III, 202; Н. Порчић, Пропусница цара Уроша, 97 бел.: 23.

[666] ВИИНЈ VI, 573-574; К. Јиречек, Историја Срба I, 244-245; Г. Острогорски, Серска област, 134; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 60; С. Ћирковић, Област кесара Војихне, 175-184. Подетално за преговорите види: А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 178-184.

[667] Српски цар Урош, краљ Вукашин и Дубровчани, Зборник Константина Јиречека I Београд 1959, САН, посебна издања књ. CCCXXVI, одељење друштвених наука, књ. XXXIII, 369; М. Живојиновић, Светогорци и стонски доходак, ЗРВИ XXII, 165-206.

[668] С. Новаковић, Законски споменици, 509-510; Г. Острогорски, Серска област, 6, авторот смета дека спомнувањето на Елена во повелбата на Јован Палеолог во месец септември 1365 г. било преодна фаза за промената на власта во Серската област.

[669] Monumenta Ragusina I, 235; К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 360 бел.: 51, Углеша бил управник во Требиње и Конавле после Дабижив, а пред Ненад Страхиниќ за краток временски период. Р. Михаљчић, Крај српског царства, 102.

на владеењето на Душан, познато е дека дубровчаните му подариле вредни дарови на Углеша.[670] Кратко време потоа Углеша ги напуштил соседните области на Дубровник. Во 1358 г. Углеша издал повелба до светогорскиот манастирот Кутлумуш во која се споменува со титулата велики војвода.[671] Се смета дека Углеша станал единствен и самостоен владетел во Серската држава со титула деспот која ја добил од Урош.[672] Меѓутоа во науката постои мислење дека Углеша деспотскта титула ја добил од Византија.[673] Според М. Орбин Углеша ги држел цела Романија до Солун, Верија и други градови.[674] Сопруга на Углеша била Ефтимија, ќерка на кесарот Воихна, господар на градот Драма. По смртта на Воихна околу 1358 година, областите што ги управувал ги наследил и добил Углеша.[675]

Јован Углеша кон крајот на 1366 г. или во почетокот н а 1367 г. ги продолжил преговорите кои ги започнала царицата Елена за црковно помирување со цариградската патријаршија. Црковните преговори водени од Елена биле прекинати поради смртта на византискиот патријарх Калист во 1364 г.[676]

Како потврда за своевидните совладетелски односи помеѓу браќата Волкашин и Углеша може да послужат повелбите издадени во јануари 1366 година. Токму тогаш Углеша и Волкашин заеднички издале повелби од Скопје по барање на властелинот Новак Мрасоровиќ за потврдување на подарувањето на селото Копривљане на рускиот манастир Св. Пантелејмон на Света Гора.[677] Според А. Атанасовски, во периодот од јануари 1366 и летото 1367 г. совладетелските односи помеѓу Волкашин и Углеша биле прекинати.[678] Имено пролетта 1368 г. Јован Углеша издал повелба во која не го споменува името на својот брат Волкашин.[679]

---

[670] Поклони „Uglesse barono“: Monumenta Ragusina I, 235.

[671] Г. Острогорски, Серска област, 15, бел.: 61.

[672] Г. Острогорски, Серска област, 14-18 бел.: 61.; А. Соловјев, В. Мошин, Грчке повеље српских владара, 279, кога Јован Углеша прв пат се титулирал како деспот и самодржец.

[673] М. Бошкоски, Хронологија на добивањето на деспотската титула на Јован Углеша, 52.

[674] М. Орбин, Краљевство словена, 44; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 81.

[675] К. Јиречек, Историја Срба I, 245; С. Ћирковић, Област кесара Војихне, ЗРВИ XXXIV, 182-184.

[676] ВИИНЈ VI, 575; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 150.

[677] Е.П. Наумов, Сведоштва од историските извори, 138; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 174; С. Ћирковић, Повеља деспота Јована Угљеша за властелина Новака Мрасоровића, ССА I, 2002, 93-95.

[678] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 176-177.

[679] А. Соловјев, В. Мошин, Грчке повеље српских владара, XXXV, 258-267.

Поради опасноста од наближувањето на османлиската војска Углеша го повикал на помош својот брат Волкашин за престојниот голем воен судирна Балканот. За таа цел Волкашин го прекинал својот план за напад на областите на Никола Алтомановиќ и пристигнал во Серската држава. За текот и трагичниот епилог од Маричката битка за браќата Волкашин и Углеша веќе претходно се осврнавме.

### 3. Прилепското кралство во време на Марко и Дубровничката Република

Во близина на Тиквешкото езеро била изградена Дреновската црква со ктиторски натпис од кој се дознава дека во 1356 г. црквата била живописана од Никола и Марко.[680] Постои оправдано мислење дека во натписот всушност се работи за Марко, синот на Волкашин. Според К. Аџиевски Марко управувал со областите источно од Прилеп, а можеби и со самиот град Прилеп. Во периодот додека престојувал во Дубровник како пратеник на Урош во текот на преговорите од 1361 г., Марко го подигнал влогот што беше спомнат во делот за Волкашин, но под услов да не купува стока од градот. Врз основа на влогот што Марко го имал во Дубровник може да се претпостави дека тоа биле средства од приходот што го имал од областите со кои управувал.[681] Според А. Атанасовски влогот што го подигнал Марко можел да биде оставен и од татко му на име на Марко.[682] Во текот на престојот во Дубровник Марко го искористил и за свои потреби. Марко го подигнал влогот во вредност од 15 литри сребро од сопругата на Волкашин.[683] Не се сочувани други податоци за директни контакти помеѓу Дубровник и Марко во периодот кога за најмоќни личности на територијата на Српското царство важеле неговиот татко Волкашин и чичко му Углеша.

Познато е дека летото 1371 г. Марко заедно со Волкашин и Балшиќите учествувавл во подготовките за напад на областите на Никола Алтомановиќ. Дубровчаните одлучиле да се вклучат во сојузот за војна против Никола. Извесно е дека во јуни 1371 г. Марко и

[680] Овој натпис бил прочитан од: Р. Грујић-М. Радовановић, Тиквеш и Рајац, Српски етнографски зборник XXIX, 442-444; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 77; Ђ. Радојчић, Белешке о једној надгробној плочи из Велеса, Старинар VII-VIII (1956-1957), 208.

[681] К. Аџиевски, Пелагонија, 240.

[682] А. Атанасовски, Мадедонија во XIV век, 194.

[683] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 359-360 бел.: 49. (одговорот на дубровчаните на: 2, 8 и 22 август).

Волкашин биле под ѕидините на Скадар.[684]

Непосредно пред поразот на Волкашин и Углеша кај Марица, Марко веќе бил прогласен за „млад крал“ и наследник на кралската круна на Волкашин. Имено според натписот од црквата Св. Недела во Призрен, која била живописана во 1371 година пред Маричката битка, Марко бил наведен со титула „млад крал.“[685] Постојат и други податоци за Марко од таа година. Според повелбата што ја издал Углеша за светогорскиот манастир Лавра во месец април 1371 г., за свои наследници ги сметал братот Волкашин и внукот Марко.[686] Сочувани се фреско-портрети на Марко и Волкашин во Марков манастир во близина на Скопје.[687]

По Маричката битка единствен легитимен наследник на Волкашин и Углеша бил Марко. По извесното прогласување за крал, што несомнено се случило по битката на Марица на 26 септември 1371 г., до смртта на царот Урош на 2/4 декември 1371 г., Марко, формално-правно бил совладетел на царот и законски наследник на српскиот владетелски престол.[688] Меѓутоа моќните великодостојници и властелини од просторот на некогашното Српското царство, немале намера да го признаат. Напротив тие започнале да освојуваат значителен дел од териториите со кои дотогаш управувале браќата Волкашин и Углеша.[689] Имено во ноември 1371 г. солунскиот деспот Маноил Палеолог го освоил Сер

---

684 К. Аџиевски, Пелагонија, 243.

685 М. Ивановић, Натпис младог краља Марка са цркве св. Недеље у Призрену, Зограф II, 20-21; Г. Томовић, Морфологија ћириличких натписа на Балкану, бр. 63, 77, титулата „млад крал” значела определување на престолонаследникот. Х. Матанов, Югозападните български земи, 106; H. Matanov-R. Zaimova, West and Post-Byzantine Source Evidence, 46; Р. Михаљчић, Крај српског царства,92-93; Млад краљ ЛССВ (Р. Михаљчић), 413-114.

За најновите истражувања за значењето на круната на Марко, види: Б. Петровски, круната на Марко, 323. Авторот смета дека, од средината на седумдесетите години на XIV век и покрај формално-правниот легитимитет на кралот Марко, во реалноста, неговата кралска круна престанала да претставува круна на српската држава, туку, започнала да го претставува вистинскиот домет на неговата власт.

686 М. Ласкарис, Deux „chysobulles“ serbes pour Lavra, Хилендарски зборник I, Београд 1966, 12-20; К. Аџиевски, Пелагонија, 243-244, бел.: 117.

687 К. Балабанов, Новооткриени портрети краља Марка и краља Вукашина у Марковом манастиру, Зограф 1, 28-29.

688 В. Ђурић, Три догађаја, 95; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 168; ИСН II, (Р. Михаљчић), 23; Х. Матанов, Югозападните български земи, 107; К. Аџиевски, Пелагонија, 244-245; Б. Петровски, Полог во Средниот век (VI-XIV век), (докторска дисертација), 400.

689 H. Matanov-R. Zaimova, West and Post-Byzantine Source Evidence, 46; К. Аџиевски, Пелагонија, 247-248; Р. Михаљчић, Титуле Краљевића Марка, Прилози од научниот собир, 40.

и околните области кон Халкидики.[690] Во почетокот на 1373 г. Никола Алтомановиќ освоил пространи погранични територии сè до Метохија.[691] Во 1372 г. Ѓураѓ Балшиќ го освоил градот Призрен,[692] а најдоцна до 1375 г. Балшиќите ги освоиле и градовите Пеќ и Драма.[693] Лазар Хребељановиќ ја искористил ситуацијата за значително територијално да се прошири. Познато е дека ја освоил Приштина, Ново Брдо, Оногошт и стигнал до р. Сава.[694] Најдоцна до 1376/77 г. Вук Бранковиќ го освоил градот Скопје.[695] Поголем дел од териториите источно од р. Вардар ги освоиле браќата Дејанови кои успеале да ја прошират својата власт и во струмичката област.[696]

Во македонската медиевистика територијата со која управувал или владеел кралот Марко била наречена Прилепско кралство.[697] Според М. Орбин, Марко под своја власт ги

---

[690] Г. Острогорски, Серска област, 144; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 160; К. Аџиевски, Пелагонија, 250-251; Б. Ферјанчић, Византијски и српски Сер у XIV столећу, 113-114; Р. Радић, Време Јована V Палеолога (1332-1391), 359, 363, 381. Градот Бер, најдоцна до јуни 1375 г. бил преземен од дотогашниот тамошен независен управител Радослав Хлапен. Х. Матанов, Югозападните български земи, 103.

[691] М. Динић, О Николи Алтомановићу, Посебна издања СКА XC, 23. М. Орбин, Краљевство Словена, (С. Ћирковић), 54; Д. Динић - Кнежевић, Српске земље, 22.

[692] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 327 бел.: 111; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 169; К. Јиречек, Историја Срба I, 254 бел: 102; К. Аџиевски, Пелагонија, 251.

[693] М. Благојевић, О издаји или невери, 11-12, 24-25; П. Драгичевић, Баштински посеједи Српских обласних господара. Научни скуп Средњи век у српској науци, историји, књижевности и уметности VI, 143-158. По смртта на Волкашин, Ѓураѓ Балшиќ ја протерал својата жена Оливера, сестрата Волкашин, Р. Михаљчић, Крај српског царства, 134.

[694] С. Новаковић, Законски споменици, 451; М. Орбини, Краљевство словена, 54; М. Динић, О Николи Алтомановићу, 23; К. Јиречек, Историја Срба I, 320, бел.: 111; И. Руварац, О кнезу Лазару у: Бој на Косову-старија и новија сазнања, (Р. Михаљчић), 95; К. Аџиевски, Пелагонија, 251; М. Николић, Псеудо-Сфранциз о српским земљама, ЗРВИ XLIII, 133 бел.: 41; М. Благојевић, Територија кнеза Лазара на Косову и Метохији, 11-13; С. Мишић, Моравска Србија, 40.

[695] Вук го подарил скопскиот манастир Св. Георги Горг на Хилендар: С. Новаковић, Законски споменици, 451-452; В. Мошин-С. Илиевска, Грамота на Вук Бранковиќ, Споменици I, 239-241; С. Бојани, Повеља Вука Бранковића о даровању скопског манастира Светог Георгија манастиру Хиландару, ССА VIII, 120-122; Т. Томоски, Скопската област од XI до XIV век. Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, том I, 123; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 169; К. Аџиевски, Пелагонија, 258; М. Шуица, Вук Бранковић, 69-71.

[696] К. Аџиевски, Пелагонија, 251, бел.: 140.

[697] А. Стојановски, Градовите на Македонија од крајот XIV на до XVII век, 6; H. Matov, Problems of the State Structures I the South-West Balkan Lands during the Second Half of the 14th Century, Études balkanikues, XX, 122; Истиот, Югозападните бялгарски земи, 84-85; Х. Матанов-Р. Михнева, От Галиполи до Лепанто, 48; Б. Панов, Одразот на Косовската битка во Македонија, Историја XVIII/1-2, 43; К. Аџиевски, Пелагонија, 260 бел.: 160; Н. Овчаров, Надписите от XIV в. в Марков манастир до Скопие и политическият възход на кралете Вълкашин и Марко, Старобългаристика, XIX, № 3, 41; Историја на Македонскиот народ, том I, (Б. Панов), 542-550. Со претставувањето на териториите на кралот Волкашин, а потоа на кралот Марко, како т.н. „Прилепско кралство" како суштински владетели на некаква средновековна Македонија било неосновано според В. Г. Алексић, Наследници Мрњавчевић, 77.

имал градовите: Костур, Охрид и Арг во Мореја по смртта на неговиот татко. Веројатно во 1372 г. управникот во областа Полог Гргур, можеби брат на Вук Бранковиќ, ја отфрлил врховната власт на Марко и ја отцепил својата област.[698] Временски приближно со отцепувањето на Полог од кралството на Марко, браќата Јован Драгаш и Константин се осамостоиле во териториите источно од р. Вардар и исто така ја отфрлиле власта на Марко.[699] Според надгробниот натпис во охридската црква Св. Богородица Перивлепта, посветен на Остоја Рајаковиќ (1379 г.), Марко и Андреа Гропа биле во роднински врски.[700] До средината на осмата деценија на XIV век веројатно  Андреа Гропа се осамостоил во Охрид и ја отфрлил врховната власт на крал Марко.[701] Во периодот на осамостојувањето на Андреа Гропа, Марко бил во судир со албанскиот благородник Андреа Музаки, кој кон крајот на седумдесетите или почетокот на осумдесетите години на XIV век успеал да го освои  и да му го одземе на кралот Марко градот Костур.[702]

Центар на Прилепското кралство разбирливо бил градот Прилеп. Сведен на многу стеснета територија, со намалени приходи и пад на економската и воена моќ, кралот Марко не бил во состојба да ги врати под своја власт загубените територии. Се смета дека во рамки на кралството на Марко влегувале следниве територии: на исток помеѓу Дреновската клисура и областа Раец, на север ги вклучувала јужните делови на Скопската

[698] Й. Ивановъ, Български старини из Македония, 90; Љ. Стојановић, Стари српски записи и натписи IV, (Фототипска издања), књ. X, бр. 6054, 14; За управувањето на Гргур во Полог види: Б. Петровски, Полог, 400-404; Истиот, Воислава Трибалда, Ѓерѓ Кастиоти Скендербенг (1405-1468), (Материјали од научниот собир, по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005), 69-75.

[699] Браќата ја формирале својата самостојна баштина на просторот на областите со кои управувал нивниот татко деспотот Дејан во Жеглигово и Прешево, подетално види: Р. Михаљчић, Крај српског царства, 68-70; Х. Матанов, Княжеството на Драгаши. Към историята на североизточна Македония в предосманската епоха, 58.

[700] М. Орбин, Краљевство словена, 68; Й. Иванов, Български старини, 42; Е. П. Наумов, Сведоштва од историските извори за крали Марко, ГЗФЗФ XIX/1, 141; Х. Матанов, Югозападните български земи, 111; Ц. Грозданов, Охрид и Охридската архиепископија, 179; А. Стојановски, Градовите на Македонија, 7; К. Аџиевски, Пелагонија, 253-254; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 221; Т. Филипоски, Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), 299.

[701] К. Аџиевски, Пелагонија, 252; T. Filiposki, Der Ohrider Župan Andrea Gropa, Südost-Forschungen, 69/70 (2010/2011), 9-12; Истиот, Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), 299-300.

[702] Ќерката на Андреј Музаки била жена на Андреј Гропа кој му помогнал во освојувањето на градот. За отфрлањето на власта на кралот Марко од градот Костур и односите со Андреј Гропа и Музаките подетално види: Г. Суботић, Манастир Богородице Месонисиотисе, ЗРВИ XXVI, 160-162; Х. Матанов, Югозападните български земи, 112; К. Аџиевски, Пелагонија, 255-256; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 221-222 бел.: 1221; T. Filiposki, Der Ohrider Župan Andrea Gropa, 10; Истиот, Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), 299-300.

област, на запад ги опфаќал Порече, Кичевската област до Дебар, денешниот град Демир Хисар и на југ до Преспа.[703] Меѓутоа кралот Марко не владеел самостојно на овие простори, туку власта ја делел со членови на неговото семејство: мајката Елена и браќата Андреаш, Иваниш и Дмитар.[704] Марко бил во брак со Елена, ќерката на Радослав Хлапен, намесник во градот Бер. Пред Маричката битка го прекинал бракот со Елена и стапил во брак со Теодора, ќерка на Гргур. Но по краток период и тој брак го прекинал и по 1371 г. повторно ја зел поранешната сопруга Елена, за да ги подобри односите со Радослав Хлапен. Но сепак добрите односи не траеле долго време бидејќи Елена го напуштила Марко и во 1374/75 се омажила за албанскиот благородник Јован Спат.[705]

Постојат малубројни податоци од чија анализа се потврдува одржување на континуитетот на односите на кралот Марко со Дубровник. Неколку години пред Марко да ја загуби власта во градот Скопје, сочуван е податок кој известува за присуство на дубровнички трговци во Скопје. Имено во месец мај 1373 година извесен Јуниј Буниќ престојувал во Скопје во врска со некои трговски активности.[706]

По извршените археолошки истражувања на локалитетот Девини кули во близина на с. Девич, јужно Порече била пронајдена една дубровничка монета. Оваа тврдина ја контролирала важната патна комуникација која врвела по р. Треска кон Скопје. На југ овај пат се делел на два краци: 1. преку преминот Барбарас кон Прилеп и 2. преку Кичевско кон Охрид. Може да се претпостави дека дубровнички трговци при извршување на своите трговски активности на територијата на Македонија престојувале во наведената тврдина.[707]

---

[703] К. Јиречек, Историја Срба I, 301; Р. Михаљчић, Крај Српског Царства, 173; К. Аџиевски, Пелагонија, 258-260; А. Фостиков О Димитру краљевићу, ИЧ XLIX 50-51.

[704] Марко не претендирал на српската круна, тој, себе си се сметал за крал само на териториите со кои што управувал. К. Аџиевски, Пелагонија, 263; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 41-42; Ц. Граозданов, Охридското ѕидно сликарство од XIV век, 20; А. Фостиков, О Дмитру краљевићу, ИЧ XLIX, 50-51; М. Бошкоски, Скопје и скопската област, 260; Б. Петровски, Круната на крал Марко, 319-320.

[705] Записи и натписи, 58-59. бр. 189; К. Јиречек, Историја Срба I, 249; Истиот, Историја Срба II, 259; Л. Мирковић, Мрњавчевићи, 28; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 170; К. Аџиевски, Пелагонија, 256-257, бел.: 153.

[706] Ј. Тадић, Писма и упутства, 272; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 149.

[707] В. Лилчиќ, Научно истражувачки проект Северо-западна Македонија во доцната антика и средниот век Полог, Кичевија, Порече. Македонско наследство, списание за археологија, историја, историја на уметност и етнологија, I, број 2, 1996 Скопје, 77-80. Меѓутоа, при дополнителни истражувања и анализи на монетата која што беше идентификувана како дубровничка се утврди дека всушност на монетата е

Со намалување на политичката моќ на карлот Марко, српските регионални господари од т.н. „стари српски земји," воопшто не го почитувале легитимитетот на Марко и настапувале самостојно. Марко бил целосно изолиран од политичките случувања на просторот на поранешното Српско царство. Во таа насока оди податокот дека во 1375 г. бил одржан црковен собор во Пеќ за помирување на Пеќката и Цариградската патријаршија, а на кој не бил поканет кралот Марко.[708]

Во овој период вниманието на Дубровничката Република било насочено кон војната за Тендос (1378-1381). Во воено-поморската коалиција Дубровник учествувал на страна на Унгарија, Џенова и Франческо Карера, господарот на Падова против Венеција. Во април 1379 г. венецијанците биле поразени во поморската битка кај Пула. Договор за мир бил потпишан во април 1381 г. во Турин. Венеција и Џенова не биле во положба да стекнат значителна предност во однос на непријателот.[709]

Пролетта 1385 г. османлискиот војсководач Тимурташ паша презел поход кон териториите на Македонија и Албанија при што директно биле загрозени владенијата на кралот Марко. При навлегување на османлиите во Пелагонија биле освоени градовите Прилеп и Битола.[710] Веројатно после османлискиот поход во Македонија Марко ја признал врховната власт на султанот Мурат I (1359-1389) и на тој начин била ликвидирана самостојноста на Прилепското кралство. Потоа во битката кај Саурско поле, близина на Бер (Албанија) во 1385 г. османслискиот војсководец Хајредин извојувал победа над сојузничката војска на Балша II, благородник и драчки управител, и неговите великодостојници.[711] Според М. Орбин во битката загинал и Иваниш, братот на крал

претставен Вук Бранковиќ (с. 1375- 1396). Ја користам оваа прилика да упатам благодарност до прфесор д-р Виктор Лилчиќ за сугестиите.

[708] Подетално за црковниот собор види: Д. Богдановић, Владарски чин кнеза Лазара, Научни скуп у Крушевцу 1971, О кнезу Лазару, 81-91; Ф. Баришић, О измирењу Српске и Византијске цркве, ЗРВИ XXI, 159-182; М. Јанковић, Енциклопедије и митрополије српске цркве у средњем веку, 82; М. Антоновић, Српска црква и транзиција моћ од 1355 до 1402 године, Зборник Крушевац, 140-141.

[709] Н. Фејић, Један поглед на ратове Дубровника, ИЧ LVI, 136-139; Б. Крекић, Дубровник и рат око Тенедоса (1378-1381), ЗРВИ V, 21-23.

[710] А. Стојановски, Градовите, 13; К. Аџиевски, Пелагонија, 271-278; А. Атанасовски, Македонија во XIV, 236-240.

[711] B. Petrovski, Ottoman Militaru Campaign in 1385: itinerary and goals, Тематски зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 20-22 септембра 2013 године у Крушевацу, Власт и моћ-властела Моравске Србије од 1365 до 1402 године, 287-303.

Марко,[712] но ваквиот податок не е потврден од други извори. Во овој период кога Марко станал османлиски вазал, Андреаш во изворите се јавува како „краљевиќ" (млад крал).[713] Балканските држави станале лесен плен при завојувачките налети на Турците-османлии. Поради политичка разединетост и економска немоќ се создале поволни услови за османлиски освојувања на Балканскиот полуостров. За полесна контрола над балканските области до нивно целосно освојување и воспоставување реална власт, османлиите на почетокот наметнале врховна власт над регионалните владетели преку воспоставување на вазани односи.

По самопрогласувањето на кнезот Лазар и кралот Твртко за своевидни наследници на Немањиќката династија традицијаи особено по станувањето османлиски вазал на кралот Марко за, познати се неколку документи со кои дубровничките власти добиле потврдување на трговските права и привилегии од некои обласни господари на територијата на поранешното Царство.[714] Првата позната повелба им била издадена во јануари 1386 г. од Ѓураѓ Балшиќ,[715] потоа, повелбата од јануари 1387 г. издадена од кнезот Лазар[716] и повелбата на Вук Бранковиќ.[717]

Летото 1394 г. марковите браќа Андреаш и Дмитар ја напуштиле територијата на Прилепското кралство и заминало во градот Дуброник. Од дубровничките власти

---

[712] М. Орбин, Краљевство Словена, 71, (С. Ћирковић, коментар: 321).

[713] Н. Н. Никуљска, Прилог за Манастирот Св. Андреја, 393-394. Во минатото, имало размена на територии помеѓу Марко и Андреаш, види: Р. Михаљчић, Замена поседа у Средњовековној Србији, Споменица академика Симе Ћирковића, 64-68; М. Бошкоски, Скопје и скопската област, 267, смета дека територијално разграничување се случило заради разидувањето на Андреаш со Марко по марковото прифаќање на врховната власт на османлиите. Б. Петровски, Круната на крал Марко, 316-317, бел.: 45, смета дека, можеби ваквиот тек на настаните оделе во правец на преминување на кралската круна кај Андреаш и неговите наследници, бидејќи, Марко ги нема. Како дополнителен аргумент, авторот го посочува фактот што во даровната повелба на Волкашин до дубровчаните од 1370 г. каде Андреаш бил наведен како втор син, по Марко. Но, натамошниот тек на настаните открива дека тоа не се случило туку сосема спротивно, кога ја напуштиле територијата на Македонија.

[714] Monumenta serbica, 186-190, Трговските привилегии, Твртко на дубровчаните им ги потврдил уште на 10 април 1378 г. За друго мислење спореди: С. Ћирковић, Србија уочи косовске битке, Косовско метохијски зборник I, 13-17; М. Шуица, Однос кнеза Лазара и Вук Бранковића у светлу дубровачких исправа из 1387 године, ССА IX, 221-222.

[715] С. Новаковић, Законски споменици, 198-200; B. Šekularac, Crna Gora u doba Balšića, Cetinje, 2011, 259-260.

[716] С. Новаковић, Законски споменици, 200-203; А. Младеновић, Повеље кнеза Лазара, 191-201.

[717] Србскıи споменицы, 73; Monumenta serbica, 207-209; С. Новаковић, Законски споменици, 203-205; Повеље и писма I-1,136-139; М. Шуица, Т. Суботин-Голубовић, Повеља Вука Бранковића Дубровнику ССА IX, 100-102.

побарале да им го достават влогот на нивниот татко Волкашин. По добивањето на покладот се упатиле на дворот на унгарскиот крал Сигизмунд „каде нашле леб.“[718] Волкашин својот влог во вредност од околу 96.73 кг сребро своевремено го оставил кај дубровчанецот Павле Барабиќ (лат. Paulus de Baraba), а не во градот Дубровник.[719] Меѓутоа во меѓувреме настанале одредени промени во сопственоста на влогот на Волкашин. Не е познато кога Волкашин го оставил влогот кај Павле Барабиќ, подоцна Витаниќи.[720] Според С. Ќирковиќ Волкашин го оставил својот влог во Дубровник по подигнувањето на влогот во 1361 г. од страна на Марко, а неколку години пред неговата смрт кај р. Марица. Летото 1374 г. Дабижив, логотет кај вдовицата на Волкашин, пристигнал во Дубровник за да го подигне влогот. Меѓутоа, сопственик на влогот била дубровничката општина, а не наследниците на Павле Барабиќ. Поради тоа, Дабижив добил само 30 дукати.[721] Во текот на престојот во Дубровник на браќата Андреаш и Дмитар на 10 август 1394 г. дубровничките власти им направиле пресметка на вредноста на среброто во периодот кога влогот бил оставен и вредноста излегла околу 5605 перпери. Меѓутоа, вредноста на влогот била намалена на 2212 перпери поради проценката на 1 кг сребро во моментот кога влогот бил оставен. Од наведената сума дел бил задржан за долговите на Павле Барабиќ (561 перпери и 6 грошеви), 374 препреи и 6 грошеви подигнале браќата, додека 187 перпери и 3 грошеви биле оставени за „pro Marcho rege filio tercio dicti domi regis” („за Марко, третиот син на владетелот, владетел во своето кралство“). Останатиот дел од вкупната сума го задржале друбровничките власти.[722]

Пролетта 1395 г. султанот Бајазит I (1389-1402) презел поход против унгарскиот крал Сигизмунд и неговиот сојузник, влашкиот војвода Мирче. Во битката кај Ровине која се одиграла на 17 мај 1395 г. османлиската војска претрпела тежок пораз, а на бојното поле загинале османлиските вазали кралот Марко и Константин Драгаш.[723] Во август 1399 г. по смртта на кралот Марко Дмитар, неговиот најмлад брат, повторно отпатувал во

---

[718] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 283; J. Tadić, Proment putnika u starom Dubrovniku, 51; К. Јиречек Историја Срба I, 302, 315; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 173; К. Аџиевски, Пелагонија, 281.

[719] С. Ћирковић, Поклад краља Вукашина, Зборник ФФ у Београду XIV/1, 154.

[720] И. Манкен, Дубровачки патрцијат у XIV веку, генеалошка таблица бр. 2.

[721] Исто, 155, бел.: 9.

[722] С. Ћирковић, Поклад краља Вукашина, Зборник ФФ у Београду XIV/1, 154, 155 белешка:9, 154-157

[723] А. Стојановски, Градовите, 18; С. Новаковић, Срби и Турци, 275; К. Јиречек, Историја Срба I, 331; К. Аџиевски, Пелагонија, 280; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 241-243.

Дубровник за да го подигне преостанатиот дел од влогот на Волкашин кој му припаѓал на Марко.[724]

## 4. Браќата Дејанови и Дубровничката Република

Браќата Дејанови, Јован и Константин биле синови на Дејан и на Еводокија (од 1378 г. со монашкото име Теодора), инаку полусестра на царот Душан.[725] Во текот на преговорите помеѓу Дубровник и Душан за отстапување на „Стонскиот рат“ во 1333 г., како еден од сведоците се јавува војводата Дејан Мањак. За време на владеењето на Душан Дејан ја добил титулата севастократор.[726] Во 1355 г. папата Инокентиј VI испратил посебно пратеништво кај севастократорот Дејан за склучување црковна унија и за постигнување на сојуз за борба против Турците-османлии. По смртта на Душан на државниот собор во Скопје од 1357 г. Дејан изразил лојалност и му дал поддршка на Урош во однос на Симеон, претендентот на српскиот престолот. Веројатно во тој период ја добил високата титула деспот.[727]

Браќата Јован и Константин дел од своите феудални владенија ги наследиле од својот татко Дејан. Тој управувал со жупата Желигово и Прешево на просторот помеѓу р. Пчиња, р. Јужна Морава и Скопска Црна Гора. Дополнително пределите источно од Желигово и Прешево, околу горниот тек на Струма со Велбужд, Дејан ги добил на управа од централната власт. Сите наведени области биле основата на идната држава на неговите синови.[728] Познато е дека по Маричката битка неговите синови независно владееле со

[724] К. Јиречек, Зборник I, Српски цар Урош, 383 бел.: 132; С. Ћирковић, Поклад краља Вукашина, Зборник ФФ у Београду XIV/1, 157-158.

[725] Б. Ферјанчић, Деспоти у Византији и јужнословенским земљама,168-169; Истиот, Севастократори, 7; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 67.

[726] К. Јиречек, Историја Срба I, 222; Б. Ферјанчић, Деспоти у Византији, 168-170; Х. Матанов, Княжеството, 46-52; М. Благојевић, Реформа државне управе и Душанов законик, Душанов законик, 650 година од његовог доношења, САНУ, Научни скупови књига IV, одељење друштвених наука књига III, 53; Б. Ферјанчић, Севастократори и кесари у Српском царству, ЗФФ у Београду X-1, 259-260. Личноста Дејан Мањак била поистоветена со Дејан, татко на Јован и Константин.

[727] М. Пурковић, Авињонске папе, 62-63; Х. Матанов, Княжеството, 52; М. Рајачић, Севастократор Дејан, ИЧ III-IV, 17-28; Б. Ферјанчић, Деспоти у Византији, 169; Истиот, Севастократори, 6-7; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 67.

[728] М. Рајачић, Основно језгро државе Дејановића. Прилози нашој историјској географији, ИЧ IV, 228; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 69, го прифаќа ставот на М. Рајачић, со мала корекција на границата во однос на жупата Славиште која не била дел од областа на Дејан, туку, во обласа на Влатко. А. Атанасовски, Пијанец, 124; Истиот, Македонија во XIV век, 215, (види карта).

наведените области.[729] Според М. Орбин Јован и Константин биле вазали на Волкашин и Углеша и нивното загинување го искористиле за проширување на своите области по долината на р. Струма.[730] Се чини дека не треба да се отфрли известувањето на М. Орбин дека Јован Драгаш и Константин ја признавале власта на Волкашин и Углеша, како што сметаат дел од истражувачите.[731] Се смета дека додека ја признавале врховната власт на браќата Волкашин и Углеша, дел од областите со кои управувале синовите на Дејан, биле освоени од Влатко Паскач поконкретно областите околу Врање, Славиште и Иногошт.[732]

По загинувањето на кралот Волкашин и деспотот Углеша, браќата Дејанови се чини дека не ја признале врховната власт на кралот Марко. Напротив тие успеале да ги освојат одреден дел на поранешните области на Углеша и помал дел од териториите кои биле под власта на Волкашин. До средината на седумдесетите години на XIV век браќата деспот Јован Драгаш[733] и господин Константин веќе го имале освоено градот Струмица и Струмичката област.[734] Јован и Константин продолжиле со проширување на својата територија во насока јужно од Струмичката област. Границите на нивните владенија врвеле на север од Врање до планината Рила и градот Мелник, потоа на југ Петрич и Струмица по средниот тек на р. Вардар до Дојран во близина на околината на Солун. На Исток по течението на Црна Река до средниот тек на р. Пчиња.[735] Во составот на

---

[729] Е. П. Наумов, Дарбените грамоти на Дејановиќи, Историја XX/2, 223-224; Х. Матов, Югозападните бялгарски земи през XIV век, 115; Г.Острогорски, Серска област, 24; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 73, 174, 185; ИСН II, (Р. Михаљчић), 21.

[730] М. Орбин, Краљевство Словена, (С. Ћирковић), 54; Р. Михаљчић, Крај српског царства,169.

[731] Исто, 54; Х. Матанов, Княжеството, 76, 90, 96, 111; М. Благојевић, Закон господина Константина и царице Јевгокије, ЗРВИ XLIV, 449; В. Г. Алексић, Наследници Мрњавчевић, 74.

[732] С. Новаковић, Срби и Турци у XIV и XV века, Београд 1933, 173; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 73-75; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 206-207. Дел од нивните територии ги освоил Влатко Паскач, за област на севастократор Влатко (1365-1371), северно од Кратово, Славиште кон Прешево и Иногошт, види карта: страна 74.

[733] Јован Драгаш добил деспотска титула од Урош. А. Веселиновић, Држава српских деспота, 36-37; В. Х. Матанов, Княжеството, 92; С. Мишић, Југоисточна Србија, 35.

[734] Прва заедничка повелба на деспот Драгаш и господин Константин, (1372-1375) се однесувала на подарување имоти во сопственост на рускиот светогорски манастир Св. Пантелејмон кои се наоѓале во Струмичката област. (С. Новаковић, Законски споменици, 452-453). Исто така, во период 1375-1376 г. биле арбитри во имотно-правниот спор меѓу Хилендар и Св. Пантелејмон за поседи во струмичко, при што издале судско решение.

[735] Меѓутоа, јужната и источната граница не може со сигурност да се утврди. Источната граница веројатно била на српско-бугарската граница. Види: К. Јиречек, Историја Срба I, 247; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 71, (види карта), 173-176; Б. Ферјанчић, Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, 173-175.

владенијата под власт на браќата Дејанови се наоѓале следниве поголеми населени места: Штип, Струмица, Велбужд, Краиште, Врање, Прешево, Жеглигово, Злетово, Кочани, Пијанец, Малешево, Петрич, Мелник, Радовиш, Дојран, Боимија,Тиквеш и Велес.[736] Со проширувањето на нивната власт над пространи територии постепено се зголемувала нивната економска и воено-политичка моќ. За нивниот самостоен статус и солидна економска моќ упатуваат монетите што сами ги ковале[737] и учесвото во црковните преговори со цариградската патријаршија.[738] Браќата Дејанови својата власт дополнително ја зацврстиле со воспоставување династички бракови. Имено Ѓураѓ I Балшиќ по Маричката битка се развел од дотогашната сопруга Оливера, сестра на Волкашин и склучил нов брак со Теодора, ќерка на деспотот Дејан и сестра на Јован и Константин.[739]

Најраните директни податоци кои се сочувани за односите помеѓу Дубровник и браќата Дејанови веројатно се случиле пролетта 1373 г. Имено дубровчанецот Јуниј Буниќ[740] на 11 јуни 1373 година испратил писмо до градските власти со кое ги информирал за незгодите што ги имал во претходниот период во областите на браќата. Се дознава дека стоката на дубровничкиот трговец Јуниј Буниќ при пренесувањето од Солун кон Ново Брдо била ограбена во „државата на Драгаши."[741] Жалбата што ја испратил Јуниј Буниќ била регистрирана во Дубровник на 15 јуни 1373 година. Во постапката што се водела во градот оштетениот Буниќ го обвинил дубровничкиот трговец Јуниј Маринов Соркочевиќ дека со помош на поданици на деспот Драгаш му ја одзел стоката. Според изјава на сведок тоа се случило во земјата на Драгаш поконкретно во Коњух (лат.

[736] А. Атанасовски, Пијанец, 123-125; Истиот, Македонија во XIV век, 214-215.

[737] Кичевска остава, 10 монети од деспот Јован Драгаш, околу 1373 г.

[738] За црковното помирување подетално види: Ф. Баришић, О измирењу Српске и Византијске цркве 1375, ЗРВИ XXI, 159-182.

[739] С. Ћирковић, Историја Црне Горе II/2, 3-43; СБР 3 (С. Ћирковић), 616, Теодора била вдовица на властелинот Жарко кој управувал во Зета.

[740] Јуниј Буниќ бил дуборнички трогвец, во втората половина на седумдесеттите години од XIV-от век живеел во Македонија. Во летото 1372 година му дал обврска на Томко де Дреса и неговите соработници да му ја пренесат стоката од Солун во Ново Брдо. И. Манкен, Дубровнички патрицијат у XIV веку, 149.

[741] Ј. Тадић, Писма и упутства, 348; А. Николов, В. Гюзелев, Е. Костова, П. Данова и С. Хинковски, Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.), 150-152; Б. Крекић, Дубровник и Левант, 66, 142; Х. Матанов, Княжеството на Драгаши, 93; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 176; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 207.

Chonuche).[742]

По неколку години повторно се јавува податок кој го потврдува одвивањето на односите помеѓу Дубровник и областите на браќата Дејанови. На 7 април 1377 г. дубровничките власти испратиле писмо до нивниот трговец Јуниј Буниќ. Имено од Буниќ било побарано да ја разгледа можноста и условите за купување на жито од браќата Дејанови и да се потврди дека тие биле подготвени да го продаваат житото по крајбрежјето (Солунско).[743] Од писмото се упатува дека дубровчаните се повеќе користеле поморски патишта за трговија со обласните господари во Македонија. Развојот на поморската трговија од солунското крајбрежје меѓу другото била резултат на нестабилната внатрешно-политичка состојба на просторот на некогашното Српското царство. Поради политичкиот сепаратизам и потоа осамостојување на голем број феудалци на Балканскиот полуостров, со посредство на поморската трговија дубровчаните всушност ги избегнувале односите со регионалните господари, а со тоа и користењето на копнени патишта при одвивање на трговијата.

Клучна улога во управувањето со „државата“ имал постариот брат, деспот Јован Драгаш. По неговото напуштање на политичкиот живот или неговата смрт, во периодот помеѓу 1378 и 1380 г.,[744] врховната власт ја презеле, господин Константин и неговата мајка Евдокија.[745]

---

742 Ј. Тадић, Писма и упутства, 462-463; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 149; М. Рајачић, Основно језгро државе Дејановића, 244; Е. П. Наумов, Дарбените грамоти, 228; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 176; А. Атанасовски, Пијанец, 125; Истиот, Македонија во XIV век, 214; Истиот, Врските меѓу Македонија и Хрватска во Средниот век, Зборник на трудови по повод 65 години „Завод и музеј"-Струмица, Музејски летопис, Завод за заштита на спомениците на култутра и музеј-Струмица, 52.

743 Ј. Тадић, Писма и упутства, 348; А. Николов, В. Гюзелев, Е. Костова, П. Данова и С. Хинковски, Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.), 160; К. Јиречек, Рударство и рудници Србије и Босне у Средњем веку, 23; Б. Крекић, Дубровник и Левант, 66, 142; И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, 149; Е. М. Наумов, Дарбените грамоти, 228-229; Х. Матанов, Княжеството на Драгаши, 106; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 214, 218; Истиот, Врските меѓу Македонија и Хрватска во Средниот век, 52.

744 Кон крајот на седумдесеттите или почетокот на осумдесеттите години на XIV век веројатно починал Јован Драгаш, некои истражувачи сметаат дека се замонашил под името Јован Каливит и подоцна починал. А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 217 бел.: 1196 и 1197.

745 Додека Јован Драгаш ја имал врховната власт, одрдени права поседувале и Константин и Евдокија. М. Благојевић, Савладарство, 201; Х. Матанов, Княжеството, 122. Повелба на сопругата на Дејан, Елена и неговиот помлад син издале повелба до манастирот Св. Богородица во Хилендар на кој му потврдиле имоти. F. Miklosich, Monumenta serbica, 142-145, 190-193; С. Новаковић, Законски споменици, 446-448, 738-740; П. Драгичевић, Повеља „царице" Јевдокије и њеног сина Константина о даривању Хиландару њихове баштинске цркве у Архиљевици, ССА X, 87-102; М. Живојиновић,-Т. Суботин-Голубовић,

Покрај поморската трговија многу значаен копнен пат што го користеле дубровничките трговци бил т.н. „Via Drine“, кој врвел преку Требиње, кон Гацко и Фоча (во Босна), од таму еден крак се одвојувал преку Сеница до Рас. Од Рас преку Приштина водел кон Качаничката клисура до Скопје, а од Скопје до Штип, односно допирал до териториите на браќата Дејанови, потоа преку Злетово до Славиште. Во јужниот дел на Македонија минувал патот „Via Egnatia“ од Драч до Солун. Еден крак излегувал кај Битола, преку Мариово кон долината на р. Вардар, а од тука се делел во еден правец кон Скопје, а другиот правец кон Солун.[746] Токму низ областите со кои управувале браќата Дејанови врвел значајниот копнен пат од Солун кон Ниш и Белград, кој дубровничките трговци често го користеле.

Претходно беше наведено дека неколку години по Маричката битка, османлиските војски веќе започнале со поинтензивен притисок и напади во областите на балканските владетели во тој период. Градот Сер како значаен економски центар бил освоен од страна на османлиите на 19 септември 1383 г.[747] „Државата“ на Константин заедно со областите на бугарската држава била цел на османлиски напади. Господин Константин веројатно кон средината на осумдесетите години на XIV век ја признал врховната власт на османлиите и можеби во 1386 г. стапил во вазални односи при вториот поход на султанот Мурат I.[748]

Во битката на Косово поле на 15 јуни 1389 г. веројатно учествувал и Константин со своја војска на страна на османлиите.[749] По загинувањето на султанот Мурат I на Косово новиот османлиски султан Бајазит I (1389-1402) во 1390 г. на Константин му го одзел рударскиот и трговски центар Кратово.[750] Османлиите продолжиле со подготовки за натамошни освојувачки походи на Балканот. За таа цел во 1393 г. османлискиот султан ги

---

Акт господина Константина Драгаша и царице Евдокије манастиру Ивирону (13. јануар, око 1380), Хиландарски зборник XI, 287-294; М. Живојиновић, Драгаши и Света Гора, ЗРВИ XLIII, 41-59 бел.: 106; М. Благојевић, Закон господина Константина и царице Јевдокије, ЗРВИ XLIV, 447-458.

[746] Г. Шкриванић, Путеви, 43-102,

[747] К. Аџиевски, Пелагонија, 269.

[748] А. Атанасовски, Пијанец во периодот на вазалното владење на Константин Дејанов (1382-1395), ГЗФЗФ, XLVII, 150-151; Истиот, Пијанец, 145; Истиот, Македонија, 232, за други гледишта види подетално: страна, 229.

[749] А. Атанасовски, Македонија во XIV век , 235.

[750] А. Атанасовски, Пијанец во периодот на вазалното владење на Константин Дејанов (1382-1395), ГЗФЗФ, XLVII, 153; Истиот, Велбужд како престолнина на Господин Константин и неговите вазални односи со Османлиите, ГЗФЗФ LVII, 276; За Кратово како градски, рударски и трговски центар види: Лексикон градова и тргова средњовековних српских земаља, (С. Мишић, -Р. Радић), 119-120, 151-152.

повикал своите вазали Мануил Палеолог, деспот Стефан Лазаревиќ и Константин во Сер. Поради некоректниот и груб однос на Бајазит кон своите вазали, тие решиле да формираат сојуз против него и да ги прекинат односите во султанот.[751] Новите сојузнички односи биле зацврстени со склучување на династички брак меѓу Елена, ќерката на Константин Дејанов и византискиот император Маноил II Палеолог (1391-1425).[752] При еден османлиски поход против влашкиот војвода Мирче, Константин како вазал на султанот учествувал со своја војска и загинал во битката кај Ровине на 17 мај 1395, заедно со крал Марко.[753]

[751] А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 235-236.

[752] Г. Острогорски, Господин Константин Драгаш, Зборник Филозофског факултета VII/1, 291; А. Атанасовски, Македонија во XIV век, 236. Елена Драгаш била мајка на последните два Византиски цареви, Јован VIII и Константин XI. К. Јиречек, Историја Срба, I, 234; М. Пурковић, Авињонске папе и српске земље, 63; Д. Анастасијевић, Једина византиска царица српкиња, Браство XXX, 26-48; М. Пурковић, Принцезе из куће Немањића, 65-75; М. Рајачић, Севастократор Дејан, Историјски гласник III-IV, 17-28; Основно језгро државе Дејановића, ИЧ IV, 227-243; Б. Ферјанчић, Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, 168-171; Г. Острогорски, Господин Константин Драгаш, ЗФФ VII/1, 287-294; Ђ. Радојичић, О царици Јевдокији и о називу царица у титулатури средњовековне Србије, Зборник Матице српске за историју VII, 106-107; Р. Михаљчић, Крај српског царства, 217-232; Г. Острогорски, Историја Византије, 525; Б. Ферјанчић,-С. Ћирковић, Стефан Душан, 174-175, 299; М. Живојиновић, Драгаши и Света Гора, ЗРВИ XLIII, 41-57. За надгробниот натпис на Елена види: Г. Суботић,-С. Кисас, Надгробни натпис Јелене, сестре деспота Јована Угљеше на Маникејској гори, ЗРВИ XVI, 161-181; С. Ћирковић, Област кесара Војихне, ЗРВИ XXXIV, 175-184.

[753] А. Стојановски, Градовите, 18; Х. Матанов, Югозападните български земи, 145; Х. Матанов,-Р. Михнева, От Галиполи до Лепанто, 90; А. Атанасовски, Македонија во XIV век , 236; Истиот, Велбижд како престолнина на Господин Константин и неговите вазални односи со Османлиите, ГЗФЗФ LVIII, 265-277. Истиот, Пијанец во периодот на вазалното владеење на Константин Дејанов (1382-1395), ГЗФЗФ XLVII, 147-153.

# Заклучок

Секој нов српски владетел на почетокот на своето владеење на дубровничките власти вообичаено им издавал повелба/повелби со која им ги гарантирал претходно добиените права и привилегии на просторот на Српското кралство. Издавањето на првата повелба на кралот Милутин за дубровчаните во 1282 г. претставува континуитет во одржувањето на коректни српско-дубровничките односи. Со повелбите всушност бил регулиран статусот и активностите на дубровничките трговци во Србија. Во тој контект на пример се нормира тримесечен рок за напуштање на Србија од страна на дубровничките трговци во период на меѓусебна војна, правото на слободна трговија и судски права, редовна исплата на „Светидимитарскиот приход“ од дубровчаните на Србија. Со воените кампањи од 1282-1284 г. Милутин територијално го проширил Српското кралство на византиска Македонија освојувајќи ги Скопје, Полог, Злетово, Пијанец, Овче Поле, потоа, Дебарската, Кичевската и Поречката земја. Од 1299 г. со признавањето на српската власт на освоените македонски предели од страна на Византија на овие простори формално започнало слободно движење и активности на дубровничките и други трговци. Но во почетокот на 1301 г. Србија и Дубровник започнале меѓусебна војна. Нарушувањето на добрите српско-дубровничките односи се случило поради променетиот политички контекст во кој се нашле нивните соседи и сојузници. Со издавање на повелба за дубровчаните од страна на Милутин на 14 септември 1302 г. на Врхлаб бил постигнат мировен договор и воените дејства биле прекинати. Тогаш за прв пат во српските извори се бележи население кое има статус прнсѣлнца/дојденец (мислејќи на дубровчаните и други дојденци што престојувале во Србија) и колективна одговорност на месното население за евентуалната штета што би била направена на дубровничките трговци. Подемот во меѓусебните економски врски многу зависела од прецизното регулирање на статусот и положбата на дубровничките трговци во Србија, како и заштитата која им се гарантирала при извршување на своите трговски активности. Покрај регулирање на „Светодимитарскиот приход“ од особено значење и најголема добивка за двете страни носел развојот на трговијта и особено рударството. Всушност развојот на трговијата и рударството биле испреплетени и зависни една од друга. Безмалку во сите значајни српски рударски центри: Брсково, Рудник, Трепча, Ново Брдо, Копаоник, Рогоза, Јањево и др.,

покрај Саските престојувале и дубровчани.  При истражувањето се констатира дека вклучувањето на дубровчаните во надворешната политика на Србија биле честа пракса за време на владеењето на Милутин и другите владетели од династијата Немањиќи. Како еден таков случај може да се наведат преговорите со Карло Валоа во 1308 година, кога Милутин за свој претставник го испратил дубровчанецот Марко Лукаревиќ.

Континуитетот во српско-дубровничките односи продолжил и за време на владеењето на Стефан Дечански. На почетокот од неговото владеење, во јануари 1323 година српскиот крал испратил пратеништво кај Филип Тарентски за склучување династички брак. Во составот на пратеништвото бил и дубровчанецот Марко Лукаревиќ. Притоа дубровничките власти биле подготвени да му дадат галија на Дечански доколку биде постигнат договор. Преговорите всушност го откриваат високиот степен на меѓусебната соработка. Со цел да го обезбеди подемот на трговијата и да ги заштити жителите на трговските колонии заедно со дубровничките трговци, Дубровник во колониите назначувал свои конзули. При истражувањата ја истакнавме големата улога на дубровничките конзули во Србија. Посочивме на локациите каде престојувале конзулите на просторот на Србија. На 28 јули 1330 година во битката кај Велбужд српската војска успеала да ја победи бугарската, а во битката загинал бугарскиот владетел Шишман. Победоносната битка всушност го обележал почетокот на српската доминацијата на Балканот. Интересен е податокот дека во битката на страна на Дечански учествувала платеничка војска од шпански наемници. Значајно е да се потенцира дека Дубровчаните имале посредничка улога при воспоставувањето на контакти и особено при транспортот на шпанските наемници во Србија. Извесно е дека во периодот пред битката, се бележи зголемено присуство на Шпанци во градот Дубровник за разлика од претходно, кои пристигнувале во неколку групи во градот и биле ангажирани од Дечански.

Поради територијалната експанзија на Србија за време на владеењето на Душан економските српско-дубровнички односи главно се одвивале со висок интензитет. Еден од доказите за тоа се бројните повелби кои ги издавал Душан за дубровничките трговци кои се јавуваат како закупници на царината на пазарите на просторот на Српското кралство/царство. Исто така српското отстапување на „Стонскиот рат“ (Пелешац) на дубровчаните претставувал знаечаен импулс за натамошниот развојот на меѓусебните односи. Душан проценил дека постоела опасност Полуостровот да биде освоен од

босанскиот бан па поради тие причини решил да им го продаде на дуброчаните. Поконкретно со повлебата од 22 јануари 1333 година издадена во Полог (Македонија) Душан на дубровчаните им го отстапил „Стонскиот рат“. Покрај „Стонскиот рат“ на дубровчаните дополнително им било отстапено и приморјето од Превлака до дубровничката граница со околните острови. Со договорот било предвидено дубровчаните да му исплатат надомест на Српското кралство како еднократна сума во висина од 8.000 венецијански перпери и по 500 перпери секоја година. По издавањето на повелбата следувал период на стабилни политички и економски односи. За тоа сведочат голем број на писмата и повелбите кои им ги издавал Душан на дубровничките трговци за закуп на царини на пазарите, разрешни докумети за исплата на долг и др. Српското кралство (од 1346 г. царство), кулминација на својата територијална експанзија ја достигнало токму за време на владеењето на Душан. Во рамки на Српското царство влегувал безмалку целата територија на Македонија, но без градот Солун. Веднаш по освојувањата на македонските простори била воспоставена српска административна власт. Друбровничките трговци со издадените повелби имале право на слободна трговија на просторот на целата држава. Во почетокот на септември 1350 г. Душан во време на српско-босанската војна одржувал добри односи со дубровничките власти. Впрочем тоа се потврдува со честите повелби што им ги издавал Душан на дубровчани, но и со посетата на градот Дубровник по завршување на војната При повлекувањето на Душан од војната со Босанците кај него пристигнало дубровничко пратеништво кое го поканило Душан заедно со неговата фамилија и со придружбата да го посетат градот Дубровник. Душан ја прифатил поканата и со две воени галии под заповедништво на Савин Бондиќ се упатиле во градот преку островот Цавтат. Познато е дека на 15 ноември 1350 година Душан го посетил Дубровник, а домаќините му приредиле свечен дочек. За време на посетата на Душан му биле предададени четворица „Словени“ (Срби) што нив им ги предал Страхиња.

Со привремено постигнатиот договор за разграничување помеѓу Византија и Србија од 1351 г. било предвидено Византија да ги задржи под своја власт: Тесалија, Акарнанија, Сервија (ден. Серфице), градовите: Верија, Воден, Гинекокастрон и Мигдонија, потоа областите околу Струма до градот Сер, а под српска власт: Зихна, Сер, Мелник, Струмица, Костур и други градови и села во Македонија. Со анализа на податоците од повелбите утврдено е дубровничко присуство во ново освоените територии.

Во почетокот на февруари 1355 година царот Душан од градот Сер испратил писмо до дубровничките власти. Во писмото Душан ги известил дека го овластил властелинот Никола Паштровиќ и калуѓерите кои би пристигнеле со него, да го подигнат влогот на дубровчанецот Марин Гучетиќ за манастирот Св. Архангел во Ерусалим. Пред крајот на својот живот, на 5 декември 1355 година под Бер Душан издал повелба за дубровчанецот Марин Гучетиќ.

Процесот на распаѓање на Српското царството, започнат во време на Душан, продолжил со уште посилен интензитет и траел до крајот на владеењето на царот Урош V. Од друга страна дубровничките власти по долг временски период под врховна власт на Венеција, реализирале успешни преговори и преминале под врховна власт на унгарскиот крал Лудвиг I. Поради сложените внатрешни односи кои настанале во Српското царство по смртта на Душан, било неопходно да се одржи државен собор на кој би било расправано за легитимниот наследник на Царството. Соборот се одржал во април 1357 година во Скопје. На тој собор Урош добил поддршка од мнозинството на српската властела. Веднаш потоа дубровчаните испратиле свое пратеништво кај новиот цар. Во краток период од два дена (24-25 април 1357 г.), царот Урош на дубровничкото пратеништво им издал дури пет повелби. Со повелбите им биле потврдени правата на островот Млет; слободно да се движат по пазарите и слободно да купуваат стока по неговата земја и градовите по Царството и слободно да ја продаваат својата стока. По барање на дубровничките пратеници Урош им ја отстапил територијата од Љуте до Курила. Во почетокот на шеесетите година на XIV век една од највлијателните личности на дворот на царот Урош станал кнезот Воислав Воиновиќ. Поради неговото влијание и самоиницијативно дејствување биле нарушени српско-дубровничките односи. Преземањето на самоиницијативни активности против Дубровник е показател за засилениот внатрешен процес на децентрализација и дезинтеграција во Српското царство. Кнезот Воислав во сојуз со Котор во пролетта 1361 г. започнал војна против Дуборник. На 22 август 1362 г. во Оногошт Урош издал повелба за дубровчаните со која всушност бил склучен мировен договор. Воедно со чинот на издавање на повелбата значело дека бил постигнат мир помеѓу Дубровник и Воислав.

При истражувањето можеше да се констатира престој на дубровчаните и на територија на Македонија. Имајќи ги предвид располжливите изворните податоци се

обидовме да направивме реконструкција на односите помеѓу кралот Волкашин и Дубровничката Република. Сепак нивните меѓусебни односи не може да се следат во континуитет. По прогласувањето на Волкашин за крал и совладетел на Урош кон средената на шеесеттите години на XIV век дубровчаните го зголемиле интензитетот на контакти со Волкашин. Тие учествувале во сојузот формиран од Волкашин, заедно со Углеша и Балшиќите кој во битката во Косово во 1369 г. ја поразил коалицијата составена од Урош, жупанот Никола Алтомановиќ и кнезот Лазар. По судирот на Косово и победата на Волкашин, политичката моќ и влијанието на царот Урош значително се намалила. Поради тие причини дубровничките власти одлучиле да испратат пратеништво кај Волкашин за да побараат потврдување на правата кои веќе дотогаш ги имале на просторот на Српското царство. За таа цел дубровничките власти на 20 декември 1369 г. испратиле писмо до дубровничките пратениците кои требало да се сретнат со кралот Волкашин. Писмото било испратено до двајцата дубровчани: Михо Бобаљевиќ и Јако Соркочевиќ кои престојувале во областите на Волкашин. Преговорите помеѓу кралот Волкашин и дубровчаните биле долгите и тешки. Врз основа на изворните податоци и досегашните научни толкувања се смета дека причината за долгите и тешки преговори било почитувањето на легитимноста при водењето на дипломатски преговори од страна на Дубровчаните кои побарале потврдување на трговските права од последноиздадената повелба од Урош во 1357 г. Сепак дубровничките пратеници биле принудени да направат преседан поради нарушените односи помеѓу Урош и Волкашин и веројатното несогласување на Волкашин да потврдува повелби издадени од царот Урош. Во тој контекст голема е веројатноста дека Волкашин барал да ги потврди дубровничките права според повелбата издадена од царот Душан во 1349 г. Преговорите најпосле завршиле со издавање повелба на 5 април 1370 г. во Брод, Порече (Македонија). Во повелбата името на Урош воопшто не се споменува Во овој период се евидентира поинтензивно присуство на дубровчани во Македонија. Меѓу другото се дознава дека во 1370 година дубровланецот Живе Пуциќ престојувал во градот Скопје. Неговото спомнување е во контекст на продажба на лозови насади. Подоцна поради извесни пречки во извршување на трговијата дубровничките власти на 10 јуни 1371 г. испратиле писмо до дубровчаните: Паско Ранини и Јаков Соркочевиќ.  Според насоките во писмото двајцата дубровчани требало да остварат средба со Волкашин веднаш штом тој ќе пристигне во Скопје, Призрен или некој

друг негов дворец во околината. Летото 1371 г. Волкашин, Углеша, Марко и Балшиќите се подготвувале за напад на областите на Никола Алтомановиќ. Дубровчаните одлучиле да се вклучат во сојузот за војна против Никола. Меѓутоа сепак не дошло до воен судир поради османлиската опаснот. На 26 септември 1371 г. во битката против Османлиите на р. Марица загинале браќа Волкашин и Углеша. По Маричката битка единствен легитимен наследник на Волкашин и Углеша бил Марко, синот на Волкашин. По извесното прогласување за крал, Марко формално-правно станал совладетел на царот и законски наследник на српскиот владетелски престол. Меѓутоа моќните северни великодостојници на просторот на некогашното Српското царство немале намера да го признаат. Неколку години пред Марко да ја загуби власта на градот Скопје, сочуван е податок за присуство на дубровнички трговци во Скопје. Имено во месец мај 1373 г. Јуниј Буниќ престојувал во Скопје во врска со одредени трговски активности. Подоцна на 11 јуни 1373 г. Јуниј Буниќ престојувал во областите на браќата Дејанови. Се дознава дека стоката на дубровничкиот трговец Јуниј Буниќ при пренесувањето од Солун кон Ново Брдо била ограбена во „државата на Драгаши.“ Во судската постапка што се водела во Дубровник оштетениот Буниќ го обвинил дубровничкиот трговец Јуниј Маринов Соркочевиќ дека со помош на поданиците на деспот Драгаш му ја одзел стоката. Се дознава дека според изјавата на сведок тоа се случило во земјата на Драгаш поконкретно во Коњух. На 7 април 1377 г. во документ повторно се спомнува Јуниј Буниќ дека престојувал во областите на браќата Дејанови. Дубровничките власти побарарале од Буниќ да ја разгледа можноста и условите за купување на жито од браќата Дејанови и воедно да се увери дали браќата биле подготвени да го продаваат житото по крајбрежјето (Солунско). Поради политичкиот сепаратизам од централната власт и осамостојувањето на голем број на феудалци на Балканот, со примена на поморската трговија дубровчаните ги избегнувале односите со регионалните господари, а со тоа и користењето на копнените патишта при извршување на трговијата.

## Кратенки:

HAD - Historijski arhiv u Dubrovniku

HAZU - Hrvatska akademija znanosti i umjetnosti

JAZU - Jugoslavenske akademije znanosti i umjetnosti

ZPR - Zagrebačka pravna revija

АНУРС - Академија наука и умјетности Републике Српске

БАН - Българска академия на науките

ВИИНЈ - Византиски извори за историју народа Југославије

ГЗФЗФ - Годишен зборник на Филозофски факултет

ГИНИ - Гласник на институтот за национална историја

ГСГД - Гласник Српског географског друштва

ГСФФ - Годишњак Скопског Филозофског факултета

Зборник КЈ - Константин Јирчек

Зборник МС ЛУ- Матице српске за ликовне уметности

ЗРВИ - Зборник радова византолошког института

ЗРНМЧ - Зборник радова Народног музеја у Чачку

ЗФФ - Зборник Филозофског факултета

ИГ - Историјски гласник

ИГ - Историјски гласник

ИСН - Историја српског народа

ИЧ - Историјски часопис

ЛССВ - Лексикон српског средњег века

Прилози за КЈИФ - Књижевност, језик, историју и фолклор

САН -Српска академија наука

САНУ - Српска академија наука и уметности

СБР - Српски биографски речник

СКА - Српска Академија наука

СКЗ - Српске књижевне задруге

ССА - Стари српски архив

# Библиографија

## I. Извори


1. Chalcondyles L., ed. Bekker, Bonn, 1843, 28.
2. Chronica Ragusina Junii Restii item Joannis Gamdilae (digessit S. Nodilo), vol. II, Zagreb 1893.
3. Diplomatički zbornik kraljevine Hrvatske s Dalmacijom i Slavonijom (ured.T. Smičiklas i dr.) IX, Zagreb 1911.
4. Diplomatički zbornik XII, kraljevine Hrvatske s Dalmacijom i Slavonijom (ured.T. Smičiklas i dr.) IX, Zagreb 1916.
5. Foretić V., Ugovor Dubrovnika s srpskim velikim wertzuiopm županom Stefanom Nemanjom i stara dubrovačka djedina, Rad JAZU 283, Zagreb 1951.
6. Historijski arhiv u Dubrovniku (HAD), Aptagia II, 1960.
7. Historijski arhiv u Dubrovniku (HAD), Diversa Cancellariae 8, 15, 16, 17
8. Ioannis Cantacuzeni imperatoris historiarum Libri IV. Ed. L. Sxhopen. T. II, Бон 1832.
9. Listine o odnošajih izmedju južnoga Slavenstvai Mletačke Republike, skupio: Ljubić Š., kn. I, JAZU, Zagreb 1868.
10. Listine o odnošajih izmedju južnoga Slavenstvai Mletačke Republike, skupio: Ljubić Š., kn. III, JAZU, Zagreb 1872.
11. Listine o odnošajih izmedju južnoga Slavenstvai Mletačke Republike, skupio: Ljubić Š., kn. IV, JAZU, Zagreb 1874.
12. Listine o odnošajih izmedju južnoga Slavenstvai Mletačke Republike, skupio: Ljubić Š., kn. IX, JAZU, Zagreb 1890.
13. Monumenta Ragusina. Libri Reformationum I-IV, Zagreb 1879-1897.
14. Monumenta Serbica spectantia historiam Serbiae, Bosnae, Ragusii, (ed. F. Miklosich), Viennae, 1858.
15. Monumenta spectantia historiam Slavorum meridionalium, ur.: Krstitelj Tkalčić I, Zagreb 1879.
16. Radonić J., Dubrovačka akta i povelje I-1, Zbornik za istoriju, jezik i knjizevnost srpskog naroda, SKA, Beograd 1935.
17. Vetera monumenta historica Hungariam sacram illustrantia II (ed. A. Theiner A.), Romae 1859.
18. Благојевић М., Закон господина Константина и царице Јевдокије, ЗРВИ XLIV, Београд 2007.
19. Бојанин С., Повеља Вука Бранковића о даровању Скопског манастира Светог Георгија манастиру Хилендару ССА VIII, Београд 2009, 119-120.
20. Византијски извори за историју народа Југославије. Т. VI, Београд 1986.
21. Динић М., Одлуке већа дуброваћке републике I, Београд 1951.
22. Живојиновић М., Драгаши и Света Гора, ЗРВИ XLIII, Београд 2006, 41-59.
23. Живојиновић М.,- Суботин-Голубовић Т., Акт господина Константина Драгаша и царице Евдокије манастиру Ивирону (13. јануар, око 1380), Хиландарски зборник XI, Београд 2004, 287-294.
24. Животи краљева и архиепископа српских, написао архиепископ Данило и други, изд. Ђ. Даничић, Загреб 1866. Превод на Л. Марковић, СКЗ. Београд 1935.
25. Иванов Й., Български старини из Македония. Фототипно издание. София 1970.

26. Николов А., Гюзелев В., Костова Е., Данова П. и Хинковски С., Дубровнишки документи за историята на България и Бялгарите през XIII-XV век Том I (1230-1403 г.).
27. Новаковић С., Законски споменици српских држава средњега века. Књ. V. Београд 1912.
28. Орбин М., Краљевство Словена, Зрењанин 2006.
29. Орбин М., Краљевство Словена, редакција: Ф. Баришић, Р. Самарџић, С. Ћирковић, (Коментари: С. Ћирковић), Београд 1968.
30. Порчић Н., Дипломатички обрасци српских средњовековних разрешних докумената, Зборник радова књ. XXV, Споменица Академика Симе Ћирковића, Историјски институт, Београд 2011.
31. Соловјев А., Мошин В., Грчке повеље српских владара, Београд 1936.
32. Соловјев А., Одбрани споменици српског права права од XII до краја XV века, Београд 1926.
33. Споменици српски I-II (прип. М. Пуцић), Београд 1858.
34. Спремић М., Прекинут успон-српске земље у позном средњемвеку, Београд, 2005.
35. Србскіи спомєницы или старе русовульр дипломе, повель и сношенія босански, сербски, херцеговачки, далматински и дубровачки кралява, царева, банова, деспота, кнезова, войвода и властелина (прип. П. Карано Твртковић), Београд 1840.
36. Старе српске повеља и писма I-1, (прип. Љ. Стојановић), Београд- Сремски Карловци 1929.
37. Стојановић Љ., Стари српски записи и натписи I, (фототипно издание) Београд 1982.
38. Стојановић Љ., Стари српски записи и натписи I, Сремски Карловци 1923 IV, 14.
39. Тадић Ј., Писма и упутства Дубровачке Републике, Београд 1935.
40. Убичин А., Уговор о савезу и пријатељству међу Карлом Валоа и посланицима српског краља Уроша, Гласник српског ученог друштва, књ. 10, Београд 1870.


## II. Литература


1. Atanasovski A., Makedonija i Crna Gora u srednjem vijeku, Matica br. 65 godina XVII, Časopis za društvena pitanja nauku I kulturu, Cetinje-Podgorica 2016.
2. Banović S., Oko Kraljevića Marka i godine njegova rođenja, Zbornik za narodni život i običaje južnih Slavena, 42, Zagreb 1964.
3. Čremošnik G., Dubrovački konzuli u Srbiji do dušanovog vremena, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, Sarajevo 1929, 81-94.
4. Cremosnik G., Vrednost dubrovackog izvoza u Srbiji I Bosni, Glasnik Zemaljskog muzeja u BiH, 41/sveska 2, Sarajevo 1929, 57-61.
5. Dinic M., Comes Constantinus, ZRVI VII, Beograd 1960, 1-11.
6. Dinic M.-Kneževic D., Dubrovnik i Ugarska u srednjem veku, Vojvođanska akademija nauka i umetnosti, Filozofski fakultet u Novom Sadu, Institut za istoriju, 1986, 17-19;
7. Engel I.H., Povjest Dubrovnicke Republike, (превод од германски I. Stojanovic), Stare Dubrovacke Stamparije A. Pasarica, 1903.
8. Filiposki T., Before and After the Battle of Maritsa (1371): The Significance of the Non-Ottoman Factors in the Ottoman Conquest of the Balkans, The Ottoman Conquest of the

Balkans, Interpretations and Research Debates, edited by Oliver Jans Schmitt, Österreichische Akademie der Wissenschaften, Wien 2016, 65-78.

9. Filiposki T., Der Ohrider Župan Andrea Gropa, Südost-Forschungen, 69/70 (2010/2011), R. Oldenbourg/München, 2012, 9-12.
10. Filiposki T., The two military operations of byzantine emperor Andronikos III Palaiologos in Macedonia on the eve of the battle of Velbazhd, Великите Асеновци, Сборник с доклади от конференция, посветена на 830 години от въстанието на братята Петър и Асен, началото на Второто българско царство и обявяването на Търново за столица на България и 780 години от легитимното възобновяване на Българската патриаршия, Велико Търново 2016, 286-291.
11. Fiskov C., Dubrovacki zlatari od XIII do XVII stojleca, Hrvatska prosvjeta, Zagreb: Muzej hrvatskih starina JAZU, III, serija 1, 1949, 143-240.
12. Foretić V., Godina 1358 u povijesti Dubrovnika, JANU kn. L, Zagreb, 1960.
13. Foretič V., Povijest Dubrovnika do 1808,  I, Zagreb 1980.
14. Gogić M., Rimokatolička župa Novog Brda u kasnom srednjem vijeku, Radovi Zavoda za povijesne znanosti HAZU u Zadaru 58, 2016, 1-24.
15. Gruber, D., Dalmacija za Ludovika I (1358-1382): I deo (1358-1367), Rad JAZU 170, 1907, 1-15, 210-240.
16. Ivanović M., Stojkovski B., Reka Sava kao granica između Srbije i Ugarske u srednjem veku, Rijeka Sava u povjesti: zbornik radova znanstvenog skupa održanog u Slavonskom Brodu 18-19, listopada 2013, 86-93.
17. Janković Römer Z., Višegradski ugovor temelj Dubrovačke Republike, Zagreb, 2003.
18. Jireček K., Dohodak stonski, koji su Dubrovčani davali srpskome manastiru sv. Arhangjela Mihajla u Jerusalimu i povelje o njemu cara Uroča (1358) i carice Mare (1479), Zbornik u slavu Vatroslava Jagića, Berlin, 1908.
19. K. Jireček, Važnost Dubrovnika u trgovačkoj povijesti srednjeg vijeka, (prev. B. Cvjetković), Dubrovnik 1915.
20. Klaić N., Mljetski falsifikati Arhivski vjesnik X, Zagreb 1967, 185-234.
21. Klaić N., Povjest Hrvata u razvijenom srednjem vijeku, Zagreb, 1976.
22. Kovacevic-Kojic D., Les métaux précieux de Serbie et le marché Europééen (XIVe-XVe siècles), ZRVI XLI, Beograd 2004, 191-202.
23. Lučić J., Prošlost dubrovačke Astereje, Dubrovnik 1970.
24. Matanov H., Problems of the State Structures I the South-West Balkan Lands during the Second Half of the 14th Century, Études balkanikues, XX, Sofia1984.
25. Matanov H.,-Zaimova R., West and Post-Byzantine Source Evidence, Sofia 1985.
26. Mirković L., Mrnjavčevići, Starinar III, Beograd 1925, 11-41.
27. Petković V., Portreti iz Psače, Narodna starina 20, Zagreb 1929.
28. Petrovski B., Ottoman Militaru Campaign in 1385: itinerary and goals, Тематски зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 20. до 22. септембра 2013 године у Крушевацу, Власт и моћ- властела Моравске Србије од 1365 до 1402 године, Великом Шиљеговцу и Варaварину, Крушевцу 2014, 287-304.
29. Pijović M., Pojava velike epidemije kuge u 14. Stoljeću i njene reperkusije na prostoru Europe i dijelovima istočnog Jadrana s naglaskom na Dubrovnik, Zbornik radova Društva studenta povijesti “Ivan Lučić-Lucius” V, sv.8-9, Zagreb 2006.

30. Porčić N., Place negotiations between Serbia and Dubrovnik in 1301-1302: A case study in medieval diplomacy, Интернационал часопис за средњовековне студије књ. I, гл. уред. С. Рудић, Центар за напредне средновековне студије, Београд 2013, 115-135.
31. Romer Z. J., Okvir slobode, Zavod za povijesne znanosti HAZU, Dubrovnik, 1999.
32. Šekularac B., Crna Gora u doba Balšića, Cetinje, 2011.
33. Tadić J., Proment putnika u starom Dubrovniku, Dubrovnik 1939.
34. Vego M., Naselja bosanske srednjevjekovne države, Sarajevo 1957.
35. Venier G., Konzuli I konzularna služba Dubrovnika (komune) I Dubrovačke republike u Balkanskom zaleđu (XII-XV. st), ZPR 4 (3) Elektronički časopis poslijediplomskih studija Pravni fakultet Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb 2015, 275-306.
36. Voje I., Prilog proucavanju Dubrovackih trgovackih drustva, Зборник радова књ. 10, Одјељење друштвених наука књ. 38. У част академику Десанки Ковачеви-Којиќ, АНУРС, Бања Лука 2015.
37. Vučetić A., Spomenici dubrovački I, Dubrovnik 1907.
38. Алексић В. Г., Наследници Мрњавчевића и територије под њиховом влашћу од 1371 до 1395, (Докторска дисертација, Београд 2012), Београд 2012.
39. Анастасијевић Д., Једина византиска царица српкиња, Браство XXX, Београд, 1939.
40. Антоновић М., Српска црква и транзиција моћ од 1355 до 1402 године, Зборник Крушевац 2014.
41. Атанасовски А., Балканот и Македонија во политичките преговори и договори помеѓу Византија, Србија и Бугарија во првата половина на XIV век. ГЗФЗФ XXII (48), Скопје 1995, 225-239.
42. Атанасовски А., Велбужд како престолнина на Господин Константин и неговите вазални односи со Османлиите, ГЗФЗФ LVIII, Скопје 2004, 265-278.
43. Атанасовски А., Врските меѓу Македонија и Хрватска во Средниот век, Зборник на трудови по повод 65 години „Завод и музеј”-Струмица, Музејски летопис, Завод за заштита на спомениците на културта и музеј-Струмица, Струмица 2017, 42-53.
44. Атанасовски А., Јован Оливер-Феудален владетел во Македонија во првата половина на XIV век, ГЗФЗФ LI, Скопје 1998, 93-101.
45. Атанасовски А., Македонија во XIV век, Тетово 2009.
46. Атанасовски А., Недовербата меѓу „Балканците” во XIV век, последици и поуки, ГЗФЗФ LIII, 2005 Скопје, 185-200.
47. Атанасовски А., Пијанец во XII и XIV, Куманово 1996.
48. Атанасовски А., Пијанец во периодот на вазалното владење на Константин Дејанов (1382-1395), ГЗФЗФ, XLVII, Скопје 1994, 147-155.
49. Атанасовски А., Почетоците на Серската држава на чело со Елена, ГЗФЗФ LV, Скопје 2002, 125-135.
50. Аџиевски К., Пелагонија во средниот век (од доселување на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје 1994.
51. Балабанов К., Новооткриени портрети краља Марка и краља Вукашина у Марковом манастиру, Зограф I, Институт за историју уметности, Филозофски факултет Универзитета у Београду, Београд 1966.
52. Баришић Ф., О измирењу Српске и Византијске цркве 1375, ЗРВИ XXI, Београд 1982, 159-182.

53. Благојевић М, Закон господина Константина и царице Јевдокије, ЗРВИ XLIV, Београд 2007.
54. Благојевић М.- Медаковић Д., Историја српске државности, књига I, Од настанка првих држава до почетка српске националне револуције, Нови Сад 2000.
55. Благојевић М., Државна управа у српским средњовековним земљама, Београд 1997.
56. Благојевић М., Државни сабори и сабори отачаства Немањића и Лазаревића, ГЛАС CDX, САНУ, Одељење историјских наука књ. XIV, Београд 2008.
57. Благојевић М., Земљорадња у средњовековној Србији, Историјски институт у Београду посебна издања књ.15, Београд 1973, 335-386.
58. Благојевић М., Насеља у Мачви и питање српско-угарске границе, Ваљево, постанак и успон градског средишта, Ваљево 1994, 78-92.
59. Благојевић М., О издаји или невери Вука Бранковића, Зборник Матице Српске за историју 79-80, Београд 2009.
60. Благојевић М., О положају становништва пријепољског краја у доба Немањића, Симпозијум „Сеоски дани Сретена Вукосављевића одржан," 14-16 јуни 1974, уред. С. Вукосавјевић-П. Влаховић, том III, Општинска заједница образовања Пријепоље, 1976.
61. Благојевић М., Оброк и приселица, Историјски часопис XVIII, Историјски институт у Београд, Београд 1971.
62. Благојевић М., Реформа државне управе и Душанов законик, Душанов законик, 650 година од његовог доношења, САНУ, Научни скупови књига IV, одељење друштвених наука књига III, Београд 2000, 51-70.
63. Благојевић М., Савладарство у српским земљама после смрти цара Уроша, ЗРВИ XXI, Београд 1982.
64. Благојевић М., Србија у доба Немањића (Од кнежевине до царства: 1168-1371, илустрована хроника), Београд, 1999.
65. Благојевић М., Територија кнеза Лазара на Косову и Метохији, Косово и Метохија: Прошлост-садашњост-будућност, Зборник радова с међународног научног скупа одржаног у Београду 16-18 марта 2006 г., К. Митровица 2007.
66. Богдановић Д., Владарски чин кнеза Лазара, Научни скуп у Крушевцу 1971, О кнезу Лазару, Београд, 1975.
67. Богдановић Д., Измирење српске и византијске цркве, О Кнезу Лазару: Научни скуп у Крушевцу 1971, Београд: Научно дело, 1975.
68. Божилов И. -Гюузелев В., История на средновековна България, VII-XIV век, Софияа 1999.
69. Божилов И., Фамилията на Асеневци 1186-1460: Генеалогия и просопография, София 1994.
70. Божић И., Зета и Мрњавчевићи, Прилози КЈИФ XLII/1-4, Београд 1976.
71. Бојани С., Повеља Вука Бранковића о даровању скопског манастира Светог Георгија манастиру Хиландару, ССА VIII, Београд 2009, 119-128.
72. Бојанин С., Повеља цара Стефана Уроша којом потврђује дар великог војводе Николе Стањевића манастиру Хиландару, ССА I, Београд 2002, 103-116.
73. Бошкоски М., Скопје и скопската област, Скопје 2009.
74. Бошкоски М., Хронологија на добивањето на деспотска титула на Волкашин. ГИНИ, XLVI/I, Скопје 2002, 69-81.

75. Бубало, Ђ., Фалсификована повеља цара Уроша о Стонском дохотку, ССА II, Београд 2003, 99-142.
76. Веселиновић А., Држава српских деспота, Београд 2006.
77. Воје И., Фрагменти о Брсково, ИЧ XXIX-XXX, 1982-1983.
78. Гернова М, Письмо царя Стефана Уроша Дубровчанам, ССА IX 2010, 87-92.
79. Гецић М., Дуборвничка трговина сољу у XIV веку, Зборник Филозофског факултета, III, Београд 1955, 95-153.
80. Граозданов Ц., Охридското ѕидно сликарство од XIV век, Охрид, 1980.
81. Грозданов Ц., Охрид и Охридската архепископија во XIV век, Охрид 1980.
82. Грозданов Ц., Охридско сликарство од XIV век, Охрид 1980.
83. Грозданов Ц.-Суботић Г., Црква светог Ђорђа у Речици код Охрида, Зограф, XII, Београд 1981.
84. Грујић Р.,-Радовановић М., Тиквеш и Рајац, Српски етнографски зборник XXIX, Београд-Земун 1924.
85. Дероко А., Средњовековни градови у Србији, Црној Гори и Македонији, Београд 1950.
86. Димитријевић С., Нове врсте српског средњовековног новца, Старинар, Археолошког института Српске академије наука, IX-X, Београд, 1958-1959.
87. Динић М., Дубровнича средновековна караванска трговина, Југословенски Историски часопис, III година, 1-4 свеска, Љубљана-Загреб-Београд 1937.
88. Динић М., Дубровнички трибути-Могориш, Светодмитарски и Конаваолски доходак, Провижун браће Влатковића-ГЛАС (Гласник српска академија наука) 168, Београд 1935.
89. Динић М., За историју рударства у средњовековној Србији и Босни, II део, САНУ књ.356, Београд 1962.
90. Динић М., За хронологију Душанових освајања византиских градова, ЗРВИ IV, Београд 1956, -11.
91. Динић М., -Кнежевић Д., Српске земље од Маричке до Косовске битке, Зборник: Српски народ у другој половини XIV и првој половини XV века, Београд 1989.
92. Динић М., Нешто о Палману, Прилози КЈИФ XIII, Београд 1933.
93. Динић М., О Николи Алтомановићу, СКА Посебна издања књ. XC, Друштвени и историски списи књ. XL, Београд 1932.
94. Динић М., О хронологију Душанових освајања византијских градова, ЗРВИ IV, Београд 1956, 1-11.
95. Динић М., Област Бранковића, Прилози за КЈИФ, XXV/1-2, Београд 1960.
96. Динић М., Однос између краља Милутин и Драугтин, ЗРВИ III, Београд, 1955.
97. Динић М., Повење кнеза Десе о Мљету, Прилози КЈИФ XXVIII, 1-2, 1962 Београд.
98. Динић М., Растислалићи. Прилог историји распадања српског царств, ЗРВИ II, Београд 1953.
99. Динић М., Реља Охмућевић-Историја и предање, ЗРВИ IX, Београд 1966.
100. Динић М., Хумско-требињска властела, Посена издања: CCCCxXVIII, књ.54 САНУ, Београд, 1967.
101. Динић М., Шпански најамници у српској служби, ЗРВИ VI, Београд 1960.
102. Динић-Кнежевић Д., Миграције становништва из јужнословенских земаља у Дубровник током средњег века, Нови Сад 1995.

103. Драгичевић П., Повеља „царице“ Јевдокије и њеног сина Константина о даривању Хиландару њихове баштинске цркве у Архиљевици, ССА X, Београд 2011, 87-102.
104. Драгичевћ П., Писмо кнеза Војислава Војиновића којим обнавља мир са Дубровником, ССА XII, Београд 2013, 91-100.
105. Драгојевић П., Баштински посједи српских облсних господара, Дани српског духовног преображења XXII, Научни скуп скуп Деспотовац-Манасија, 22-24 август 2014, Средњи век у српској науци, историји, књижевности и уметности VI, Деспотовац 2015.
106. Ђорђевић И., Зидно сликарство српске властеле у доба Немањића, Београд 1994.
107. Ћоровић В., Брсково, Гласник географског друштва књ.XX, Београд 1934.
108. Ђуриђ И., Поменик светогорског протата с краја XIV века, ЗРВИ XX Београд, 1981.
109. Ђурић В., Три догађаја, у српској држави XIV века и њихов одјек у сликарству, Зборник за ликовне уметности V, Нови Сад 1969.
110. Живојиновић М., Драгаши и Света Гора, ЗРВИ XLIII, Београд, 2006.
111. Живојиновић М., Светогорци и стонски доходак, ЗРВИ XXII Београд 1983, 165-206.
112. Зарковић Б. В.,Тргови и урганизација Србије крајем средњег и почетком новог века. (Докторска дисертација одбранета 2012 година во Белград на Универзитет во Белград-Филозофски факултет), Београд 2012.
113. Зборник Константина Јиречека I, уред. Академик М. Динић, Београд 1959, САН, посебна издања књ. CCCXXVI, одељење друштвених наука, књ. 33. Београд 1959, 33-387.
114. Зечевић М., Ратовање Војислава Војиновића са Дубровником, Београд, 1908.
115. Ивановиђ М, Натпис младог краља Марка са цркве св. Недеље у Призрену, Зограф II, Београд, 1967.
116. Ивановић В., Новчарство средњовековне Србије, Београд 2001.
117. Ивановић М., Натпис младог краља Марка са цркве св. Недеље у Призрену, Зограф 2, 1967.
118. Ивановић М., Натпис младог краља Марка са цркве св. Недеље у Призрену, Зограф II, Београд 1967.
119. Историја на Македонскиот народ, том I (редакција Б. Панов), Скопје 2000.
120. Историја народа Југославије књ I: Дубровник од постанка до краја XV века (Ј. Тадић), Београд, 1953.
121. Историја српског народа I, (Од најстаријх времена до Маричке битке (1371)), Београд 1981.
122. Историја српског народа II, (Доба борби за очување и обнову државе (1371-1537)), Београд 1981.
123. Јанковић М., Енциклопедије и митрополије српске цркве у средњем веку, Београд, 1985.
124. Јиречек К., Властела хумска на натпису у Величанима, Зборник К. Јиречек I, уред. Академик М. Динић, Београд 1959.
125. Јиречек К., Историја Срба I, (Политичка историја), Београд 1952.
126. Јиречек К., Историја Срба II, (Културна историја) превод Ј. Радонић, Београд 1952.

127. Јиречек К., Романи у градовима Далмације током средњег века, Зборник К. Јиречек II, Београд 1962.
128. Јиречек К., Рударство и рудници Србије и Босне у Средњем веку, Београд, 1940.
129. Јовановић В., Рибник код Призрена. Прилог проучавању средњовековних владарских дворова, ЗРВИ XXXIV, Београд 1995.
130. Калић Ј., Дежево у средњем веку, ЗРВИ XX, Београд 1971.
131. Калић Ј., Срби у позном средњем веку, Београд 1994.
132. Катанчевић А., Да ли су саси имали привилегије у мешовитим споровима у средњовековној Србији? Анали Правног факултета у Београду 63/2, Београд 2015, 107-118.
133. Ковацевица, Београд: Српско археолошко друштво, Универзитет у Београду, Филозофскогфакултета, Београд 2003.
134. Ковачевић, Д., Неколико хронолошких исправака, у српској историји, ГНЧ III 1879.
135. Ковачевић-Којић Д., Градски живот у Србији и Босни (XIV-XV), Историјски институт у Београду, Београд 2007.
136. Ковачевић-Којић Д., Приштина у средњем вијеку, ИЧ XXII, Београд 1975, 45-81.
137. Коматина П., Промене на српском престолу 1370-1371 године. Покушај реинтерпретације, ИЧ LXVI, 2017 Београд, 149-171.
138. Копривица М., Полог под српском влашћу у средњем веку (историјско-географски преглед), Споменица академика Милоша Благојевића, Универзитет у Београду, Филозофски факултет, Београд 2015.
139. Кораћ Д., Света Гора под српском влашћу 1345-1371, ЗРВИ XXXI, Београд 1992.
140. Крекић Б. О рату Дубровника и Србије 1327-1328, ЗРВИ XI, Београд 1968.
141. Крекић Б., Дубровник и Левант (1280-1460), САН, Београд 1956.
142. Крекић Б., Дубровник и рат око Тенедоса (1378-1381), ЗРВИ V , Београд 1958.
143. Крекић Б., Зошто је вођен и када је завршен рат Дубровника и Србија, 1301-1302? ЗРВИ XVII, Београд 1976.
144. Крекић Б., Курирски саобраћај Дубровника са Цариградом и Солуном у првој половини XIV века, ЗРВИ I, Београд 1952.
145. Лазаревић Д., Територија краља Драгутина, Историјски архив Ваљево, Гласник XXV, Ваљево 1990, 5-26.
146. Ласкарис М., Deux „chysobulles“ serbes pour Lavra, Хилендарски зборник I, Београд 1966.
147. Ласкарис М., Византиске у средњевековној Србији, Београд 1926.
148. Лексикон градова и тргова средњовековних српских земаља, уред. С. Мишић, Београд 2010.
149. Лексикон српског средњег века (ЛССВ) уред. С. Ћирковић и Р. Михаљчић, Београд, 1999.
150. Максимовић Љ., Византија и Турци од Маричке до Косовске битке (1371-1389), Глас САНУ CCCLXXVIII, Одељење историјских наука, књ. IX, Београд 1996.
151. Максимовић Љ., Грци и Романија у српској владарској титулатури, ЗРВИ XII, Београд 1970.
152. Маликовић Д., Политички односи Котора и Дубровника током XIV и XV века, Универзитет у Приштини са привременим седиштем у Косовској Митровици,

Филозофски факултет, Катедра за историју (во ракопис, докторски труд) Приштина, 2010.
153. Маловић М., Стефан Дечански и Зета, Историски записи, Историског института и Друштва историчара, XXXII, СР Црне Горе, Титоград 1979.
154. Маловић-Ђукић М., Брата, удовица Пашка Бугонова (Бугона), ИЧ LX 2011.
155. Маловић-Ђукић М., Павле Томе Драго, Истраживања XVI, Нови Сад 2005.
156. Манкен И. Манкен, Дубровачки патрицијат у XIV веку, Београд 1960.
157. Марковић В., Православно монаштво и манастири у средњовековној Србији, Београд 2002.
158. Марковћ В., Односи Дубровчана са Србијом од 1358 до 1362 год, Летопис 244, Београд 1907.
159. Мартић Р., Студије из српске Нумизматике, Српска академија наука, Посебна издања књ. CCLIX, Одељење душтвених наука књ. 20, Београд 1956.
160. Матанов Х. -Михнева Р., От Галиполи до Лепанто. Балканите, Европа и османското нашествие (1354-1371), София 1988.
161. Матанов Х., Княжеството на Драгаши. Към историята на североизточна Македония в предосманската епоха, София 1997.
162. Матанов Х., Югозападните български земи през XIV век, София 1986.
163. Медини М., Дубровник Гучетића, Београд 1953.
164. Микулчиќ И., Средновековни градови и тврдини во Македонија, Скопје 1996.
165. Мирковић Л., Мрњавчевићи, Београд, 1925, Старинара III, 11-13 Орган археолошког друштва у Београду, Београд 1925.
166. Митровић К.,- Радичевић Д., Католичка парохија у Руднику, Зборник радова Рудник и Венчац са околином у средњем веку и раној модерни, Тематски зборник са научног скупа одржаног 21. октобра 2017 године у Народном музеју у Аранђелу, уредници С. Мишић, Д. Радичевић, М. Шуица, Аранђеловац 2017.
167. Михаљчић Р., Владарске титуле обласних господара. Прилог владарској идеологији у старијој српској прошлости, Београд 2001.
168. Михаљчић Р., Замена поседа у Средњовековној Србији, Споменица академика Симе Ћирковића, Београд 2011.
169. Михаљчић Р., Крај српског царства, Београд 1975.
170. Михаљчић Р., Мљет као баштина Которске властеле, ЗРВИ LXI 2004.
171. Михаљчић Р., Мљетске исправе цара Уроша, ССА III, Београд 2004, 71-87.
172. Михаљчић Р., Прилог српском дипломатару. Повеље и писма вара Уроша и кнеза Војислава Војиновића унућене Дубровнику, Прилози КЈИФ 39, Београд 1973.
173. Михаљчић Р., Титуле Краљевића Марка, Кралот Марко во историјата и традицијата, (ред. В. Десподова). Прилози од научниот собир одрежан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко, 23-25 јуни 1995, Прилеп 1997.
174. Михаљчић Р., -Шпадијер И., Слово браће Бранковића манастиру Хилендару, ССА VI, Београд 2007, 151-166.
175. Михаљчић, Р., Хрисовуља цара Уроша манастиру Хилендару о дару калђеру Романа, ССА V, Београд 2006, 139-148.
176. Мишић С., Југоисточна Србија средњег века. Врање-Пожаревац 2002.
177. Мишић С., Краљ Стефан Урош II Милутин и Бугари, Браничевски гласник II, Удружење историчара Браничева и Тимочке крајине, Браничево 2002, 5-18.

178. Мишић С., Моравска Србија, историја и историјска географија, Еволута ИК, Београд 2017.
179. Мишић С., Српско-бугарски односи крају 13 веку ЗРВИ VI, Београд 2009.
180. Мишић С., Стон и Пељешац од 1326 до 1333, ИЧ кн. XLII-XLIII, 1995-1996 САНУ, Београд 1997.
181. Мишић С., Хрисовуља цара Стефана Душана о поклањању цркве Светог Николе у Псачи манастиру Хиландару, ССА IV, Београд 2005, 135-149.
182. Младеновић А., Повеље кнеза Лазара, Београд 2003.
183. Младеновић С. Б., Поседи римокатоличке цркве на Косову и Метохији у средњем веку, Гласник Баштина 41, Институт за српска култура, Приштина-Лепосавић 2016.
184. Мошин В., Византиско-српски односи во првата четвртина на XIV век и дипломатот Хилендарецот Калиник, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија том II, уред. В. Мошин, Скопје 1977.
185. Мошин В., -Илиевска С., Грамота на Вук Бранковиќ, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија том I, Скопје 1975.
186. Мркобрад Д., Значај Трепче у оквиру копаоничког рударства средњовековне Србије, Из споменице Јована Ковацевица, Београд: Српско археолошко друштво, Београд 2003, 249-259.
187. Мркобрад Д., Српско рударство у привредни Косова и Метохије, Научни скуп „Срби на Косову и у Метохији“, САНУ- Универзитет у Приштини, Косовска Митровица 2005.
188. Мрковић П., Одношаји између Србије и Угарске (1331-1355), Летопис Матице Српске 221, Нови Сад 1903.
189. Наумов Е. П., Дарбените грамоти на Дејановиќи, Историја XX/2, 1984 Скопје.
190. Наумов Е. П., Сведоштва од историските извори за крали Марко, ГЗФЗФ XIX/1, Скопје 1983.
191. Николић М., Псеудо-Сфранциз о српским земљама, ЗРВИ XLIII, Београд 2006.
192. Никулска Н. Н., За ктиторската композиција и натписот во Марковиот манастир-село Суштица, Скопско. ГИНИ XV/II, Скопје 1971, 225-238.
193. Никулска Н. Н., Марковиот манастир-монумент како документ низ историјата, Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, Скопје 1975.
194.Никуљска Н. Н., Прилог за манастирот Св. Андреја на р. Треска-на брегот на езерото Матка, у: Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија, I, Скопје, 1975, 387-400.
195.Новаковић С., Немањићке престонице Рас-Пауни-Неродимља, Глас СКА 88, Београд 1911, 1-54.
196. Новаковић С., Срби и Турци у XIV и XV века, Београд 1933.
197. Новаковић С., Струмска области у XIV веку и цара Душана, Глас СКА, XXXVI), Београд 1959.
198.Овчаров Н., Надписите от XIV в. в Марков манастир до Скопие и политическият възход на кралете Вълкашин и Марко, Старобългаристика, XIX, № 3, БАН, София 1995.
199. Острогорски Г., Алексије Раул, велики доместик Србије, Византија и Словени, Београд 1970.
200. Острогорски Г., Васељенске судије у Серу, Византија и Словени, Београд 1970.

201. Острогорски Г., Господин Константин Драгаш, Зборник Филозофског факултета VII/1, Београд 1963.
202. Острогорски Г., Историја Византије, 1993.
203. Острогорски Г., Серска област после Душанове смрти, Београд, 1965.
204. Панов Б., Историја на македонскиот народ, том I: Македонија од праисторискoто време до потпаѓањето под турска власт (1371 г.), Скопје, 2000.
205. Панов Б., Одразот на Косовската битка во Македонија, Историја XVIII/1-2 Скопје 1992.
206. Панов Б., Охрид и кралството на Волкашин и Марко, Кралот Марко во историјата и традицијата, (ред. В. Десподова). Прилози од научниот собир одрежан по повод 600 годишнината од смртта на Кралот Марко, 23-25 јуни 1995, Прилеп 1997.
207. Панов Б., Охрид и Охридската област во XIII-XIV век, ГЗФЗФ IV.
208. Панов Б., Средовековна Македонија том III, Скопје, 1985.
209. Петровић В., Друштвено раслојување у српским средњовековнм рударским градовима, Наша прошлост 12, Зборник радова Народни музеј Краљево, Краљево 2011.
210. Петровић В., Проблем убикације средњовековног Рудника, Историјски часопис књ.58, Београд 2009.
211. Петровић В., Рударски предузетници као приложници и задужбинари, Зборник радова књ. 10, Одјељење друштвених наука књ. 38. У част академику Десанки Ковачеви-Којић, АНУРС, Бања Лука 2015.
212. Петровић Ђ., Дубровачко оружје у XIV веку, Београд 1976.
213. Петровић Ђ., Прилог познавању Пријепоља у касном средњем веку, Симпозијум „Сеоски дани Сретена Вукосављевића" VIII, Пријепоље 1981.
214. Петровски Б., Прашањето за постоење на средновековниот град Полог, Balcanoslavica 34-36, Скопје 2009, 69-88.
215. Петровски Б., Воислава Трибалда, Ѓерѓ Кастиоти Скендербенг (1405-1468), Материјали од научниот собир, по повод 600 години од неговото раѓање, одржан во Скопје на 25 и 26 ноември 2005, Скопје 2006, 67-78.
216. Петровски Б., Круната на крал Марко, Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. До 17. Септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), Краљево 2017, 309-339.
217. Петровски Б., Полог во Средниот век (VI-XIV век), (докторска дисертација), февруари 2006 година, Универзитет Св. Кирил и Методиј-Скопје, Филозофски факултет, Инситут за историја, Скопје 2006.
218. Пириватрић С., Византијске титуле Јована Оливера, прилог истаживању проблема њиховог порекла и хронологије, ЗРВИ L/2, Београд 2013.
219. Порчић Н., Писма немањичких владар дубровчанима о подизању светодимитарски доходак, ССА VII, Београд 2008, 11-26.
220. Порчић Н., Пропусница цара Уроша за Дубровачко посланство, ССА VIII, Београд 2009, 87-100.
221. Порчић Н., Случај Урса Перклуза, Историјски часопис кн.56, Историјски институт, Београд 2008.
222. Пририватић С., Улазак Стефана Душана у царство, ЗРВИ XL/2, Београд 2007.

223. Пурковић М., Авињонске папе и српске земње, Пожаревац, 1934.
224. Пурковић М., Попис села у средњевековној Србији, ГСФФ (Годишњак Скопског Филозофског факултета) IV, Скопје 1940.
225. Пурковић М., Принцезе из куће Немањића, Београд, 1996.
226. Радић, Црно Столеће (Време Јована V (1332-1391), Београд 2013.
227. Радић Р., Срби пред градом Св. Димитрија? (Једна алузија Димитрија Кидона у „Монодији аплима Солуна”), ЗРВИ, XXXIX, Београд 2001-2002.
228. Радојичић Ђ., О царици Јевдокији и о називу царица у титулатури средњовековне Србије, Зборник Матице српске за историју 7, Нови Сад 1973.
229. Радојичић Ђ., Севастократор Влатко и његов новац, Старинар XIII, Београд, 1938.
230. Радојчић Ђ., Белешке о једној надгробној плочи из Велеса, Старинар VII-VIII, 1956-1957, Београд 1958.
231. Радојчић С., Портрети српских владара у средњем веку, Београд 1996.
232. Рајачић М., Основно језгро државе Дејановића. Прилози нашој историјској географији, ИЧ (1952-1953), Београд 1954.
233. Рајачић М., Севастократор Дејан, ИЧ III-IV, Београд 1953.
234. Рајичић М., Основно језгро државе Дејановића, ИЧ IV, Београд, 1954.
235. Ристовска-Јосифовска Б., За именувањата на Мрњавчевици во Македонската и во Српската традиција и историографија (споредбен аспект), Филолошки студии II, Скопје 2007.
236. Руварац И., О кнезу Лазару у: Бој на Косову-старија и новија сазнања, Београд 1992.
237. Рудић С., О првом помену презимена Мрњавчевић, ИЧ XLVIII, Београд 2001.
238. Соловјев А., Кончански практик, ЗРВИ III, Београд 1955, 83-108.
239. Соловјев А., Повеље цара Уроша у хиландарском архиву, Богословље II, број 3, Београд 1927.
240. Соловјев А., Цар Душан у Серезу, Југословенски историски часопис I, Љубљана, Загрев, Белград, 1935.
241. Спасић С., Српски средњновековни Новац, Народни Музеј Краљево, Краљево 2015.
242. Сремић М., Средњовековне менице у Рубровнику и Србији. Право и економија. Прописи и пракса о пословању меница у Дубровникуи Србији 15. века. Зборник радова књ. 10, Одјељење друштвених наука књ. 38. У част академику Десанки Ковачеви-Којиќ, АНУРС, Бања Лука 2015.
243. Српски биографски речник (СБР) I, Матица српска, Нови Сад 2004.
244. Станојевић С., Битка код Велбужда, БратствоXXIV, Београд 1930.
245. Старинар V-VI, Орган археолошког института САН, Београд 1955.
246. Стојановски А., Градовите на Македонија од крајот XIV на до XVII век, Скопје 1981.
247. Стојановски А., Маричката битка и нејзините последици, Македонија во турско средновековие (од крајот на XIV-почетокот на XVII век), Скопје 1989.
248. Суботић Г, Икона василисе Јелене и оснивачи манастира Поганова у: Из прошлости манастира Светог Јована Богослова, Ниш 2002.
249. Суботић Г. -Кисас С., Надгробни натпис Јелене, сестре деспота Јована Угљеше на Маникејској гори, ЗРВИ XVI, Београд 1975.

250. Суботић Г., Манастир Богородице Месонисиотисе, ЗРВИ XXVI, Београд 1986.
251. Суботић Г., Обнова манастира Светог Павла у XIV веку, ЗРВИ XXII, Београд 1983.
252. Томац П., Битка на Марици, Војноисторијски гласник I, Београд 1956.
253. Томовић Г., Морфологија ћириличких натписа на Балкану бр. 63, Београд 1974.
254. Томовић Г., На Романи Луце, ИЧ XLVIII, Историјски институт у Београду, СКА, Београд 2001.
255. Томовски Т., Охрид до крајот на XIV век, Зборник на трудови посебно издание по повод 10-годишнината од основањето на музејот, посветено на XII меѓународен конгресна Византолозите, Народен музеј во Охрид, Охрид 1961.
256. Томоски Т., Прилеп и Прилепско низ историјата I, Од праисторија до крајот на Првата светска војна. Прилеп 1971.
257. Томоски Т., Скопската област од XI до XIV век, Македонија низ вековите. Градови, тврдини. комуникации, Скопје 1999.
258. Томоски Т., Штип во периодот од XII-XIV век. Зборник Штип низ вековите I, Штип, 1986, 175-187.
259. Тошић Ђ., Требињска област у средњем вијеку, Београд 1998.
260. Трифуноски Ј., Где се налазио град Славиште?, (ГСГД) Гласник српског географског друштва LVI/1, Београд, 1976, 105-108.
261. Трифуноски Ј., За средновековните села на манастирот Св. Андреја крај Треска, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, Историско-филолошки оддел, кн. IV, № 2, Скопје 1951.
262. Трпковић Б., Бранивојевићи, ИГ 3-4, 1960.
263. Трпковић В., Када ја Стјепан II Котроманић први пут продрао у Хум? ИГ I-II, Београд 1960.
264. Трпковић В., Око „уступања” Стона и Пељешаца Дубровчанима (1326-1333), ИГ I, Београд 1963.
265. Ћерантић М.,-Рашковић Д., Српски средњовековни новац у Народном музеју Крушевац, Нумизматичар бр.24/25/2001-2002, Народни музеј у Београду Српско нумизматичко друштво, Београд 2005.
266. Ћирковић С. -Ковачевић-Којић Д.-Ћук Р., Старо српско рударство, Београд-Нови Сад 2002.
267. Ћирковић С., Повеља краља Вукашина властелину Новаку Мрасоровићу, ССА I, Београд 2002, 99-102.
268. Ћирковић С., Београд под краљем Душаном?“ Зборник Историјског музеја Србије 17-18, Београд 1981.
269. Ћирковић С., Владарски двори око језера на Косову, Зборник МС ЛУ 20, Нови Сад 1984.
270. Ћирковић С., Дужници и дужнички затвор у средновековној Србији, Прилози КЈИФ 79, 1-4, 2004 3-26.
271. Ћирковић С., Земља Мачва и град Мачва, Прилози за КЈИФ књижевност, језик, историју и фолклор књ.LXXIV, св.1-4, 2008.

272. Ћирковић С., Историја средњовековне Босансе државе, Београд, 1964.
273. Ћирковић С., Историја Црне Горе II/1, Титоград, 1970.
274. Ћирковић С., Историја Црне Горе II/2, Титоград, 1970.

275. Ћирковић С., Косовска битка у међународном контексту, Глас САНУ CCCLXXVIII, Одељење историјских наука књ. IX 1996.
276. Ћирковић С., О јендој српско-угарској алијанси, ЗРВИ XLIV, Београд 2007.
277. Ћирковић С., Област кесара Војихне, ЗРВИ XXXIV, Београд 1995.
278. Ћирковић С., Повеља деспота Јована Угљеше за властелина Новаку Мрасоровићу, ССА I, Београд 2002, 93-98.
279. Ћирковић С., Повеља краља Вукашина Дубровнику којом потврђује повеље ранијх српских владара, ССА IV, Београд 2005, 161-172.
280. Ћирковић С., Пријепоље у средњем веку, Симпозијум „Сеоски дани Сретена Вукосављевића одржан“, 14-16 јуни 1974, уред. С. Вукосавјевић-П. Влаховић, том III, Општинска заједница образовања Пријеполе, Пријеполе 1976.
281. Ћирковић С., Работници, војници, духовници, Друштва средњовековног Балкана, Католичке парохије у средњовековној Србији, Београд 1997.
282. Ћирковић С., Срби у средњем веку, Београд 1995.
283. Ћирковић С., Србија уочи косовске битке, Косовско метохијски зборник I, Београд, 1990.
284. Ћоровић В., Краљ Твртко I Котроманић, Београд 1925.
285. Ћоровић В., Прилози за КЛИФ VI свеска 1, Београд 1926.
286. Ћук Р., Два стара трга у Полимљу, ИЧ XXIX-XXX, Београд 1982-1983.
287. Ћук Р., Дубровачка породица Жаретић пореклом из Бара у средњем веку, ИЧ XLVIII, Историјски институт у Београду, СКА, Београд 2001.
288. Ћук Р., Извос свиле и из Дубровника у Венецију у XIV веку, ИЧ XXVIII/1, Београд 1981, 17-25.
289. Ћук Р., Караванске станице у Полимљу у средњем веку, Милешевски записи. бр. II, Пријепоље 1996.
290. Ћук Р., Пљевља и пљевљански крај у Дубровaћкој архивској гаћи, Гласник Завичајног музеја, књ. I, Пљевља 1999.
291. Ћук Р., Пљевља и Пљњвљански крај у Дубровачкој архивској грађи, Гласник Завичајног музеја, књ. I, Пљевља 1999, 55-67.
292. Ћук Р., Србија и Венеција у XIII и XIV веку, Београд 1986, 27.
293. Ћук Р., Тоболчаревићи-Дубровчани пореклом из Пријепоља, Историјско друштво Србије ИГ I-II, 1996, 19-29.
294. Узелац А., Најамничке војске краља Стефана Уроша II Милутина, Институт за стратигијски истраживања, Војно-историјски гласник 2, Београд 2011.
295. Узелац А., Под сенком пса Татати и јужнословенске земље у другој половини XIII века, Утопија, Београд 2015.
296. Фејић Н., Један поглед на ратове Дубровника, ИЧ LVI, Београд 2008.
297. Фејић Н., Један поглед на ратове Дубровника, ИЧ LVI, Историјски институт у Београду,СКА, Београд 2008.
298. Ферјанић Б., Тесалија у XIII и XIV веку, Византолошки институт САНУ, посебна издања књ. XV, Београд 1974.
299. Ферјанчић Б., Византијски и српски Сер у XIV столећу, СКА пос. издања. књ.DCXXIX, Оделење историјских наука књ.XXI, Београд 1994.
300. Ферјанчић Б., Деспоти у Византији и јужнословенским земљама, Београд 1960.
301. Ферјанчић Б., С. Ћирковић, Стефан Душан Краљ и цар 1331-1355, Београд 2005.

302. Ферјанчић Б., Севастократори и кесари у Српском царству, ЗФФ у Београду X-1, 1970.
303. Ферјденберг М. Марен, Далматинците во Балканската тргоција од XIV до XVI век, Историја XX/II, Скопје 1984, 365-374 (статијата била објавена во изданието на Академијата на науки во СССР-Институт за славјановедение и балканистика „Балканские исследования" кн. IX посветена на „Прашањата за социјална, политичка и културнаисторија на југоисточна Европа," Москва, 1984, превод од руски јазик: Чедо Цветановски).
304. Филипоски Т., Охрид у време краљева Вукашина и Марка (1365-1395), Зборник радова са међународног научног скупа одржаног од 15. До 17. Септембра 2017. године у Краљеву, у част обележавања 800 година од крунисања Стефана Немањића (Првовенчаног), Краљево 2017, 291-307.
305. Филипоски Т., Прилог за прашањето за паѓањето и статусот на Охрид под српска власт (1334-1341/42), Транзициите во историјата и културата (Прилози од Меѓународна научна конфернција одржана во Скопје на 30-31 октомври 2006 година, во соработка со Етнографскиот институт со музеј при Бугарската академија на науките), ИНИ Скопје 2008, 69-78.
306. Фостиков А., О Дмитру краљевићу, ИЧ XLIX, Београд 2002.
307. Фрејанчић Б., Душан и српска властела у делу Јована Кантакузина, Београд 1994.
308. Храбак Б., Рудник под Штурцем и његова дубровачка несеобина, ЗРНМЧ 14, Чачка, 1984, 5-86.
309. Храбак Б., Трг Ваљево у средњем веку, ИГ 3-4, Београд 1953.
310. Цицовић А., Остава новца краља Душана са Рудника, Оставе рудничко-таковског краја III, Средњи век, Горњи Милановац 2009.
311. Црноглавац В., Српски средњновековни новац у Народном музеју и Нишу, Нумизматичар 29, Народни Музеј Ниш, Ниш 2011.
312. Чернова М., Грамота царя Стефана Уроша Дуброачанам о торговле, ССА VIII, Београд 2009, 81-86.
313. Чернова М., Грамота царя Стефана Уроша Дубровчанам о дарении земли от Лютьі до Курила, ССА XI, Београд 2012, 91-100.
314. Чернова М., Грамотя цара Стефана Уроша Дубровчанам о торговле, ССА X, Београд 2011, 67-78.
315. Чернова М., Хрисовул царя Стефана Уроша Дубровчанам, ССА XII 2013, 79-90.
316. Шаркић, С., Правни положај странца у средњовековној Србији, Зборник радова Правног факултета у Новом Саду III/2011, Нови Сад 2011.
317. Шекуларац Б., Дукљанско-зетске повеље, Историјски институт СР Црне Горе, Титоград 1987.
318. Шкриванић Г. Битка на Марици 26. септембра 1371. године, Војно-историјски гласник III, Београд 1963, 71-93.
319. Шкриванић Г., Путеви у Средњовековној Србији, Београд 1974, 40-42, 77.
320. Шуица М., Вук Бранковић-славни и велможни господин, Еволута, Београд 2014.
321. Шуица М., Однос кнеза Лазара и Вук Бранковића у светлу дубровачких исправа из 1387 године, ССА IX, Београд 2010, 217-232.
322. Шуица М.,-Суботин-Голубовић Т., Повеља Вука Бранковића Дубровнику ССА IX, Београд 2010, 99-109.
323. Шуница М., О кесару Гргуру, ЗРВИ XXXIV, Београд 1995.